Ивана Хаџиевска
и Јана Коцевска

АРХИВИ НА НЕВИДЛИВИТЕ

Македонка

Орган на АФЖ (1944–1952),
историски искуства
и културна меморија

9 ПРЕДГОВОР, Ивана Пантелиќ
АФЖ: кратка историја на општествената промена

25 ВОВЕД, Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска
Истражување на првиот македонски женски весник: од раздружено сеќавање до архиви на женското живеено искуство

61 ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА, Ивана Хаџиевска
„Политичко издигнување на жените“: форми на политичко учество на жените во социјалистичка Македонија (1944–1953)

107 СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ, Јана Коцевска
Здравствените политики и политиките на грижа низ страниците на „Македонка“

151 ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ, Дарко Леитнер-Стојанов
Писменоста и просветата во списанието „Македонка“ (1944–1952): Меѓу родова еманципација и политичка мобилизација

187 КНИЖЕВНИ АСПЕКТИ, Мања Величковска
Наративните стратегии за создавање на женските ликови во книжевните прилози на списанието „Македонка“

225 УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ, Христина Иваноска
Документот што недостига: „Македонка“ — еманципација, смисла и копнеж

261 ПОГОВОР , Јелена Милинковиќ
„Македонка“ (1944–1952) и современите проучувања на периодиката

275 ПРИЛОЗИ
Прилог 1. Периодичност
Прилог 2. Биографии на уредничките на списанието „Македонка“

292 Листа на кратенки

294 КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

314 Користени визуелни материјали

316 БИОГРАФИИ НА АВТОР(К)ИТЕ


Hanoi

Наслов на изданието:
Архиви на невидливӣте: Македонка – Орг̄ан на АФЖ (1944-1952), исто̄риски искусто̄ва и култ̄урна меморија

Издавач:
Центар за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК),
ул. „Баница“, бр. 24, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Уредници:
Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска

Автор(к)и:
Ивана Пантелиќ
Ивана Хаџиевска
Јана Коцевска
Дарко Леитнер-Стојанов
Мања Величковска
Христина Иваноска
Јелена Милинковиќ

Рецензент: Проф. д-р Петар Тодоров,
Институт за национална историја - Скопје

Лектура: Дејан Василевски

Дизајн и графичко обликување: КОМА

Графичка подготовка на стр. 225-254: Илиана Петрушевска

Печат: Датапонс

Тираж: 200

© ЦИНИК – Скопје, 2022

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА
НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА

АРХИВИ НА НЕВИДЛИВИТЕ:

МАКЕДОНКА

Орган на АФЖ
(1944–1952),
историски
искуства
и културна
меморија

Скопје,
2022

СОДРЖИНА

9 ПРЕДГОВОР
Ивана Пантелиќ
АФЖ: кратка историја на општествената промена

25 ВОВЕД
Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска
Истражување на првиот македонски женски весник: од раздружено сеќавање до архиви на женското живеено искуство

61 ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА
Ивана Хаџиевска
„Политичко издигнување на жените“: форми на политичко учество на жените во социјалистичка Македонија (1944–1953)

107 СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ
Јана Коцевска
Здравствените политики и политиките на грижа низ страниците на „Македонка“

151 ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ
Дарко Леитнер-Стојанов
Писменоста и просветата во списанието „Македонка“ (1944–1952): Меѓу родова еманципација и политичка мобилизација

187 КНИЖЕВНИ АСПЕКТИ
Мања Величковска
Наративните стратегии за создавање на женските ликови во книжевните прилози на списанието „Македонка“

225 УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ
Христина Иваноска
Документот што недостига: „Македонка“ — еманципација, смисла и копнеж

261 ПОГОВОР
Јелена Милинковиќ
„Македонка“ (1944–1952) и современите проучувања на периодиката

275 ПРИЛОЗИ
Прилог 1. Периодичност
Прилог 2. Биографии на уредничките на списанието „Македонка“

292 ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

294 КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

314 КОРИСТЕНИ ВИЗУЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ

316 БИОГРАФИИ НА АВТОР(К)ИТЕ

МАКЕДОНКА



БР. 10-11





Ивана Пантелића

ПРЕДГОВОР

АФЖ: кратка историја на општествената промена

Јавното ангажирање на жените во различни женски здруженија било присутно на Балканот од втората половина на 19 век. На почетокот, тоа биле исклучиво хуманитарни организации и опсегот на нивното јавно делување се фокусирал на маргината од општествено прифатливиот и ограничен ангажман што се остварувал како грижа за жени и деца. Иако на прв поглед, овие здруженија изгледаат доста ограничени и со мал опсег, овие пионерски напори на жените, главно од повисоката средна класа, сепак биле од големо значење, како за промената на положбата на жената во општеството, така и за перцепцијата на местото на жената во општествената парадигма. И во кралството Југославија ангажманот на жените добивал различни форми. Во тоа време, освен хуманитарните, се појавиле и првите феминистички организации засновани врз начелата и вредностите на феминизмот од првиот бран. Но, во триесеттите години на дваесеттиот век се појавува уште една организација со многу специфична агенда, идеолошки многу хомогена

група на млади жени коишто своите феминистички барања ги формулирале сосема поинаку и својата борба ја согледувале како радикално поразлична во однос на постоечките општествени норми и општествениот систем воопшто. Тие главно биле студентки кои на различни начини биле поврзани со тогаш забранетата Комунистичка Партија на Југославија (КПЈ). Нивната активност била канализирана преку организација што тие ја нарекувале Младинска Секција на Женското Движење. Го објавувале списанието *Жена данас* (Жената денес) што ги следело постулатите и целите на КПЈ кога станувало збор за еманципацијата на жените. Списанието било директно финансирано од КПЈ. Оваа организација може да се потврди како зачетокот на Антифашистичкиот Фронт на Жените на Југославија (АФЖ) за време на војната како прва женска политичка организација (Barać 2020, 196).

Присуството на жените во партизанските единици за време на Втората светска војна им овозможило на жените побрза и поинтензивна еманципација. Жените имале различни функции во Народноослободителната Војска (НОВ). Академските истражувачи главно се согласуваат дека околу 100.000 жени учествувале во Народноослободителната војска (НОВ), 25.000 загинале, а 40.000 биле ранети за време на војната (Božinović 1996, 146; Jancar-Webster 1990, 83; Batinić 2015, 86; Pantelić 2011, 35). Овој симболичен, но исто така и вистински, потенцијал го иницирал создавањето на АФЖ. Историчарите и историчарките не се согласуваат целосно во врска со прашањето на основањето, односно, за мотивите за основањето на таквата, на многу начини, специфично женска организација. Барбара Јанчар-Вебстер смета дека АФЖ била воспоставена од страна на партијата за да им понуди на жените политичка платформа заснована врз еманципаторни начела и така да осигура масовно учество на жените во НОВ и НОД (Jancar-Webster 1990, 144), додека пак Иван Симиќ, врз основа на истражување што се занимава со советските влијанија врз прашањето на еманципацијата на

југословенските жени, смета дека структурата на АФЖ може да се спореди само со Советскиот Женотдел и дека југословенската организација ниту имала модели, ниту организација од времето на кралството Југославија чиишто цели можела да ги следи (Simić 2016, 41). Неда Божиновиќ, Барбара Јанчар Вебстер, Јелена Батиниќ и Лидија Склевицки ги поврзуваат активностите на АФЖ со предвоените феминистички организации и нивните активности и на АФЖ гледаат како на продолжение на спроведувањето на нивните еманципаторски политики. Претходно изнесената теза дека Младинската Секција на Женското Движење била јадрото што ги обезбедило идеите и целите за создавање на АФЖ целосно ја потврдува тезата на овие авторки со додавка дека тие за феминистички ги сметале сите организации активни во кралството без оглед на нивните идеолошки основи.

Антифашистичкиот Фронт на Жените на Југославија бил основан во 1942 година во Босански Петровац каде што се одржала Првата земска конференција. Ова била првата можност за време на војната жените да ги координираат своите активности на југословенско ниво. Делегатки на конференцијата биле високо рангирани членки на комунистичката партија, активистки од предвоените женски движења, млади жени што станале активни за време на војната, како и членки на партизанските единици. Конференцијата собрала 166 делегатки од сите региони на окупираната земја и траела три дена. Од 5 до 7 декември 1942 година. Најважни цели на оваа конференција биле да се поврзат жените од различните територии на окупирана Југославија, да се еманципираат жените така што ќе организираат курсеви за описменување, политички да се образоваат и да се залагаат за еднакво учество на партизанките во вооружената борба. Јосип Броз Тито присуствувал на конференцијата, нагласувајќи во својот говор колку е важно присуството на жените во вооружената борба и подвлекувајќи го клучното место што го имале на домашниот фронт (Broz 1978, 818-82). Спасенија Цана Бабо-

виќ, којашто во војната станала претседател на Централниот Комитет на АФЖ, говорела за организациските прашања и нагласила дека една од најважните цели на Првата Конференција на АФЖ била да се поттикне учеството на жените во воените напори. Така, првата масовна политичка женска организација во Југославија била основана на оваа конференција. Одиграла голема улога во историјата на повоената еманципација на жените бидејќи биле организација што им овозможувала на жените да се самоорганизираат политички и преку неа да активираат што е можно повеќе жени. Ова била единствената конференција на АФЖ за веме на војната.

Антифашистичкиот Фронт на Жените на Југославија продолжил со своите активности и во повоениот период. Меѓутоа, целите на оваа најважна женска организација се промениле. Основните цели формулирани на Првот конгрес одржан во Белград од 6 до 19 јуни 1945 година се однесувале главно на реконструкцијата на земјата и со хуманитарни активности. Треба да се нагласи дека една од најважните задачи била да се образуваат жените, а особено да се организираат часови за описменување. На прв поглед изгледало како АФЖ да функционирал исто како и предвоените женски хуманитарни организации. Но, барем четири карактеристики укажуваат на еманципаторската улога на АФЖ: 1. политичкото учество, 2. улогата во мобилизирањето на жените во изградбата на земјата, задача исто толку важна по војната колку и учеството во самата војна, 3. придонес кон образованието и описменувањето на жените, 4. иницијативи за градење градинки за децата за да им се овозможи на жените да работат и да постигнат економска независност што било од витална важност. Наведените параметри јасно ја потврдуваат тезата на културологот Даниела Мајсторовиќ дека АФЖ несомнено носел де-патријархализирачки потенцијал во себе (Majstorović 2018, 109-117) за кој *партизанките* и другите жени што учествувале во неговите активности по војната искрено и енергично се бореле.

Некои академски истражувачи, како Лидија Склевицки, тврдат дека АФЖ до извесна мера бил и независна организација (Склевицки 1996, 119). Но, активностите на АФЖ во голема мера зависеле и од инструкциите што му биле давани од партијата и од Народниот Фронт. За која било жена да заземе некаква функција во АФЖ, тоа морало да биде одобрено од локалните партиски власти. Така, речиси без исклучок, сите одлуки биле носени од мажи. Прашањето на машкиот авторитет често било предмет на дискусии и поплаки на состаноците на АФЖ. Записниците од состаноците на сите нивоа покажувале незадоволство на жените и поплаки зашто биле прескокнати кога се назначувало на функции во различни општествени организации, но мажите често се бранеле себеси со тоа што велеле дека едноставно „заборавиле дека требало да изберат и некоја жена“ (Pantelić 2011, 96). Но, како во организација во рамките на Народниот Фронт, идеологијата на АФЖ, неговата програма и финансирање биле тесно поврзани со Комунистичката Партија на Југославија и државните власти. Насоките и инструкциите што му биле дадени на АФЖ по завршувањето на војната ја нагласуваат потребата да се организира работа со жените во рамките на Народниот Фронт. Советите на АФЖ требало да станат секции на Советите на Народниот Фронт. Спротивно на истакнатите советски револуционерки кои не сакале да учествуваат во активностите на Женотдел по војната, водството на АФЖ се состоело од истакнати членки на КПЈ и поранешни партизанки[1], а додека постоела организацијата, ниту еднаш не била во судир со властите, ниту пак имало несогласување со партиската политика.

1 Партизанки ветеранки кои го сочинувале претседателството на Централниот Комитет: Спасенија Цана Бабовиќ, Митра Митровиќ Ѓилас, Перса Продановиќ, Милица Дедиер, Разуменка Петровиќ, Јара Рибникар, Д-р Олга Милошевиќ, Милица Стаиќ, Анка Берус, Ката Пејновиќ, Маца Гржетиќ, Олга Ковачевиќ, Ванда Новосел, Вида Томшич, Пепца Кардељ, Лепа Перовиќ, Мара Нацева, Блага Демниева, Веселинка Малинска и Лидија Јовановиќ. Централниот Комитет имал 76 членки, избрани на Првиот Конгрес на АФЖЈ.

Антифашистичкиот Фронт на Жените на Југославија собирал голем број на жени, мобилизирајќи ги да ги остварат најзначајните задачи што си ги поставил нововоспоставениот режим во Југославија. Жените во јавниот дискурс се зафаќале со различни задачи и биле суштествен дел од новата државна идеологија бидејќи нивното учество во борбените единици претставувало значаен сегмент и еден симболите на партизанската борба. Важна задача на АФЖ била да спроведува „политички и културно-образовни активности". Ова значело дека тие биле активни во образованието и влијаеле на вклучувањето на жените во политичкиот живот. Часови за описменување биле организирани од околиски организации што си ја преземале одговорноста да ги научат неписмените жени во околиските села да читаат и пишуваат. Низ целиот период на активност на АФЖ, кај водството доминирало убедувањето дека процесот на образование на жените, а особено кампањата за часови за описменување не ги постигнала очекуваните резултати.[2] И покрај големите напори што ги правеле, сиромаштијата и немањето контакт со пишани материјали довело до тоа многу од посетителите на курсевите да останат функционално неписмени иако и жени и мажи посетувале и по неколку курсеви за описменување. Така, бројот на неписмени жени всушност се зголемил. Додека бројот на неписмени жени во 1948 година изнесувал 34,4% од вкупното население (2.256.279), пет години подоцна, во 1953 година, тој се кренал на 35,8% (2.506.475) (Stanišić 2003, 290). Иако статистичките податоци се непорекливи, сепак мораме да ја признаеме важноста на можноста што им била дадена на жените да се сретнат со други жени и да се здобијат со писменост, како и ефектот што тоа го имало врз зголемувањето на нивната самодоверба. Згора на тоа, овие курсеви им овозможувале на жените со најразлично потекло, особено на жените од руралните области да се среќаваат и поврзуваат едни со други, што било од големо значење за нив во нивниот напор да

2 Заклучоци на пленарниот состанок ЦО АФЖЈ, *Жена данас*, бр. 41-42 (април-мај 1946), 24.

станат видливи во кој и да е сегмент на општествените активности. Иако според статистичките параметри курсевите не ги исполниле очекувањата, тие сепак одиграле значајна и вредна улога во поврзувањето и еманципирањето на жените.

Третиот Конгрес на оваа организација, одржан во Загреб на 28 и 29 октомври 1950 година, го покренал прашањето за интегрирање на АФЖЈ во Народниот Фронт. За првпат, водството на АФЖ го покренало прашањето на целосната интеграција на АФЖ во рамки на Народниот Фронт. Иако не се спротивставувале на таквиот развиток на работите, делегатките исто така ги изнеле своите поплаки дека Народниот Фронт го користи АФЖ само за технички прашања, додека неговите политички функции се запоставувале. Во текст објавен истата година во списанието *Партиска изградба,* Мара Нацева отишла и чекор понатаму, забележувајќи дека АФЖ не само што станал зависна организација, туку дека и значењето на неговата политичка и образовна улога почнало да опаѓа. Таа пишува: „Иако партиското водство расправаше по прашањето на активностите на АФЖ, го стори тоа само едностранo, занимавајќи се само со прашањето на активирањето на жените во доброволните активности на Народниот Фронт и другите активности што вклучуваат физичка работа, но многу малку внимание беше посветено на основната задача: политичката и широко образовна работа со жените.“[3]

Конгресот усвоил резолуција што предвидувала одредени реформи на организацијата „рутинската работа и формализмот“ во организацијата, како и бирократизација на водството, биле утврдени како недостатоци на АФЖ. Решението се гледало во предлог за понатамошни и потесни врски со Народниот Фронт, што навестувало дека АФЖ требало да стане една од неговите секции, односно целосно да се вклопи во структурите на Фронтот како организација. Идните автономни активности на АФЖ требало да бидат ограничени само во доменот на мај-

3 Mara Naceva, “Neka pitanja partiskog rada među ženama”, *Partijska izgradnja*, no. 1 (1950), 35.

чинството и обезбедувањето поддршка за работничките, на тој начин првенствено занимавајќи се само со социјалната положба на жените. Ова секако бил еден од клучните моменти што го олеснил и всушност довел до забрзаното укинување на АФЖ. Партиската одлука да се пренасочат членариниte од АФЖ во буџетот на Народниот Фронт секако влијаело врз тоа многу потешко да се остваруваат независните активности на организацијата (Simić 2016, 64). Тоа што професионалните работни места биле укинати, и што веќе не можело да се обезбедат финансии од извори што не се директно поврзани со Народниот Фронт, а преку него и со партијата, бил јасен знак и значителен чинител што неизбежно им наметнал понатамошни ограничувања на независните активности на жените и ја зголемиле зависноста од партиските одлуки каде што мнозинството се состоело од мажи. Во периодот по 1948 година, дошло до целосно напуштање на традициите на предвоеното Женско Движење и следствено и исчезнување и на можноста да се критикуваат властите. Цитирајќи ја реториката на водачките на АФЖ, може да се заклучи на лапидарен начин, дека „женското прашање веќе не постои, постојат само прашања што ги решаваат жените“ (Склевицки 1996, 133). Резолуцијата на Третиот Конгрес на АФЖ одржан во 1950 година го одредила непрофесионалниот карактер на овие организации. Набргу потоа активностите на организацијата станале доброволни, претходно вработените членови биле или префрлени на други работни места или отпуштени.

Четвртиот и последен Конгрес на АФЖЈ се одржал меѓу 26 и 28 септември 1953 година. Освен трансформацијата на организацијата, најважните прашања за кои се расправало биле положбата на жените од руралните области и политичката неактивност на жените. Јосип Брзо Тито не присуствувал на овој конгрес на АФЖ иако бил присутен на претходните. Милован Ѓилас, како претставник на врховната власт на конгресот, им се обратил на делегатките забележувајќи дека вистинската ед-

наквост допрва требало да се оствари, но нагласил дека со засилувањето на демократијата и еднаквоста на жените во Југославија, секоја засебна политичка активност на жените станувала пречка за постигнувањето на еднаквост и активност на жените. Ѓилас сметал дека востановувањето на Сојуз на Женски Друштва (СЖД) наместо АФЖ, којшто би бил „полу-политичка и полу-централизирана организација“ било неизбежно. Според неговото толкување, општеството во целина требало да ја преземе одговорноста за целите на АФЖ, а целта на идниот Созјуз на Женски Друштва (СЖД) би требало да биде да ги убеди властите да ги прифатат неговите идеи (Đilas 1953, 217-220). Аргументите на Ѓилас биле целосно идентични со оние на советскиот револуционер ни функционер Лазар Каганович, кога и тој им се обратил на делегатките на Женотдел на средбата што му претходела на растурањето на таа организација (Simić 2016, 66). Вида Томшич ги изложила клучните аргументи за реформирање на АФЖЈ, тврдејќи дека организацијата што ги монополизирала општествените и политичките активности на сите жени станала неадекватна. Таа во засебните женски друштва што ќе се занимавале со специфичните прашања од кои директно зависело подобрувањето на положбата на жената во општеството гледала логичен наследник на АФЖ. Вида Томшич нагласила и дека таквите друштва веќе постоеле.[4] Ниту едно од споменатите друштва не се занимавало со прашањето на политичката еманципација на жените, но сите друштва, од различни аспекти нагласувале дека нивна главна задача е да се справуваат со прашањата поврзани со мајчинството.[5] Четвртиот Конгрес го укинал АФЖ врз основа на аргументите на говорниците и истовремено го формирал Сојузот на Женски Друштва (СЖД). Оваа одлука била дочекана со силни емотивни реакции. Во своето обраќање, делегатката Драга Дикиќ од Лесковац не го крие-

4 Тоа биле Друштвата за унапредување на управувањето со домаќинствата, Друштвото за образование на жените и мајките, како и Друштвото за основање на институции за деца, училишни кујни, детско воспитување и здравје...Vida Tomšič, “Mesto i uloga ženskih organizacija”, *Zora*, br. 89–90 (oktobar-novembar 1953), 5

5 Исто, 5-6.

ла своето лично разочарување, незадоволство и неодобрување: „Јас сум неписмена и стара, но не ми се допадна што кажаа другарите, дека АФЖ умрело. Ние што сме активни исто така изгубивме синови, ние што се боревме не дозволуваме АФЖ да се прогласи за мртво. Ние силно ја поддржувавме нашата борба... Јас се соочив со стрелачки вод трипати зашто син ми беше во партизани. Нема да дозволам АФЖ да се прогласи за мртов.“[6] Според Неда Божиновиќ, иако оваа одлука била прифатена во градовите, жените од селата се бунеле против распуштањето на АФЖ уште долго време: „Ни кажаа дека нивните мажи се израдувале. Им рекле: „Ви помина вашето!“ или Готово е, готово!“ или „Нема веќе!“. Тие нагласуваа дека мажите секогаш се собирале, си ги имале своите крчми, фудбалот и Народниот Фронт, а нив веќе никој не ги собирал, но дека тие посакувале да чујат нешто и да позборуваат за своите женски проблеми.“ (Божиновиќ 1996, 174).

Општествените процеси се секогаш сложени и никогаш не се недвосмиселни, па така на феноменот на женските организации во првите повоени децении во социјалистичка Југославија треба да се погледне од неколку гледни точки. Кога ги анализираме активностите на АФЖ и СЖД од гледна точка на обратната хиерархизација, од положбата во историјата и *емансипацијата од оздола,* добиваме многу јасна слика за големата женска енергија, работа на подобрувањето на општите животни услови на сите граѓани, а потоа и огромни и искрени напори за спроведување на веќе постоечките правни норми. Практичната работа со руралните жени, курсевите за описменување, медицинското образование, постојаните и истрајни напори да се подобри положбата на работничките, настојувањето на отворањето градинки, продолжувањето на платеното породилно отсуство, отвореното и јавно поддржување на репродуктивните права на жените... се само некои од нештата што се покривале на овие состаноци, на кои расправале жените и кои, заедно со

6 АФЖЈ, 141-5-12, А.Ј.

голем број нивни другарки, биле успешно остварени. Тие биле целосно свесни за ограничувањата што им ги наметнувала државата и сеприсутниот патријархален поредок во неа. Анализата на активностите на женските државни организации во социјалистичка Југославија, но исто така и во другите земји на европскиот социјализам, води до заклучокот дека нивното делување било феминистичко, дека нивните интереси биле феминистички и дека и нивната борба била феминистичка. Социјалистичките жени/другарки, со нивната искрена, предана и енергична работа на подобрувањето на положбата на жените, на охрабрувањето на идејата за еднаквост во новото општество, си го заработија своето место во нашата колективна меморија, а пред сè, во нашите феминистички истории.

Ш 775/II I нема бр. 1.

Македонка



ОРГАН НА АНТИФАШИСКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОД МАКЕДОНИА

БРОЈ 2 ДЕКЕМВРИ 1944 ГОД. I



Ивана Хаџиевска
Јана Коцевска

ВОВЕД

Истражување на првиот македонски женски весник: од раздружено сеќавање до архиви на женското живеено искуство

1. Внимателен влез во хемеротеката на македонската женска историја

На почетокот на ноември 1944 година, три месеци по одржувањето на АСНОМ и прогласувањето на македонската држава,[1] во Битола, од страна на активистите на партизанскиот отпор бил отпечатен првиот македонски женски весник „Македонка – Орган на АФЖ“. Станува збор за печат што бил

1 Кулминацијата на процесот за национална изградба на македонскиот народ и стекнување со државност се случува за време на Втората светска војна, во периодот од 1941 до 1945 година. Предводниците на антифашистичкото партизанско движење, локално предводено од интелектуалци кои инклинирале кон левичарско-комунистичко решавање на „Македонското прашање“ уште во меѓувоениот период, како и делот од земјоделското и работничкото население кое барало социјална правда, ревизија на економските и аграрните експерименти на територијата на Вардарска Македонија и право на самоопределување, се обединиле во народноослободителната борба предводена од Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) и нејзиниот лидер Јосип Броз-Тито. Конкретните задачи за политичко и герилско канализирање на мобилизираното население биле поставени на Покраинската конференција на КПЈ за Македонија во септември 1940 година, со која раководел Методија Шаторов-Шарло. Процесот на создавањето македонска државност е институционално и политички поврзан со централните процеси и настани на формирањето на Демократска Федеративна Југославија на заседанието на АВНОЈ во 1943 година. Според документите и решенијата на ова заседание, македонскиот народ бил официјално признаен за рамноправен субјект. Во ноември 1943 година бил формиран Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ. Следен важен документ изработен од македонските партизански власти на ослободена територија (с. Црвена Вода) бил Манифестот на Генералштабот на НОБ и ПОМ, кој ги антиципирал авнојските решенија за Македонија. Конечно, на 2 август 1944 година, православниот празник Илинден, во манастирот „Св. Прохор Пчињски“, Кумановско, во присуство на 60 делегати (меѓу кои биле Веселинка Малинска, Вера Ацева, Мара Нацева, Маца Кабрева и Лилјана Чаловска), било одржано Првото заседание на АСНОМ. Со доаѓањето на советска, американска и британска воена мисија на слободна македонска територија било означено и меѓународното признавање на македонската војска (НОВМ).

дел од првата серија весници печатени на македонски јазик непосредно пред крајот на Втората светска војна. Со одлука на АСНОМ, најпрвин се формирал весникот „Нова Македонија“,[2] како медиумски носител на основната партиска и политичка линија на Комунистичката партија на Македонија,[3] а набрзо произлегле и изданијата: „Млад борец“ (весник за младината), „Титов пионер“ (детски весник) и весникот „Македонка“ (официјален орган на АФЖ Македонија како весник посветен на женските проблеми во општеството). Наведените наслови претставуваат „голем пукот“ во медиумска смисла во македонскиот контекст. Журнализмот и пропагандната функција што почнала да се репродуцира со овие весници значела масовно медиумско групирање на посебни групи од населението, како и платформа за соработка и солидаризирање меѓу индивидуите од тие групи на разни прашања што се однесувале на нивниот живот во новата социјалистичка држава. Освен тоа, овој печат ја исполнувал универзалната социјална функција на печатот – да презентира ставови и информации како база за понатамошна акција – и тоа по првпат масовно на македонски јазик.[4]

Првиот број на „Македонка“ бил отпечатен на 24 страници и имал тираж од околу 1.000 примероци, излегувал на мал формат и еднаш месечно. Како што нè упатува насловот, станува

2 Васил Ивановски, „Првиот наш слободен лист“, *Нова Македонија*, год. 1, бр. 1 (29 октомври 1944), стр. 1.

3 Комунистичката партија на Македонија (КПМ) била основана за време на Втората светска војна. Во меѓувоениот период, на територијата на Вардарска Македонија, како последица на модернизацијата, индустријализацијата и аграрните експерименти на Кралството Југославија, од населението почнала да се диференцира работничка класа, која во политичка смисла се мобилизирала во синдикално-работнички движења и организации, најчесто поврзани со КПЈ. Поединци од ова движење биле комунисти и теоретски запознаени со комунистичката платформа, но на територијата немало комунистичка партија. Дури со пристигнувањето на Светозар Вукмановиќ-Темпо во 1943 година, како политички инструктор на македонските партизани, почнало централизирано организирање на партиски живот. Првиот состанок на кој бил избран централен комитет на КПМ бил одржан на 19 март 1943 година во Тетово. Во социјалистичка Македонија овој датум се славел како ден на формирањето на КПМ. Во 1952 година името се променило во Сојуз на комунистите на Македонија (СКМ).

4 За развојот на печатот на територијата на географска Македонија пред Втората светска војна види кај Боро Мокров (1980).

збор за публикација што била официјален орган на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија.[5] Всушност, овој вид печат е дел од широката палета публикации поврзани со активизмот во рамките на Комунистичката партија на Југославија. Печатената култура во рамките на партијата може да се следи од нејзините почетоци, додека во текот на Втората светска војна се развила „партизанската штампа“[6] на илегални публикации што имале цел да ги шират пораките на отпорот против окупаторските сили на целата територија на Кралството Југославија,

5 Антифашистичкиот фронт на жените на Југославија бил основан во текот на Народноослободителната борба со цел да ги мобилизира жените во борба против фашистичките сили, под водство на Комунистичката партија на Југославија. Чинот на формирање бил во декември 1942 година, во Босански Петровац. На левиот политички спектар и претходно постоеле женски организации кои имале слични задачи и начин на работа меѓу жените, особено значајни биле искуствата на организирање на жените во работничко-синдикални организации во меѓувоениот период. Предводниците на партизанскиот отпор имале јасна визија дека борбата против фашизмот истовремено подразбира и борба за праведно општество, во кое жените би имале активна улога. Се работело за идеолошка и политичка платформа на КПЈ за рамноправноста на жените со мажите во сите сегменти на животот. По формирањето на АФЖ на Југославија, почнале да се формираат главни одбори на организацијата и на локално ниво на цела територија на Југославија. АФЖ на Македонија било формирано по истите принципи на 14-15 декември 1945 година.

6 Партизанските печатници формирале посебен имагинариум во менталното мапирање на југословенските народи по војната. За тоа придонела мемоарската партизанска литература, а особено партизанските филмови и популарни серии од шеесеттите години. Во нив, доживувањето на партизанските печатници е симболички посебно и уникатно искуство, дефинирано на многу јасен и концизен начин: најчесто, тоа се скришни подрумски места во приватни домови на активисти или почесто таен и тешко пристапен дел од градска кафеана или друг јавен објект. Тоа се оние субверзивни места што функционираат како некој меѓупростор: на првото ниво – гестаповците (државна тајна полиција на нацистичка Германија) и окупаторските сили будно ги следат граѓаните, додека „по скалите надолу, и низ темниот ходник“, почнува и функционира друг свет: отпорот не само што се собира, комуницира меѓу себе и се организира, туку и, можеби најфасцинантниот аспект, наоѓа начини како да ги комуницира своите пораки низ медиумот на печатот. Материјалните остатоци од овој вид отпор се многубројните летоци, памфлети, сериски публикации и партизански весници. И историографијата нуди потврда за оваа позиција на „илегалната печатница“ во имагинариумот на партизанскиот отпор. Локалните историчари кои пишувале во социјалистичкиот период се согласни дека „најконспиративна работа на *Движењето*“ бил токму илегалниот печат. Во Велес се користеле простории од домовите на активистите на партизанскиот отпор; Во Битола непосредно пред крајот на војната функционирале пет приватни, релативно добро снабдени печатници. Една од нив, „Гутемберг“, одиграла значајна улога во илегалниот печат. Во дневните работни часови, сопствениците вклучени во партизани, Петре и Мире Димови, работеле без да го привлекуваат вниманието на властите, но по затворањето на работниот ден, продолжувала илегална работа. Тука бил испечатен „Прогласот на АСНОМ“ (Мокров 1980; Кироков 1981; Стерјовски 1986; Инадески 1961; Весковиќ-Вангели 1982).

како и јасно и недвосмислено да агитираат за „социјалистичката револуција“ планирана од Комунистичката партија.[7]

Историјата на списанието „Македонка“ е изградена од најмалку три (главни) темпорални линии:[8] тековите на националната и државната историја; развојните линии на женското движење за еманципација во 20 век и неговото конечно јасно политичко формулирање во АФЖ за време на Втората светска војна; и живот на самата публикација низ нејзиниот развој и присуство во културата на сеќавање: од жив медиум до историски извор. Овие темпоралности се испреплетени една со друга, но може да се каже и дека хронолошки течат во овој редослед, почнувајќи од историските услови во 20 век што довеле до создавањето на списанието, па сè до новите историски контексти во 21 век што довеле до радикални промени и гаснење на медиумот – и негов нов живот – во сеќавањето и минатото. Сепак, комплексноста на овие историски премрежја можеме евидентно да ја намалиме со материјалното позиционирање на списанието во реалноста во која настанало. Низ реконструкција на процесот на создавањето на првиот број на „Македонка“, т.е. запознавањето со конкретните материјални услови и живи чинители кои учествувале во неговото создавање, може да се добие изненадувачко количество податоци за светот во кој *настанало* списанието, па така ова го гледаме како значаен чекор пред секој понатамошен обид за анализа на другите аспекти од списанието.

Според извори што се однесуваат на јубилејни сеќавања за првиот број на весникот „Македонка“, иницијативата почнала при крајот на октомври 1944 година, во градскиот одбор

7 Според Гордана Стојаковиќ, историчарка на печатот на АФЖ, идеолошкиот план во социјалистичка Југославија во периодот од 1945 до 1953 година бил пренесуван по пат на печатените медиуми, а водечка улога во пренос на пораките кон жените го имал печатот на АФЖ. Веќе во периодот од 1942 до 1944 година, под многу тешки услови, на просторот на Југославија, каде што постоело народноослободително движење, биле печатени околу 30 наслови на АФЖ (Stojaković 2012, 37).

8 За важноста од согледувањето на темпоралноста на одреден историски настан и теоретските поставки околу овој поим и неговата контекстуална функција види кај Тања Петровиќ (Petrović 2021).

на АФЖ во Скопје, на состанок на 11 жени, одржан во визба во близина на зградата на театарот. Сеќавања за првиот број се претставувани речиси секоја година во списанието-наследник – „Просветена жена“, во ноемвриските, односно декемвриските броеви, а во бројот од 1955 година дознаваме:

> „Во тие денови, најјасно се виде потребата од едно гласило кај жените. Еден орган што би ги обединил нивните напори, што би ја помагал и управувал нивната желба да дадат сé од себе за својата татковина. Тогаш на еден состанок на Главниот одбор на АФЖ на Македонија се донесува решение да се почне со издавање на списание за жени. (...) Прво се прибира од разни бригади група другарки што ќе одговараат за отпечатувањето на списанието: Нада Богданова, Ленче Иванова, Нада Ачкоска и други. Првиот уредник беше Веселинка Малинска. Тоа беше редакцијата. Беше донесено и решение списанието да го носи називот 'Македонка' Орган на Антифашистичкиот фронт на жените. На сликарот Цицо Поповиќ му се остави да ја изработи насловната страница и другите илустрации, се направи план за статиите што бројот ќе ги содржи и се распоредија задачите. Така се почна. (...) Освен другарките Веселинка Малинска и Нада Богданова кои претходно соработувале со напредниот печат или работеле на издавањето илегални публикации, повеќето другарки и другари што се нафатија да пишуваат за првиот број на списанието, требаше да напишат свој прв напис или репортажа. Но сето тоа се преброди. (...) Тоа беше во почетокот на ноември, некаде околу 7 ноември – шест дена пред ослободувањето на Скопје и околу две недели пред ослободувањето на Македонија“. [„Првиот број“, *Просветена жена*, год. 9, бр. 1-2, 1955, стр. 1-2]

Сеќавањата се свечени и се одликуваат со *pathos* на „херојската фаза“ на народноослободителната борба.[9] Понатамош-

9 Историографски погледнато, во социјалистичките земји во Европа по Втората светска војна, работничката историја, тековите на класната борба, развојот на синдикалното и комунистичкото движење го чинеле централниот и официјален наратив на државното минато, а биле изучувани врз методите што историјата ја согледувале како дијалектички тоталитет, теоретски базиран на научниот марксизам. Во социјалистичка Југославија, од една страна, ваквата поставеност овозможувала институционална комоција за волуминозен и документациско-ориентиран научен производ, на пример републички томови на книги за историјата и развојот на Комунистичката партија и сл. Но, од друга страна, истражувањата во

ните јубилејни сеќавања и податоци, сепак укажуваат на фактографската точност на „непрегорната работа“, како и тешкотиите на теренот при техничкиот дел од активноста за создавање печат на отпорот. Всушност, патот до отпечатување на првиот број на „Македонка“ бил долг и буквално „ридест“: материјалите и техниката поминале пат од Горно Врановци, Велешко, до Прилеп и на крајот Битола, каде што, откако печатницата била донесена со камион (Стерјовски 1986), списанието конечно било отпечатено, чекајќи го својот ред, веднаш по печатењето на весникот „Нова Македонија“:

> „Првиот број, во мал формат на 24 страници и во 2.000 примероци, е излезен веднаш по ослободувањето на Битола во почетокот на ноември. Печатењето на списанието е започнато во Горно Врановци во печатницата „Гоце Делчев“, која располагаше со неколку сандуци (*sic*!) букви. Страниците се печатени една по една, а буквите од една страница откако се растури, се употребуваа за сложување на друга. По ослободувањето на Прилеп, печатницата се пренесува таму. Во овој град се допечатени другите страници на списанието. На крајот слогот оди во Битола каде што дефинитивно излезе списанието. Таму излегува и вториот декемвриски број“. [„Четиринаесет години од излегувањето на списанието „Македонка“ – „Просветена жена“, *Просвѣтена жена*, год. 13, бр. 11-12, 1958, стр. 3]

Според зборовите на активистите кои директно учествувале во процесот на печатење, најголемите предизвици биле организацијата на ресурсите за печат, како и тешкотиите околу организацијата на жените на терен за собирање на текстовите:

> „Врановци – крај на октомври 1944 година. Во селската куќа каде што беше сместена печатницата на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, се вршеа усилени подготовки за излегувањето на првиот македонски дневен весник ’Нова Македонија‘. А кога на 29 октомври излегоа од печат неговите први

ова поле често пателе од контекстуалните ограничувања на официјалната историографија, која истовремено требала да го задоволи конструирањето и одржувањето и на државниот наратив и на националните наративи, па служела како еден „амалгам“ за различните елементи во националната изградба. Тој „амалгам“ најчесто се материјализирал во супранаративот за херојската партизанска борба за време на Втората светска војна.

примероци, општата радост – и на луѓето што работеа на весникот, и на борците, и на селаните, за момент ја прекина работата околу издавањето и на првото гласило на Антифашистичкиот фронт на жените. (...) Богдан Стојановски, сега технички раководител на печатницата на 'Нова Македонија' е еден од учесниците во печатењето на 'Македонка'. Тој ни раскажа како работеле техничарите во 'набирањето' на материјалите за првиот број: Работевме и дење и ноќе – вели тој – Пред сé требаше да ги приготвуваме страниците за 'Нова Македонија', потоа печатевме разни летоци и билтени, а потоа и по некоја брошура. Непосредно со тоа, ги приготвуваме материјалите за првиот број на 'Македонка'. Особена тешкотија ни претставуваше недоволното количество букви, така што бевме принудени, откако ќе завршиме една страница и ќе ја отпечатиме, да ја растуриме и со истите тие букви да приготвуваме нова страница. Така работевме и со 'Нова Македонија' и со 'Македонка'. Потоа тој ни раскажа како било особено тешко да се направат клишињата што беа планирани за првата и за уште некои страници. Печатницата во Врановци не располагаше со цинкографија, така што клиширањето мораше да се изврши во окупираното Скопје. – Неколку другари беа изложени на опасноста да бидат откриени од окупаторот, – ни расправаше Богдан Стојановски, – но благодарејќи на нивната снаодливост, а и ладнокрвност, сите овие работи ги завршивме без тешкотии. Од него разбравме дека допечатувањето на првиот број на 'Македонка' е извршено во ослободениот Прилеп. – Беа останати само да се довршат кориците, но и овој пат поради преселувањето на Главниот штаб и печатницата во Битола, работите мораа за малку да се одложат. Конечно во Битола на 7 ноември излезе првиот број. Беа отпечатени околу 1.000 примероци и веднаш по курири беа испратени до сите краишта на Македонија. И вториот број на 'Македонка' излезе во Битола во декември, а од третиот број па натаму 'Македонка' е печатена во Скопје". [П. Т., „Како е отпечатен првиот број на 'Македонка' пред Петнаесет години", *Просвѣтена жена*, бр. 12, 1959, стр. 12-13]

Политичката причина поради која настанало списанието, како што објаснуваат самите авторки и уреднички во ударната статија посветена на задачите на АФЖ, била: „зацврстување на извојуваната позиција на жените како градители на државата

и утврдување на правото за масовно и активно вклучување во сите професии и во органите на власт, како и поврзување со жените од цела Југославија за заедничко решавање на 'женското прашање'".[10] Главни задачи поставени во првиот број, а со тоа и присутни теми во написите, биле масовното активирање на жените во конечно ослободување на територијата и посетување на курсевите за описменување.

Позицијата на списанието е јасно дефинирана во рамките на новиот социополитички контекст и создавањето на македонска држава: за создавање на „новата социјалистичка жена" која токму низ политичката еманципација може целосно да учествува во новото социјалистичко општество: според комунистичката идеологија, еднаквоста меѓу мажите и жените е однапред јасно определена претпоставка, а не цел до која допрва треба да се дојде. Оваа констатација, ставена во контекстот на АФЖ Македонија, добро е доловена во зборовите на уредничката на списанието во периодот од 1946 до 1951 година – Вера Николова:

> „Списанието 'Македонка' како орган на АФЖ служеше за спроведување на низа директиви на самата организација и даваше стимул за организирање на доброволни работни акции и вклучување на жените во општествениот живот. (...) Репортажите за жени ударнички, за првата жена sидар или жени во селанските работни задруги беа слика како постепено жената се ослободува од заостанатите сфаќања, дека нејзиното место не само во куќата и како се повеќе се вклучува во животот на нашето општество. Особено броевите на 'Македонка' пред празниците „8 март" и „1 мај" обилуваа со репортажи во кои се изнесуваа ликови на жени истакнати трудбеници на сите полиња на општествениот живот. Напоредно со следењето на животот на работната жена „Македонка" даваше политички информации и преку одделни статии ги известуваше своите читателки за позначајните настани во земјата и светот. Особена улога списанието имаше во политичкото и културно

10 Веселинка Малинска, „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија", Македонка, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 9-10.

просветното издигање на жените. Напоредно со следењето на животот на работната жена 'Македонка' даваше политички информации и преку одделни статии ги известуваше своите читателки за позначајните настани во земјата и светот. Особена улога списанието имаше во политичкото и културно просветното издигање на жените. (...) Подоцна е извршена извесна преориентација на списанието, 'Македонка' доби повеќе забавен карактер, се повеќе литературни прилози, практични и здравствени совети, курсеви за шиење, модни журнали итн. Издавањето на 'Македонка' беше сврзано со низа проблеми и тешкотии. Пишувањето на репортажи и статии во првите години беше поставено врз доброволна база и повеќе се бараше од надворешни соработници. Печатењето исто така беше сврзано со тешкотии. Списанието е печатено во печатницата „Култура" која имаше мал капацитет. Многу често при презафатеност на линотиперите списанието беше рачно слагано од недоволно квалификувани работници, што создаваше и поголеми тешкотии при вршењето на корекциите. Не помалку проблеми се појавуваа и при растурањето на 'Македонка'. Растурањето исто така беше поставено врз доброволна база, преку организациите на АФЖ, кое често беше ненавремено. Се случуваше по неколку броја од списанието да седат со месеци нераспакувани во некоја канцеларија и да не дојдат до рацете на своите читателки. Ненавремено растурање на списанието повлекуваше и ненавремено плаќање, што ја отежнуваше и финансиската ситуација на самата редакција". [Вера Николова, „Улогата и проблемите на списанието Македонка од 1946 – 1951 година", *Просветена жена*, год. 20, бр. 11, 1964, стр. 3]

Позицијата на списанието како „основен медиум на женските прашања во општеството" останала тесно поврзана со државните потреби врз кои била втемелена, па така политичките и идеолошките промени во социјалистичката држава имале големо и клучно влијание врз целите и визијата на списанието, кое го надминувало влијанието на лидерките на АФЖ – организација што и самата доживеала политичка реорганизација во педесеттите години: така, списанието го носело името „Македонка" до 1952 година; од 1953 година е преименувано во

„Просветена жена“ – Орган на сојузот на женските друштва во Македонија; во 1990 година, продолжува да се издава под името „Жена“; од 1997 до 2005 година се издавало под името „Жена нова“ и од 2005 година кратко време излегува под името „Згодна“. Кажано со зборовите на феминистичката херменевтика, со следењето на развојот и промените што ги доживеала овој периодичен наслов, ние можеме да ги следиме промените во претставите за еманципацијата на жената од социјализмот, до транзицијата во деведесеттите години и репатријархализацијата во последните децении (Burcar 2020). Токму затоа, списанието „Македонка“ е уникатен и раритетен историски извор низ кој можат да се следат најразлични аспекти од процесот на еманципација на жените, контрадикциите, етатизацијата, еманципацијата спроведувана системски „од горе“, големите искуства од активизмот на терен, женските „масовни организации“, борбата за рамноправност и нејзините форми, како и промените што настанувале во однос на системскиот пристап на државата и нејзиното лидерство кон прашањата и државните приоритети поврзани со борбата за женската рамноправност со промената на геополитичките координати на регионален и европски план. Кажано со рафинираност на кохерентните синтагми, списанието „Македонка“ е хемеротека на најважните процеси на модерната историја на жените од Македонија.

* * *

Ние, уредничките и авторите/ките на оваа книга, имајќи ги предзнаењата наведени до овој дел, разбираме дека влезот во оваа хемеротека на женската историја и истражувањето за неа бара внимателен пристап, помогнат од интердисциплинарноста на хуманистичките науки. Во зборникот пред вас содржани се наодите на нашето истражување на списанието „Македонка“ – првенствено како извор за историјата на жените и нивната (не)видливост во националната нарација за минатото. Сигурни сме во постоењето на потенцијалите во наследството на „Македонка“ што од изворно-архивската и историско-доку-

ментацискатa димензија се шират кон други димензии на културното, па дури и во аренатa на сегашниот политички момент, но ние ги избираме првите како основна насока во нашиот истражувачки пат, тргнувајќи од премисата за архивирањето како спас од заборавот, а историографското позиционирање на изворот како негово легитимирање во важните дискурси за културната меморија. Нашите епистемолошки грижи не се без основа, сепак овој зборник е прв труд од ваков вид, посветен монографски на списанието „Македонка“, по седумдесеттите години и капиталните историографски трудови на историчарката Вера Весковиќ-Вангели посветени на документирањето на женското учество во НОБ (Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1976; Весковиќ-Вангели 1982; Весковиќ-Вангели и Маневски 1985; Весковиќ-Вангели 1994). Доколку, пак, ја земеме предвид нашата појдовна херменевтика што експлицитно се интересира за родовите аспекти на анализата на „Македонка“, овој зборник е сепак прв труд од областа. Последично, во понатамошниот дел од нашиот вовед, ни се гледа како особено важно пред читателите и читателките да ги изложиме дизајнот на теоретско-методолошкиот апарат што сметавме дека е најсоодветен за нашиот истражувачки потфат кон „Македонка“, облиците на истражувачкиот процес и резиме на наодите.

2. Метод и пристап во истражувањето на „Македонка“

Овој зборник е втора публикација на методолошки и теоретски осмисленият проект „Архиви на невидливите“[11] што има цел да ја истражува историјата на жените од македонското минато низ комплексниот калеидоскоп на периодиката – првенствено сфатен како извор на кој се архивира човечката општествена активност што ненужно е опфатена во официјалните, антологизираните и институционализираните наративи, а била клучна за формирање на модерните обрасци во културата и политиката. Размислувајќи за далекосежните потенцијали на проектот „Архиви на невидливите“, заклучивме дека истражувањето на женската присутност во периодиката помеѓу двете светски војни е првиот чекор што треба да се направи, пред навлегување во истражување на конкретно „женско списание“, кое во македонскиот контекст се јавува дури во средината на 20 век, со изнедрувањето на „Македонка“.

Првата студија беше спроведена во текот на 2021 година и се фокусираше на жените во разни публикации што се печателе и/или циркулирале/се дистрибуирале на територија на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни. Наодите од истражувањето беа претставени во збирката текстови „Архиви на невидливите: Жените во печатот од Вардарска Македонија“ во која експертските перспективи на автори од хуманистичките области беа придружени со неколку елементи што ја потенцираа и ја трасираа понатамошната епистемолошка развојност на студијата: низ Библиографија и Регистар, кои го олеснуваат пребарувањето на изворите, како и документ со препораки во

11 Види повеќе на официјалната интернет-страница на проектот: nevidliviarhivi.mk.

однос на институционалната, едукативната и дигиталната иднина на изворите во фокус. Специфичноста на тој потфат се состоеше во фактот што жените на истражуваниот простор, заради комплекс на историски причини, не создале специфично женски списанија, уште помалку феминистички списанија, па нивната (не)видливост ја детектиравме во неколку различни периодични публикации – изворен истражувачки материјал низ кој можевме да ја реконструираме историјата на жените како учеснички во јавната сфера (Хаџиевска и Коцевска, 2021).

„Архиви на невидливите 2.0“ како цел има истражување на конкретен извор, тоа е списанието „Македонка“. Овој печат го согледуваме како клучен извор што сведочи за еманципацијата на жените и нивното учество во процесите на изградба на општеството по Втората светска војна, како и нивното учество во процесите на образование, изградба на институции, дизајнирање на социјални политики, како и согледување на еманципацијата низ правните аспекти (економски, социјални, здравствени, репродуктивни, политички). За научно испитување на овие аспекти, сметаме дека е потребно критички да им се пријде на идеолошките аспекти и историскиот контекст во чии рамки се создавало списанието.

Истражувањето почнува од премисата дека анализата на првото македонско женско списание „Македонка“ може да ги прошири знаењата за тековите на женската еманципација во минатото, од една страна, и од друга страна, целокупното истражување може да ги прошири знаењата што се однесуваат на социјалистичкиот период, и ефектите на тие знаења врз формирањето на историските наративи, во однос на учеството на жените во општествено-државни процеси, како и за културата на сеќавање на настаните од периодот на социјализмот. Истовремено, поставувањето на овие тези не може да биде направено без земање предвид на фактот за маргинализираноста и/или заборавот на „Македонка“ како прво женско списание, а со тоа и извор од прв ранг за истражување на најразлични

аспекти од историјата на жените и историјата на социјализмот во македонскиот контекст.

Во однос на пристапот, истражувањето се фокусира на преглед и таргетирање на наративите во печатот што сведочат за социјалните и институционалните процеси на еманципацијата на жените. Истражувањето е предводено од четири автори/ки од различни хуманистички области кои работат тематски-индивидуално со изворите, а своите наоди ги сумираат во експертски текстови. Индивидуалните истражувања се ставени во синтетичка рамка, каде што кохезивноста се постигнува низ поставувањето на две клучни перспективи низ кои се обработуваа индивидуалните теми: печатот како извор за учеството на жените во дизајнирањето на општествените и социјалните институции (жените како дејствителки); и печатот како извор за влијанието на еманципацијата врз жените (жените како трпителки). Авторските текстовите се придужени со релевантни визуелни материјали од фондот на списанието. За доловување на важниот визуелен, како и медиумски сегмент на списанието „Македонка“, при графичкото уредување на зборникот, секој текст се отвора со една насловна страна од списанието, која претставува визуелен сублимат на истражуваната тема. Составен дел на студијата е и уметничка артикулација и комуникација на истражувањето на печатот во форма на изложба под авторство на уметницата Христина Иваноска. Методот на нејзината работа е дел од содржината на зборникот.

Клучна координатна точка во истражувачкиот процес беше достапноста и пристапноста на списанието „Македонка“, а состојбата во тој аспект исто така може да послужи како индикатор за истражувањето. Во таа смисла, денес, во Република Северна Македонија списанието „Македонка“ може да се најде и да се користи за истражувачки и научни цели во институции чија дејност е чување и заштита на ретка периодика. Списанието не е дигитализирано и, соодветно на тој факт, како и потребата од консултирање на дополнителни компаративни

извори, библиотеките и архивите остануваат примарни места на почнување на истражувањето. Списанието во релативна целовитост на броевите се чува во Националната и универзитетска библиотека во Скопје, во Одделението за ретка периодика. Според јавно достапните податоци од „COBISS+“ – системот за пребарување на библиотечните каталози, библиотеката не ги поседува броевите од 8 до 11 од 1945 година. Исто така, броевите од годините 1944, 1945 и 1946 се во фондот на ретки сериски публикации, а броевите од 1947 до 1952 година се водат во сериски публикации во општиот фонд. Во оваа институција се чуваат и другите наслови што произлегле непосредно од ова списание („Просветена жена“, „Жена“), и тоа во општиот фонд. Последните наслови можат да се најдат и во Националната установа и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Во нашата потрага по податоци за оваа состојба во преостанатите институции што чуваат и заштитуваат збирки на ретка периодика и сличен материјал, броеви од списанието можат да се најдат и во Државниот архив на Република Северна Македонија – одделение Битола, каде што се чуваат еден примерок од 1945 [год. 1, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945)] и три примероци од 1947 година [год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), 32 (јуни 1947) и 33-34 (јули-август 1947)]. Првиот број од списанието може да се најде во Библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје, а оваа институција на својата дигитална платформа го има дигитализирано тој број.[12] Уште една институција каде што се чуваат броеви од списанието е Институтот за национална историја во Скопје, каде што се чува еден број. Броеви на списанието се чуваат и кај приватни иматели во домашните библиотеки или лични збирки, но потешко е да се дојде до конкретни податоци за состојбата на списанието во домашните библиотеки. За целите на ова истражување беше направена работна посета на Народната библиотека на Србија во Белград, каде што списанието „Македонка“ се чува во целост. Истражувањето за овој зборник беше

12 „Македонка“, *Дигитална библиотека „Браќа Миладиновци“*, пристапено 14 јули 2022 г., https://digitalna.gbsk.mk/items/show/306.

спроведено со фондот на списанието што се чува во последната институција според нејзиниот Правилник за користење на библиотечен материјал.

Уште еден аспект важен при формулирањето на соодветна теоретско-методолошка рамка е и регионалниот контекст. Женскиот печат општо, и печатот на АФЖ партикуларно, припаѓаат на поширокото југословенско наследство. Во последните децении овој вид периодика бил во фокусот на институционални и независни истражувачки иницијативи во постјугословенските земји што како цел имале критички да пристапат кон културното и историското наследство на овие извори, како и да ја испитаат нивната позиција во политиките на сеќавање во современите општества, односно да го стават учеството на жените од АФЖ во контекст на денешните предизвици на женското учество во политиката и борбата за рамноправност. Всушност, може да се каже дека овие различни регионални иницијативи токму ги спојува појдовната премиса кон истражувањето на овие извори, според која „заборавот има родови карактеристики“ (Slapšak 2007). Како последица на тоа, иницијативите имаат уште еден заеднички сегмент: користењето на дигитализацијата на архивски материјал поврзан со историјата на АФЖ, која дозволува овие извори да стануваат полесни за пребарување и споделување, а со тоа и подостапни за истражувачите/чките, но и присутни и видливи во јавната историја и културата на сеќавање воопшто.

Во таа насока, потребно е да се спомене инцијативата на колективот „Црвена“ од Босна и Херцеговина од 2015 година и дигитализацијата на „Архивот на антифашистичката борба на жените на Босна и Херцеговина“).[13] Овој дигитален архив е значен заради обединувањето на изворниот материјал со рецентна, како и втемелувачка (постара) стручна и теоретска литература за испитување на минатото на АФЖ на Југославија. Тео-

13 Arhiv antifašističke borbe žena Bosne i Hercegovine i Jugoslavije, https://afzarhiv.org/.

ретски сублимат на дигиталниот архив и целокупниот потфат претставува зборникот уредуван од Андреја Дуганџиќ и Тијана Окиќ (Dugandžić and Okić 2018).

Во доменот на современата култура особено значајни за пре-посетувањето на изворите, сведоштвата, биографиите и периодиката поврзана со АФЖ се културно-уметничките иницијативи на уметницата Адела Јушиќ, меѓу кои посебно би ја издвоиле изложбата „Šta je nama naša borba dala?"(Што ни даде нас нашата борба?) од 2013 година. Уметницата Јушиќ ја испитува позицијата на партизанските биографии на жени мобилизирани во Втората светска војна, нивната мотивација за политичка еманципација наспроти митологизацијата што следувала од страна на политичките елити.

Поголеми институционално-научни процеси кон дигитализација и темелно проучување на женската модерна периодика забележуваме во Србија, каде што последен реализиран проект е „Женски покрет 2020", по повод стогодишницата од објавувањето на првото и најдолговечно југословенско женско и феминистичко списание „Женски покрет".[14] Претходно, во 2011 година, отворена е академската платформа и електронското академско списание „Књиженство".[15] Потенцијалите на истражувањето на периодиката поврзана со историјата на жените е препознаена од поширок круг на истражувачки, па би можело да се каже дека постои неформална мрежа што продуцира научна литература во оваа област.[16]

Во границите на Северна Македонија, голем удел во културата на сеќавање за женското движење во антифашистичкиот

14 „Ženski pokret 2020" (Uloga srpske periodike u formiranju književnih, kulturnih i nacionalnih obrazaca, Institut za književnost i umetnost), https://www.zenskipokret.org/.

15 Дигитална база података Књиженство, теорија и историја женске књижевности на српском језику до 1915. Године, http://www.knjizenstvo.rs/#.

16 Авторка на последната темелна студија на периодиката и женските списанија низ феминистичката херменевтика е Ана Коларић (Kolarić 2021). Другите релевантни авторки се и: Станислава Бараќ, Јелена Лалатовиќ, Јелена Милинковиќ, Слободанка Пековиќ, Зорана Симиќ, Жарка Свирчев и др.

отпор наоѓаме во независната културна сцена и активностите на феминистичкиот фестивал „Прво па женско“, организиран од колективот „Тиииt!Инк.“ од Скопје. Колективот низ својата еднодецениска работа продуцирал публикации и платформирал активисти/ки и автори/ки кои низ работни акции, уметност и истражувања го ставале наследството на женската историја во контекст на современите проблеми на феминистичкиот активизам, но со тоа, истовремено ги направиле достапни и реактуализирани наративите за женскиот отпор (Фемоар 2016; Хаџиевска, Драгшиќ и Коцевска 2021).

Наша уредничка одлука е одбивањето да живееме во изолирани острови на национален редукционизам, па дури и кога станува збор за локални извори и наративи, бидејќи веруваме во научниот и цивилизацискиот потенцијал на културната размена. Земајќи ја предвид *неистраженоста* на „Македонка“, како и релативното пионерство во нашата работа на овој зборник, од особено значење ни беше да се поврземе со регионалните искуства. Соработнички во зборникот, особено во методолошкиот домен, се Ивана Пантелиќ од Институтот за современа историја на Србија, и Јелена Милинковиќ од Институтот за книжевност и уметност во Белград, претставнички и учеснички во поголеми проекти поврзани со истражување на историјата на жените во југословенскиот контекст, низ проекти за дигитализација и проучување на периодиката како извор.

Во овој дел изразуваме особена благодарност на соработниците и соработничките кои ги сретнавме „по патот“. Благодарни сме на истражувачката Ана Мишковска Кајевска за нејзините коментари во самата концепција на истражувањето, како и љубезното посочување на неколку корисни содржини од списанието „Просветена жена“. Од почетокот на нашата работа, па до самиот крај, бевме инспирирани од работата на Ана Коларић, а нејзината последна книга која ја добивме како средечен подарок, посветена на феминистичката херменевтика во истражувањето на женската периодика, има значајно место

во нашата библиотека. Ѝ благодариме на Лина Ќостарова Унковска - ќерка на Веселинка Малинска, за споделувањето на првиот број на списанието „Македонка“, за истражувањето на уметницата Христина Иваноска кое е дел од овој проект. Му благодариме на Борко Зафировски - син на Лилјана Манева Савелиќ, за дозволата за користење на фотографии од семејната архива, како и споделувањето на други биографски референци. На тимот од Музејот на Република Северна Македонија им благодариме за отворените врати и соработката. На крајот, упатуваме срдечна благодарност до нашите колеги - преостанатите членови на ЦИНИК-Скопје, за нивната трпеливост и љубезност.

Проектните истражувања се всушност комплексни работни процеси кои спојуваат различни автори, чинители и работни активности. Затоа, им благодариме на Фондацијата Хајнрих Бел - канцеларија во Сараево и Министерството за култура на Република Северна Македонија, што втора година по ред ја препознаа научната, општествената и културната вредност на нашата идеја и работа.

2.1 Лична карта на списанието

Во овој дел би сакале да претставиме преглед на основните дескриптивни и нормативни карактеристики на списанието „Македонка“. „Личната карта“ на една сериска публикација претставува нејзино категоризирање и опишување со цел утврдување на програмата на публикацијата и поважните библиографски податоци (Kolarić 2021, 113).

„Македонка – Орган на АФЖ – Македонија“ според типот на публикација припаѓа во списанија. Првиот број излегол од печат на 7 ноември 1944 година во Битола. Според поднасловот, јасно е дека станува збор за официјално пропагандно гласило на Антифашистичкиот фронт на Македонија, кој бил основан на 14 декември 1944 година. Оваа организација е одговорен издавач и сопственик на списанието. Уредничка на првиот број (потпишана како „главен редактор“) била Веселинка Малинска (на

таа позиција од ноември 1944 до септември 1947 година), а како редовни соработнички, во првиот и во понатамошните броеви, се јавуваат: Нада Богданова-Икономова, Нада Ачкоска, Лилјана Савелиќ, Кефсер Шукри, Васка Дуганова, Филимена Марковска, Деса Миљовска, Невена Теохарова, Ленче Арсова, Ленче Јовановска, Лилјана Чаловска, Мирјам Поповиќ, Ружа Бак, Славка Цветкова и Рада Галева. Списанието редовно ги пренесувало ставовите и рефератите на актуелните политичарки во тоа време, како Вера Ацева, Ката Лахтова, Јоланда Клоси и Кериме Муча. Во најголем дел од случаите, авторките и соработничките биле потпишувани со иницијали, а голем број од текстовите не се авторизирани. Во однос на биографскиот профил на редовните соработнички во списанието можеме да разликуваме две главни профилирања: уредничките најчесто се од редовите на повисокото партизанско-воено раководство, бригадирки кои по војната станале профилирани функционерки на разни претпријатија и јавни институции, како и дел од повисоките редови на партијата. Редовните соработнички најчесто биле партиски кадри кои по војната се усовршиле образовно или се стекнале со специјалност во одредена област (медицина, право, економија, учителска школа итн.).

Одговорен за цртежите, графичките прикази и визуелниот идентитет на списанието бил сликарот и карикатурист Василие Поповиќ-Цицо, кој се јавува како долгогодишен соработник на списанието. Одговорен техничар за печатењето на првиот број бил Богдан Стојановски, а подоцна одговорен за техничката обработка бил Војислав Антиќ. Списанието се печатело во „Државна штампарница Гоце Делчев“, а подоцна во печатницата „Култура“, и двете во Скопје. Во првите (повоени) години од издавањето, списанието немало стабилен уреднички или книжевен одбор, а главната уредничка се јавувала во лидерска позиција во однос на сите одлуки. Преостанатите уреднички на списанието биле: Вера Николова (од октомври 1947 до декември 1950 година), Благојка Демниева (јануари-септември 1951); и Лилјана Манева (декември 1952).

Во однос на родовиот баланс, „Македонка“ е јасно женско списание во уредничка и во авторска смисла. Сепак, мажите не отсуствуваат како соработници и автори на текстови, иако во помал број. Како соработници, мажите се најчесто наведени како фоторепортери за насловните страници, графички и технички уредници на списанието. Како автори, интересно е дека мажите најчесто се јавуваат како автори на книжевните, литературните и поетските прилози за списанието. Така, многу често ги среќаваме имињата на познатите современи македонски писатели Венко Марковски, Ацо Шопов, Славко Јаневски, Ванчо Николески, Илхами Емин, Шукри Рамо и Иван Точко, а автор на неколку стручни книжевни прилози е и Блаже Конески. Делата на овие писатели објавувани во „Македонка“ најчесто се со феминофилна херојско-патриотска содржина. Додека домашните авторки во „Македонка“ ретко се јавуваат потпишани под поетски или прозни наслови. Таа функција им е отстапена на регионално прокламирани писателки, на пример Десанка Максимовиќ. Под репортажите од митинзи на АФЖ во различни села низ државата, често се потпишува Илија Топаловски и новинарот Киро Мукаетов. Во списанието наоѓаме и имиња на личности, кои подоцна во својата кариера станале доајени во академски области, како историчарот Данчо Зографски и книжевникот Харалампие Поленаковиќ. За настаните од периодот од 1948 до 1950 година и настаните поврзани со македонското население во Грчката граѓанска војна, главен известувач е новинарот Христо Андоновски. Мажите како автори често ги среќаваме и во рубриките посветени на женското и детското здравје, таму се среќаваат имиња на бројни современи лекари и медицински работници.

Во однос на фреквенцијата и периодичноста, списанието излегувало еднаш месечно, но понатаму многу често излегувало како двоброј (детално види во Прилог 1). Насловот излегувал редовно во периодот од 1944 до 1951 година, односно во вкупно осум години на публикување, со едногодишен прекин во периодот 1951 година: од последниот број во седмата година [год. 7, бр.

81-82 (август-септември 1951)], списанието престанува да излегува сè до декември 1952 година, кога е отпечатен последниот, 83-ти, број под насловот „Македонка“.

Списанието излегувало на А4 формат, во димензија од 30 см, со разновидни графички решенија за насловот и насловната страница и изобилство на илустрации и фотографии. Се печатело на околу 24 страници. Во однос на писмото и јазикот, „Македонка“ се пишувала на македонски јазик и кирилично писмо, а тоа и дополнително се потенцирало во првите броеви, заради процесите на кодификација на литературниот македонски јазик (5 мај – 7 јуни 1945 година). Заради предизвиците од граматички и правописен вид, како и недостатокот на соодветни клишиња во цинкографијата во тој период, во списанието се забележливи многубројни технички грешки, како и присуство на различни дијалекти на иста страница, кога станувало збор за информации што доаѓале од различни градови и места низ државата.[17] Во однос на присуство на други јазици, до 1948 година чести се пасажи на руски јазик; чести се поетските прилози од автори од српско-хрватското подрачје во оригинална форма (на пример, Бранко Ќопиќ); додека, пак, во 1946 година [поточно во броевите од год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), до год. 3, бр. 24 (октомври 1946)] списанието станува тријазично, бидејќи се додадени прилози на албански и на турски јазик, како дел од уредничката политика за приближување на списанието до жените од малцинствата.

Цената на списанието, утврдена на задната корица на првиот број, изнесувала 50 бугарски лева. Првиот број каде што цената е изразена во југословенски динари е бр. 7 од мај 1945 година и изнесувала 8 динари за број и 12 динари за двоброј, но

17 Важно е да се напомене дека „Македонка“ не е осамен случај во однос на предизвиците од јазична природа, а предизвиците траеле сè до педесеттите години. Според Билтенот на Катедрата за јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет во Скопје од 1950 година, употребата на правописот и воопшто состојбата на јазикот во печатот, особено во локалниот печат, „не е на висина на која би можела да биде“. Според авторот на статијата, во некои од весниците се забележувале и по околу 600 грешки од овој вид (Видоески 1950).

цената редовно варирала околу овие износи, веројатно како последица на повоената ценовна флуктуација. Подоцна била утврдена и месечна, односно годишна претплата. Уште од првиот број постоела практика одборите на АФЖ да собираат доброволни прилози за целите на списанието, а податоците за собраните прилози се објавувале на страниците, но оваа активност не поминувала без нагласување за тешкотиите на уредништвото при собирањето на парични прилози заради ниска заинтересираност.

Особено важен аспект во „личната карта“ на некоја публикација е програмата. Во програмата на едно списание се впишани неговата медиумска намера и визија, како и општествените цели на уредниците/чките и авторите/ките, односно (не)ангажираноста на публикацијата. Најчесто, во сериските публикации програмата е наведена експлицитно во првиот број или во сегментите што содржат „повик за акција“ кон читателската (таргет) група. Во првиот број на „Македонка“ не наоѓаме текст што конкретно се однесува на точки на програмата, но анализата на содржините, заедно со документи од архивски фондови што произлегле од дејноста на АФЖ[18], јасно укажуваат на програмските цели: јавно претставување на задачите на АФЖ и поврзување на сите жени од Македонија за активно вклучување во остварувањето на задачите. За време на војната АФЖ поставил три главни задачи: приклучување на сите воено-способни жени на фронтот; зајакнување на единствена женска фронтовска организација и активирање на сите жени од сите националности во организирањето на народно-демократска власт.[19] Во повоените броеви, главните задачи на АФЖ се однесуваат на спроведувањето на масовните кампањи за „култур-

18 Првата документациска студија за историјата на АФЖ (Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1987) се темели на документите од Фондот „Околиски одбор на Антифашистичкиот Фронт на Жените (АФЖ) (1945-1955)“, кој се чува во Државен архив на Република Северна Македонија – одделение Скопје. Помали фондови или посебни архивски единици од локалната дејност на АФЖ можат да се најдат во преостанатите архивски одделенија на оваа институција.

19 Веселинка Малинска, „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените во Македонија“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 8-10.

но, просветно и политичко издигнување на жените“ и работа со жените муслиманки.[20] Текстот што го отвора списанието, насловен „Нашиот пат“, е целосно посветен на „историската улога на македонската жена во отпорот против фашизмот“ и јасната определеност на жените кон еманципација и рамноправност со мажите во социјалистичката држава. Текстот содржи опис на положбата на жената во минатото, која е мрачна и инфериорна, а жената е завиена во „мракот на суеверијата и примитивноста“. Овој текст јасно го позиционира списанието во рамките на социјалистичката револуција, а авторките како ангажирани револуционерки кои се изградени низ работа на терен.

Низ броевите препознаваме неколку редовни сегменти и рубрики: текст на одговорната уредничка, политичка рубрика (текстови од спроведувањето на политичката линија на Народниот фронт, во однос на главните политики кон жените – закони важни за жените и рамноправноста, учество во „акциите за обнова“, кампањи за описменување, агитациски кампањи и сл.), рубрика организациски живот на АФЖ (преглед на работата на одборите, информации за позначајни достигнувања во државата, тековни задачи на АФЖ), вести од внатрешноста (известувања за состојбата и активностите на терен, особено во селата), извештаи за постигнувањата на жените во фабриките и селските задруги, вести од Југославија и светот (дејноста на АФЖ Југославија и информации за женските движења во светот), вести за положбата на жените во „колонијалните и капиталистички“ земји, вести од СССР и информации за постигнувањата на руските жени во разни области (рубриката е активна до 1948 година и конфликтот меѓу СССР и Југославија, но во следните две години сè уште се среќаваат повремени статии со пофална содржина за советските жени), рубрика за култура и книжевност, научни страници (статии од областа на медицината за

20 „Предлог програма за работа на Главниот одбор на АФЖ на Македонија и на списанието ’Македонка‘ за 1946 година доставена до Централниот комитет на КПМ, 1945, декември, Скопје, Фана Мајкова“. Од Фонд „Околиски одбор на Антифашистичкиот Фронт на Жените (АФЖ) (1945-1955)“, кутија 1 (Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1987, 481-490).

женското и детското здравје и занимливости од природата и науката), стручна рубрика („Совети за домаќинките“, упатства за рачна работа: „За нашите деца“ и мода). Подоцна списанието добива и интерактивен сегмент со вклучувањето на рубриката со прашања и одговори, најчесто од областа на стекнувањето и заживувањето на нови законски права на жените, на пример, користење на породилно отсуство во задругите и сл. законски права; во фокусот биле и националните празници, како и важните датуми поврзани со животот на Тито, Ленин и Сталин, кои се редовно одбележувани во списанието, па дури и со посветување на целиот број на одреден настан: Први мај, Осми март, Октомвриската револуција, Денот на победата над фашизмот, формирањето на социјалистичка Југославија, роденденте на лидерите на револуцијата и сл.

Покрај поставеноста на списанието да одговара на потребите за информирање на жените за актуелни прашања од политиката, стопанството и социјалата, „Македонка“ ретко дава увид во теоретското перципирање на женската рамноправност во рамките на научниот марксизам. Единствено, при интегралниот пренос на реферати на истакнатите лидерки на АФЖ на Југославија, претставувани на Конгресите на организацијата или при други поважни партиски и фронтовски собири, добиваме подлабока идеолошка артикулација на современите тези и политики кон женската рамноправност. Станува збор за рефератите на Цана Бабовиќ, Вида Томшиќ, Митра Митровиќ, Анка Берус и Веселинка Малинска, каде што конкретно се артикулираат идеолошките насоки на родовата рамноправност во социјалистичка Југославија. Од друга страна, на страниците на „Македонка“ се среќава критика кон „буржоаскиот феминизам“, како и несогласувања со идеолошките тези на други женски движења од социјалистичките и капиталистичките земји, со кои АФЖ на Југославија не делеле иста политичка линија. Во најголем дел од случаите, женското движење и политичка борба за рамноправност на страниците на „Македонка“ е артикули-

рана низ историзација на херојските антифашистички епизоди од Втората светска војна и просто наведување на партиските ставови за „женското прашање како класно прашање“.

2.2 Наоди

По истражувачката фаза и индивидуалната работа на автор(к)ите со изворите, работните тези се формулираа во четири тематски единици, кои се движеа во правците содржани во програмата на истражуваниот печат: политичка историја, социјални аспекти, образовни аспекти и јазично-семантички аспекти.

Првиот истражувачки текст во зборникот е на Ивана Хаџиевска и во него списанието „Македонка“ е позиционирано како извор од политичката историја. Во овој текст се анализирани рубриките што се однесуваат на учеството на жените во политичкиот живот. Според наодот од овој текст, во списанието „Македонка“ главните политички пораки за женско учество во општеството, изразени во формулата „политичко издигнување на жените“, доживуваат идеолошки промени во значењето во текот на периодот од 1944 до 1953 година низ кои можат да се следат последиците врз напредокот или регресот на државните политики за родова рамноправност. Во таа смисла, во првите повоени броеви на списанието се забележуваат понапредни идеи за политиките за рамноправност на жените со мажите, отколку во броевите по 1947 година, односно по државното прогласување на Петогодишниот план за економско производство, по што се забележува поголемо експонирање на улогата и проблемите на жените во приватната сфера на домаќинството и мајчинството.

Текстот кој ги обработува темите во „Македонка“ поврзани со здравствените политики и политиките на социјална грижа и нега е во авторство на Јана Коцевска. „Македонка“ претставува богат извор за контекстуализирање на состојбата со здравството и социјалната грижа во ФНРЈ која била насочена кон социјалистичка обнова на земјата. Коцевска прави анализа на

значењето и медиумските пораки за здравствената и социјална добросостојба на социјалистичкиот човек. Таа поаѓа од тезата на Светлана Слапшак за „периодичната импровизирана пропаганда“ чија цел била искоренување на „заостаналите“ (*sic!*) и стари практики на жените во Македонија, и нивна замена со: санитетски приод, големо внимание за хигиената и за здравјето. Експлицитен пример за испитување на оваа теза се настаните поврзани со државното справување со широко распространети епидемии и болести, кои доминираат во здравствените рубрики на списанието. Според заклучоците на авторката, оваа еманципаторска агенда на АФЖ особено се однесувала на политичко залагање за здравјето на мајките и децата, што се докажува со посебно усвоените закони и уредби на ниво на целата федерација. Овој текст го следи и известувањето на списанието за формирањето на клучни институции од здравството и социјалната грижа на жените и децата во најоптималниот капацитет во тоа време. Така, паралелно со изградбата на оваа здравствена структура, низ активностите на АФЖ се обликувале материјални капацитети и човечки ресурси во чиј делокруг спаѓала и воспитна дејност како и грижа и нега за деца, стари лица и воени инвалиди.

Во текстот на Дарко Леитнер-Стојанов е обработен еден преовладувачки аспект на медиумските пораки на списанието „Македонка“: просветата. Списанието имало важна улога во ширењето пораки за писменост и описменување на жените и тој негов белег останал непроменет во целиот период на издавање. Сепак, Леитнер-Стојанов низ неговата анализа на доминантни теми во областа на просветата успева да ги детектира промените на пораките во однос на политичката мобилизација на жените. Клучниот наод тука се однесува на улогата на списанието во образовните процеси што биле насочени кон жените, но и образовни политики што биле менаџирани од жени, во рамките на АФЖ и социјалистичките кампањи за образование на жените. Авторот забележува промена на фокусот во обра-

зовните теми: од описменување преку редовност на училиште до грижа за подмладокот. Родовиот аспект на анализата е особено интересен, бидејќи ја открива поделбата помеѓу жените (читателки) како објекти на промената (одговорни за успесите и неуспесите на кампањите и фокусот кон мајките како одговорни за образованието на децата); и жените како носителки на промената (низ пропагандниот ентузијазам на активистките-учителки, кој често преминувал кон пропагандна апстракција).

Последниот истражувачки текст е на Мања Величковска и во него се анализирани книжевните аспекти на списанието „Македонка“. Конкретно авторката прави анализа на интертекстуалните, субверзивните и пропагандните наративни стратегии во книжевните прилози застапени во списанието, од доменот на прозата и поезијата. Медиумските пораки на ова списание, овде се согледани низ односот помеѓу политиката и книжевноста. Авторката употребува критички дискурзивен метод на работа, со помош на кој текстовите се перципираат како социјални практики. Во овој текст дескриптивно и експлицитно е прикажана интерпелацијата на списанието во јавноста и начините на кои, низ женското медиумско уредништво, во време на скоро целосно машка книжевна сцена, се создавала модерната „читателката“ во македонскиот контекст. Клучните наоди на авторката се донесуваат на наративните стратегии за создавање на женски ликови, односно комуницирање на пораки кон жените за нивното воено искуство и новите општетвени улоги стекнати по војната. Величковска наоѓа две клучни поаѓалишта на наративните стратегии: прво, во создавањето солидарност кон паднатите борки како стратегија за артикулирање на женското учество во народноослободителната борба, како и наративно артикулирање на културниот шок од новите улоги на жените во јавната сфера; и второ, промовирање на еманципацијата на жените низ наративи кои се спротиставуваат на различни хегемонии (религија, патријархални концепти и класна нееднаквост).

3. Во челуста на заборавот: како до јавни архиви на женското живеено искуство

Оваа година изминуваат 78 години од излегувањето на првиот број на списанието што е во фокусот на ова истражување и 31 година од дисолуцијата на социјалистичкиот поредок во чии рамки настанало тоа. Промислувањето за „Македонка“ неминовно нè носи на прашањата за идеите, мотивите и целите на неговите уреднички, како и последиците од нивното општествено дејствување, особено во однос на историјата на жените. „Историјата на жените“ овде е сосем пригоден и нужен термин, но категорично ја отфрламе идејата дека жените сами по себе се предмет на историјата. Можеби посоодветно е разбирањето на историјата на жените како историографска гранка што се развила заради потребата од препознавање на фундаментално-релациски наративи, во кои историјата на жените секогаш е и историја на мажите. Овој став подразбира дека двата рода се целосни учесници во општествените и цивилизациските тековии. Со фокусот на меѓузависноста на родот и половата различност со различни социјални и економски процеси, историјата на жените нè упатува постојано кон политичко размислување дека еднаквоста (т.е. борбата за еднаквост) бара прифаќање и вклучување на различното (Диби и Перо 2018).

Кога се соочуваме со извор како „Македонка“, како истражувач(к)и првенствено на историјата на жените, од една страна преплавени сме од епистемолошките и културолошките потенцијали на овој извор. Но, веднаш штом му пристапиме на изворот од истражувачки аспект, како главна потреба се јавува пополнувањето на празнините поврзани со конкретните услови, контекст и мрежа на личности кои биле вклучени во реализацијата на списанието. Состојбата на „фактографски дефицит“,

т.е. недостатокот на поширок историографски полигон на кој би се изведувала теоретска артикулација на секоја понатамошна критичка анализа, јасно упатува дека „Македонка“ денес првенствено претставува извор обвиен во заборав. Затоа, првото прашање што си го поставивме при преиспитувањето на положбата на списанието „Македонка“, како и во политиките на сеќавање,[21] беше: зошто не постои интерес, во рамките на националните институции, за ретките остатоци од историјата на жените, каде што критичкиот пристап и родовата перспектива би се сметале за продуктивни? Краткиот преглед на главните одлики на застапеноста на списанието „Македонка“ во официјалниот наратив, како и во културата на сеќавање околу списанието, може да ни биде од помош при давањето одговор.

Како што споменавме погоре во овој текст, списанието било согледано како извор за националната историја уште во периодот кога било активно (низ насловот-наследник – „Просветена жена“). Имено, во 1952 година АФЖ на Југославија и организацијата-наследник – СДЖ на Југославија, на централно и локално ниво почнале со создавање архив на АФЖ. Станувало збор за одлука да се почне со собирање документација, извори, сведоштва и мемоарски документи за учеството на жените во НОБ. Овој материјал подоцна требало архивски да се систематизира, но и од него да произлезат стручни монографии (РЈК). На републичко ниво, во Македонија тој процес почнал во 1963 година од вработените во Институтот за национална историја и завршил во 1976 година, со издавањето на Зборникот документи (Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1976). Тука се објавени документи релевантни за списанието „Македонка“. До крајот на 20 век, списанието главно се јавува како извор во студиите за периодика и публицистика, како и во комеморативна функ-

21 Под терминот „политики на сеќавање“ (politics of memory) се подразбира општествената организација на колективното сеќавање од страна на различни фактори во заедницата, институционални и независни, со различен степен на влијание; политичките средства што ги користат учесниците во културата на сеќавање можат да влијаат врз тоа кои настани се паметат, чуваат и архивираат или, пак, се отфрлаат. Понекогаш, политиките на сеќавање може да се пресудни за начинот на кој се пишува и се пренесува историјата на една заедница.

ција во формализираната социјалистичка култура на сеќавање. По промената на системот во 1991 година, почнува заборавот на списанието во двојна смисла: и како дел од културата на периодика и како историски извор. Би можело да се каже дека споменот за списанието егзистирал во мнемониски ќошиња, како организациите кои произлегле од Сојузот на борци од НОБ како одржувачи на антифашистичката традиција; или во работата на поединци истражувачи од академското милје (Хаџиевска 2019; Мијаковска 2020; Младеновска и Стаменковиќ 2020, 7).

Според антропологот Рената Јамбрешиќ Кирин, оваа појава во постјугословенските општества може да се објасни со терминот „криза на женскиот архив“[22] (Jambrešić Kirin 2009, 67). Тоа подразбира дека опсежните збирки документи, како и непрегледната литература објавувана за време на социјалистичкиот период, под дејство на системската промена, „не може да поттикнува нови историографски истражувања, бидејќи тие публикации самите со времето станале споменик на историцистичкиот дискурс, потонати помеѓу другите револуционерни парферналии“ (исто, 69). Таа заклучува дека последицата од „исклучувањето на жените од сферата на моќ и (политички релевантните) знаења е најдобар доказ за автократска, контроверзна, недовршена модернизација“. Низ пример, оваа последица во постјугословенските општества може да се забележи во доминацијата на мачо-популизмот во јавната историја (Коцевска 2020), како и мизогини сфаќања за учеството на жените во партизанското движење и други историски настани (низ минимизација, ридикулизација, заборав). Всушност, една поразителна последица од заборавот во овој случај е губењето на врската помеѓу вредностите на АФЖ од политичка, културолошка и економска природа, со современите концепти за родовата еднаковост. Низ синтагма би се рекло дека патот на еманципација на жените „се зема здраво за готово“, т.е. се заборава на потчо-

22 Терминот не подразбира посебни институции што се занимаваат со историјата на жените, туку во поширока смисла – процеси во образованието и културата што развиваат и негуваат критичка историска свест за придонесот на жените во историјата на заедницата.

вечката положба на жените пред само еден век. Тука сме целосно согласни со историчарката Гордана Стојаковиќ, според која „историското паметење е предуслов за креирање стратегии за општествени промени во сегашниот момент“ (Stojaković 2013, 70).

Ние сметаме дека феноменолошкиот пристап кон списанието „Македонка“ може да ги реши проблемите со заборавот, бидејќи овој пристап го истакнува најважниот аспект на списанието: неговата центрираност на женското живеено искуство, за кое е уникатен и редок извор во македонскиот контекст. Во таа смисла, заборавот на овој клучен извор за женското живеено искуство прави од „Македонка“ она што во насловот на нашиот зборник го нарекуваме „архив на невидливите“. Видливоста на списанието би имала за него втемелувачка конзервациска функција. Со конзервирање на женското живеено искуство, т.е. низ академско канонизирање на содржините од списанието „Македонка“, создаваме „женски архив“, каде што се одвива нивно пресоздавање низ времето и потсетување на заедницата за нивниот значај.

Овој зборник е првиот чекор во остварување на потфатот опишан во претходниот пасус. Следен клучен чекор е поттикнувањето и почнувањето процес на дигитализација и слободен пристап до списанието „Македонка“. Само така е можна понатамошна сеопфатна научна работа. Понатамошни чекори би биле и изработката на библиографија на целокупниот фонд на списанието, како и организирањето на научни и стручни собири. Тоа би го отворило списанието кон поширок научен и образовен аудиториум, што би донело до критичко анализирање на неговата содржина. Соработката помеѓу релевантните институции, организации, истражувачи и други чинители може да придонесе кон конечно соочување со (штетите од) заборавот, како и користење на епистемолошкиот потенцијал на историските знаења за различни групи од населението. Капацитетите за развој на културни и демократски вредности од ваквиот пристап кон периодиката допрва ќе ги откриваат истражувачките и истражувачите, кои, се надеваме, ќе ги инспирираме токму со нашиот зборник.

Македонка







ОРГАН НА АНТИФАШИСКИОТ
НА ЖЕНИТЕ ОД МАКЕД

Год. III Јули – август 1946 Бр

Цена





Ивана Хаџиевска

ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА

„Политичко издигнување на жените“: форми на политичко учество на жените во социјалистичка Македонија (1944–1953)

Вовед

Простата и строга историска наратија[1] на жените во 20 век е „исткаена“ од две нитки: на трудот и војните. Масовното вработување во национализирани или во приватни сектори на индустриското производство, двете светски војни и комунистичката револуција[2] неповратно ги промениле социјалните улоги во приватниот и јавниот простор. Во политичкиот простор, женските движења за рамноправност и економска еманципација во разни делови од светот изгра-

1 Алузија на еден од најпознатите стихови во македонската современа поезија: „Везилке, кажи како да се роди проста и строга македонска песна (...)“ од Блаже Конески. Песната „Везилка“ почнува токму со тој стих, а поетска слика што така се формира се однесува на авторската потрага по „горливите прашања“ во минатото – кое е исткаено со трудот на везилката/везилките.

2 Дел од Октомвриската револуција биле и болшевичките и феминистките, кои продолжиле со политичка дејност во првите години на формирањето на СССР. Во оваа генерација на активистки и политичарки припаѓаат Надежда Крупскаја, Инес Арманд, Александра Колонтај, Софија Смидович, Конкордија Самоиловна, Клаудија Николаевна, Варвара Моирова и Ана Артјуховна (Okić 2016). Жените во Русија добиле право да избираат и да бидат избирани во 1917 година, заедно со следните политики: либерална бракоразводна постапка, стандардизирана и упростена процедура за цивилен брак, еднаквост на сопружниците во поглед на: наследство, деца и прифаќање на презиме (Закон за семејство од 20 декември 1917). Во 1919 година бил оформен и Женски оддел на Секретаријатот на Централниот комитет – „Женотдел“, за стратегиско работење и спроведување на политиките поврзани со трансформацијата на семејството: давал совети и предлагал амандмани при декретите на Централниот комитет, организирал масовни акции за решавање на неписменоста кај жените, укинување на проституцијата, ја надгледувал примената на квотите за еднакво вработување на жените во сите сектори, а во централна Азија ја спроведувале мерката за „ослободување на жената од *паранџата*“ (марама, фереџе) (Навај 2018). АФЖ на Југославија бил организиран токму по моделот на Женотдел.

диле идеолошки платформи и политички програми што се испреплетувале со националната изградба – онаму каде што се распаѓале империите или претставувале закана за патријархалниот општествен поредок во конзервативните републики или монархистичките општества. Формите на женски здружувања за политичка и економска борба, организираните барања за еднакво право на глас, феминистичките програми што се кристализирале во рамките на учеството на женско население во револуционерните, националните и герилските движења за време на Втората светска војна ги претставуваат основните полигони на женското учество во создавањето на политичката историја на светот, а истовремено претставуваат и фасцинантна приказна за човечката борба и потреба за цивилизациски скок напред.

Во македонското општество во 20 век, под дејство на глобалните и локалните историски процеси, настанале радикални промени во структурата на семејството, економскиот живот и, кончено, во положбата на жените. Во овој текст, ги испитувам содржините на списанието „Македонка – Орган на Антифашистичкиот фронт на Македонија“, како извор за политичката историја (на жените). Во списанието на јасен начин се согледува радикалниот рез во претставувањето на женските социјални улоги во семејството и во трудовите процеси. По првпат во македонската историја, жените се присутни во разни сектори на индустријата, видливи како ударнички и претставени во институциите на државата. И жените од Македонија низ организирано движење „станале дел од историјата“. Всушност, главниот идеолошки наратив врз кој се потпирала програмата на списанието била токму потврдата на жените во борбата и жртвата за „народна социјалистичка револуција“ [„Нашиот пат“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 1-3]. Во обемната документациска збирка од 1976 година за учеството на жените во НОБ се наоѓаат 5.752 биографски белешки на партизанки; 141 жена од Македонија го носи признанието „Партизанска споменица 1941“; и 7 жени се

прогласени за народни херои: Мара Нацева, Оливера Јоциќ-Вера, Ибе Паликуќа, Естреја Овадија-Мара, Елпида Караманди, Вера Ацева, Фана Кочовска (Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1976).

Главното истражувачко прашање на овој текст се однесува на клучната формула за комуницирање на идеите и практиките за постигнување рамноправност и политичка еманципација на жените во социјалистичка Македонија, а во списанието таа е во форма на лозунгот „политичко издигнување на жените". Оваа формулација претставувала медиумско комуницирање на главните државни и партиски ставови што се однесувале на идеолошкото, но и институционалното значење на концептите за женското учество во тековите на државната политичка и економска изградба во најширока смисла во социјалистичката држава. Нејзиното детектирање низ содржините на списанието води до текстови што се однесуваат на формите, развојните правци и промените во женското политичко учество во општеството во периодот од 1944 до 1953 година, а со тоа и историските последици врз тековите на женската еманципација и борба за рамноправност во периодот на подоцнежниот социјализам.

Мојата теза е дека со испитувањето на содржините што се однесуваат на учеството на жените во политичкиот живот може да се открие повеќе за конкретните форми на еманципацијата на жените во социјалистичка Македонија, како и за степенот на учество на жените во политиките и институциите. Од почетокот до крајот на периодот помеѓу 1944 и 1953 година, значењето на формулата се менува од повоен ударнички ентузијазам до организациски и теренски предизвици и конечна реорганизација (гаснење) на АФЖ. Испитувањето на оваа теза може да даде длабочина и текстура на засега праволиниската историографска тенденција што упатува кон процесот на еманципацијата на жените во социјалистичкиот период, но не навлегува докрај во конкретните историски искуства на жените во македонското минато, особено во поглед на нивното органи-

зирање во масовен активизам; и/или учество во институции и органи на државната власт.

Во овој воведен дел се наметнува уште и потребата за историска контекстуализација на темата за женската еманципација во македонското минато, со цел да се постават линиите на поврзување помеѓу состојбите непосредно пред и по Втората светска војна.

Според пописите спроведени во 1921 и 1931 година во Кралство Југославија, 80% од населението на територија на Вардарска Македонија егзистирало од земјоделство. На попис од 1953 година се забележува драстична промена во економските обележја на населението во однос на меѓувоениот период: земјоделското население изнесувало 62,7%, а неземјоделското 37,3%. Според половата структура, во 1948 година имало 50,65% мажи и 49,35% жени. Речиси истата разлика важи и за пописите од 1931 и 1953 година.[3] Она што за западните индустриски и модерни транзиции во 20 век било проширувањето на фабриките, прелевање на „аграрниот пролетаријат" во индустријата и создавањето на нуклеарното потрошувачко семејство, тоа за Кралството Југославија било распаѓањето на селските и земјоделските задруги. Тоа значело промени во семејството и во положбата на жените, при што постепено се губела традиционалната заштита на широкото семејство и семејната помош во поделбата на работата во домаќинството; истовремено, жените станувале изложени на градската средина и индустрискиот труд, каде што не постоеле закони за заштита. И во Кралството Југославија работничките семејства станувале потрошувачки семејства, се радикализирала поделбата помеѓу репродуктивната и продуктивната работа и се фиксирале социјалните улоги на половите во модерниот индустриски контекст (Ler-Sofronić 1986, 75-94; Гошева 2008; Хаџиевска 2021, 225).

3 На територија на Југославија направени се пописи во 1921, 1931, 1948 и 1953 година (детални анализи види кај: Sokolov 1962; Илиевски 2017; детална анализа на родовите аспекти на овие статистички податоци види кај Хаџиевска 2021).

Жените на територијата на Вардарска Македонија преовладувале во претпријатијата за преработка на тутун и во претпријатијата на текстилната индустрија. Во металната, кожната и градежната индустрија, женската работна рака речиси воопшто не била застапена. Според пописот од 1931 година, жените на територијата на која по 1945 година ќе биде воспоставена Народна Република Македонија, во пописната графа „Индустрија и занаети“ биле присутни во број од 3.015. Во периодот од 1927 до 1929 година, просечната надница кај мажите изнесувала околу 27 динари, а кај жените околу 20 динари. Бројот на вработените жени во индустријата растел за целиот период од 1921 до 1941 година, но демографијата на вработените жени била следна: млади жени без брачен партнер, кои не би можеле да ги користат осигурителните потпори за породилно, дете или доење. Тоа го забележала и Инспекцијата за трудот во Кралството Југославија: во работилниците отсуствувале информации и правилници за заштита на работничките родилки, а работодавачите не воделе податоци за нив (Хаџиевска 2021, 113, 226). Сезонските полумиграции кон индустриските центри носеле новитети меѓу религиозното селско население: во анкета на Берзата на трудот во Скопје, кај работнички семејства кои се јавувале како сопственици-рентиери на стан, како потстанари се јавуваат работнички, надничарки, веројатно станува збор за млади жени, без брачен статус, кои сезонски работеле во градот (исто, 163). Во периодот од 1931 до 1953 година и машкото и женското население растело во сите неземјоделски гранки, а најмногу во индустријата. Во периодот од 1948 до 1953 година женското население во неземјоделските гранки пораснало за 87.409 или драстични 17.482 лица годишно (Sokolov 1962).

По 1945 година на територијата на Вардарска Македонија настанале радикални политички промени. Народноослободителното движење предводено од партизани и левоориентирани интелектуалци посветени на македонската национална изградба од меѓувоениот период, се приклучиле на партизанскиот от-

пор воден од Јосип Броз-Тито и Комунистичката партија на Југославија и по Втората светска војна воспоставиле македонска државност во рамките на социјалистичката југословенска федерација. Новата држава, воспоставена на модерни и комунистички принципи и закони, се градела на почва со многубројни ориентални остатоци и економски форми од османлиската држава, пасивна и национално флуидна буржоаска локална елита, главно составена од трговски семејства и мултиетнички „селански океан“ од христијанско и муслиманско население (Boškovska 2017; Jovanović 2002, 56-62).

Во печатот кој се однесувал на македонското население, во периодот меѓу двете светски војни, се кристализирале три главни слики што ги претставувале жените во јавноста: посветена хуманитарка, патриотска учителка и учесничка во народниот отпор како курирка или комитка (Хациевска 2021а). Овие слики ја поткрепувале тогашната доминантна идеја за жената како *мајка на нацијата*, чија еманципација или учество во јавната сфера треба да биде во цел на зајакнување на патриотизмот кај новите генерации. По 1945 година овие доминанти претстави за жените се менуваат и се воспоставува нов пропаганден идеал – создавањето на новата, „социјалистичка жена“.

Најпрвин, во овој текст ќе зборувам за поважните теоретски влијанија при работата со периодика чиј издавач била АФЖ, како и за потребата од користење на соодветни концепти за критички приод на содржините од списанието „Македонка“ како извор. Во делот посветен на методот на работа ќе ги образложам начините на кои главното истражувачко прашање беше одговарано и параметрите за истражување на целокупниот фонд на списанието „Македонка“. Во главниот дел се фокусирам на развојот на програмата на списанието и промените што настанувале во контекстот на внатрешната политичка состојба, а низ кои се забележува и промена во значењето на главните политички пораки упатени кон еманципацијата на жените. Заради прегледност во систематизацијата на изворите и нивната

анализата, главниот дел е поделен на три, условно наречени фази од развојот на списанието: херојска фаза (1944-1946), ударничка фаза (1947-1951) и фаза на реорганизација на АФЖ (1952). Наодите од истражувањето ги разоткриваат промените во државните политики во однос на женското учество во политичкиот простор и последиците врз идејата за родова рамноправност, тие се образложени во заклучокот.

Важни теоретски поставки и метод на работа

Во овој текст, сметам дека анализата на списанието „Македонка“ треба да почне од согледувањето на списанието, првенствено како извор за политичката историја. Како историски извор, тоа било дел од изворите на научната литература од младата македонска историографија, во форма на објавени архивски колекции што по првпат ја демистифицирале сликата за македонската жена како безличен и безимен дел од историјата. Во историографијата во социјалистичкиот период, жените се прикажани како активистки, политичарки, борци за слобода, авторки, воени жртви, затворенички – и во секој случај – субјекти со сопствен наратив. Поширокатa цел била жените конечно да се изнесат на челото на националната историографија, како еднакви учесници во создавањето на државноста – цврста гаранција за иднината на нивните политички, социјални и економски права стекнати во блиското минато.[4]

Списанието „Македонка“, како официјален орган на државотворна и масовна организација (АФЖ), не било дел од „контра-јавноста“, туку списанието служело за јасен пренос на партискиот став и државниот идеолошки концепт за спроведу-

4 Одличен пример за оваа констатација може да се најде во библиографијата на Вера Весковиќ-Вангели (Хаџиевска 2021б).

вањето на еманципација на жените „од горе“. Понатаму, по промената на државниот поредок од социјалистички во либерален капитализам и повеќепартиски систем на периферијата на Европа, списанието паѓа во заборав, како дел од (не)соочувањето со непосакуваното социјалистичко наследство (Stojaković 2012, 49; Jambrešić Kirin 2009). Тоа јасно ја повлекува поврзаноста помеѓу овој извор како дел од поранешната политичка историја, на поранешната држава.

Дополнително, во социјалистичките општества во 20 век еднаквоста меѓу мажите и жените била однапред идеолошки воспоставена, бидејќи решавањето на *женското прашање* се согледувало во рамките на класната борба и низ државно-спонзорирани политики. Оттаму и контроверзниот однос на југословенските политичари кон „буржоаскиот феминизам“ како штетна и декадентна форма на женско организирање (Ler-Sofronić 1986, 75-94; Despot 1987).[5]

Во списанието „Македонка“ јасно се исчитуваат промените што настанувале на државно ниво и нивното влијание кон политиките за родова рамноправност и еманципација. Притоа, првиот дел од овој текст ги опфаќа темите што се однесуваат на „тврдите“ основни задачи на АФЖ и комеморативните по-

5 Во однос на тенденциите според кои „феминизмот“ бил негативна појава за социјалистичкото општество, социологот и современичка на тие процеси во седумдесеттите години, Нада Лер Софрониќ, пишувала: „политичката теорија на социјализмот, без теоријата за ослободувањето на жените, е суштински непотполна, немоќна да ги опфати сите нужни услови, лостови и делови на социјализмот. Запоставувањето на 'женското прашање', односно неговото поместување од јадрото кон епифеномените на социјалистичките процеси (...) Социјализмот како практика (работничкото движење, социјално-политичката револуција под водство на тоа движење, антиколонијалните револуции) и како теорија на таа практика, почнува во состав на човечкиот и општествениот свет во кој жената е претежно лишувана од политички субјективитет, како и самостојна активност во колективната социјална активност која ја чини политичката сфера“. Во своите социолошки истражувања, таа поаѓала од стојалиштето дека во седумдесеттите години настапила светска идеолошка криза, согледана токму во инволутивните практики кон еманципацијата на жените, „новиот фамилијаризам“ и клерикализам во либералните општества што се јавиле како реакција на репродуктивните права на жените. Таа повикувала на прифаќање на разбирање за феминистичките движења во „капиталистичките метрополи“ низ светот од страна на социјалистичките идеолози, гледајќи ги како „субјекти на социјализмот“.

литички практики како важен дел од политичкиот ритуал и тој ја претставува условно кажано „херојската фаза“ од развојот на АФЖ и програмата на списанието; Вториот дел се однесува на интересниот случај на изедначување на улогата на жените во економијата и нивниот „ударнички труд“ со политичко учество. Оваа преобразба ги следи настаните околу Петгодишниот план, повикувањето на жените од селото кон вработување во фабриките во градовите или „ударничка фаза“ на изградба и обнова на државата низ учество на жените; третиот дел се однесува на кулминацијата на теренските и политичките предизвици на АФЖ од периодот од 1951 до 1952 година, т.е. реорганизацијата на АФЖ во Сојуз на женски друштва на Југославија (СЖД), што на републичко ниво значело и гасење на „Македонка“ низ преобразба на насловот на списанието во „Просветена жена“.

Истражувањето се состоеше од детален преглед на целокупниот фонд на списанието „Македонка“. При пребарувањето, фокусот беше врз рубриките што се однесуваат директно на прашања поврзани со формите на политичко учество на жените или таму каде што експлицитно беше користена формулата „политичко издигнување“. Како рубрики релевантни на ова истражување ги издвојувам: текст на уредничката; политички преглед; вести од женското движење низ светот; вести од положбата на жените во колонијалните и капиталистичките земји; како и рубриките што ги покривале големите фронтовски кампањи за културно просветување и описменување на жените; репортажи од одржани политички собири на АФЖ; рефератите на лидерките и локалните политичарки.

За потребите на текстот изработив работна библиографија на содржините на целокупниот фонд на списанието, од чија содржина по принцип на табеларно тематско кодирање издвоив вкупно 228 наслови[6]. Од нив беа издвоени 85 наслови што се релевантни во смисла на главното истражувачко прашање и тезата поставена во овој текст.

6 Разновидни текстуални единици од списанието.

Изворите ги цитирам во оригинал, без интервенции во јазичните, граматичките и дијалектните форми што се затекнати во текстовите.

Параметрите користени при изборот на насловите беа условени од одлуката да се концентрирам на состојбите со политичката положба на жените на национално ниво, и тоа исклучиво за етничките Македонки. Поврзувањата на АФЖ со меѓународниот контекст, како и односите на женските фронтовски организации во социјалистичкиот блок, е поширока тема што би повлекла разработување на односите во меѓународен контекст.[7]

Списанието на посебен и елаборативен начин програмски се обраќало и на жените од етничките малцинства, а особено на жените од исламските заедници, Турчинките и Албанките. Всушност, АФЖ, при воспоставувањето на основните политички задачи, прави етничка поделба и гради став според кој работата со муслиманките на просветно и културно ниво станува специфична задача, која се сметала за поголем предизвик отколку работата на просветувањето на етничките Македонки.[8] Сметам дека е потребна посебна студија што исклучиво или компаративно би се занимавала со пораките на списанието кон жените од етничките малцинства, која би имала и посебен фокус кон четирите тријазични броја на списанието од 1946 година (год. 3, бр. 17-18; 19; 20; 21-22) печатени на македонски, албански и тур-

7 Главната порака на содржините од овие рубрики е претставување на војната како непријател на жените низ светот; воспоставувањето светски мир и пацифизам со социјалистичка насока се поставува како главна задача на женските интернационални организации. Исто така, видлива е и партиската линија што јасно ги позиционира односите меѓу женските организации од Источниот блок. На пример, страхопочитта кон „херојската советска жена“ запира по 1948 година и се отвораат рубрики за размена на клевети по судирот меѓу Југославија и СССР во Информбирото.

8 Ова е особено видливо во пропагандните пораки на списанието за време на воведувањето на Законот за симнување на зарот и ферецето од 1951 година, кога била спроведувана сеопфатна државна кампања за „просветување на муслиманските жени“, биле организирани екскурзии низ Југославија, како и работни активности на кои жените муслиманки јавно ги симнувале марамите и од нив изработувале современа облека. Улогата на локалните жени од заедниците каде што доминантно било муслиманско население била предимензионирана. Во овие текстови се откриваат информации за повеќе политичарки, активистки и ударнички од албанска или турска националност од четириесеттите години.

ски јазик. Во таква студија би требало да се користат и повеќе видови компаративни извори за доловување на контекстот што ги опкружувал етничките заедници и нивните односи во социјалистичка Македонија – истражувачка задача што бара посебна монографска обработка.

Во овој текст работата со изворите од списанието „Македонка“ е низ анализа на дискурсот. При анализата беше користена релевантна литература од областа на историографијата и истражувањата на периодиката, а како особено влијателни студии се неколку стручни монографии со критички приод кон историјата на АФЖ, учеството на жените во политичкиот живот во социјалистичка Југославија и концептите што ги разјаснуваат политиките на вклучување на жените во економијата и производството како највисок облик на социјалистичкиот концепт за решавање на женското прашање (Ler-Sofronić 1986; Jambrešić Kirin 2009; Stojaković 2012; Okić 2016).

1. Херојска фаза на „Македонка": формирање на новите улоги (1944-1946)

„Колку знаеме да го користиме тоа наше скапо право – рамноправието". – Веселинка Малинска[9]

Во првиот број на списанието „Македонка" се исчитуваат две главни цели: јасно дефинирање на основните задачи на АФЖ[10] и активно сеќавање и славење на жената учесничка во НОБ: партизанката, девојката која се потврдила за татковината низ смрт[11] или мајката која стоички ја прифаќа жртвата на синот (партизан). Во сите текстови наведените жени имаат име и презиме, место каде што се лоцирани или затекнати за време на војната и *реч* со која се обраќаат. Тоа се параметрите на медиумскиот влез на жените од Македонија во јавната сфера – строго дефинирани од војната и од програмата за активности на АФЖ. Според задачите на АФЖ зададени во воена состојба, формулата на „политичко издигнување на жените" е централна за програмата на АФЖ, но таа е составена и зависна од главните задачи како описменување и културно-просветно издигнување (види кај Леитнер-Стојанов во овој зборник).

Веќе во следниот број се засегнува прашањето за „рамноправието" (*sic*!), како политичко прашање, кое, освен физичкиот

9 Веселинка Малинска, „8 март 1945 во Македонија", *Македонка*, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 8-10.

10 „[З]ацврстување на извојуваната позиција на жените како градители на државата и утврдување на правото за масовно и активно вклучување во сите професии и во органите на власт, како и поврзување со жените од цела Југославија за заедничко решавање на „женското прашање". Веселинка Малинска, „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија", *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 9-10.

11 Пр.: „За живот светел, красен и чист летат во смрт младите моми". Љиљана Савељиќ, „За живот светел красен и чис...", год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 4.

труд на жените во воените напори, се осврнува на формите на иницијативноста на жените, т.е. на потребата од „политичко издигнување“, заради „правилно разбирање на задачите на АФЖ“. Активирањето во локалните одбори на масовните фронтовски организации било вонинституционален, но сигурен чекор во учеството во социјалистичката „народна власт“. Во воените и повоените услови, токму локалните организациски единици носеле автономни одлуки, со големо значење за одвивањето на животот во партизанските единици или во селата. Во вториот број, посветен на првата конференција на АФЖ во Македонија, уредничката Веселинка Малинска упатува порака токму кон учеството во локалните фронтовски организации:

> „Македонската жена е полноправна граѓанка и она је должна да учествува еднакво во целиот државен живот како мажите. Не је правилно, како што има многу случаји, жената да седи во народноослободителните фронтови само за това во одборите да има и една жена, само за да се формално исполни принципот на рамноправието. Македонските жени треба да покажат многу поголема смелост и иницијатива во исполнување на оваа задача, која што е многу важна за нашиот понатамошен живот, за создавање на еден навистина среќен и арен живот“. [*Денешните задачи на АФЖ во Македонија – Од рефератот на другарката Веселинка Малинска*, год. 1, бр. 2 (декември 1944), стр. 16-19]

Иако во првите повоени броеви на списанието доминираат содржини поврзани со кампањата за описменување и културно-просветна работа, во текстот на уредничката – рубрика со која се отворал секој број, се забележува постојано центрирање на дискурсот кон теренската работа на АФЖ за „политичкото издигнување“, т.е. кон свесно и планирано упатување на жените кон АФЖ како единствена фронтовска организација чија дејност се политиките за рамноправност, додека, пак, аналфабетските курсеви и другите активности меѓу жените, се посочува, не се цел сама за себе. Честите уреднички ургенции кон „правилното разбирање на задачите на АФЖ“ упатуваат на можеби

најголемиот предизвик на теренската работа со жените: вте-мелени патријархални општествени норми и отсуство на кон-цептот за еднаквост меѓу половите. Овој предизвик ќе ја следи организацијата сè до нејзиното реформирање во 1952 година.

> „Пазењето на братството и единството на нашите народи тра-жи од нас поголемо политичко просветување“ (...) Но полити-чкото знање не е потребно на жените во Македонија само за распознавање на нашите врагови или борба против нив. Оно е неопходно (...) за свесно и смело учество во новата власт.... Задачата за политичко издигање на жените кај нас треба да се одреди малку на подолго време – и со план: да се одреди поли-тичкото и културното ниво на жената во секое место и од се-која народност (селанки, грајганки, Македонки, Турчинки). И да се почне од она што им е најблиско и разумливо. На повеќе места ние на жалост ќе треба да почнеме од најниското: учење на писменоста. Да помогнеме на жената да чети и пишува. Да го симнеме слепилото од нејзините очи – ете најпрвата и нај-сигурната крачка накај широкото политичко изградување на нашата жена.“ [Веселинка Малинска, „Пазењето на братство-то и единството на нашите народи, тражи од нас поголемо по-литичко просветување“, год. 2, бр. 3-4 (1945), стр. 1-2]

Уште еден аргумент за поврзаноста на процесите на описменување и културно-просветување со политичкото уче-ство насочено кон рамноправност е и поголемиот број пријави и извештаи за отпорот во селските средини кон описменувањето на жените. Додека во трудот што жените го давале во акциите за производство на облека и домашни производи за војската,[12] на курсевите за описменување и состаноците со политичка со-држина[13] се гледало како на непозната опасност што ги демне статичните селски патријархални средини. Во извештај од кон-ференција на АФЖ во Прилеп во 1945 година стои дека главен

12 Пр.: Дивна, „Селанките од Умово дадоа 70 рала чорапи“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 13; Злата Михајловиќ, „2.000 кебиња за градежните работници“, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 14-15.

13 Пр.: „и другарката почна да им расправа за рамноправието“. Нада Богданова-Икономова, „Жените во Скопска Црна Гора“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 11-12.

недостаток на работата на АФЖ во 1945 година е „недоволното политичко издигнување на жената (...) а нарочно за сузбивањето на неписменоста на жените“.[14]

За соочување со оваа состојба, стратегијата на АФЖ се состоела од кодирање на комунистичкиот дискурс според кој еднаквоста меѓу половите е однапред гарантирана и зададена, во медиумските пораки на „Македонка“. Затоа, во текстовите што даваат ретроспектива на историската положба на жените во претходните режими на територијата на Југославија, како најголема неправда се посочува токму држењето на жените во позиција на политичка несвесност и одделеност од јавната сфера. Во текстот „За поголема просвета на нашата селанка“, авторката Султана Апостолова посочува: „Она не беше само одделена од власта, но опкружена со незнание, живееше во монотон и страшен живот. (...) Просветената мајка ќе може на своето дете да му го покаже правиот пат, политички да го издигнуе“ [год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 8].

За надминување на предизвикот со неповрзувањето на работата во АФЖ со политичка свест и активност, во некои локални одбори се вовела нова форма на работа со жените: теоретски часови за „политичко издигнување“. Во текст од рубриката „Низ нашата татковина“, со наслов „За политичкото издигнуење на жената“, потпишан од Антигона Панева, дознаваме за искуствата со овие часови во Крушево во 1945 година:

> „Пошто нашата жена од миналото е политички неиздигната, Околискиот одбор на АФЖ во град Крушево устројува неделни часои, кај што ќе можат жените да бидат запознати со сите прашања, било од областа на политиката, било од областа на културата. Тије часој се посетувани од многу антифашиски и за тие часови се јавува голем интерес. Жените слушаат и за

14 Пр.: Низ нашата земја: проблеми на аналфабетските курсеви во Прилеп. Извештај од конференција на АФЖ Прилеп – за успесите и неуспесите од 1945 година, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 5; Киро Хаџи Василев, „За организована и планска борба против неписменоста“, исто, стр. 6.

исто време ја предат волната од која ќе треба да се исплетат чорапи и друго за нашата војска“. [Антигона Панева, „За политичкото издигнување на жената“, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 17]

Во дискусијата за градењето капацитети кај жените за учество во политичката сфера по Втората светска војна, од особено значење се содржините на „Македонка“ посветени на учеството на жените во изборните процеси и нагласувањето на правото на глас.[15] Броевите: бр. 5-6 (март-април 1945); бр. 12-13 (октомври-ноември 1945); бр. 17-18 (март-април 1946); бр. 30-31 (април-мај 1947) се целосно тематски посветени на изборите и активностите на АФЖ во нив. Овие броеви имаат и драматична визуелна порака, бидејќи почнуваат со манифест што ги повикува жените на масовно учество во изборите, како и фотографски материјал што најчесто прикажува жени во селските средини или жени од исламските заедници, како во свечени селски облеци по првпат гласаат.

Поглед во учеството на жените во првите избори и изборни активности (станува збор за избори за одборите на НФ) дава бр. 5-6 (март-април 1945). Првиот текст на оваа тема е потпишан од Ленче Јованова, под насловот „Првите слободни избори во Ма-

15 Жените на територија на Југославија по првпат се стекнуваат со право на глас во социјалистичката држава по Втората светска војна. Во претходните децении, во поредокот на Кралството Југославија, правно жените биле изедначени со малолетниците и лицата во казнено-поправните установи и специјалните здравствени заводи, кои немале право на глас. Феминистичките организации воделе многубројни кампањи и активности за правото на глас на жените, но иако таков закон се најавувал со почетокот на четириесеттите, тоа не се остварило. На 11 август 1945 година, со резолуција на АВНОЈ, жените во Југославија се стекнале и формално-политички со правото на глас. Тоа право по првпат било искористено по Втората светска војна, на изборите за Уставотворно собрание во ноември 1945 година. На тие избори гласале сите мажи и жени во државата, со наполнети 18 години (Службен лист на Демократска Федеративна Југославија, 11 август 1945). Според точка 1 од Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија од 2 август 1944 година, Сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи (на) нивната народност, пол, раса и вероисповедание; според точка 6: „Правото да избират и да бидат избирани во сите изборни тела во народната власт (го) имаат секој граѓанин и секоја граѓанка кој се наполниле 18 години, ако не се провинети за некоје престапление. До дека траје народно-ослободителната војна, по решение на АСНОМ, може да се отстапи от принципите на тајното и непосредното гласување.“ Уставот на Македонија од 1946 година ги гарантирал овие права со член 21 и член 23.

кедонија“. Во него таа зборува како жените го „спечалиле“ тоа право, но и зошто се важен фактор во изборните процеси:

> „жените добиваа право на глас за да изберат лугје кои ке ги заштитаваат правите интереси на народот. Што беше поважно, тоа право не беше подарено, оно беше спечалено и признаено од највисокиот законодателен и извршен орган: Антифашистичкото векје на народното ослободуенје на Југославија на заседанието му од 29 ноември 1943 година. На предизборните конференции жените покажаа здрав политички усет и будност. Они беа еден од факторите кои покажаа, може да се каже, најголем стремеж да бидат кандидирани најарни лујге“. [Ленче Јованова, „Првите слободни избори во Македонија“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 1-2: 2]

Овој број на списанието се поклопува и со прославата на Меѓународниот ден на жената, 8 март, па ентузијазмот за стекнувањето со формално-политички права е хиперболизиран: „борбеноста“ на активистките од минатото е главна асоцијација за 8 март.[16] Статиите од локалните одбори на различни градови и помали места низ државата едногласно известуваат за „масовната излезност“ на жените на овие избори.

Во бројот посветен на изборите за Уставотворното собрание од 11 октомври 1945 година,[17] по првпат се среќава повик за политичка мобилизација на жените, поделени на неколку категории според нивниот работен статус: работнички, селанки, домаќинки и чиновнички.[18] Интересно е што во оваа поделба, жените од малцинствата се јавуваат како посебна категорија. Станува збор за Проглас на АФЖ со кој се повикува на „целосно вклучување на жените“ на овие избори, а понатаму станува јасно дека оваа

16 Веселинка Малинска, „8 март 1945 година во Македонија“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 8-10; „Да живее 8 март – борбениот празник на сите жени“; „Како настанал меѓународниот женски ден 8 март“ (без автор), исто, стр. 24.

17 *Мајки, жени и сестри од Македонија: работнички, селанки, домаќинки и чиновнички, и жени од малцинствата (Турчинки, Албанки, Влаинки, Циганки)*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 1-2.

18 Оваа поделба продолжува и во следните изборни циклуси за народните фронтови, види: *Проглас на Главниот одбор на АФЖ по повод изборите за народни одбори од 24.03.1947*, год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 1.

поделба е направена со цел државата низ АФЖ да ги објасни различните задачи за политичка работа со различните групи. Со оваа поделба се демонстрираат и капацитетите на лидерството на АФЖ да наметнува заживување на различни социјални политики релевантни за соодветна група: еднаквата плата на работничките, згрижување на децата на вработената жена, борба против „шпекулата“[19] за домаќинката, законски одредби за породилно отсуство за селанките во задругите...

До крајот на 1946 година низ списанието се воспоставува дискурсот дека рамноправноста е правно „освоена“ и гарантирана, а за нејзиното заживување во општеството е потребна иницијативност на самите жени. Текстот во кој се наведени повоените задачи на АФЖ завршува на следниот начин: „Сите на работа. Во нашата земја сите имаат еднакви права но и еднакви задолженија“.[20] Истовремено, се забележува, особено во рефератите на лидерките на АФЖ, постојаната потреба да се центрира дискусијата за активноста на АФЖ низ концептот за „политичко издигнување“, како компас, кој не се следел доследно, а од кој зависело оживувањето на формалните права,[21] како и политичките придобивки од вложениот физички труд на жените во градбата на државата, во инфраструктурна и институционална смисла во повоените години. Важни рубрики во списанието што сведочат за оваа појава се печатените говори од конференциите на АФЖ. Новите главни задачи на АФЖ (по војната) можат да се сумираат во следните активности: вклучу-

19 Сива економија при набавување продукти за домаќинството. „Домаќинките“ како категорија во населението биле особено погодени од оваа повоена појава Види примери: Кочо Битољану, „Борбата против шпекулата“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 10; *Да ги предадеме сите одвишоци жито на државата – така ќе ги спречеме шпекулантите да го ограбуваат селото!*, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 4.

20 *Нашите задачи*, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 1-2.

21 „Во уставот со специјални одредби се загарантирани рамноправноста на жените со мажот, на начелото за еднаква работа еднаква плата. Специјална заштита по Уставот уживат жената – мајка и детето, за да може да ја ползуе рамноправноста. Овие права жените ги уживаат веќе и тие со Уставот се само озаконети. Затоа ние жените со уште поголеми усилија ќе го спроведуваме Уставот правилно во животот.“ Нада Богданова, „Донесен е Уставот на НР Македонија“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 4.

вање на жените во трудовите процеси, културна дејност и анал-фабетски курсеви, социјална дејност и згрижување на деца сираци.

Со навлегувањето во 1947 година, политичката активност и освестеност на жените, во јавниот дискурс сè повеќе се изедначувала со вклучувањето во трудовите процеси и доброволните акции. Заклучоците од Првиот конгрес на АФЖ на Македонија, изнесени од претседателката Васка Циривири, се однесуваат на учеството на жените во „обновата и изградбата на државата“.[22]

Овој став е дополнително потврден во говорот на една од најзначајните политичарки во тој период, Вера Ацева:

> „Во текот на 1946 година ние можевме да ги видиме жените на сите работи: на обновувењето на патиштата, мостовите, училиштата и други згради, на збринувењето на сиранците од војната, помагањето на инвалидите, ликвидирањето на неписменоста, културно-политичкото подигнување и превоспитувењето на нашите жени, изградувењето на нашата народна власт, во нејзиното пречистување од нездравите и непријателски елементи и во спроведувењето во живот на разните Закони и одредби донесени од Народната власт. Во доброволната работа нашите жени дадоа огромни резултати и уштедија на државата големи парични суми. Само жените во Дебар во рок од три месеци од јануари до април дадоа 3.700 работни денови за поправувењето на патиштата, зидање на училиштата и други згради. (...) Нашата жена ќе го користи секоје слободно време да ја убеди и описмени својата неписмена комшика, роднина, непријателка, зошто без ликвидирање на тоа зло, не може да се збори за натамошно културно и друго развивање на нашиот народ.“ [Вера Ацева, „Нашата жена ќе стори се да 1947 биди година на уште поголеми постиженија на нашата земја“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 6]

Во првите броеви на списанието „Македонка“ може да се забележи и уште една форма за учество на жените во областа на политичкиот живот. Во повоените броеви е застапена по-

22 Деса Миљовска, „Пред првиот Конгрес на АФЖ Македонија“, год. 3, бр. 19 (мај 1946), стр. 7.

стојана комеморативна практика посветена на жените партизанки и нивната борба како гаранција за рамноправноста во новата држава. Најчесто се користат драматични формулации, на пример во текстот „Нивната крв е наша клетва!“, кој дава листа на имиња на загинати партизанки, во кој се пишува: „Во темелите на нашата млада држава лежат коските на многу нејзини ќерки“.[23] Низ броевите често се реобјавувал и цитатот на Тито од формативниот состанок на АФЖ во Босански Петровац во 1942 година: „Јас сум горд што стојам на чело на армија која има огромен број жени“.[24]

Жените биле важен фактор во одржување на комеморативните манифестации посветени на херојското сеќавање на паднатите борци, но и на живите другарки партизанки. На овој начин се зачувале и спомените и материјалните артефакти од локации на кои жените се „потврдиле со храброст за татковината“.[25] На локално и републичко ниво забележливо е воспоставување континуитет во учеството на жената во изградбата на нацијата, т.е. вметнување на жените како дел од историски наративи што поседуваат голем симболички капитал. Во македонскиот случај се барал континуитет меѓу илинденското востание и партизанската борба.[26] Изобилуваат текстови посветени на учеснички во Илинден како помошнички на комитите, кои доживеале да помагаат и на партизанските чети.[27] Во комеморативните текстови се јавува и споменот за фигурата на комитката или народната учителка и просветителка од илинден-

23 *Нивната крв е нашата клетва!*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 13.

24 *Народен херој – Радојка Лакиќ*, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 3-4.

25 Нада Богданова, „Буковската шума ни прикажуе“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 12-13.

26 Пр.: Љ. Левкова, „Жените во македонското национално-ослободително движење пред и во Илинденското востание“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 3; Георги Абациев, „Сребра Комитката“, год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951), стр. 1-2; Т. Оровчанец, „Жени Македонки и Илинден 1903“, год. 7, бр. исто, стр. 4-5; Ангел Динев, „Жените во Илинденската епопеја“, год. 6, бр. 69 (август 1950), стр. 1-2.

27 Илија Топаловски, „Баба Мара зборуе“, год. 1 бр. 1 (ноември 1944), стр. 19; Илија М. Топаловски, „Мајка Ружа од Мавровo“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 14-15.

скиот период, како и текстови за Гоце Делчев, поезија и проза со патриотски и херојски сентимент. Жената во борба најчесто се споменува како учесничка во санитарната служба или помошничка во заднината на фронтот. Но, не се ретки описите и сликите на партизанка со шмајзер или бомба, на младинка која „самопожртвувано врши курирска и санитарна служба“, за последните постои и посебен култ кон младинките кои загинале во партизанска борба „и се потврдиле низ својата смрт“.

Иконографијата што го придружувала дискурсот во списанието во периодот од 1941 до 1946 година, лесно успева да ги долови новите социјални улоги на жената во општеството. На насловната страница од вториот број [год. 1, бр. 2 (декември 1944)] претставени се жени во пет улоги: возрасна забрадена селанка која преде, млада партизанка со пушка в рака, работничка со лопата в раце и поглед кон напред, учителка која води пред себе момче и девојче – ученици, а централно место зафаќа сликата на средовечна жена во црнина пред политичка говорница.



Маіка партизанка се вракја во град

2. Ударничка фаза (1947-1951): рамноправност низ економски труд

„Во условите на полното рамноправие, жените се повеќе учествуваат во стопанскиот живот. Се срет̄нуваат жени во фабриките, претпријатијата, жени зидари“ – Вера Николова[28]

Во 1947 година во Југославија било воведено планско производство во форма на Петгодишен план за индустријализација и електрификација на државата (1947-1951). Спроведувањето на оваа интензивна повоена економска програма имала големо влијание врз секојдневието на граѓаните и била доминантна тема во медиумите. Активностите на АФЖ се приспособувале на државната економска политика, па во списанието преовладуваат содржини и извештаи за учеството и искуствата на жените во доброволните работни акции на инфраструктура, надминување на нормите во фабриките и други мерки што би придонеле до ефективно спроведување на Петгодишниот план. Во периодот од 1947 до 1951 година во „Македонка“ се истакнува една нова женска фигура, тоа е *ударничката*.[29] Во овој период политичката рамноправност на жените почнува забележливо да се врзува и да се изедначува со нивната способност и ини-

28 Вера Николова, „Пред Вториот конгрес на АФЖ Југославија“, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 1.

29 Терминте ударник/чка, ударнички бригади, ударништво произлегуваат од комунистичкиот концепт за градење на заедницата низ несебичен, ентузијастичен и херојски труд, најчесто низ доброволна колективна работна акција при изградба на инфраструктура или индивидуално – при надминување на дневните норми во индустриското производство. Терминте почнуваат особено да се употребуваат во јавниот дискурс на социјалистичките држави по Втората светска војна, особено во економските активности поврзани со планското стопанство. Така, во социјалистичка Југославија под ударник се подразбирало истакнат, високопродуктивен работник или „херој на трудот“. На ниво на претпријатијата или на национално ниво се организирале и работнички натпреварувања на ударниците, особено за обележување на празниците како Први мај („Првомајско натпреварување“) или на Осми март (Осмомартовско натпреварување). Истакнатите работници/чки биле наградувани со медал или друга признаница за нивниот труд.

цијативност за вклучување во стопанството и индустријата како работнички. Во овој државен концепт за родовата рамноправност филозофината Тијана Окиќ забележува постепено оддалечување на политиките за рамноправност од јадрото на антифашизмот, т.е. преобразба на наративот за социјалистичката жена „од револуционерен во произведен субјект“ (Okić 2016).

Во содржините посветени на жените ударнички, рамноправноста е често сфатена буквално, низ споредба на женскиот физички труд со машкиот. Истовремено, во дискурсот намерно се воведувале и се нормализирале слики за жените како работнички во сектори или на работни места што не се сметале типични за жените:

> „Не можеме да не се сетиме на денишната кога ние жените немавме никакво право, кога бевме само жени, а не лугје, кога бевме експлоатирана радна снага, поевтино плакани од нашите другари. (...) Погледај ги жените како поред другарите поправат насип и това не полошо од нив, погледај на нивата, ќе видиш жена ора, жена копа, жена тракторист, погледај по кујките ке видиш жена како преде, како ја влечи волната. На секаде работат со нова воља, за нова земља, за нова слободна република“. [*Ние ја ѓрадиме нашаѓа ѓашковина*, год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 22-24]

Во овие текстови вклучувањето на жените во производството е експлицитно поврзано со рамноправноста. Дополнителна политичка вредност на стопанската активност на жените се додавала и низ честото користење на пропагандните формули во списанието за жените ударнички како „градители на државата“:

> „Покрај имињата на другарите работници, стојат и имињата на другарките кои со својата работа и љубов кон истата покажаа колку многу ја сакаат оваа земја, докажувајќи дека се свесни градители на новата држава Во битолскиот округ жените имаат даено 14.587 работни денои, то чини во пари околу 661.755 динари“. [Благојка Демниева, „Некои резултати од првомајското натпреварување“, год. 3, бр. 19 (мај 1946), стр. 4-5]

Во 1947 година Вера Ацева пишувала за потребата „Да вклучиме што повеќе жени во производството“.[30] Во рефератот на лидерката на АФЖ на Југославија, Митра Митровиќ, за Петгодишниот план пишувало: „Преди се рамноправноста на жената не е кај нас само пишано на хартија. Таа мора да се одрази во сиот живот на жената, а на прво место во нејзиното економско состојание“ (*sic*!). Понатаму во рефератот таа појаснува дека државата ја докажала својата демократичност токму во решавањето на женското прашање, а планската економија е претставена како нова борба, во која жените слично како во војната против фашизмот кога ги стекнале своите права, треба повторно да се борат, но сега за искачување од најмалку платените места во фабриките кон работни места за квалификувани работници.[31]

На локално ниво, во средините со понизок индустриски развој, тоа значело заживување на женскиот труд во домаќинството, односно негово изнесување од домот, во сферата на државното стопанство. Главниот одбор на АФЖ отворил работилници за домашна изработка во Битола, Крушево и Сингелиќ, „со цел да се создаваат производи со народни мотиви, но и да се активира овој скоро изумрен сектор со вклучување на жените“:

> „Петгодишниот план поставува сериозни задачи пред нашиот народ и пред нашата жена (...) Истовремено со тоа нашата жена го поправува своето економско положение, оти ќе работи и привредува. А еден од битните услови за ползување на рамноправноста на жената е нејзината економска активност. Оваа иницијатива на Главен одбор на АФЖ треба да биде сестрано поткрепена како од месните и околиските одбори, така и од секоа наша членка и активиска, од секоја жена Македонка, албанка, турчинка и влаинка“. [Р. Гјорговска, „Женски работилници за домашна изработка“, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 6]

Во броевите од овој период се појавува една нова рубрика: репортажи од различни места на државата што ги пренесуваат

30 Вера Ацева, „Да вклучиме што повеќе жени во производството“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 1-2.

31 *Изводок од членакоѿ на Миѿра Миѿровиќ: Шѿо дава йеѿгодишниоѿ йлан на жениѿе и шѿо ѿражи од нив*, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 8.

искуствата за вработување на жени во сектори на производството каде што претходно била вработена само машка работна сила. Ова се текстови чии наслови почнуваа со: „прва трактористка“, „прва багеристка“, металска работничка итн.[32] Особено се чести репортажи за жени кои одлучуваат да се вработат во фабрика или, пак, го напуштаат селото и селскиот живот за да станат индустриски работнички.[33] Одличен пример е репортажата за работничката Ленче од скопската фабрика „Македонски оникс“, која на 17-годишна возраст се вработила во одделението за фрезирање на мермерни плочи:

> „Таа еден убав летен ден се упати кон индустрискиот кварт на нашиот главен град. Ленче уште од порано слушаше дека во фабриката за мермер се бараат работници. Но никаде немаше спомнато дека ќе можат да работат жени. Но и покрај тоа таа стапи со решителност преку прагот на фабриката, тврдо убедена дека ќе заработи“. [Н. К., „Ленче“, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 10-11]

Освен репортажите за млади работнички и нивните успеси во фабриките, се јавува уште една рубрика, овој пат посветена на жените раководителки на фабрики. Станува збор за централни содржини во бројот, посветени на работата на средовечни жени. Нивната порака може да се сумира во синтагмата: добра работничка, успешна директорка и мајка.[34]

Иконографијата на „партизанката во борба“ од првите повоени броеви на списанието, ја заменува иконографијата на ударничката. Во фоторубриката посветена на кратки вести од репу-

---

32 Пр.: Ангелина Драгутиновиќ, „Трактористка Милица Христова“, бр. 18 (мај 1946), 6; *Трактористката Олга Христовска стана бриґадир*, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 11; Невена Теохарева, „Шефка стана механичар“, год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 5-6.

33 Невена Теохарева, „Виденка“, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 14-15; Истата, „Голема желба имав да работам во фабрика – зборуе Перса Стојановска“, исто, стр. 16; Истата, „Од овчарка – електричен варилец“, год. 6, бр. 53-54 (1949), стр. 10-11.

34 Б. Б., „Богданка Георгиевска – од обична работничка прерасна во добар раководител на ферментационите заводи во Скопје“, год. 6, бр. 68 (јули 1950), стр. 10; и Б. Б., „Ангелина Михаилова – претседател на работничкиот совет на фабриката за производство на цигари во Скопје“, год. 6, бр. 69 (август 1950), стр. 8-9.

бличките активности на АФЖ насловена „Ние ја зацврстуваме нашата рамноправност низ обновата и изградбата на нашата држава“ (год. 3, бр. 18, мај 1946) ударничката е прикажана со широка насмевка, со земјоделски алати во рацете, на работна акција, како млада девојка покрај земјоделска механизација, а насловните страници на списанието често се резервирани токму за работнички фотографирани во своите фабрики како ги надминуваат нормите на дневното производство.

Од списанието „Македонка“ не е можно да се исцрпат точни статистички податоци за учеството на жените со својот труд во исполнувањето на целите на планската економија, но во една статија, која пренесува реферат на потпретседателот на Владата на НРМ, Видое Смилевски, пишува дека во текот на 1947 година во разновидни активности поврзани со доброволна ударничка учествувале околу 118.568 жени, додека во 1948 година биле опфатени во разни просветно-образовни курсеви 30.000 жени. Во текот на Петгодишниот план, на состаноците на АФЖ сè повеќе се дебатирало за едно социјално прашање што било релевантно за жената работничка: згрижувањето на децата во градинки и други форми на социјализација на трудот околу грижата за децата (види кај Коцевска во овој зборник). Во 1949 година списанието известува за носењето на нова уредба со која се проширувале и конкретизирале правата и заштитата на вработените мајки и доилки.[35] Овие социјални политики биле од големо значење



35 *Со новата уредба на сојузната влада им се дозволува на вработените жени правилно одгледување на децата*, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 3.

за рамноправноста на жените, која сè повеќе се изведувала од економската формула на планската економија, т.е. од учеството на жените во општеството првенствено како производни субјекти.

3. Последната година на списанието: нејасни задачи и гаснење на АФЖ

„Во многу случаи се губело од вид дека АФЖ е политичко воспитна организација којашто треба да ја издига политичката свест кај жената. Има многу членки, антифашиски и вредни трудбенички, на коишто уште не им се јасни перспективите на нашиот развиток“ – Веселинка Малинска[36]

Во седмата година од издавањето на списанието „Македонка“ доаѓа до прекин на неговото излегување од печат, што не било проследено со објаснување на причината. Имено, по бр. 81-82 (август-септември 1951), списанието престанува да излегува во периодот од септември 1951 година до декември 1952 година, кога излегува бр. 83, со визуелно нов формат и нова уредничка – Лилјана Манева. Иако списанието се обновило, бр. 83 е всушност последниот број на списанието „Македонка“, кое од 1953 година почнува да се издава под нов наслов – „Просветена жена“. Тоа списание е директен наследник на програмата на „Македонка“, но нејзините пораки се обложени со повеќе слоеви од забавна и советодавна содржина. Во последниот број на „Македонка“ уредничката накратко се осврнува на причините за прекинот на издавањето на списанието, кои се поврзани со промените што настапувале во организацијата на АФЖ и нај-

36 *Пленарен состанок на гл. одбор на АФЖ од Македонија*, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 2.

зината меѓузависност со НФ. Во текст потпишан од редакцијата, индикативно насловен „До читателките на Македонка“ [год. 8, бр. 83 (декември 1952)], пишува, на помалку недофатлив начин, дека „обновувањето на списанието го наложи развојот на организацијата на АФЖ и специфичниот развој на женските организации кај нас“, но не се објаснети конкретните причини за промена. Причините можат да се трасираат во содржините од минатите броеви на списанието, особено во следниве рубрики: извештаите од теренската работа на АФЖ, рефератите на лидерките од политичките конференции на АФЖ и рефератите од конгресите на највисоките државни институции и партиски тела.

Во периодот од 1951 до 1953 година се одвивал процес на идеолошко преиспитување на работата на масовните организации на Народниот фронт: младинските организации, АФЖ и др. За државата тоа е период на големи промени во водењето на внатрешната и надворешната политика: по идеолошкото и политичкото разидување помеѓу лидерите од источниот блок Сталин и Тито во 1948 година, Југославија почнува да гради „сопствен пат во социјализмот“, главно конципиран врз системот на самоуправување во домашната економија и приклучувањето кон движењето на неврзаните во меѓународната политика. Во оваа нова геополитичка констелација на социјалистичка Југославија, дошло до реорганизација на односите во општеството, а со тоа и до промена на односот на државата кон политиките за еманципација и рамноправност на жените. Во 1953 година дошло до гаснење на АФЖ и негова реорганизација во Сојуз на женските друштва на Југославија.

Причините зад оваа конечна разврска на функционирањето на АФЖ многу повеќе се кријат во предизвиците со кои главната организација посветена на женските проблеми во југословенското општество се соочувала од самото свое основање, кои, иако биле често јавно посочувани и критикувани од самите нејзини лидерки, не биле решени. Тие предизвици биле

главно од организациски, ресурсен и кадровски вид. Всушност, во извештаите од теренската работа кои лидерките на АФЖ ги сумирале во заклучоци од општата работа и постигнувања на организацијата, доминантно е чувството на нејасни задачи и нејасен правец на развој. Од една страна бил застапен латентниот страв од „буржујскиот феминизам“ како појава својствена за капиталистичките општества, а од друга страна како да не постоела јасна визија за половата рамноправност на модерната социјалистичка жена. Во центарот на внатрешните критики на работата и иднината на АФЖ стоела токму дискусијата за (не) успешноста на работата со жените и нивното политичко осветување. Во продолжение ќе направам преглед на содржините што експлицитно говорат за промените во односот на државата и општествените концепти за еманципацијата и рамноправноста на жените.

За главните теренски предизвици на работата меѓу жените се пишувало уште во 1946 година. Лидерките најчесто посочувале на дискрепанција меѓу активностите за описменување и вклучување на женскиот труд во колективните проекти и недостатокот на „активности за политичко издигнување“. На пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ за Македонија, Лилјана Чаловска посочила:

> „Но доколку ние успеехме да ги изведеме нашите жени и со тоа да го наголемиме нивниот животен и политички опит, се тики, не можеше да речеме дека нашата политичка работа, да нашата работа по политичко образуење на нашите жени секој пат беше доволна баш затоа што ние знаехме дека немафме план за една постојана систематска политичка работа со нашите жени. Ние знаеме да долг период во нашата работа, особено до пленарното заседание на Централниот одбор на АФЖ, нашите организации, во најголем дел вршеја една (...) амалска работа. Но тоа пак незначи дека немало никаква политичка работа. (...) Во и пред изборите во тоа одношение ние направивме извесен прелом. Тука ние бефме принудени од самата ситуација да работеме политички. Но и во таја работа имаше слабости, затоа што токмо поради тоа што во пого-

лем број случаји таа работа не беше сврзана со конкретните условија на животот, со потребите на секој терен и на секоје село, а од друга страна, (...) со свршуењето на изборите може да се рече дека таа престана. Така, да оние жени кои ние ги заталасафме пред изборите со нашата политичка работа, не ги исползувавме тие резултати и понатака. Нашите жени на нашиот терен покажуат голем интерес, отколку што ние можефме да го тој интерес правилно направљаваме, така да ние самите во еден момент по изборите останафме без јасна слика". (*продолжува*)

Во овој текст има конкретен опис на повоениот предизвик на АФЖ со недостаток на политички кадри кои би работеле со жените, но и би ги претставувале нивните проблеми во државните институции. Недостатокот на политички лидерки со јасна насоченост кон проблемите на родовата рамноправност довела до состојба на „нејасна слика за задачите на АФЖ", како што објаснува Чаловска. Во продолжение, таа го начнува прашањето за канализирањето на женската енергија во сложените повоени услови:

„И така, тој врв од нашата работа сред жените во изборната кампања, беше следен со прекид. Тоа се гледаше најарно од конкретните акции кои ние ги спроведувавме. Тие акции не беа пропратени со политичко објаснуење, со пропаганда со разјаснителна работа сред жените. Од тука и политичката слабост на нашите женски кадри, отука и заостанатоста во денешно време кога задачите стануат посложени од колку што беа понапред, особено во изградбата на нашата земја. Не можеме да кажеме дека еланот намалел. Напротив. (...) Но факт е дека многу политички прашања денес не им се јасни на нашите жени, колку што би требало да им бидат. Растењето на нивната политичка свест не оди паралелно со развивањето на нашата друштвена и политичка стварност. (...) Општо земено ние ќе можеме да забележиме поголеми резултати само со политичка работа и на тој начин ке обезбедиме едно стално и поголемо растење на политичката свест на нашите жени. (...) ние не можеме да го замислиме тоа политичко образование на нашите жени, без економското воспитуење на нив.

Чаловска заклучува дека влијателните јавни настани како „Првомајското и осмомартовското натпреварување“[37] се претворале во физичко натпреварување помеѓу половите, без јасна слика за тоа која е политичката цел на учество на жените во тие колективни акции, а исто така фалеле разјаснувања за политичките состојби во државата на состаноците на одборите на АФЖ (на пример, актуелните прашања за Трст и други воено-економски прашања од државата и светот): „[Т]ие прашања од толку голема важност за нашите народи, за жените се една сенка пред оној општ елан кај нив“. На крајот се наведува дека организацијата на АФЖ се соочувала со константен проблем со водење статистика, што водело до проблеми за водење и планско организирање на задачите.[38]

Истовремено, во списанието се наоѓаат и текстови на лидерките на АФЖ, каде што тие експлицитно изјавуваат дека за нив рамноправноста на жените не е завршена работа. Во говор на Веселинка Малинска на Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ на Македонија во 1947 година, се изнело дека главен недостаток на АФЖ е „нередовниот организационен живот и запоставување на политичката и просветно-културна работа“. Таа сметала дека Петгодишниот план почнал да го истиснува просторот за женски активизам посветен на „политичко издигнување“:

> „Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ Македонија, Веселинка Малинска: ’Во многу случаи се губело од вид дека АФЖ е политичко воспитна организација којашто треба да ја издига политичката свест кај жената. Има многу членки, антифашиски и вредни трудбенички, на коишто уште не им се јасни прерогативите на нашиот развиток (...) Потребно е да се запознаат жените од селото и градот со научните вистини и општокултурни постигнувања за да се отстранат предрасуди

37 Годишни комеморативно-ударнички акции на работниците, организирани на државно и републичко ниво, од натпреварувачки тип, посветени на квантитативни резултати во индустријата и земјоделството под претекст на „колективна и доброволна работа за изградба на државата“.

38 *Учаштето на наште жени во изградбата на земјата*, год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), стр. 1-2.

и примитивни назадни разбирања.“ [*Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ Македонија*, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 2]

Помеѓу политичарите и политичарките релевантни за социјалните политики кон посебни групи и идеолошките пораки кон нив (на пример, кон жените), постоеле поделени ставови во однос на хиерархијата на задачите во државните политики. Понекогаш, тоа влијаело и врз позицијата на организациите поврзани со различните општествени групи во рамките на приоритетите на државната политика. Така, во 1948 година, според Заклучоците од Пленарниот состанок на Главниот одбор на АФЖ Македонија, во планираните задачи, на прво место била задачата за политичко издигнување на жените; додека во задачите поставени на Првиот конгрес на КПМ, политичкото издигнување на жените е на трето место, додека на прво место е „омасовувањето на организацијата [АФЖ] и нејзиното приближување до другите масовни организации“.[39]

Во периодот од 1951 до 1953 година се јавила една општа тенденција кон разбирањето на еманципацијата на жените: нејзиното согледување само низ призмата на описменувањето и културно-просветните политики. Овој правец, каде што доминанта била културно-просветната работа со жените, фатил корени и во самиот АФЖ.[40] Филозофијата на овој правец може да се разбере како некое континуирано превоспитување на жените, кое никогаш не преминува во повисока форма на политичка вклученост. Во 1952 година било формирано Друштво „Просветена жена“, во Скопје. Ова име совршено се поклопува со (на)следното име на списанието – „Просветена жена“. Дел од активистките се приклонувале кон оваа тенденција, но дел од

39 *Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ Македонија, Заклучоци* – на прво место е Задачата за политичко издигнување на жените [год. 5, бр. 51 (1949)]; а во Задачите на КП на МК донесени во 1948 година, политичкото издигнување е на трето место: *Резолуција на основните наредни задачи на КП на Македонија за АФЖ*, год. 5, бр. 49-50 (ноември-декември 1948), стр. 2.

40 „Читалиштата и библиотеките да се користат за политичко и културно издигнување“. Блага Демниева, „Пред осмомартовското натпреварување“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 7.

нив биле свесни и критички настроени кон новата тенденција и создавале нови форми на работа каде што централно место имало „политичкото издигнување“.[41] Во списанието, „отпор“ кон оваа појава се чувствува во рубриката „Прашања и одговори“, која дотогаш главно била отворена за прашања за детските болести, лекување настинки или совети за подобар земјоделски принос. Оваа рубрика во бр. 80 (јули 1951) се трансформирала во „Правно советувалиште: Ние прашуваме за нашите права“. Во уводот на оваа рубрика, од редакцијата упатуваат дека е потребно жените повеќе да се интересираат за своите конкретни законски права за тие закони да заживеат во реалноста: „Списанието Македонка од овој број отвора рубрика за 'Правно советувалиште' за правата на жената во друштвено-семејниот живот. За сите проблеми по однос на вашите права обраќајте се до редакцијата на списанието и во еден од наредните броеви ќе добиете одговор“.[42]

Во периодот на воведување на самоуправниот систем и реорганизацијата на претпријатијата, дошло до регрес кон општественото доживување на рамноправноста на жената, особено во делот на нејзината „идеална слика како работничка/трудбеничка“, која толку силно се заговарала во претходниот период. За тој факт говори дури и рефератот на Тито на Шестиот конгрес на СКЈ, соодветно насловен „Положајот и улогата на жената во нова Југославија“. Тито зборувал за промената кон вреднувањето на трудот на жената во стопанството и практиката по преземањето на фабриките од страна на работните колективи, да се отпуштаат жените работнички и да се земаат мажи, сметајќи ги за поотпорни; според него тоа било „заостарело и несоцијалистичко гледање на жената“[43] (*sic*!).

---

41 *Прашања и одговори: од тешкотиште на жените на АФЖ на терен*, год. 5, бр. 59 (1949), стр. 7; *Час за жената – Нова форма на работа во организацијата на АФЖ*, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 12-13.

42 *Правно советувалиште: Ние прашуваме за нашите права*, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 5, 11.

43 *Положајот и улогата на жената во нова Југославија (Дел од рефератот на другарот Тито) – Од Шестиот конгрес на СКЈ*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 1-2.

Сумирање на причините и последиците околу новата позиција на АФЖ во општеството и притисоците за нејзина реорганизација можат да се најдат во текстот на Вера Ацева од 1952 година, по повод Седмиот пленум на Главниот одбор на АФЖ Македонија. Главни точки на овој пленум биле: „учеството на жените на изборите и во политичкиот живот; покренувањето на списанието Македонка и неговото растурање [дистрибуција]; и здравствено просветување на женската селска младина".[44] Значајно е што овој текст дава директен увид во причините за реорганизација на АФЖ:

> „Задачата за реорганизација на АФЖ, која се изврши беше [за] да се прекине со дуплирањето на политичката и друга работа на НФ со АФЖ, да се ослободиме од крутите форми на работа со жените, а да се изнајдат нови поинтересни и поприврлечни за жените форми. Меѓутоа, што стана во пракса. Реорганизацијата, барем на пракса испадна така, што се сфати како ликвидирање на АФЖ и тоа во прв план од другарките кои работат во одборите, па и од некои одбори на НФ. Оттука и онаа негрижа на НФ за секциите на АФЖ и нивното препуштање сами на себе по прекинувањето на врската со Главниот одбор на АФЖ..."

Овој текст дополнително открива дека АФЖ имало многу низок статус во политиките на партијата и дека недостигала политичката активност со жените во сите делови на државата. Партијата ги „извлекувала за други функции активистките кои биле способни, а во АФЖ останувала многу ниска кадрова структура. На селата и меѓу малцинските жени скоро и да загаснувале било какви активности". Ацева заклучува дека „курсевите, друштвата и други форми на работа со жените се доста аполитични".

Заклучоците од Седмиот пленум на Главниот одбор на АФЖ од Македонија одржан во 1952 година се таксативно наведени во списанието: „Главна слабост која треба да се отстра-

44 *Седми пленум на Главниот одбор на АФЖ на Македонија. Нашата работа и нашите задачи*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 3-4 (Реферат на Вера Ацева, 24 ноември 1952).

ни: слабата политичка работа со жените; Културно-просветно издигнување на жената; Низа задачи за грижа на децата; Да се пристапи кон зацврстување на работата на АФЖ на село и наоѓање на нови удобни форми – пристапни за селските жени".[45]

Во однос на социјалните политики што ги заговарал АФЖ, во последните броеви на списанието акцентот бил ставен на социјалните политики за мајките и децата, а советодавните рубрики изобилуваат со текстови за „правилното воспитување на децата".[46] Иконографијата во оваа фаза од излегувањето на списанието ја следи опишаната тенденција: насловните страници и фоторубриките изобилуваат со приказ на деца, репортажи од градинки и мајки во слободни активности со своите деца.

Сепак, по анализата на последните броеви на списанието „Македонка", заклучувам дека повеќе станува збор за контрадикции во „организациониот живот на АФЖ" при политичката и економската транзиција во системот на социјалистичко самоуправување во 1953 година, отколку за прости обрасци и еднолични тенденции кон еден или друг идеолошки модел на рамноправноста на половите и формите на политичко вклучување и јавно дејствување на жените. Интересен аргумент во полза на оваа констатација се текстовите на лидерките на АФЖ, кои од денешна перспектива можат да се категоризираат како марксистичко-феминистички анализи. Во овие текстови, државните политики се коментирани исклучително од перспектива на женската политичка положба, со минимално присуство на актуелните тенденции, повлијаени од различни геополитички или внатрешнополитички фактори. Добар пример е текстот (непотпишан) „Положбата на жената во бракот во минатото и

45 Заклучоци од Седмиот пленум на Главниот одбор на АФЖ од Македонија, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 5, 19.

46 На Третиот конгрес на АФЖ на Југославија, доминантно било прашањето за улогата на жената како мајка од законски и социолошки аспект. Реферат на секретарот на Централниот одбор на АФЖ, Мара Радиќ (бил посветен на жените мајки): *Да ги вложиме сите напори за да ги издигнеме нашите деца во духот на светлите принципи за кои се бораш нашите народи*, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 15-17.

сега“, кој содржи важни коментари за прашања на имот, спогодби, развод, ограничувања за стапување во брак и сл., во рамките на модерната брачна заедница: „Нашиот нов закон за бракот изврши основна револуционерна промена во историјата на брачниот живот со потврдувањето и разработувањето на уставниот принцип за рамноправноста на жената со мажот (...)“[47]

Уште еден сличен пример е текстот на Веселинка Малинска, насловен „За новиот лик на семејството кај нас“. Во овој текст таа посочува: „Ако се работи за некаква криза на семејството кај нас, тогаш тоа е криза на она старото, преживеаното во него, кое мора да умре за да даде основа врз која се градат и понатаму ќе се развиваат социјалистичките семејни односи“.[48] Овој пример го истакнувам, бидејќи, иако се јавува во подоцнежните броеви на списанието, за време на реорганизацијата на АФЖ и намалувањето на нејзиното општествено значење, во него одекнуваат авангардните ставови во поглед на „женското прашање“, кои беа синоним за организација на АФЖ при нејзиното формирање и општествено воспоставување.

Заклучок

Во социјалистичка Македонија, во периодот од 1945 до 1953 година, настанале радикални промени во положбата на жените во општеството и во семејството. Концептот за рамноправност на половите, еманципација на жените и новата иконографија што во медиумите ги прикажувала жените во различни социјални улоги, биле важен дел од создавањето на ново општество, градено врз комунистички принципи. Во Уставот на државата, по првпат со специјални одредби биле гарантирани рамноправноста на жените со мажите, начелото – „еднаква плата за ед-

47 *Положбата на жената во бракот во минатото и сега*, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 5-6.

48 Веселинка Малинска, „За новиот лик на семејството кај нас“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 8.

наква работа“ и заштитата на мајката и детето. Другите закони што биле релевантни за остарување на државната цел за „решавање на женското прашање“ биле Законот за симнување на фередето (насочен кон жените од исламските заедници), Законот за абортус и политиките за социјализација на грижата. АФЖ била масовна женска организација која настанала во војната, со цел да ги мобилизира жените за вклучување во НОБ. Организацијата работела теренски со женското население, особено во селата, за да го поттикнува на иницијативност кон освојување на рамноправноста, т.е. заживување на законите во реалноста на жените.

Списанието „Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ било единствено женско списание што имало политичка програма, која на пропаганден начин (*аґитпроп*) им се обраќала на женското население *in toto*. Списанието опфаќало проблематики и содржини што засегале различни групи жени, главно поделени според работниот статус, но и според социјалните улоги што биле најважни во општеството: селанките, работничките, чиновничките, мајките, домаќинките, младите жени, жените од етничките заедници – Албанки и Турчинки. Идеолошки, како што наведува и самиот негов наслов, и како што почнуваат најчесто и прогласите и манифестите упатени кон жените, списанието им се обраќало на „сестрите Македонки“, т.е. имало цел да ги обедини сите жени кон остварување на задачите на АФЖ. Ова списание ја формирало идеолошката слика за Македонката како свесна граѓанка, вклучена во борбата за татковината и изградбата на државата, но со поглед кон модерна иднина, во која нема неписмени и суеверни жени. Меѓутоа, освен широкиот поглед кон „јавната сфера“, списанието еднакво изобилувало со содржини што се обраќале на жената-домаќинка во мала (селска) средина, нудејќи рубрики поврзани со уредување на домот, совети за во кујната, кројки за шиење облека и сл. – типично употребливи за „приватната сфера“. Истовремено, списанието претставува и првокласен извор на информации и извештаи за секојдневниот живот и состојбите на жените во различни

градови и села. Всушност, при ова истражување еден од заклучоците е дека токму овие рубрики се најмалку повлијаени од *агитпроп* методите.

Списанието „Македонка“ е производ на уредничките политики на лидерките на АФЖ и нивните политички ставови. Во македонската историја, лидерките на АФЖ се први политички претставнички на жените во политиката, и тоа на два начина: како жени кои биле дел од партизанскиот наратив и подоцна – дел од државната власт; и како политичарки, кои учествувале во изработката на социјални политики што биле релевантни за еманципацијата на жените, но и во јавната промоција на новите политики помеѓу патријархалното население. Тие најчесто биле „првоборки“ од партизанските единици или вклучени во партијата уште од меѓувоениот период, како младинки на СКОЈ, запознаени со марксистичката теорија, печатот и литературата што се однесувала на „женското прашање“ и класата. По војната тие станувале дел од партиските кадри, со различен степен на влијание во структурите на комунистичката партија и органите на власт. Честа била практиката тие низ својата кариера да се јавуваат како раководни лица на претпријатија или институции. Низ страниците на списанието „Македонка“ се профилирале неколку важни претставнички на концептите за родова рамноправност во рамките на АФЖ: Веселинка Малинска, Лилјана Чаловска, Блага Демниева, Вера Ацева и Нада Богданова. Нивните текстови во списанието „Македонка“, каде што некои од нив биле и уреднички и/или редовни соработнички, во најголем дел се однесуваат на политички теми и на формите на учество на жените во главните општествени текови.

Ова политичко женско списание не би можело да биде карактеризирано и како феминистичко. Првенствено, заради социјалистичкиот контекст според кој „женското прашање“ било решавано во рамките на класната борба. Овој став имал различни варијации и помала или поголема цврстина во различни републики на Југославија, во зависност од феминистич-

ките наследства и женски движења од минатото на републичко ниво. Во македонскиот случај, ставовите на АФЖ целосно се поклопувале со ставовите на Сојузот на комунистите. Тоа значи дека концептите за родова рамноправност и еманципација на жените биле пластични во однос на економските, геополитичките и внатрешнополитичките промени во државата. Така, во списанието „Македонка“ има многу мал обем на текстови што теоретски го разгледуваат концептот за рамноправност, за разлика од списанијата на АФЖ, на пример, во Хрватска или Словенија. Но, доколку ја разгледуваме активноста на уредничките и авторките на списанието во политички категории, тогаш може да се каже дека тие биле профеминистички настроени. Тоа особено важи за текстовите на Веселинка Малинска, која е авторка и на теоретски осврти кон промените во семејството и политичкото учество на жените.

Во списанието „Македонка“ за прашањата за рамноправноста на половите и еманципацијата на жените индикативна е формулата „политичко издигнување на жените“. Во задачите на АФЖ, оваа формула има централно место во програмата на организацијата и била составена и зависна од преостанатите приоритетни задачи, како описменување и културно-просветно издигнување. Всушност, јазикот на АФЖ во списанието, на кој зборувале и пишувале за политичката вклученост на жените бил составен од неколку формули: „политичко издигнување“, „рамноправие“, „еманципација“, „ослободување на жената“, „тргање на мракот од очите“ и „хуманизација на односите меѓу половите“. Во главните пораки на списанието „Македонка“, кои се однесувале на политичкото учество на жените, најчесто термините „еманципација“ и „рамноправност“ се изедначени. Но, во периодот од 1944 до 1953 година, значењата на овие термини се менувале, во зависност од промените во државата. Со внимателно истражување на фондот на списанието, може да се заклучи дека значењата и пораките на овие термини во 1944 година биле авангардни, додека, пак, во педесеттите години и особено по промената на поредокот со воведувањето на само-

управен систем како дел од југословенскиот „сопствен пат“ во социјализмот, овие термини продолжуваат да се користат од политичарките, при што, задржан е авангардниот маниризам, но состојбите на терен укажувале помала вклученост на жените во политичкиот живот, а во педесеттите и намалување на економската независност на жените.

Во периодот од 1944 до 1946 година, списанието ја поврзува политичката еманципација на жените со хероизмот на нивниот избор да се вклучат во НОБ. Во оваа „херојска фаза“ на АФЖ, антифашизмот е претставен како главна идеолошка предиспозиција за политички свесна жена. Во броевите на списанието од 1947 година се забележува постепеното напуштање на „херојската фаза“ и навлегувањето во „ударничката фаза“ на АФЖ – каде што политичката еманципација се поврзува со масовното учество на жените во доброволни работни акции и најмногу се поттикнувало вклучување на жените во различни сектори од стопанството. Главните политички пораки на списанието во оваа фаза, во однос на остварувањето на рамноправноста, се состојат од приказ на жените како работнички на работни места каде што претходно типично се вработувала машка работна сила. Силно пропагираната слика за ударничката и „економски освестената“ работничка како синоним за еманципирана жена, доживеала удар во педесеттите години. Во броевите на списанието од овој период, лидерките на АФЖ често го критикуваат односот кон вработените жени, кои при реорганизација на државните претпријатија најчесто први го губеле работното место, за што на Седмиот пленум на АФЖ на Југославија говорел и самиот Тито. Авторките кои критички пишувале за теренските предизвици на АФЖ откриваат дека во овој период имало недостатоци во политичката мобилизација на жените и за тоа главно се споменува недостатокот на работа на жените во НФ организации, а теренската работа главно била едукативна, и тоа во правец на издигнувањето на жените во здравствена и социјална смисла. Тоа се одразило на малиот број жени кандидати на изборите за одборите на НФ. Оваа состојба влијаела


на почетокот од педесеттите сликата за еманципираната жена да се поврзува најмногу со „просветената“, модерна жена, чие учество во јавноста почнува да се врзува или уште подобро кажано – да се условува, со степенот на нејзината писменост, едукација и култура. Во 1953 година АФЖ доживува реорганизација, со гаснење на старото име и создавање на нова масовна организација за работа со жените – Сојуз на женски друштва на Југославија. Од 1953 година и списанието „Македонка“ го менува насловот во „Просветена жена“. Промените во концептот за политичката еманципација на жените може да се сумира на следниот начин: ако во 1944 година „политичкото издигнување“ било предуслов за секоја активност на АФЖ меѓу жените, тогаш во педесеттите политичкото учество на жените во општеството станува условено од актуелните фактори во државата – пропустите во кампањите за описменување, предизвици во социјализацијата на грижата за деца и укинувањето на одборите на АФЖ за теренска работа.

Авторките и политичарките кои пишувале за незавршеноста на рамноправноста како социјалистички проект, ги критикувале појавите на буквалистичко изедначување на физичкиот труд меѓу мажите и жените и барале форми за политичка работа со жените. Во овој поглед, во списанието се забележува внатрешна противречност: во генералната пластичност на содржините во однос на државните политики, каде што се бележел регрес кон идејата за рамноправност, паралелно се објавувале и критички профеминистички текстови или рубрики.

Промените во државните политики кон идејата за рамноправноста на жените, кои се очитуваат низ страниците на списанието „Македонка“, не се знак на „историскиот неуспех“ на АФЖ. Тоа би бил симплифициран, но и погрешен заклучок. Повеќе станува збор за регрес во авангардните комунистички идеи за родова рамноправност, кои довеле до недоволно државно вложување во организацијата и кадровските капацитети на АФЖ. Уште еден значаен фактор бил и притисокот врз

југословенското општество, од геополитичките промени во светот биполарно поделен во Студената војна помеѓу западните капиталистички држави и источниот блок на социјалистички држави. Во периодот од 1948 до 1953 година Југославија се соочувала со овој притисок низ наоѓање на „трет пат“ во социјализмот и позиционирањето на светската политичка мапа помеѓу двата блока. Внатре во државата, овие прашања довеле до маргинализација на „женското прашање“, за кое најлесно било да се „прогласи“ од страна на државниците како решено. Сепак, по Втората светска војна жените во социјалистичка Македонија, неспоредливо со минатиот историски период, стануваат застапени во органите на локалната и централната власт, а низ образовните процеси стануваат застапени и во институциите, како работнички, експертки или раководителки.

Овој заклучок дополнително може да се прошири низ понатамошни тематски истражувања на аспектите на политичка историја во списанието „Македонка“. При работата на ова истражување, особено наметлива ми беше една нова насока на темата: истражување на политичките кариери и биографско-библиографските профили на главните соработнички на списанието. Низ истражувањето на политичките пароли и пораки на списанието, всушност се открива една нова „јавна сфера“ што егзистирала во социјалистичка Македонија: жените политичарки и институционални кадри кои учествувале во тековите на еманципацијата. Степенот на нивна факторизација во партијата и општеството, како и нивните посебни политички ставови, би требало да се следната истражувачка постојка во оваа тема.


Maiegonka





Јана Коцевска

СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ

Здравствените политики и политиките на грижа и нега низ страниците на „Македонка“

Вовед

Периодот во кој излегува од печат првото женско списание на македонски јазик – „Македонка“ претставува време во кое современото јавно здравство ги поставува темелите на својот понатамошен развој, особено во доменот на социјалната заштита. Родовиот аспект на социјалните и здравствените политики во овој период е присутен и од аспект на носење на родово-сензитивни политики, директно учество во спроведувањето на тие политики, но и суштинско менување значења и практики во секојдневниот живот на „новите Југословенки“. „Македонка“ е медиумски простор во кој се судираат старото и новото време, во кои се известува, подучува, опоменува за „правилниот“ развој на едно социјалистичко општество со „прогресивен“ сет на политики, овозможени по добиената антифашистичка борба на НОБ.

Македонската историографија има недостиг од студии што се темелат на социјални теми и јавно здравје. Списанието „Македонка“ е податлив извор што би можел многу да придонесе во таа смисла, бидејќи нуди навистина интересен корпус на информации што под херменевтска лупа откриваат многу за социјалниот контекст на овој период од Југославија. Текстуалните целини во ова списание што се однесуваат на тема здравје и социјална грижа и нега се јавуваат во неколку форми. Најчесто како автори на овие статии се јавуваат лекарските авторитети за кои постојат извори дека сочинувале

клучен дел од персоналот кој ја предводел здравствената обнова и кои исполнувале важни стратешки функции во раководството на федеративните републики. Другиот авторски корпус на текстови во ова списание што се поврзани со здравството, а особено текстовите што се однесуваат на педагошките начела за воспитување на социјалистичката младина, најчесто се претставници на Советскиот Сојуз, а во списанието ги читаме нивните преводи на македонски јазик.[1]

Според уредувачката политика и мотивот на автор(к)ите, препознаваме неколку вида текстови поврзани со социјалната заштита и здравството. Оние што се пишувани во вид на извештаи за состојбите – често споредувајќи состојби пред и потоа, едукативно-еманципаторски текстови во различни форми како совети (за домаќинките, за мајките, за задругарките и сл.) и текстови што ги истакнуваат атрибутите и успесите на социјалистичката жена, уживајќи ги поволностите што ги носи новото време – текстови што имаат цел преку директен пример да го промовираат социјалистичкиот живот и вредностите преку кои се стимулираат социјалистичките животни практики на активни чинители на новото социјалистичко општество.

Рубриките поврзани со медицината не се постојани и излегуваат спорадично, меѓутоа оние теми што се поврзани со здравствената добросостојба, вештините за одгледување на здравјето на новороденчињата и превенција од болестите, ги среќаваме постојано без нивно посебно впишување во конкретна рубрика.[2] Оние рубрики што се постојани и речиси без ис-

1 Најчесто се појавува како автор педагогот Антон Семенович Макаренко.

2 Рубриката посветена исклучиво на медицината ја среќаваме наизменично именувана:
Д-р Мандиловиќ. „Популарна медицина: Пегав тифус – Пегавец“, год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 13;
Д-р Мирјам Попадиќ. „Зошто умираат нашите деца?“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 21-22;
Медицински совети: Природно хранење на цицалчињата, год. 2, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 15;
Д-р Т. Христов. „Популарна медицина: Пегавиот тифус/Шарлах и дифтерија“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 14;

клучок се содржани во секој број на списанието се оние што веројатно најмногу комуницираат со интересот на читателките на „Македонка“, а тоа се делот „Прашања и одговори“, како и „Совети за младите мајки/Совети за мајките/Совети за домакјинки/Совети за готвење и зимница/За нашите деца“, кои се од особено значење за еманципацијата на жените во стекнување на знаења и вештини значајни за своето секојдневие.

Страниците на „Македонка“ (1944-1952) го бележат ентузијазмот на заедништвото и заедничкото градење на „новото социјалистичко општество“. Овој текст има цел да ги извлече оние делови од ова списание што јасно ја отсликуваат неговата улога на медијатор на политиките на грижа и нега и подобрување на јавното здравје, а особено женското репродуктивно здравје и здравјето на децата. Користејќи го списанието „Македонка“ како главен извор за дејствата на АФЖ со поглед на еманципацијата и здравството, овој текст ја застапува тезата дека политичкото будење на жените и нивното стекнување на политички права, придонесува кон подобрување на здравствената добросостојба и јавното здравје (Kar 2018). Текстот ги идентификува аспектите од поглавјата на ова прво женско списание во овој дел од Федеративна Југославија, кои подразбираат посветеност и внимание за квалитетното живеење, градење на вештините и заедништвото како втемелување вредности што на некој начин ги подразбираат и темелите на феминистичките практики. Пропагирањето еднаквост, солидарност, заедничка грижа за јавните добра и развој на општеството се случуваат во рамките на идеолошката социјалистичка матрица, каде што „Македонка“ игра важна улога.

Д-р Кисличенко. „Медицина: Кожата – заштитник на нашиот организам“, год. 5, бр. 43 (мај 1948), стр. 14;
Карабеговик'-Осмик'. „Од медицината: Труењето на крвта може да се отстрани“, год. 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 15;
Д-р Волчева. „Од медицината: Од што се појавуваат жлезди на вратот кај децата (одговор на прашањето на една нашата читателка)“, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 21-22.

И покрај ваквата заднина на ова списание, овој текст има цел да го пронајде феминистичкиот потенцијал на женската активност низ текстуалните примери во смисла на родово-сензитивни политики предводени од жените, женска солидаризација и генерално унапредувања на женските права. Фокусот на овој текст е преку ова агитациско списание да даде преглед на женската доброволна работа, жените како санитетски субјекти и главен фактор на воспоставување систем на нега, здравје и грижа, унапредувањето на нејзината позиција во општеството и поволните услови за нејзиното репродуктивно здравје преку новоотворените здравствени и социјални институции. Во текстот се покренуваат прашањата за еднодимензионалното портретирање на улогата на жените во „Македонка“ како мајки, воспитувачки на децата, одговорни за општата состојба со хигиената во домот, детските установи и летувалиштата, но и во јавниот простор, како дополнителна одговорност на задругарката и работничката-ударничка[3], која често со очекувана гордост (посакувано е да) исполнува 130% во производството (види кај Хаџиевска во овој зборник). Текстот се обидува да допре до проблемот што е причина за укинување на АФЖ преку елементи поврзани со репродуктивноста и поаѓа од тезата дека, и покрај освоената битка на жените за рамноправност и социјални, економски и политички права, нејзиното учество во креирањето на законската регулатива што го претставува еманципаторскиот потенцијал на антифашистичкото движење, жените во социјалистичкиот проект на Југославија не го доживуваат во целост социјалистичкиот (феминистичкиот) потенцијал. Текстот претендира да докаже дека токму преку здравствените и социјалните политики, паралелно со системската мрежа на добросостојба и достапна здравствена грижа, се зацврстуваат и стереотипните улоги на жените наместо да се движат кон ослободување. Текстот ќе се обиде да даде одговор на прашањата за причините за ваквиот развој.

3 Истакната работничка во социјалистички работен натпревар.

Со фокус на содржините во ова списание што ги опфаќаат политиките на нега, грижа и здравје, текстот има цел да ги посочи оние делови од списанието што го бележат потенцијалот за еманципаторската и суштинската промена на социјалниот и здравствениот аспект во „новото социјалистичко општество“, но и да ги препознае разочарувачките моменти на неуспех/пораз во поглед на вистинското ослободување на жените од хетеропатријархалната логика.

Историски контекст на здравството во периодот на преоѓање од Кралството Југославија кон ФНРЈ

„А македонската жена, и млада и стара нема да престане да ги помага и чува своите синови и ќерки, кои веке ја пролејале својата крв за нашата слобода и докрај ке дава се од себе за нивното сочувување и оздравување.“

Ленче Иванова[4]

Појавата на првите страници на ова списание е клучен период во однос прашањата поврзани со женските права и општествената позиција на жените генерално. Период во кој по првпат правата на жените се политички и правно јасно уредени во член 24 на првиот Устав на ФНРЈ од 1946 година – односно член 23 во Уставот на Народна Република Македонија од 1946 година, каде што се бележи нивната рамноправност со мажите во сите области на државниот, стопанскиот и општествено-политичкиот живот.[5]

Периодот од почетокот на 20 век, сè до крајот на Втората светска војна бележи историски настани што имаат големи

4 Ленче Иванова. „Нашите ранети и болни војници“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 18.

5 Устав на Народна Република Македонија. 1946.

влијанија на општествено-политичкиот живот на територијата на денешна Северна Македонија. Тоа се главно балканските војни, двете светски војни, засилувањето на процесите на индустријализација на општеството и низа други обиди за развој. Во овој период почнува срамежливо да се систематизира и да се воспоставува извесна здравствена политика – претежно на општинско локално ниво, мошне селективна во однос на локацијата и типовите на здравствената област што полека почнува да се централизира и да се формираат специјализирани здравствени установи во градските центри.[6]

Паралелно со овие спорадични развојни практики, почнува да се создава и свест за граѓанско учество во подобрување на условите за поквалитетен живот, особено помошта кон ранливите (категории на) луѓе доведени во беспомошна состојба под влијание на војните и динамичните промени во политичкото управување на овие простори тогаш. Се раѓа хуманитарна свест, при што се создаваат здруженија што мобилизираат ресурси за помош и организираат хуманитарни акции насочени кон беспомошните сограѓани. Иако во северозападот на т.н. Кралска Југославија ваквите иницијативи, понатаму и социјалистички движења, се навистина значително поизразени и пожестоки отколку на оваа почва – архивите говорат за жени кои дале значаен придонес и биле своевидни протагонистки на почетоците на таквите движења и во Македонија (De Haan, Daskalova, Loutfi 2006, 441-443).

Во овој период голем број од населението страда од болести и епидемии, а како последица од војните бројот на деца без родители значително се зголемува, како и бројот на лица со инвалидитет. Сепак, ваквите хуманитарни здруженија што се појавувале одвреме-навреме биле инцидентни и непостојани и се основале во некои од урбаните центри низ оваа територија

6 Детален приказ за отворање на првите здравствени институции, со фокус на Битола и битолската околија ќе најдете во книгата: Александар Стерјовски (2016, 91-119).

(Битола, Скопје, Куманово, Тетово и др.) и најчесто иницијаторки биле жените од привилегираните општествени позиции, жените со пристап до образование или, пак, оние дојдени на овие простори во мисионерско-хуманитарна работа (Хаџиевска 2021)[7] и помогнати од меѓународните организации на Црвениот крст. Овие акции биле во обид да го ублажат теророт од војните што оставиле зад себе голем број воени жртви и сираци во периодот на Првата светска војна.

Освен грижата што ја давале кон настраданите, овие жени иницирале и описменување и образование, и тоа во изворите е евидентно за овие простори. Жените за кои се пишува во изворите се „носителки на хуманитарни, милосрдни и социјални иницијативи во заедницата“ (Исто, 72-77). Во периодот помеѓу двете светски војни се формирале повеќе струи на женски движења како студентски движења (случајот со Белград), потоа синдикални движења, како и социјалистички иницијативи (еден од нив значаен за Македонија е случајот со Роса Плавева и Накије Бајрам). Пред почетокот на Втората светска војна пресудни за активните политички дејствувања на младите се скоевските организации на територијата на цела поранешна Југославија. Овие движења претходеле, т.е. биле основата за создавање на масовна женска мобилизација, која во периодот на 1940/41 значително се активира и резултира со создавањето на Антифашистичкиот фронт на жените и неговото официјализирање во 1942 година.

Со почнувањето на Втората светска војна, трендот на женската посветеност во борбата за остварување на нејзините граѓански права, а особено во помагање на послабите, децата и обесправените, продолжува и во текот на НОБ, како и во периодот што следува – вообичаено познат како период на обнова на општеството и изградба на социјализмот. Заради непостоечки-

7 За некои од овие жени се пишуваше во минатогодишното издание на „Архиви на невидливите“, каде што беа прикажани примери за ваквите дејствувања на хуманитарките: Аспасија Мишева Канавчева, Захарија Василева Шумљанска.

те услови за стекнување на нови работни квалификации дотогаш, типот и формата на помош во НОБ, т.е. доброволната работа најчесто подразбирала обврски што веќе се типично женски[8], како перење, шиење, готвење, давање нега на деца и болни, а помал број се одлучувале и за директно учество во вооружена борба, курирска служба и слични илегални акции. Ваквата вклученост на жените во НОБ била валоризирана и присутна во меморијата за Југославија. Улогата на жените била ентузијастично присутна во политиките на сеќавање.

Наративи за здравствените политики и практики во новото време – од *стара* кон *нова* Југославија

„Од вошките може да се добие тифус, од кој може да се зарази целата кукја и мнозина од селото. Постелата ти е, другарке, целата во прашина, а одајата ти врие од болви, муви и вошки. Ти како мајка го сакаш детето, затоа не се жали во работата! Досега немало кој да ви каже, но затоа сега, вие на село почните од почеток. Објавете и војна на нечистотата...Држете ги чисто вашите деца!“

Н. З.[9]

Читајќи ги првите броеви од списанието „Македонка“, конкретно статиите што се однесуваат на теми поврзани со здравството, читателот/ката добива впечаток дека оттука почнуваат темелите на здравствениот систем на ова поднебје. Текстовите изобилуваат со комплетна негација на какви било достигнувања во Кралството Југославија, политичкото уредување и власт што

8 Во првите броеви на „Македонка“ често се прикажуваат извештаи за бројот на изработени алишта (чорапи, перници, кошули, гаќи, ракавици, крпи...). Еден таков пример е *Хроника*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 24.

9 Н. З. „Дали го држиме во чистоќа нашето дете“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 14.

претходело. Во овие статии се проследува остра критика кон социјалните и здравствените политики на кралството, кои се израмнуваат со непостојни. Меѓутоа, иако не потполно оправдан, ваквиот критички став во списанието има цврста основа што се согледува според изворите поврзани со јавното здравје и социјалните политики во овој општествено-историски контекст. Имено, Кралството Југославија во периодот на дваесеттите и триесеттите години на 20 век најмалку инвестирало во Вардарска Бановина – територијата што денес ја опфаќа Северна Македонија. Иако биле градени значителен број на здравствени установи (Стерјовски 2016), сепак во 1939 година маларијата во Вардарска Бановина сè уште имала статус на епидемија, додека во преостанатите бановини на кралството значително бил намален бројот на заболени (Бошковска 2019, 195-203).

Во списанието често се дава споредба на статистички податоци за овие состојби во периодот на Кралството Југославија и периодот кога е објавувана „Македонка“, вршејќи споредби со „старото и новото време“. Темите поврзани со здравството и, генерално, темата „здравје“ често се испреплетува со низа други општествено-политички пораки и наративи што авторите и редакцијата вешто ги инкорпорираат во статиите поврзани со оваа тема, инсистирајќи на легитимитет и важност. Преку нив тие апелираат за промени неретко посочувајќи со морализирање и осуда кон протагонистите на несовесните практики или, пак, кон т.н. шпекула и надворешни/внатрешни непријатели. Тоа го оправдува објаснувањето на Мери Даглас дека расправиите за опасностите и ризиците се особено морално и политички обременети (Мишковска Кајевска 2020, 165-190). Во првите броеви на списанието, но и во подоцнежните исто така, тие критики се насочени кон Кралството Југославија, додека, пак, по јуни 1948 година, т.е. моментот на исклучувањето на Југославија од Информбирото, во извесен број текстови поврзани со здравствените политики, содржана е и критика кон земјите од СССР, која се согледува во

содржини слични на следниот пример[10] од број 64, 1950 година, со наслов „Со новиот Закон за социјално осигурување работничката класа во Југославија има поголеми права отколку работниците во коминформбировските земји“.

Наративот што се создавал во насока „стара“ кон „нова“ Југославија се бележи и во текстовите на тема здравство, каде што се зборува за организацијата Црвен крст, низ чиј пример директно се објаснува неговата трансформација и се создава паралела со премостувањето од „стара“ кон „нова“ Југославија:

> „Црвениот Крс како организација во миналото беше само една неактивна установа, оти на нејзиното чело стојеја ненародни луѓе, што не ги гледаја нуждите на народот, туку гледаја таја да им служи на нивните интереси. Во денешната наша демократска и федеративна Југославија, Црвениот Крс се разликува по своите цело и задачи од тој порано. Тој е сега една народна организација, што служи за издигнувањето и обновата на нашата татковина и неговата помош ќе го отфрли недоверието што го има народот према Црвениот Крс“.[11]

Понатаму, начинот на кој е претставена разликата на „стара“ и „нова“ Југославија или напредокот од старата кон новата држава, во поголемиот број статии што пишуваат за здравството, е квантитативна споредба на периодот во триесеттите години, со годините за време на спроведувањето на Петгодишниот план за обнова. Во духот на натпреварувачкиот карактер се споредуваат бројките од стара Југославија и оние од социјалистичка Југославија, на пример: жртвите од епидемиските зарази, бројот на здравствени установи, број на болнички постели, смртност на новороденчиња, вкупен број на лекарски прегледи по години, број на медицински персонал итн. Овој вообичаен наратив на споредба е присутен во целокупната периодика на „Македонка“ во разни форми, и тоа инкорпориран во самите текстуални целини, потоа запазувајќи јасен табеларен приказ

10 „Со новиот Закон за социјално осигурување работничката класа во Југославија има поголеми права отколку работниците во коминформбировските земји“, год. 4, бр. 64 (март 1950), стр. 10.

11 *Црвен крс на Федеративна Југославија*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 22.

на споредба по години[12] и визуелен приказ со фотографии на новоизградените здравствени објекти, новообучените акушерки, новите детски градинки со многубројни деца – слика што преовладува во списанието, особено во подоцнежните години, т.е. по 1948 година.

На 1 април заврши бабички курс во Скопје организиран од Министерството на Народното здравје. Курсот го завршија 31 курсиски.



Една од клучните цели на развојот на земјата е надополнувањето на загубата на голем број население како последица од војните. Во многубројните примери на статии што ја истакнуваат новата состојба, градејќи паралела со „стара“ Југославија, е значителното унапредување на состојбата со здравјето на децата. Еден таков пример е забележан во следниот извадок од број 51, објавен во 1949 година, каде што на страница 6 во натписот на авторката Н. Богданова, „Положбата на жените во стара Југославија“, пишува:

> „Спрема официелните податоци кои се изнесени од страна на Југославија на Балканскиот конгрес одржан во Белград во октомври 1938 год. за заштита на детето, излегува дека во стара Југославија се раѓаа околу 460.000 деца годишно, а едвај 1/3 од нив доживуваа 20 год. старост. Во градовите на Југославија смртноста на децата беше за 35% поголема отколку во градовите на северна и западна Европа. Во 1934 год. беа родени 459.808 деца, а умрени 248.570. Спрема тоа, во стара Југославија на секој 5 минути умирало по едно дете. 30.685 села немаа бабица, во родилиштата имаше место едвај за 1% родилка“.

12 Табеларен приказ каде што се споредува состојбата со установите за здравствена заштита од 1939 година и 1949 година, во *Македонка*, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 9.

Освен оваа политичка обременетост отсликана во споредбите со непријателските земји и во критиките кон општествено-политичките уредувања поинакви од социјализмот, особено се истакнуваат текстовите што укажуваат на важноста за одржување на хигиената и за тоа кој треба да ја донесе клучната промена на посакуваниот просперитет во поглед на здравството (па, и описменувањето, т.е. генерално еманципацијата). Наративите што се градат во насока на укажување на правилното цивилно однесување во кои треба да се напуштат дотогашните практики на секојдневниот живот – претежно потпишани од страна на лекарски авторитет, најчесто се со морална осуда кон жените. Тие се насочени кон оние жени кои живеат на село, при што се укажува на непосакуваните „уназадени“ практики поврзани со раѓањето, одржувањето на хигиената, одгледувањето и воспитувањето на децата. Таквите наративи се содржани и во книжевните прилози на списанието (види кај Величковска во овој зборник). Занемарувајќи го контекстот и скудните услови на живот на тогашните селани, овие автор(к)и го градат наративот за „простата селанка“ која ја има вината за големата смртност на новородените деца-синови на Југославија. Еден таков пример се бележи во списанието со двоброј 10-11 од август-септември 1945 година, во текстот на страница 21 со наслов: „Зошто умираат нашите деца?“[13] Авторката д-р Мирјам Поповиќ[14] пишува:

13 Д-р Мирјам Попадиќ. „Зошто умираат нашите деца?“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 21-22.

14 Д-р Мирјам Шенфелд-Попадиќ, родена на 12 мај 1905 година во с. Игал (Унгарија). Дипломирала на Медицинскиот факултет во Загреб во 1930 година. Од 1936 година е специјалист педијатар. Во Штип работи во детскиот диспанзер во периодот од 1933 до 1936 година. За време на бугарската окупација на Битола работела во Обласната хигиенска лабораторија и Советувалиштето за мајки со деца, кое функционирало до крајот на 1941 година, а од 5 мај 1942 година таа е назначена за лекар на Сиропиталиштето во Битола. Таа била активен член на Управниот одбор на Женската потрошувачка задруга, формирана во МК на КПЈ во Битола, во текот на 1940 година. Во оваа задруга бил организиран илегален курс за болничарки во партизанските одреди, со кој раководела д-р Мирјам Попадиќ. Покрај тоа, таа работела и во Здравствениот одбор формиран во 1941 година, со задача да прибира санитетски материјал и лекови за НОВ и ПОМ и да обезбедува илегално лекување на заболените и ранетите партизани. Од 3 мај 1944 до 30 декември 1945 година била воен лекар, помошник-началник на санитетот на Петтата армија. По војната извесно време останала во ЈНА. Демобилизирана е во чин санитетски мајор. Носител е на три воени одликувања од кои во август 1945 година Орден заслуги за народ. Д-р Мирјам

„На секоја мајка и е како ден јасно, оти по мала мака и е да роди макар и десет деца, одколку едно да закопа. Но таја загуба не е само загуба на мајката и фамилијата, това е уште поголема загуба на државата, која толку многу се нуждае од младина, нарочно сега кога во ослободителна војна е загубен толку голем број младинци, најскапи наши синови. Самата таја е виновна за умирањето на нејзините деца".

Во истиот овој двоброј, на страница 19, објавен е текстот со наслов: „Значение и цел на родилниот дом и советујалиштето за жени"[15] – во авторство на гинекологот д-р Марјановиќ-Убавиќ – управник на родилниот дом и советувалиштето за жени. И во овој текст се задржува наративот за жените од село како „нечисти":

„Да не дозволиме да рагјањето го вршат нечисти баби кои со својте 'вештини' нанесујат садбоносни последствија на мајката и детето. Да се бориме против това да папокот на детето се сече со некој нечист нож или секира; да се на новороденото дете дава ченкарно брашно на првиот ден после рагјањето за да не го фанат 'уроци'".

Уште еден пример што ја гради сликата за „уназадената селанка", чии практики АФЖ се обидува да ги искорени преку ваквото портретирање во својот печатен орган, е содржан во текстот „Дали го држиме во чистоќа нашето дете"[16]. Текстот е напишан во прозаична форма и раскажува приказна за болното дете на стрина Радка – Никле, во детали посочувајќи ги несовесните/лошите хигиенски услови во кои живее ова семејство и посочувајќи ги како причина за смртта на сите селски деца. Авторот/ката на овој текст го повторува морализирачкиот наратив за селските жени заради нивното „незнаење" и им ја посочува вината за високата смртност на младите деца.

Попадиќ е единствената жена-лекар учесник во НОБ од Македонија (Јосимовска и Стојков 2010).

15 Д-р Марјановиќ-Убавиќ. „Значение и цел на родилниот дом и советујалиштето за жени", год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 19.

16 Н. З. „Дали го држиме во чистоќа нашето дете", *Македонка*, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 14.

„Таа [лекарката] не веруеше дека Никле има мајка, која го сака, а не знае дека со своето незнание, самата го води кон пропаста. Лекарката се растажи. Мачно ѝ беше дека нашите жени на село уште не знајат, дека нечистотата и нехигиената ги полни гробиштата со млади животи на нашите деца.“

Спортот во ФНРЈ – тесно поврзан со новодонесените политики за социјална заштита и здравство – е исто така домен во чии рамки се гради наратив за неговото значење, форма и достапност во споредба со Кралството Југославија. Интересен модел на жена претставена во „Македонка“ е жената-фискултурка. Фискултурата се вбројува во еманципаторските практики на жените – најпрвин заради нивното учество во јавната сфера. Списанието го промовира женското активно тело во јавната сфера и учество на колективните физички манифестации како слетовите, есенските кросови, атлетски спортови, скијање, кајакарство и др. Во списанието има неколку примери каде што се поттикнува активно учество на жените во спортските активности преку известувања за постигнатите резултати на истакнатите фискултурки. Во статија од декември 1946 година, преку спортот се истакнува учеството на младите Албанки и Турчинки, што оди во прилог на пропагирањето за тргнување на зарот и ферецето (Мијатов 2019, 182-197), а потоа продолжува споредбата стара/нова Југославија и различното поимање и значење на фискултурата во „новото време“:

„И покрај учеството на еден дел од нашите младинки во овогодинешниот есенен крос и учеството на младите Албанки и Тручинки, на слетот во Скопје, фискултурата кај нас се уште не ги опфанала широките женски маси. Тоа довагјат од таму, што за фискултурата е задржано уште каде многу жени старото мнение кое го имаа за време стара Југославија. Фискултурата во минатите режими беше недостапна за работниот народ, тоа беше забава за богатите и привилеговани лугје. Во неа спортот имаше карактерна борба за првенство и рекорди, борба за спечалуење поголеми награди и пари. Поради тоа и мегју спортистите довагјаше до непријателство а не до разви-

вање на другарство. (...) Телесно и здравствено се развива нашиот народ, и дух на другарство, пожртвованост и ведрина“.[17]

Во овој контекст, пресликувајќи го советскиот модел, целта за омасовување на спортовите и фискултурата е во служба на одбранбената моќ и јакнењето на државата (Мијатов 2019), која подоцна создава армија (ЈНА) – вооружена сила на поранешна ФНРЈ, подоцна СФРЈ – четврта војска во Европа според големината. Меѓутоа, иако фискултурното активирање на жените било дел од агитпропот на сите сојузни држави, спортот не бил препознаен од страна на АФЖ како значаен просветителски инструмент и затоа не се работело многу на терен по ова прашање (Мијатов 2019, 182-197). Заради преовладувањето на патријархалните норми – особено изразени во Македонија, многу малку жени се занимавале со спорт и биле активни фискултурки.[18]



Фискултурата и нашата жена

5

17 Р. Галева. „Фискултурата и нашата жена“, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 5.

18 Во докторската дисертација на Никола Мијатов, „Спорт у служби социјализма: југословенско искуство 1945-1953“ (Универзитет у Београд – Филозофски факултет, 2019), во поглавјето „Жене у спорту“ содржани се табели со статистики за учество на жени на спортски настани, како и на раководни позиции во спортски организации на ниво на целата федерација. Иако архивската граѓа е скудна, според постојните архивски извори, учеството на жените во спортот не е поголемо од 30%. Интересен податок на Македонија е бројот на жени работнички членки на фискултурниот актив, каде што, од вкупно 2.374 членови, жените се со бројка од 498 или 26%. На кросот на гимнастичарскиот сојуз, организиран во 1948 година во Македонија, од вкупно 8.489 учесници, учествуваат 739 жени, или само 9%.

ФНР Југославија има јасна идеја и цел за подобрување на здравствената состојба и политиките поврзани со здравството и социјалната грижа, особено насочено кон тоа како да го намали бројот на смртни случаи на деца и новороденчиња – преку уредбите како дел од Петгодишниот план, за што ќе видиме подоцна во овој текст. Меѓутоа, конкретно „Македонка“ како гласило на масовната организација АФЖ во својата уредувачка политика, која, иако со благородна цел за подобрување на здравството во земјата, користи морализирачка и заплашувачка содржина и ги осудува културните практики на населението, именувајќи ги за „застарени“ облици на однесување. Сите овие примери погоре јасно ни укажуваат на тоа дека еден од пропагандните механизми на АФЖ за искоренување на смртноста на децата на овие простори ги спроведува преку градење на наративот за „простата“ и „нечиста“ селанка, како субјект кој се стреми да го промени, инсистирајќи на хигиенски начин на живот, применувајќи ги практиките на новиот начин на живот на социјалистичкото општество. Во списанието јасно се прави пресекот помеѓу „стара и нова Југославија“, со цел да го забрза процесот на премин во социјалистичкото градење на општеството.

Политиките за здравје и социјална заштита во Петгодишниот план за обнова

„Сето тоа нашите народи ке го придобијат со неуморна и несебична работа за исполнување на планот, за кое народната власт не е жалила и нема да жали ни напори ни средства. Разбира се дека сето тоа нема да се постигне само за оваа година. Но уште во 1947 год. Со исполнување на планот нашите народи ке направат големи завојувања...Пред нас,

Пред нашата организација се поставуе во помошта на народната власт и на останатите масовни организации, да оспособиме што поголем број жени и девојки да работат во планската изградба. Нужни се многу и многу жени и девојки во работата по занаетите, по градежите, во фабриките и рудниците, во машинските земјоделски станици, по болниците и школите итн. Итн. Нужно е да од нашите редови се-едно ја пополнуеме огромната армија од трудбеници, кои ке ја бијат главната битка за исполнуењето на планот."

Лилјана Чаловска[19]

Здравствените политики во Петгодишниот план за обнова најголем фокус посветуваат на надоместување на загубата на популација како резултат на воените дејства што на овие простори биле интензивно присутни од почетокот на 20 век до завршувањето на Втората светска војна. Двете главни причини за стагнацијата во наталитетот биле распространетите епидемии и лошите услови за одржување на репродуктивното здравје – високиот степен на смртност на доенчиња и родилки. Создавањето на оптимални услови за репродукција, како и искоренување на болестите и епидемиите се клучните насоки на здравствените политики под раководството на Комунистичката партија. Здравствените политики за ФНРЈ бележат успех преку справување со предизвикот на епидемиите од туберкулоза, маларија, „трбушен" и „пегав" тифус, сипаници – болести што ги карактеризираат неразвиените земји (Tomšič 1981). Типично за овој развоен период на Југославија е препознавањето на потребата од квалитетни и ефикасни социјални политики што одат во прилог на унапредување на добросостојбата и просперитетот, но во голема мера и нивно влијание врз унапредување на здравјето на населението, а особено репродуктивното здравје на жените.

19 Лилјана Чаловска. „Планското стопанство и нашите задачи", год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 2.

Важна улога во создавањето на родово-сензитивни социјални политики има Словенката Вида Томшич – комунистка, партизанка, антифашистка, учесничка во НОБ и народен херој на Југославија. Томшич во повоениот период се истакнува како влијателна политичарка, која останува на функција до крајот на нејзиниот работен стаж. На позицијата министерка за социјална политика во словенечката влада е поставена уште од мај 1945 година,[20] но Вида Томшич е активна и во рамките на партијата, каде што, меѓу другото, двапати е избрана за претседателка на АФЖ, еднаш во 1948, а потоа во 1950 година – што ја прави и негова последна претседателка. Овој кус вовед за Томшич е во насока на истакнување на нејзиното влијание во поставувањето на главните цели и задачи на масовната организација АФЖ[21] и генерално врз социјалната политика на ФРНЈ во рамките на Петгодишниот план. Во својата книга Томшич ја прикажува состојбата на здравството и социјалната заштита во добропознатата споредба со бројки, кои се однесуваат на цела Југославија, споредувајќи ги годините пред војната, т.е. 1939 година и четириесет години потоа, кога ја пишува нејзината книга – 1979 година (Исто 1981).

Тоа што го истакнува Томшич во поглавјето „Социјална политика и здравствена заштита“ за периодот на предвоена Југославија е целосното менување на состојбата за која било карактеристична скромна мрежа на здравствени установи, мал број лекари, неразвиен систем на здравствено осигурување и скапи лекарски услуги – состојба што неуспешно се справувала со лошата здравствена состојба на населението, висока смртност (особено на новороденчиња), распространетоста на заразни болести и кусиот животен век на луѓето. Во тоа време околу еден милион луѓе боледувале од маларија, а смртноста од туберкулоза била многу висока. Во споредба со 1973 година, сите

20 Tea Hvala. 2021. A Path of Their Own: 25 Excursions into Women's History. Association for the Promotion of Women in Culture – City of Women, стр. 13-14.

21 Проценатa за бројноста на АФЖ за цела Југославија е два милиона членки.

овие болести се речиси исчезнати, на пример маларијата е сосема искоренета, како и многубројни болести што настануваат од неисхранетост, додека бројот на болни од туберкулоза бил осум пати помал од пред војната во 1939 година.

Она што го дознаваме од „Македонка“ за начинот на кој Петгодишниот план се спроведувал во Народна Република Македонија се многубројни акции што во голем дел се одвивале со доброволен и неплатен труд на активистите на народните масовни организации (АФЖ, НОМС). АФЖ ја зазема примарната улога во акциите поврзани со здравство, еманципација, грижа и нега, т.е. социјална заштита. Петгодишниот план го најавува Тито во својот новогодишен говор, емитуван преку белградското радио, во преминот од 1946 кон новата 1947 година – говорот е целосно транскрибиран и објавен во „Македонка“[22].

Уште пред официјалното почнување на активностите што влегуваат во Петгодишниот план, АФЖ ја спроведува својата мисија во исполнувањето на целите и задачите што оваа организација ги поставува во рамките на Првиот конгрес на АФЖ од Југославија, а тоа е на родилишта и детски домови за заштита на мајки и деца.[23] Рубрики поврзани со социјална грижа и здравство почнуваат да се појавуваат од втората година на издавање на списанието, т.е. почнувајќи од двоброј 3-4 во јануари 1945 година, каде што на страница 6 се објавува извештај за „Дневниот детски дом во I-иот реон на Скопје“[24], кој има капацитет за 50 деца. Извештајот говори за отворањето на детски домови во повеќе места во Македонија, каде што се пишува за грижата на децата чии родители сè уште се на фронтот и нè воведува во пријатната атмосфера на домот. Авторката на тек-

22 *Нека им е срекјна на сиѿе наши народи 1947 ѓодина!* Говор на маршалот Тито преку белградското радио спроти Нова година, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 1-3.

23 Првиот конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените од Југославија – „Работата и задачите на жените на социјалната изградња“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 5.

24 Б. Д. „Во дневниот детски дом на првиот реон во Скопје“. *Македонка*, год. 3, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 6.

стот ја најавува агендата на АФЖ и потребата за отворање на колку што е можно повеќе детски домови:

> „Да биде прибрале илјади и илјади деца, требе да се отворат уште на стотини детски домови. Затова на секаде нашиот антифашиски фронт на жените ке требе да укаже на нивната нужност и да направи се за нимното отворање во што поголем број".



Почнувајќи од овој број, слични вакви извештаи, прегледи, но и текстови со критика кон негрижа за детските домови, детските градинки[25], потоа детските јасли, летувалиштата, домовите за ученици и средношколци итн., се јавуваат без исклучок во секој број на списанието. Рубриките што се во доменот на здравјето и социјалната грижа се исто така неразделен дел од ова списание. Во 1945 година, по првпат се појавува рубрика „Популарна медицина"[26] – каде што во детали пишува за ка-

25 Во првите броеви градинките прво се наречени обданишта, но тоа се менува по 1947 година.

26 Лекари и автори кои пишуваат статии во списанието се д-р Грозда Симитчиева, д-р Мандиловиќ, д-р Мирјам Попадиќ, д-р Марјановиќ-Убавиќ – гине-

рактеристиките и начинот на справување со Пегав тифус, т.н. Пегавец, потоа во следните броеви следуваат текстови што на истиот начин детално информираат за Трбушен тифус, туберкулоза, маларија, шарлах, дифтерија и слично.

Од првите броеви на „Македонка“ од 1947 година, до последните броеви во 1951 година зачестуваат текстови со содржини што се однесуваат на здравјето на мајките и грижата за децата. Во рамките на Петгодишниот план се засилуваат мерките и уредбите за заштита на мајките и децата како дел од политиките за заштита на работничките права. Пресликани во уредувачката политика на списанието овие уредби се пренесуваат во форма на известувања за новоизградените здравствени установи и центри за социјална грижа, текстови што се однесуваат на вештини за нега на децата како повивање со пелени, доење и повивање цицалчиња, совети за исхрана и за заштита на децата од болести. Овие содржини најчесто се наоѓаат под насловите „Совети за помош на нашите/младите мајки“.

Владата на ФНРЈ на 22 септември 1948 година ја донесува уредбата за основање на детски јасли и градинки во рамките на јавните претпријатија.[27] Од јануари 1948 до декември 1953 година министер за труд во сојузната влада на Југославија бил Љупчо Арсов. Авторот во „Македонка“ кој ја пренесува оваа вест пишува дека оваа уредба е донесена „за ослободување на женска работна рака која поради мајчинството досега беше спречена да го даде својот дел во исполнувањето на Петгодишниот план“.[28] Со оваа уредба задолжително е сите претпријатија, установи и организациски народни одбори да организираат јасли или

колог, Родна Никова, Нада Богданова, д-р Тодор Христов, А. Преображенски, Д. Вељковић, Рада Галева, Љ. Левкова, Нада Аџи Митреска (Митрова), д-р К. Крстиќ, д-р Кисличенко, д-р Нина Хаџиселимовиќ, Р. Ѓорѓовски, М. Феодоровскаја, А. С. Макаренко, д-р Димитар Смилев, д-р А. Џеков.

27 „Службен весник на ФНРЈ“, среда 22 септември 1948 година, број 81, година IV https://www.slvesnik.com.mk/Issues/482981BCC87046709658142A16E8CF90.pdf

28 Р. Ѓорѓовски. „Донесена е уредба за оснивање на детски јасли и детски градини“. *Македонка*, год. 5, бр. 48 (октомври 1948), стр. 10.

градинки во случај во претпријатието да има поголем број од 20 деца за одгледување, а доколку тоа не е случај, можат да се спојат две или повеќе претпријатија и да основаат заеднички јасли. Предвидено со оваа уредба е децата до тригодишна возраст да се сместуваат во детските јасли, а децата од претшколска возраст да бидат сместени во градинките. Оваа уредба зафаќа низа одговорни институции што ја носат одговорноста за нејзино спроведување.[29] Во списанието редовно се објавуваат содржини што ја објаснуваат уредбата на читателките на „Македонка", како и измените и дополнувањата на оваа уредба што ги носи Владата на ФРНЈ во 1949 и 1952 година.[30]

Веќе во 1949 година, две години од почнувањето на Петгодишниот план, во списанието наоѓаме табеларен приказ во напредокот „поставен во Уставот и конкретизиран преку законите и уредбите". Во споредба со 1939 година се бележи значително отскокнување на број на т.н. „установи за заштита на мајчинството", т.е. установи за здравствена заштита на мајки и деца. Подобрувањето на состојбата за само една деценија е фасцинантна и заслужува преглед во рамките на овој текст, каде што е направено пресликување на табелата[31]:

---

29 Во *Службен весник на ФНРЈ*, год. 4, бр. 81 (22 септември 1948), член 21 и член 22 ги опфаќа следните институции кои се задолжени за спроведување на уредбата за основање на детски јасли и градинки: „Уредбу о оснивању дечјих јасала и дечјих ВРТИЋА: Члан 21. Министар грађевина ФНРЈ, у сагласности са Министром рада ФНРЈ, Комитетом за заштиту народног здравља Владе ФНРЈ и Комитетом за школе и науку Владе ФНРЈ, донеће прописе о грађењу дечјих јасала и дечјих вртића; Члан 22. Ближе прописе о организацији и раду дечјих јасала донеће министар народног здравља народне републике у оквиру упутстава која буде »прописао Комитет за заштиту народног здравља Владе ФНРЈ. Ближе прописе о организацији* и раду дечји* вртића донеће министар просвете »народне републике у оквиру упутстава која буде прописао Комитет за школе и науку Владе ФНРЈ".

30 „Со новата уредба на сојузната влада им се овозможува на запослените жени правилно одгледување на децата". *Македонка*, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 3; „Да ги знаеме своите права" – УРЕДБА За изменувањата и дополнувањата на уредбата за заштита на трудните жени и мајките-доилки во работен (службенички) однос. *Македонка*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 15.

31 „Говорот на Маршал Тито на Третиот Конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените", год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 9. Табеларен приказ каде што се споредува состојбата со установите за здравствена заштита од 1939 година и 1949 година.

Име на установата	1939 година	Спецификација број на кревети	1949 година	Спецификација број на кревети
Детски диспанзери	40		107	
Детски советувалишта	50		373	
Детски амбуланти	72		72	
Детски болници	/		10	
Советувалишта за трудни	2		337	
Болнички и вонболнички родилишта	29	со 700 кревети	240	со 2.070 кревети
Јасли	3	со 172 кревети	147	со 1.949 кревети
Детски градини	116	со 6.845 кревети	325	со 14.999 кревети
Домови за цицалчиња и малечки деца	5	со 240 кревети	18	со 1.503 кревети
Домови за деца од 3 до 14 години	43	со 2.177 кревети	142	со 11.312 кревети
Домови за ученици во гимназија	54	со 6.229 кревети	315	со 39.040 кревети
Домови за ученици во стопанството	5	со 680 кревети	357	со 33.988 кревети
Домови за ученици во стручните школи	9	со 740 кревети	375	со 52.838 кревети

Табела 1:

Споредба на капацитети
на здравствени установи
1939 г. со 1949 г.

Во рамките на Петгодишниот план, Комитетот за заштита на народното здравје при Владата на ФНРЈ донесува решение за спроведување на широка вакцинација на младите на доброволна основа, против туберкулоза[32] со вакцина Бе-Се-Же.[33] Во двобројот 46-47 од август-септември 1948 година, „Македонка“ известува за планот на вакцинација што предвидува до 1950 година да биде вакцинирана целата младина – за што особено внимание и одговорност за успех на акцијата треба да посветат организациите на АФЖ. Статијата во детали дава опис на болеста, состојбата на болните во земјата, а потоа и објаснување за мерките од планот за справување со туберкулозата.



32 Кај народот оваа болест била позната и како сушица или офтика.

33 „Вакцината Бе-Се-Же е заштитно средство против туберкулозата“, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 22.

Акциите што ги преземаат масовните организации во планското справување со болестите и епидемиите резултираат со значително намалување на случаи на заболени лица од маларија и туберкулоза. Петгодишниот план се исполнува со изградба на здравствени станици, противтуберкулозни диспанзери, секторски здравствени станици, селски народни амбуланти и многу други здравствени установи. За спречување на маларијата, каде што АФЖ и НОМС земаат учество во работна рака пресметана во 63.617 доброволни работни дена,[34] авторката Нада Аџи Митрова известува за борбата против ларви и комарци со прскање на водени површини, копање на водени површини, резидуално прскање, прокопани канали, прочистени води и канали, затворени бари, ископана земја за затворање бари – акции детално изразени во квадратни метри сработен терен. Проценатa за ефектот од овие акции е намалено заболување од маларија за 50% во споредба од 1946 до 1948 година, што е само втора година од Петгодишниот план.

Текстот продолжува со извештај за планирана изградба на 81 капална, 100 хигиенски бунари со водопад по селата и 500 огледни хигиенски нужници, потоа градба на минерални бањи придружени со хотели со капацитет од 500 постели, потоа детски диспанзери, родилни домови, млечна диетална кујна, амбуланти и советувалишта, болнички одделенија за родилки, болнички детски одделенија, детски јасли, домови за доенчиња. Соодветно со порастот на новоизградени институции, предвидено е и зголемување на стручниот кадар. Во текстот се вели дека до крајот на 1951 година предвидено е да завршат вкупно 202 медицински сестри и 146 акушерки, кои ќе одговорат на потребата на жените родилки и во селата, не само во градските населени места, како што бил случајот пред почнувањето на Петгодишниот план. Предвидено било да се организираат и курсеви за аптекари, помошни медицински сестри, фелдшери,

34 Нада Аџи Митрова. „Народното здравје во Петгодишниот план“, год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 7-8.

заболекари, заботехничари, микроскописти, асанатори и рентгенотехничари. Авторката заклучува дека овој кадар и новоизградените институции се факторот што ќе го исполни Петгодишниот план.

Улогата на АФЖ во воведување на хигиенски практики во секоја сфера на општественото живеење, во рамките на Петгодишниот план вклучувала и акции што подразбирале унапредување на инфраструктурната канализациска мрежа, копање на септички јами и нужници[35] во селата, правилно копање бунари, акции за варосување ѕидови и слични акции што се спроведувале во селата, но и најчесто во јавните образовните и социјално-здравствените згради, како училиштата, градинките, детските и студентските домови, болниците, јаслите и др.[36]

> „Организациите на АФЖ во целата наша република би требало да бидат иницијатори за спроведување на вакви и слични акции за здравственото просветување и чистење на нашите села во прв ред оние најзостанатите.“[37]

Овие теренски акции и слични на нив, во „Македонка“ се иницирале преку прогласување на „Недела на хигиената“, „Недела на чистотата“[38], „Недела на здравствено просветување“, „Ден на здравјето“, „Конгрес на хигиеничари на ФНРЈ“, сè со цел популаризирање на акциите на АФЖ и активирање на колку што е можно поголем број жени за нивно учество во спроведувањето на целите и задачите во Петгодишниот план.[39]

---

35 *Важноста на хигиенските нужници за намалување на заразните болести*, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 16.

36 *Нашата организација после третиот конгрес на АФЖ на Југославија*, год. 7, бр. 74 (јануари 1951), стр. 4-5.

37 *Македонка*, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 6.

38 *Резултати од неделата на чистотата*, год. 5, бр. 46-47, (август-септември 1948), стр. 14.

39 А. Драгутинова. „Неделата на мајките и децата“, год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 7.

АФЖ и економијата на нега и грижа: несвесен феминизам или политичка агенда

„Со ова редакцијата на списанието апелира до сите жени од нашата Република и други читатели да го примаат списанието како свое и со свои предлози, писма, осврти и совети да учествуваат во неговото издавање“[40]

Поимањето на трудот за грижа и нега и неговата специфична родова детерминираност сè уште е тесно поврзано со женската популација, особено предодредено од фактори како класа и економско-социјална положба. Оваа традиционална родова поделба на т.н. труд од љубов (Mavrinac 2015) или невидлив труд на грижа и нега, не е препознаен како легитимен труд во структурата на трудовите политики и како таков е подложен на експлоататативни влијанија. Во голем број општества, дури и во оние што се сметаат за развиени, уредувањето на ваквите политики вешто се избегнува. Алармот за ова горечко прашање вообичаено се вклучува во периоди на криза – воена, економска, а неодамна примери за такви периоди во Европа и светот се бегалската криза и во последните две и пол години пандемијата од Ковид-19, кога потребата и побарувачката за ваквиот вид труд се зголемува, со што неговата феминизација станува очигледна.

Недостатокот на системска социјална и здравствена нега е надоместен од неплатениот женски труд. Токму тој е случајот со НОБ, но и годините потоа кога, и покрај фактот што жените ја извојуваат револуционерната политичка битка за изедначување на статусот во правна смисла, тие се веќе вклопени во трудовата експлоататативна матрица на комунистичкото општество во изградба и жените од револуционерни станува-

40 *Од редакцијата*, „До читателките на 'Македонка'“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), s.p.

ат потенцијални производни субјекти (Okić 2016) што лесно може да се посведочи и во списанието „Македонка“. Улогата на жените во НОБ е тесно поврзана со санитетската служба и герилската акција, а поголемиот дел од жените во селата ја вршат доброволната работа на продукција на материјали потребни на партизаните, како плетење чорапи и топла облека, шиење кошули и дополнително рачно перење и крпење алишта – сè во насока на помагање на војската. Голем дел од извештаите што го слават придонесот на југословенските антифашистки изобилуваат со број на продуцирани и испрани алишта што гордо ги истакнуваат. Менувајќи ја делумно формата, овој феминизиран труд продолжува да се практикува и во периодот по НОБ, овој пат насочен кон мајките и децата, особено оние останати без родители, и нивното право на образование, летување[41] и квалитетно исполнето слободно време – сè што подразбира „издигнување“ на еден социјалистички човек.

Темата за грижа и нега добива посебен академски третман денес – но и во доцниот период на Југославија, како централна тема поврзана со суштината на улогата на жените во НОБ и АФЖ заради нивна мобилизација, придонес и доброволна работа доминантно во социјалните и здравствените цели и еманципација на жените. Таквата мобилизација Гордана Стојановиќ ја објаснува во улогата на АФЖ како „економија на нега и грижа на доброволни и неплатени активности на жените во социјалистичка Југославија, преку кои овозможиле згрижување, нега и грижа за сите ранливи категории на општеството: децата во јаслите и градинките, децата без родители, учениците во интернатите и школите, старите лица, инвалидите“. Според Стојановиќ, „корпусот на доброволните активности“ таа ги нарекува економија, бидејќи мобилизацијата на жените преку организациите на АФЖ кои работеле за одржување на секојдневните потреби за нега, потоа во производство на храна, обувки и облека, придонеле за почнувањето на социјалистичката трансформација на општеството (Stojanović 2013).

41 Во списанието изобилуваат текстуални и визуелни примери за обнова и снабдување на детските летувалишта во земјата од страна на активистките на АФЖ. Типичен феномен за Југославија е градење на социјална политика, каде што секој граѓанин и граѓанка, а особено децата треба да посветат време на одмор, планински воздух и денови поминати на езерските и морските крајбрежја – важен дел за нивното здравје.

Всушност, списанието во голем обем содржи насоки и начини за градење вештини и знаења што потоа се прикажани како резултати низ примери што мотивираат и се очекува жените да ги достигнат. Со „Македонка“ тие по првпат имаат свој официјален медиум[42] преку кој можат да дознаваат за динамиките на новото време и поволностите што ги создава новото државно уредување – особено за унапредување на политиките што се однесуваат на нивното живеење и остварување на нивните работнички, репродуктивни и еманципаторски права, но и многу повеќе од тоа. Во советите на уредничките, авторките, лекарите и другите статии на списанието ги препознаваме сите вештини и практики на нашите претходнички – баби и прабаби, кои во периодот по НОБ интензивно се стекнуваат со знаења поврзани со домаќинството, прехраната, личната хигиена и хигиената во домот. Важно е да се напомене дека тие практики подразбирале одржлив принцип, најчесто природни препарати и еколошки начини на одржување на домаќинството. Изобилуваат содржини што нудат практични решенија за предизвиците на секојдневието и во ова списание жените ги дознаваат, но ја имаат можноста и да ги прашаат уредничките, кои, пак, во зависност од сериозноста на прашањето, нудат соодветен одговор од стручно лице. Примери што го илустрираат тоа се оние за справување со отпад[43], одржување хигиена[44] и здравје[45], правилен начин за приготвување зимница[46] и храна и слично.

---

42 Исто така, АФЖ почнува со емитување на радиоемисии преку Радио Скопје од 14 февруари 1945 година. Во периодот од 1 април 1952 до 25 ноември 1961 година, директорка на Радио Скопје била Веселинка Малинска. *Нашите емисии преку Радио Скопје*, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 8.

43 *Прашања и одговори*, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 15.; *Зиска во инспекција за одржување на хигиената*, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 11.

44 Д-р Кисличенко. „Медицина: Кожата – заштитник на нашиот организам“, год. 5, бр. 43 (мај 1948), стр. 14; Н. З. „Дали го држиме во чистоќа нашето дете“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 14.

45 Мирјам Попадиќ. „Како да ги запазиме малите деца од болести“, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 14; Д-р Попадиќ. „Зашто се појавуваат летните детски проливи?“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 15-16.

46 *За нашите домакинки – Како да си ја приготвиме зимницата*, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 18; *Совети за готвење и зимница*, год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 20.

Иако „Македонка“ е всушност политички и институционализиран проект, овој комуникациски аспект на списанието е од непроценлива важност во формирањето заедници на жени кои преку АФЖ или, пак, во неформалните средби на сопствена иницијатива, формирале потенцијални феминистички јадра. Еманципаторскиот досег не се ограничува само на аналфабетските курсеви за описменување (види кај Леитнер-Стојанов во овој зборник) туку и во навидум едноставните содржини што ги среќаваме во рубриките на списанието „Сакаме да знаеме“, „Совети за домакјинките“, „Прашања и одговори“, „Популарна медицина“, „Од медицината“ и слични. Политиките на секојдневието се чинат како силен мобилизирачки фактор што резултира со промени што се препознаени како значајни и истовремено за нив се известува во списанието како успешна трансформација кон социјалистичко живеење.

Примерите во списанието „Македонка“, каде што се бележат ваквите дејствувања на АФЖ и генерално на жените, ја носат суштината на списанието, каде што во вид на извештаи се пишува за постигнатите успеси – на почетокот измерени во број на сплетени чорапи, кошули, џемпери за војниците, а подоцна пренасочени кон различни еманципаторски акции, грижа за децата и подобрување на квалитетот на живот, опремување летувалишта и др. Организираните акции на АФЖ ја доусовршуваат жената-негувателка, жената која и во социјалистичкото време продолжува да биде посредник (agent) на грижа и нега, како во институционализираните установи што го нудат тоа, така и во домот. Најчесто, ова посредништво се карактеризира со доброволен неплатен труд и е родово предодредено. АФЖ организира т.н. „Популарни предавања“, меѓу другото, и од областа на медицината со стручни лекари – за надополнување на своите знаења. Во број 65 од април 1950 година пишува за „нова форма за работа во организацијата на АФЖ“, со наслов „Час за жената“ – нова тактика на „организацијата АФЖ, за да би се до-

ближила што повеќе до заостанатата жена од малцинствата, за примени до неа достапната и барана форма – седенка“.[47]

Оваа форма на дејствување на АФЖ веќе се доближува до работата на женските организации што продолжуваат да егзистираат и по неговото формално укинување во 1953 година. Се напушта вообичаеното читање реферати и предавања за кои активистките на АФЖ забележале дека настојувањето за политички теми што истакнуваат идеолошки и теориски карактер на општествениот контекст (види повеќе кај Хаџиевска во овој зборник) не комуницира со сите жени еднакво и не го постигнува посакуваниот ефект. Оваа форма на учесничките им нудела директно поставување прашања и добивање одговор и советување за проблемите на жените. Биле селектирани „лекторки од Градскиот одбор на АФЖ“, кои ги модерирале сесиите и заинтересираните учеснички учеле за тоа како да укажат прва помош, кои се успешни педагошки мерки за развивање на талентите кај децата и разни вештини потребни за одржување на домаќинството.

Во последните три-четири години од печатењето на списанието „Македонка“, се забележува тенденција на зацврстување на улогата на мајка и воспитувачка, полека напуштајќи го наративот на борбената и политички активна жена во општеството. По сè изгледа дека се повторува случајот како со Болшевичката револуција, која низ економскиот развој целосно го занемарува проблемот со опресијата врз жените, што според Илај Заретски е психолошкото наследство на машката супериорност, која е предизвикана со влегувањето на жените во индустријата, додека зајакнувањето на семејството охрабрува враќање на традиционалните патријархални идеали, како што е воздигнување на мајчинството (Rich 1986, 122).

47 *Час за жената – Нова форма на работа во орѓанизацијата на АФЖ*, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 12-13.

Новото социјалистичко мајчинство во ФНРЈ

„...мајки – кои се темел на фамилијата, еден од најважните ослонци на државата и симбол на правда и љубов“

Управник на родилниот дом и советувалиштето за жени, д-р Марјановиќ-Убавиќ – гинеколог[48]

ФНР Југославија во голема мера го пресликува советскиот наратив за мајчинството, семејството и воспитувањето како многу важен аспект на социјалистичката заедница. Во списанието се пишуваат неколку репортажи од Советскиот Сојуз, каде што има примери за „мајката-херој“. Многудетното семејство било поттикнувано со разни мерки. Во тој контекст постоела заслугата „Орден на мајчинство“, која се доделувала на советските мајки кои ќе родат над пет-шест деца.[49] Еден пример во рубриката „Од Советскиот Сојуз“ е објавен за случајот со семејството Булатови, кое, и покрај несреќата со смртта на т.н. „кормилар“ на семејството Павле Булатов – работник од мало претпријатие во Вјатската област, неговата сопруга Марија останала сама со нивните 12 деца. Во текстот се истакнува предноста на многудетната фамилија во Советскиот Сојуз како единствена земја во која никој не е заборавен и каде што децата на Марија стануваат лекари, инженери, педагози и научни работници, благодарејќи на својата татковина.[50] ФНРЈ го препознава мајчинството како неоткинлив дел од општествениот придонес на жените кои придонесуваат не само преку нивното еднакво вклучување во јавната сфера туку и со нивната репродуктивна способност. Согласно на тоа, државата овозможувала соодветни мерки за добросостојбата на мајките и децата (Bonfiglioli 2012).

48 Д-р Марјановиќ-Убавиќ, „Значение и цел на родилниот дом и советувалиштето за жени“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 19.

49 Д-р Грозда Симитчиева. „За здравјето на родилките и новородените“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 26.

50 М. Железнова. „Судбината на семејството Булатови“, год. 5, бр. 43 (мај 1948), стр. 13.

Идејата за државно финансирање на „мајчинско осигурување“ по првпат е промовирана од германската феминистка и социјалистка Лили Браун (1865 – 1916) уште во 1897 година (Ghodsee 2018), која го застапувала платеното породилно отсуство пред и по породувањето на жените работнички и зачувување на нивното работно место. По првпат во Македонија вакви политики се воведуваат во рамките на ФНРЈ уредени во првиот Устав на Народна Република Македонија во декември 1946 година, а подоцна и со неколкукратни уредби и закони донесени од страна на Владата во периодот 1947-1952, кои предвидувале „грижа за мајките и децата“, „заштита на запослените трудни жени и мајки – доилки“ и „основање на детски јасли и детски градини“.

> „Во уставот со специјални одредби се загарантирани равноправноста на жените со мажот, на начелото за еднаква работа, еднаква и плата. Специјална заштита по Уставот уживаат жената – мајка и детето, за да и се овозможи да ја ползуе нејзината равноправност. Овие права жените ги уживаат веќе и тие со Уставот се само озаконени. Затоа ние жените со уште поголеми усилија ќе го спроведуеме Уставот правилно во животот.“[51]

Уредничкиот потфат во „Македонка“ упатува особено внимание на содржини од информативен, еманципирачки и воспитувачки карактер на теми поврзани со мајчинството, неговите предизвици и придобивки најчесто со предзнак за новото социјалистичко обновување на земјата. Преку текстуалните примери се сведочи градењето на нова култура на мајчинство.[52] Репродукцијата зазема централно место во процесот на „обнова и изградња“ на земјата каде што е очекувано жените солидарно да учествуваат. Доколку го земеме предвид детство-

51 Нада Богданова. „Донесен е Уставот на Народна Република Македонија“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947) стр. 4.

52 Во оригиналниот извор станува збор за концептот „култура на родителствување“. Во овој текст, каде што како главен извор на анализа се јавува списанието „Македонка“, концептот е посоодветно да се аплицира како „култура на мајчинство“, земајќи го предвид родовото исклучување на мажите во улога на воспитувачи и негователи на своите деца во текстуалните примери.

то како поим на општествена конструкција (Hays 1986) од која произлегуваат нормите за соодветно мајчинство, во овој период во Југославија, особено преку печатот, идејата за грижата и воспитувањето на децата е присутна како никогаш претходно, потоа се инсистира на претпоставката дека има дефицит, т.е. недостаток од потребна мајчинска грижа.

Начинот на размислување го носи со себе развојот на повеќе или помалку експлицитни правила за мајчинство и развојот на „културни упатства" што го формираат идентитетот и идентитетските обрасци – мајки и татковци. Мајката треба да претставува пример за морална доблесност. Следејќи ги овие практики, би заклучиле дека ова е клучниот период кога во Југославија се создава „култура на родителство" или можеби посоодветно „култура на мајчинство" (Lee 2014). Она што е својствено за создавање на ваквата култура на мајчинство е т.н. институционализирано мајчинство (Rich 1986), кое наградува или казнува, а во случајот на „Македонка" најчесто во форма на морализирање за несоодветното и несовесно одгледување на своите деца, а понекогаш и директна осуда на мајките за големата смртност на доенчиња – за што пишува погоре во текстот.

Развојот на култура на мајчинство во т.н. период на изградба на социјалистичкото општество се гради имајќи ги децата во фокусот или како центар на таа развојна култура. Очекувано е „новите" родители веќе да не учат од своите предци, туку да учат нова култура или т.н. социјализација во обратна насока[53] што е типична за феноменот на „интензивното мајчинство". Хејс ова го објаснува како културна форма во која возрасните – мајките особено – е очекувано да се водат според потребите на детето, на оној начин на кој експертите го посочуваат тоа. Во случајот со „Македонка" тоа се статиите во авторство на лекари или, пак, руски педагози кои со детална прецизност ги објаснуваат правилните начини на одгледување на децата, правилен начин на повивање на бебето, доење, хранење и најважното –

53 Socialisation in reverse.

воспитување во социјалистичкиот дух. Според Хејс, нормите за тоа какво треба да биде мајчинството го сочинуваат три главни карактеристики: интензивен труд на мајката околу детето, очекувањето дека мајките во оваа улога се емотивно наградени и финансискиот товар[54].

Интензивирањето на здравствените политики во рамките на петгодишниот план за обнова доаѓа со посебен пакет мерки што се насочени кон добросостојбата на мајките и децата. Една мерка што оди во насока на мотивирање на семејствата да ја зголемат репродуктивноста и да основаат многудетни семејства е објавена во број 65 од април 1950 година, во авторство на Александар Христов.[55] Постојан месечен износ на име детски додаток се исплатувал во износ од 500 динари за секое дете доколку родителите имале девет деца. Во случај да имаат шест до осум деца изнесува 350 динари од дете. Вонбрачните деца биле наполно изедначени со брачните. Уредбата предвидувала и еднократна парична помош за семејства со повеќе деца и таа се движела од 3.000 до 9.000 динари. Бремените жени добивале продукти по петтиот месец во бременоста, и тоа 500 грама маст, килограм шеќер и др.

Фасцинантен е интензитетот со кој се отвораат нови институции и се воведуваат политиките за заштита на мајките и децата. Социјалната политика ги опфаќала сите можни детали во заштитата на децата, па така се отвориле и установи што биле посебно посветени на исхраната на децата, односно доенчињата, наречени диететски млечни кујни. Овие установи не само што обезбедувале стручно приготвена храна за бебињата туку функционирале и како едукативни центри, каде што мла-

54 На задната корица во *Македонка*, год. 5, бр. 59 (октомври 1949), s. p., објавена е реклама за штедна книшка со наслов: „Мајки! Обезбедете му поарна иднина на вашето дете!“, каде што понатаму пишува: „На децата им се потребни разни реквизити за спорт, книги, облекло, музички инструменти и друго. Ова ќе му овозможите ако уште сега му отворите ШТЕДНА КНИШКА (*sic!*) при Народната банка и редовно вложувате макар и најмали суми“.

55 Александар Христов. „Заштита на мајката и детето во нашето социјалистичко законодавство“, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 8-9.

дите мајки можат да научат како самите да приготвуваат квалитетна храна за нивните деца.[56]

Другата специфична установа што е основана заедно со диететската кујна е магацин за позајмување на потребни работи за родилки и деца, кој овозможувал користење пелени, кошулки, бенкици (секако, од првокласен материјал) и средства за хигиена, како кадички за капење, креветчиња за спиење, колички за изнесување на децата на воздух итн. Магацинот функционирал на принцип на користење на сите овие потребни материјали во одгледувањето на бебињата и враќање назад по употребата. Материјалите се јавно добро („заедничката своина“) и се напоменува нивното внимателно чување и одржување, за да можат да се користат понатаму.

Оние мерки или, пак, можности што биле насочени повеќе кон здравјето на мајките најпрвин ги сведочиме преку можноста за достоинствено породување на бремените жени. Целта на здравствено-социјалните политики била да се намалат или, пак, сосема да се прекинат породувањата во приватните домови, а државата на тоа одговара со отворање на доволен број родилишта. За да се истакне фактот дека никој не бил исклучен од овие политики, во „Македонка“ се објавува статија за отворање на нов градски родилен дом, првенствено за родилки од националните малцинства.[57] Во богатата репортажа, управителката-акушерка Милка Петрова пренесува детали за успесите и предизвиците во водењето на една ваква важна установа. Авторката Кацаволу[58] забележува: „Децата се век’е нахранети и во јаслите по две во една прегратка си спијат. Тие се еднакви и различни“, сугерирајќи на општество во кое граѓаните се еднакви.

---

56 Мирјам Попадиќ. „Две нови установи за заштита на децата во Скопје“, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 16.

57 Н. Кацаволу. „Тие се радостни, среќни...“, год. 6, бр. 67 (јуни 1950), стр. 5 и 7.

58 Моја претпоставка е дека е жена затоа што влегува во родилен дом, каде што на родилките не им пречи присуство на новинарка.



Во еден од попречните сокаци што ја сече правата улица "Стив Наумов", во нова, убава зграда сместен е Градаскиот родилен дом, отворен минатата година првенствено за родилки од националните малцинства.

Тие се радостни, срек'ни...

Пораката насочена кон добросостојбата на мајките и нивното здравје е присутна и во спортските содржини во списанието што поттикнуваат занимавање со фискултура како нега што мајките треба да ја имаат за своето здравје со цел да родат здрави деца:

> „Спортот е неопходен за секоја жена. Должност на секоја мајка да го негуе своето здравље, да ги развива своите способности за да би родила здрави деца. Да би во иднина имале душевно и телесно здрави жени нужно е мајките кои имат женски деца

да ги навикнет уште од малечки да се баваат со фискултура, а не да им забрануат, како што има случаи каде нас“.[59]

„Македонка“ е навистина податлив извор што опфаќа многу аспекти на мајчинството, кои не е возможно да се произнесат во дадениот формат. Овој дел од текстот би го затвориле со цитатот со кој го отворивме, објавен во број 10-11 од август-септември 1945 година. Гинекологот-акушер д-р Марјановиќ-Убавиќ, автор на текстот, длабоко навлегува во идеолошкиот аспект на мајчинството, давајќи низа примери за симболот на мајката во семејството, нејзината улога во општеството и неговата обнова. Авторот го истакнува отворањето на родилиштата како „израз на народната волја – глас на слободата и демократијата (...) Цел на здравствената и социјална заштита на жената која ќе постане мајка... која ќе донесе дете на свет... створење, здраво и способно за изградување на новото друштво“.[60]

59 Р. Галева. „Фискултурата и нашата жена“, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 5.

60 Д-р Марјановиќ-Убавиќ. „Значение и цел на родилниот дом и советувалиштето за жени“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 19.

Заклучок

Списанието „Македонка“ ни открива многу за социјалниот и политичкиот контекст во кој се „изградувала новата социјалистичка жена“. Темите посветени на здравството и социјалната заштита, застапени во речиси сите броеви на списанието, овозможуваат читање на здравствените политики во рамките на ФНРЈ од родова перспектива, со што се откриваат детали за активирањето на жените во јавниот живот преку спроведување на целите и задачите на АФЖ. Здравствените политики значително го унапредиле здравјето на жените и нивната добросостојба токму во оваа нецела деценија кога Македонија го има првиот женски печатен медиум. Користејќи го списанието „Македонка“ како главен извор за дејствата на АФЖ во поглед на еманципацијата и здравството, овој текст ја застапува тезата дека политичкото будење на жените и нивното стекнување на политички права придонесува кон подобрување на здравствената добросостојба и јавното здравје.


Сепак, нееднаквоста помеѓу родовите не била препозната како проблем што треба посебно да се решава и понатаму. Идејата за феминизмот и „женскиот феминистички покрет што бара решение на женското прашање во рамките на буржоаскиот систем“ се отфрлува и како решение за рамноправноста на жените се смета „патот на револуционерната борба против класниот систем“.[61] Агендата на АФЖ останала да се спроведува преку унапредување на репродуктивните здравствени политики и работничките права и услови за работа. Ваквиот пристап го оневозможил напредокот на жените на клучни политички и општествени позиции, особено во периодот од десетина години по згаснувањето на АФЖ во 1953 година. Меѓутоа, иако фактичката состојба е далеку од посакуваната родова еднаквост, и тоа и мно-

61 Нада Богданова. „Положбата на жените во стара Југославија“. *Македонка*, год. 5, бр. 51 (1949), стр. 6.

гу години по 1946 година, оваа политичко-правна промена е темел на денешното – во најмала рака декларативно, признание за освоената битка на жените, земајќи ја предвид состојбата во „стара Југославија“ како што забележува и една од авторките на „Македонка“ – Нада Богданова.[62]

Зборниковиот формат и ограниченоста на овој текст во однос на должината не овозможуваат целосен детален преглед на темата за здравството и социјалната грижа и нега како социјалистичка политика што се агитира преку списанието „Македонка“. Ова списание претставува интересен и важен извор за хуманистичко-општествена артикулација и нуди специфичен поглед на времето и контекстот во овој период од Југославија. Текстот е обид за отворање на оваа архива и иницијално запознавање на читател(к)ите со оваа периодика, конкретно за темата што ја обработува. Иницирање на понатамошна работа, отворање прашања и понатамошни толкувања што овој извор потенцијално ги чува, како и понатамошна консултација со други архивски извори што би ги поткрепувале наодите во ова списание, е полето на работа што треба да го отвори овој текст.

62 Исто.


Malegonla



Дарко Леитнер-Стојанов

ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ

Писменоста и просветата во списанието „Македонка“ (1944–1952): Меѓу родова еманципација и политичка мобилизација

Вовед

„Мамо, Тито сака учени луѓе, писмени, да работаме ама да ни е светло пред очите“[1] – ѝ се обраќа на 30-годишната Борика нејзиниот малечок син за време на посетата на екипата на „Македонка“ во Штип, во зимата 1947 година. Реченицата е одраз како на разговорот во интимната атмосфера во домот на Борика, односно на новинарскиот наратив, така и на општиот дискурс во списанието. Формулацијата на цитираната реченица, припишана на детето, е секако интересна и повеќе нејзини елементи бараат одговори: како е направен изборот на зборови, зошто и во кој контекст е споменат Тито, во која мерка се истоветни или слични споменатите придавки („учени“/„писмени“), зошто светлото е употребено како метафора, дали зборовите се на детето или на авторката на текстот? Во целина, списанието „Македонка“ изобилува со десетици текстови посветени на писменоста и просветата во повоена социјалистичка Македонија. Практично, до пред крајот на списанието во 1952 година, речиси да не постои број што не содржи барем неколку текста што директно или индиректно се занимаваат со споменатата тематика.

1 Ксенија Гавриш, „’Бев неука жена, но се трудев и сега сум писмена. Ке учам и понатаму, а и на другите ке им помогнам‘, вели Борика Манаскова од Штип“, *Македонка*, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 5.

Во овој случај, називот *̄просве̄та* го користиме во врска со текстовите во „Македонка“ што се занимаваат со процесот на описменување на возрасните, со наставниот процес во училиштата, со политичките одлуки и активности во полето на образованието, со искуствата од теренската работа, со текстови со научно-популарна содржина, со конкурси за упис во средни училишта и сл. Притоа, според функцијата, меѓу овие текстови разликуваме барем три главни типа: а. (условно кажано) програмски, б. известителни, и в. сугестивно-мотивирачки. Првите се најчесто обемни текстови преку кои се пренесуваат политички насоки за дејствување од врвот на партијата/државата, неретко содржат делови од реферати и говори од политичката елита и тие се често напишани од водечките лица на АФЖ за Македонија и се сместени на првата страница. Вторите се кратки или долги репортажи за настани од образовен карактер во Македонија (а, понекогаш и во Југославија), кои често ги пренесуваат искуствата од теренската работа на активистките на АФЖ или, пак, содржат квантитативни и квалитативни податоци за текот на образовните процеси. Третите се текстови што често споделуваат лични приказни и се полни со емоции, содржат голема доза сугестивност и понекогаш не е јасно во која мера содржат интервенции од редакцијата. Настрана од овие, се среќаваат и други типови на текстови, а често текстуалната содржина е дополнета и со визуелна содржина, т.е. со фотографии од настани со образовен карактер.

Написите што се занимаваат со просвета, впрочем како и речиси сите други, најчесто се напишани од активистки на АФЖ Македонија, меѓу кои и водачките на организацијата, а неретко и од други лица поврзани со КПМ. Меѓу редовните авторки и автори ги среќаваме: Нада Ачкоска, Ленче Арсова, Деса Миљовска, Вера Николова, Васка Дуганова, Кефсер Шукри, Киро Хаџи Василев и Лилјана Чаловска.

„Македонка“ излегува во мошне специфичен историски момент во Македонија. Се појавува во завршната фаза на Вто-

рата светска војна и излегува уште неколку години во едно постконфликтно општество, кое е во тек на изградба и во тек на радикална трансформација. Меѓу другото, тоа е време кога е донесена македонската азбука, кога излегуваат првите големи весници на македонски јазик, кога се организира настава на македонски јазик, кога се формираат низа образовни и научни институции што стануваат дел од темелите на современата македонска култура и државност.

Целта на овој текст е преку содржинска и дискурзивна анализа, во корелација со историскиот контекст, да одговори на две прашања: а. На кој начин „Македонка“ известува за просветните процеси во Македонија, и б. На кој начин „Македонка“ придонесува за нивниот развој? Значи, пристапот е двоен: од една страна стои „Македонка“ како набљудувач на општествените процеси, а од друга страна е „Македонка“ како нивни активен чинител. Над овие широки прашања, се наметнува и се отвора дискусија за една поконкретна дилема – каков е соодносот меѓу просветното и политичкото, односно меѓу концептите за еманципација и мобилизација?

1. „Македонка“ известува за просветните настани и процеси

Нарацијата за просветата низ страниците на „Македонка“ е тесно поврзана со неколку клучни поими, меѓу кои ги истакнуваме *еманципација* и *слобода*. За тоа сведочи и првата реченица во првиот број на списанието: „Македонската жена, како и жената на останалите народи на Југославија денес е полноправна граѓанка во нашата татковина демократска и федеративна Југославија. Тоа значи да она има право на еднакво учество во целокупниот државен, привреден, друштвен и културен жи-

вот“.[2] Идејата за еманципација на жените во Македонија, што е тука јасно искажана, останува да зрачи како водечки дискурс на списанието до крајот на неговото постоење. И, како што ќе видиме, редакцијата на „Македонка“ редовно посочува дека родовата еманципација, со сите нејзини аспекти (политички, економски, социјален, културен итн.) е директно зависна од просветата, односно од описменувањето и образувањето на жените. Оттука и клучното место што просветата го зазема во списанието.

Настани и процеси

Од почетокот, редакцијата на „Македонка“ вложува сериозни напори да ја држи својата растечка публика во тек со образовните процеси во земјата, преку редовни известувања за решенија, настани, курсеви, конкурси и искуства. Истовремено, нуди и рубрики за популарна наука, како и за практични совети за домаќинството и секојдневниот живот (за оваа тема види кај Коцевска во овој зборник).

Веќе во ноември 1944 година, првиот број на списанието известува за **наставата во училиштата**, односно за почетокот на новата учебна година во Македонија. Во еден долг текст, со малку вести, но со многубројни објаснувања на целите и карактерот на новото „народно“ училиште, Н. Ачкоска[3] им со-



2 Веселинка Малинска, „Нашиот пат“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 1.

3 Нада П. Ачкоска (р. 1913 во Прилеп), пред војната била студентка во Белград, а за време на војната работела во воспитна група во Битола и, воедно, по налог на МК на КПМ, формирала групи на приврзаници и давала логистичка помош на отпорот. Во 1944 година се приклучила на 7. Македонска бригада, сè до

општува на читателките дека во ослободените области (Крушевско, Велешко, Прилепско, Кавадаречко итн.) училиштата почнуваат со работа и дека имаат потреба од логистичка и материјална помош.[4] Неколку месеци подоцна, истата авторка пишува обемен текст за завршувањето на учебната година, каде што ги сумира постигнатите резултати на следниот начин:

> „Младината која по време на робството бараше повеке вистина и справедливост во училиштето собрана во својата антифашиска организација, ги вложи сите свои сили за да го надокнади изгубеното, да го прошири и продолбочи своето знание, трудејќи се истовремено да помогне на државата и на народното училиште во неговата воспитна и образователна работа. Таја младина со готовност се одзва на сите акции и со голема љубов ги изврши сите задачи кои се поставуеја пред неја. Таја го даде својот дел во обновуењето на земјата со работни дни: пошумуење, расчистуење на пруги, затрпуење на трапови и со културно просветна работа. Резултат на таја културно просветна работа се приредбите и вокалните концерти како и зидните весници, конференции и разни предаваньа одржани на војската".[5]

Од друга страна, авторката посочува и на некои проблеми и предизвици – материјални (недостаток на учебници, учители, згради, опрема и сл.), но и нематеријални. Имено, се дошло до заклучок дека дел од младината не ја разбрале целта на слободата и новото училиште, станале пречка во наставниот процес и создавале недоверба меѓу учениците и учителите, во смисла на непочитување на наставниците, уривање на нивниот авторитет, појавување недисциплина, бегање од училиште и сл. А, имало и учители кои не знаеле да се приспособат на учениците.[6] По овие констатации, следуваат упатства за надминување на проблемите

октомври истата година, кога пристапила кон Главниот штаб во с. Горно Врановци, како членка на Иницијативниот одбор на АФЖ Македонија и на списанието „Македонка". По војната, кратко време била директорка на гимназијата „Јосип Броз-Тито" во Скопје (1945/1946). За нејзиниот живот види кај Весковиќ-Вангели и Јовановиќ 1976, 986.

4 Нада Ачкоска, „Новата училишна година во слободна Македонија", год. 1, бр. 1 (ноември 1944), 21.

5 Нада Ачкоска, „Првата училишна година во слободна Македонија сврши", год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 17-18.

6 Исто.

и развивање на наставата. Треба да се спомене и тоа дека уште во првиот број на „Македонка“ се најавени низа аналфабетски курсеви за описменување на возрасните и веќе во следниот број следуваат известувања за работата на првите курсеви во неколку битолски села и во Куманово, додека во Скопје се прават списоци за идни учесници.[7] Во истиот број се најавени и курсеви за стручно оспособување на жените, така што во следниот двоброј за јануари и февруари 1945 година, читаме известувања за отворањето на првите стручни курсеви (стенографски и дактилографски курс во Штип, курс по руски јазик во Скопје).[8] Овие известувања за одржани аналфабетски и стручни курсеви ќе станат константа во страниците на „Македонка“ низ годините.[9] Настрана од курсевите, повремено има известувања и за настани од посебна важност за културно-просветниот живот, како што е донесувањето на македонската азбука на трети мај 1945 година, донесувањето на Законот за

7 *Главна Конференција на Антифашискиот Фронт на Жените од Македонија*, год. 2, бр. 2 (декември 1944), стр. 9-13. Списанието ги презема овие податоци од областните извештаи прочитани на конференцијата на АФЖ (одржана на 14-15 декември 1944 година во Скопје).

8 („*“), год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 7 и 17 („Неколку слики од активноста на нашите жени“).

9 Аналфабетски курсеви (преглед) – *Македонка* 3-4/1945, 17 (Радовишко); 5-6/1945, 14 (Ресенско, Прилепско, Битолско, Кавадаречко, Дебарско) и 15 (Скопје); 7/1945, 5 (Скопје); 10-11/1945, 17 (Мариовско); 15-16/1946, 5 (Штип) и 6 (Тетово); 17-18/1946, 4 (Кавадаречко), 7 (Берово) и 9 (Скопје, Прилеп); 19/1946, 5 (Скопје); 20/1946, 3 (Кичевско) и 4 (Скопје, Куманово, Крушевско); 25/1946, 6 (Битолско); 26/1946, 4 (Кичево и Демирхисарско); 27/1947, 10 (Куманово), 11 (Скопје) и 13 (Гостивар, Кичево, Кратово); 28/1947, 8-9 (Струмичко, Скопско, Гостивар, Тетово, Св. Николе, Козјак); 29/1947, 7 (Струмичко, Охрид, Гостивар, Скопје, Тетовско, Пехчево); 35/1947, 12 (Тетово); 42/1948, 3 (Битолско) и 9 (Кичево); 51/1949, 9 (Штипско, Кавадаречко, Гостиварско); 53-54/1949, 9 (Прилеп); 62/1950, 8-9 (Струшко, Скопско, Радовишко и Бродско); 63/1950, 9 (Ресенско); 64/1950, 7 (с. Бабино и с. Кременица); 65/1950, 13 (Тетово и Сингелиќ), и б. Стручни курсеви (преглед) – *Македонка* 8-9/1945, 11 (курсеви за радиотелеграфисти, телефонисти, раководители во трговска служба, организирани од Дирекцијата на државната железница во Скопје); 10-11/1945, 16 (шивачки курс во с. Живојно); 12-13/1945, 16 (шивачки курсеви во Скопје и Прилеп); 14/1945, 21 (курс за воспитувачки); 17-18/1946, 4 и 7 (шивачки курсеви во Кавадарци, Прилеп и Скопје) и 9 (курс за бабици во Скопје); 20/1946, 4 (шивачки курс во Тетово); 23/1946, 15 (шивачки курсеви во Скопје); 28/1947, 8-9 (шивачки курсеви во Дебар, Тетово и Скопје); 33-34/1947, 8 (шивачки курс во Прилеп); 35/1947, 12 (шивачки курсеви во Тетово); 36-37/1947, 4-5 (шивачки курс во Т. Велес); 38/1947, 12 (курс за раководителки на домаќинско-просветни курсеви); 42/1948, 9 (здравствен курс во Куманово); 52/1949, 15 (педагошки курс за мајки); 62/1950, 10 (домаќинско-просветен курс во с. Вевчани); 63/1950, 4 (домаќинско-просветни курсеви во Охридско).

основање на Универзитетот во Скопје, како и воведувањето на задолжително седумгодишно образование, односно подоцна и за задолжително осумгодишно образование.[10] И додека кратките известувања за овие просветни настани се среќаваат уште од првиот број, веќе по неколку месеци (во број 5-6 од март-април 1945 година) почнуваат да се појавуваат и подолги репортажи од посетени настани, курсеви и училишна настава, каде што се пренесуваат активностите, атмосферата, изјави од учесниците, фотографии и сл.[11] Во исто време се воведува и еден вид на научно-просветна страница, која под разни називи и со мали паузи ќе опстојува до крајот на списанието и ќе известува за научен развој во светот.[12] Во нив најчесто се среќаваат текстови од советски и од македонски автори и публикации.

10 Известување во текст од Блаже Конески (Блажо Конески, „Првите славјански просветители“, год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 4.), кој ја нагласува важноста на тој чин за развојот на македонското образование и култура: „Нашата книга ке добие еден установен, стегнат, македонски вид. Работата во нашите училишта ке може да се разгрануе правилно“. Решението за македонската азбука донесено од Владата на НРМ било објавено на 5 мај 1945 година во весникот „Нова Македонија“. За основањето на универзитетот и за реформите во основното образование (задолжителните „седмолетка“ и „осмолетка“), види: Ката Лахтова, „Пред изборите за народното собрание и на Народна република Македонија“, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 18-19; и Благој Кондарко, „Досегашните седмолетки ги заменија осмолетките“, год. 6, бр. 73 (декември 1950), стр. 7.

11 Репортажи (преглед) – *Македонка* 5-6/1945, 15 („На курсот за неписмени во II Реон“); 8-9/1945, 15 (од посетата на турското женско домаќинско училиште); 20/1946, 7 („Тие се први ученички во средно-техничкото училиште“); 24/1946, 8-9 („Акушерското училиште во Скопје“) и 14 („Тие градат за своите деца“, репортажа за изградбата на гимназијата во Крива Паланка); 32/1947, 7 („Од животот во школото за народни учители“); 68/1950, 4 („Ружица Главиниќ, научен соработник“; 74/1951, 10-11 („Нешто и за нив...“, репортажа за факултетите и студентите во Скопје).

12 Научно-просветна рубрика (преглед) – *Македонка* 5-6/1945, 27 („Што е тоа вселена?“); 7/1945, 14-15 („Солнце, земја и месечина“); 8-9/1945, 27-28 („Како се појавил животот на земјата“); 10-11/1945, 23-24 („Потекло на човекот“, од М. Плисецкиј во продолженија, дел 1); 12-13/1945, 23-24 („Потекло на човекот“, дел 2); 14/1945, 20 („Потекло на човекот“, дел 3); 15-16/1946, 14 („Потекло на човекот“, дел 4); 17-18/1946, 27 („Потекло на човекот“, дел 5); 19/1946, 19 („Потекло на човекот“, дел 6); 21-22/1946, 21 („Наука и празноверие“); 25/1946, 14 („Пегавиот тифус“, „Шарлах и дифтерија“); 26/1946, 13 („Дожд, град и снег“); 69/1950, 15 („Што е сон?“); 73/1950, 16 („Што се радио бранови?“); 74/1951, 13-14 („За настанокот на железницата“); 76/1951, 13 („Како е постанал човекот“); 80/1951, 10-11 („Како научил човекот да зборува“).

Доминантни теми

Погорепосочените образовни процеси и настани, кои се мошне разновидни по својот карактер, а за кои известува „Македонка“ и се од интерес за просветата во повоена Македонија, можат да се подредат во следниве пет доминантни теми: а. описменување на возрасните (или „борба против неписменоста“), б. стручно оспособување, в. задржување на децата во училиштата, г. развивање свест кај родителите за важноста на образовниот процес, и д. грижа за подмладокот. Овие водечки и суштествени теми честопати се презентирани во рамките на поширокиот општествен контекст и тековните политички развои во државата, како во републиката, така и во федерацијата. Така, во февруари 1947 година, Лилјана Чаловска ја претставува пред читателската публика новата државна стратегија за обнова и развој, т.е. Петгодишниот план, и објаснува поконкретно на кој начин активностите во полето на просветата ќе се одвиваат во следниот период. Таа истакнува дека:

> „Истовремено со такви коренски мерки во нашето стопанство за материјалното обогатуење на нашиот народ, народната власт предвидуе огромни инвестиции (влагање парични средства) за подигање на општокултурното ниво на нашиот народ. Оваа година треба да почнат градежите на огромните зданија на нашиот прв македонски универзитет во Скопје; ке се градат и низа нови школи особено средни и стручни: учителска, земјоделски, занаетчиски итн. Во рамките на нашиот план влегуе и борбата против неписменоста кај народот, за создавање што повеќе стручни кадрови од народот“.[13]

Овој нов развој и придружниот дискурс понатаму влијаат на начинот на известување за просветата низ страниците на „Македонка“, при што Петгодишниот план станува редовна објаснувачка рамка.[14]


13 *Планското стопанство и нашите задачи*, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 1

14 Наскоро е пренесен говорот на Тито во врска со Петгодишниот план и (меѓу другото) важноста на стручното усовршување, т.е. изградбата на стручен кадар, за обновата на земјата (год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 4). Малку подоцна следува и говорот на Лазо Колишевски во врска со Законот за Петгодишниот план

Меѓу четирите доминантни теми, квантитативно најзастапена е темата за описменување на возрасните (со посебен фокус кон описменувањето на жените). Иако текстови со оваа тематика се појавуваат уште во првите броеви на „Македонка“, сепак поударни наслови и слогани почнуваат да се јавуваат од пролетта 1945 година, со текстот „За премахнуење на неписменоста кај жените“ од Нада Ачкоска.[15] Оттогаш, и во следните неколку години, насловите на текстовите всушност се и повици за акција – на пример, „Да се натпреваруеме во премахнуењето на неписменоста – до сите одбори на АФЖ во Македонија“ (год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 15); „Така се бори против неписменоста“ (год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 17); „Во борба против неписменоста“ (год. 2, бр. 14 (декември 1945), 16); „За организована и планска борба против неписменоста“ (год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 6); „Да се приготвиме за новата кампања против неписменоста“ (год. 3, бр. 23 (септември 1946), 7); „Неделата на борба против неписменоста“ (год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 4); „Вистинска равноправност – значи преди се премавнуење на неписменоста“ (год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 1); „Да продолжиме со описменуење на неписмените“ (год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 16); „Организациите на АФЖ формират бригади, кои што к’е помогнат за сузбивање на неписменоста“ (год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947), стр. 6); „Во борба против создавање на нови неписмени!“ (год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 5); „Да е засилиме борбата против неписменоста“ (исто, 6).

за развој на Н. Р. Македонија (год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 1-3), кој вели дека планот предвидува, меѓу другото „...ликвидирање на неписменост и создавање на бројни квалифицирани нижи, средни и виши стручни кадрови, како и мрежа научни и културно-просветни институти, кое што од своја страна ке даде силен поттик за брзиот развој на нашата национална култура“, а на темата за културно-просветен развој и придава огромно значење, слично на индустријализацијата и електрификацијата. Илустративен е и текстот на Киро Хаџи Василев од септември 1947 година (Киро Хаџи Василев, „Ликвидација на неписменоста – една од најважните задачи во Петгодишниот план: Во школската 1947/48 год. во Македонија треба да се описменат 80.000 лугје и жени“, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 3-4).

15 Нада Ачкоска, „За премахнуење на неписменоста кај жените“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 14.



Во рамките на тематиката на описменување на возрасните, односно „борбата против неписменоста“, посебно внимание е посветено на прашањата за описменувањето на жените од село и на муслиманските жени, проценети како категории население со највисока стапка на неписменост и воедно со најслаба пристапност, и тоа поради повеќе фактори, меѓу кои и патријархалните вредности и земјоделскиот распоред на работа. Списанието става акцент на напорите да се описменат овие жени и во таа насока дава многубројни репортажи од теренската работа, лични искуства од описменети жени, како и конкретни совети за развивање на покреативни и поефективни решенија. Особено се истакнува текстот на Кефсер Шукри уште во првиот број на „Македонка“,[16] каде што преку асоцијација на идеите за слобода, еманципација и образование, се укажува на новото време во кое жените-муслиманки ќе имаат можност да се образоваат и да се еманципираат со цел да станат слободни и рамноправни граѓанки. Во мај 1947 година, се истакнува примерот на учителката Умаша Шабан од Скопје, која доброволно се јавила да води аналфабетски курсеви и да врши агитација за описменување.[17] Во руралниот контекст, пак, во својот говор во Офицерскиот дом во Скопје во рамките на осмомартовските прослави во 1945 година, селанката Звезда Николова ќе каже: „Говорат некои за нас да сме глупави, да не

16 *Македонската муслиманка се разбудуе*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 20.

17 *Раководителка на курсот за жените Муслиманки,* год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 16.

разбираме ништо. А ја пак прашам: кој не научил да знаеме и да разбираме? Ние прогледавме низ оваа борба“.[18]

Известувањата за кампањата за описменување ги следат акциите на теренот во текот на целото време и ги одразуваат крупните промени. Така, по речиси две години интензивна но импровизирана активност, во септември 1946 година власта конечно почнува со планска и организирана борба против неписмеността. Реформскиот карактер на оваа акција и нејзините стратегии се детално објаснети низ страниците на „Македонка“ во тој период.[19] За описменување на населението ќе се известува интензивно сè до раната пролет 1949 година, кога постепено теренот ќе се препушта на други теми. По 55 броеви на „Македонка“, конечно се стигнува до број 56, каде што не се пишува воопшто за просветата во Македонија. По пауза од неколку броја, просветата повторно се враќа на страниците на „Македонка“ во есента истата година, со уште неколку написи во следниот период. Меѓутоа, ова враќање е кратко и индикативно е тоа што, и покрај повиците за акција, по јуни 1950 година веќе нема нови релевантни текстови за борбата против неписмеността во Македонија.

Веќе споменавме погоре дека, покрај аналфабетските курсеви, во годините по ослободувањето посебна важност била придавана и на стручните курсеви. Целта на организирањето на овие курсеви во периодот на излегување на „Македонка“ е секако стручното оспособување и усовршување на населението (со посебен фокус на жените), во едно постконфликтно општество со сериозен недостиг на работен кадар на сите нивоа. Една од главните цели на оваа кампања било да се овозможи на жените побрзо да влезат во пазарот на трудот, со што било планирано да оди во прилог како на економијата, така и на родовата еманципација. Меѓутоа, вреди да се истакне дека во првите броеви на „Македонка“, акцентот е ставен на потребите за организирање

18 *8 март 1945 година во Македонија*, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 9

19 Галева, Рада. „Да се приготвиме за новата кампања против неписмеността“, год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 7; и *Неделата на борба против неписмеността*, год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 4.

на санитетски, комуникациски, автомобилски и шивачки курсеви. Во услови додека траела борбата за ослободување на Македонија, а потоа и на Југославија, најитните потреби биле врзани со практичната поддршка за војската. Со други зборови, се настојувало, додека поголем дел од машкото население се бори на фронтовите, жените да се вклучат помасовно во единиците за нега на ранетите, во единиците за комуникација и транспорт, како и во работилниците за изработка на облека, чорапи и други текстилни продукти неопходни на војниците. Оваа итност се забележува во апелот од Васка Дуганова до жените-младинки во Македонија во ноември 1944 година.[20] По оваа почетна и краткотрајна фаза, курсевите за стручно оспособување стануваат поразновидни и се поврзани со различни струки. Тие стануваат сè потесно врзани со индустријализацијата на земјата и со Петгодишниот план. Преку „Македонка", повремено се упатуваат апели до жените да се запишуваат на дактилографски, радиотелеграфски, трговски, јазични и други курсеви. Есента 1947 година, Борка Рајич го отвора својот текст со цитат од Сталин – „Кадрите решаваат се", и понатаму ги објаснува плановите на власта за развој на неопходните стручни кадри во земјата (курсеви, училишта, интернати, стипендии) со цел исполнување на Петгодишниот план и одблокирање на развојот.[21] Апелите за стручно усовршување на жените продолжуваат и во 1948 година, и во таа насока „Македонка" известува дека пред АФЖ се поставува двојна цел: а. Стручна поткрепа на државата, и б. Подобрување на економската положба на жените.[22]

20 *Се ближи II-от Конгрес на Антифашистата младина на Македонија*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 22.

21 Меѓу другото, таа дава податок дека државата не може да отвори доволен број училишта затоа што немаат доволно учители. Дополнително, во врска со потребата за стручно и високо образование на жените таа истакнува дека „Нужно е да се искорени кај жените оноа мнение кое го има уште да на женското дете и е достаточно само неколку разреда школо 'па к'е се мажи после". Борка Рајич, „Средни стручни училишта и курсеви и участието на жените во нив", год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 7.

22 Славка Цветкова, „Поголемата изградба која не чека нас во 1948 година, бара се нови и нови кадрови", год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 8. Повеќе за потребата за стручно образование на жените и нивната економска независност во Југославија, кај Dušanka Kovačević (1963, 14-19).

Темата за задржување на децата во училиштата се отвора на страниците на „Македонка“ во ноември 1946 година, со текстот „Да им овозможиме на сите деца редовно да одат во школо“, од Вера Николова.[23] Се чини дека по две години мир, во кои биле посветени големи напори за изградба на училишта и наставен кадар, власта во Македонија веќе преминувала кон стабилизирање на образовниот процес. Главната цел на оваа нова активност, како што се истакнува повеќепати во списанието, била да не се создаваат нови неписмени граѓани, односно да не се кочи процесот на описменување на населението, бидејќи доколку власта и масовните организации ги описменуваат возрасните, а притоа растат нови деца кои не одат на училиште, тогаш процесот е неуспешен и се врти во круг. Поширокатa идеја била да се описменат неписмените и воедно оние што се на училишна возраст да бидат редовно опфатени во образовниот процес. Темата сè уште била актуелна во летото 1948 година, кога М. Анчева повикува преку „Македонка“ да се праќаат децата редовно на училиште.[24]

Било очигледно дека клучот за решавање на тој проблем се наоѓал кај родителите и затоа истата година текстовите на „Македонка“ сè повеќе се активираат за развивање свест кај родителите за важноста на образовниот процес. Со тоа што целта на кампањата не останала ограничена само на тоа родителите да ги пуштаат децата на училиште туку и се проширила кон тоа родителите и самите да станат активни чинители во образованието на нивните деца. Многубројни текстови од 1948 до 1951 година апелираат до родителите да го следат посветено напредокот и поведението на децата, да одат на родителските средби во училиштата, да им овозможат на децата материјални услови за учење дома, да го набљудуваат извршувањето на домашните

23 Вера Николова, „Да им овозможиме на сите деца редовно да одат во школо“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 5.

24 М. Анчева, „Во борба против создавање на нови неписмени!“, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 5.

задачи и сл. Така, преку личен расказ, М. Илиева го опишува искуството од нејзината посета на една родителска средба, при што наравоучението што го споделува со читателите е дека појави како нередовно одење на училиште, слаби оценки и непримерно однесување, во извесна мера се должат и на родителската невнимателност.[25] Споделувајќи совети до читателите-родители, еден текст од есента 1949 година, меѓу другото, прави врска меѓу учењето и трудот: „Какви прашања, што се однесуваат кон подготовката на детето за училиште, се најбитни? Пред се – тоа е воспитанието кај детето длабоко уважение кон трудот и кон луѓето, што работат, при кое е неопходно, децата и учењето да го гледаат како неопходен труд“.[26] Слични и многу попрактични совети до родителите можат да се сретнат и во следните години.[27]



Откако на некој начин ќе се заокружи извршувањето на основните темели на образовниот процес (писмени и заинтересирани родители, деца кои се редовни на училиште, изградени и снабдени училишта), во април 1950 година се отвора последната доминантна тема за образование и просвета што можеме да ја сретнеме на страниците на „Македонка“, а тоа е грижата за подмладокот. Во овој случај, се навлегува во пораните детски години, при што се опфатени и деца од претшколска возраст.

25 М. Илиева. „Од еден родителски состанок“, год. 5, бр. 44 (јуни 1948), стр. 13-14. Треба да се посочи и тоа дека нарацијата во овој расказ наместа добива призвук на фиктивност.

26 *Подготвување на децата во семејството за стапување во училиште,* год. 6, бр. 59 (октомври 1949), стр. 15-16.

27 На пример: *Помош на ученикот од прво одделение во приготвувањето на домашните задачи*, год. 6, бр. 60 (ноември 1949), стр. 15-16; *Улогата на семејството во учењето на детето*, год. 6, бр. 61 (декември 1949), стр. 16; *Раководам со учењето на децата*, год. 6, бр. 63 (1950), стр. 16; *Прва година на училиште*, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр 14-15; *На што треба да обрнат внимание родителите на школското дете*, год. 7, бр. 75 (февруари 1951), стр. 7.

Односно, се обмислува како да се води грижа за децата кои влегуваат или допрва треба да влезат во образовниот систем, со цел тие да се веќе добро воспитани и подготвени за училиштето и за новите предизвици. Во таа насока, особено е важен текстот од април 1950 година, во кој АФЖ, преку своето гласило, дава многубројни насоки за дејствување и воедно ја објаснува својата улога во процесот.[28] Таму, „подмладокот" се дели во две групи: а. оние деца кои се во непосредна претшколска возраст (6-7 години), и б. оние што влегуваат во прво одделение. Особено се истакнува значењето на воншколските активности во развојот на подмладокот. Се предвидува и формирање на специјални комисии и маалски/блокови активи за директна работа на терен, како и работни групи во секциите „Мајка и дете" во одборите на АФЖ.[29] Со тоа, оваа тема, иако релевантна за просветата и образованието, сепак постепено се оддалечува од нашата проблематика и се доближува до грижата за најмалите (за тоа повеќе кај Коцевска во овој зборник).

Конечно, пред да преминеме на следното поглавје, вреди да се нагласи дека овие големи тематики, односно широки полиња за акција во просветата и културата за кои известува „Македонка", освен со регионалниот македонски контекст, поврзани се исто така и со поширокиот југословенски политички контекст. Дел од директивите за дејствување доаѓаат од југословенското раководство. Така, што се однесува до „борбата против неписменоста", на 14 март 1945 година, ЦК на КПЈ им пратил на сите покраински и републички комитети директива насловена „О организацији агитације и пропаганде", каде што се наведени 15 чекори за културна преобразба на општеството и изградба на социјализмот во Југославија. Притоа, првиот чекор бил „Ликвидирање неписмености у што краћем року и обавезно школовање за децу школског узраста како би се пресекао прилив нових аналфабета" (Петровић Тодосијевић 2016, 32). АФЖ

28 Д. Вељковиќ, „Улогата на АФЖ во воспитувањето на подмладокот", год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 1-2.

29 Исто.

Македонија, како една од клучните масовни организации што соработуваат со власта и која го издава списанието „Македонка“, е директно вклучена во исполнувањето на тие политички задачи.

2. „Македонка“ мобилизира за просвета

Целосниот преглед на „Македонка“ посочува на тоа дека, општо земено, целта на списанието не е само да известува и да информира туку и политички да мобилизира, да повикува на акција и да дава насоки за конкретно дејствување (за политичкиот аспект повеќе кај Хаџиевска во овој зборник). Тие директни и индиректни повици за акција се насочени, пред сè, кон активистките на АФЖ, но исто така и кон другите читателки на списанието. Активниот аспект од просветната дејност на „Македонка“ може да се резимира во следниве дејства: а. агитација кон читателите и пошироката јавност, б. Апелирање, критикување и мотивација на членството, в. Сугестивност преку драматични лични приказни, г. Апелирање до младите да се запишуваат во одредени училишта и факултети, д. Мапирање на неписменоста. Овие активности и стратегии, но и други за коишто нема доволно простор во оваа пригода, како цел имале забрзување, интензивирање и омасовување на акциите водени од АФЖ и од власта.

Зборот *убедување* е еден од најчестите во текстовите на „Македонка“. Авторките на текстовите постојано ја истакнуваат потребата за агитација, односно за убедување на жените во Македонија, на сите можни нивоа, да се вклучат во борбата против неписменоста. Така, во летото 1945 година, Л. Савељиќ ја нагласува важноста на убедувањето:

„Работата на културното и просветното подиганје на нашата жена требе и натака да биде една од основните и главни задачи. Жените во Македонија а особено нашата селанка је многу заостаната. Проблемот на неписменоста стои уште пред нас како актуелен. На отваранјето на аналфабетските курсеви ке требе да се работи и натака усилено. Да се стремиме да ни една жена не остане неписмена. Да ги убедуеме и постарите жени оти требе да учат“.[30]

Во текот на повеќе години, преку „Македонка“ се праќаат пораки до читателките, без разлика дали се активистки на АФЖ или не, да се потрудат со сите сили да убедат колку што е можно повеќе сосетки, роднини, соселанки и други жени од нивното опкружување, да се запишат на курс за описменување. Во некои од програмските текстови во списанието, т.е. во оние каде што се даваат конкретни насоки за дејствување, постои критика за недоволна агитација. Имено, се случувало често во текот на аналфабетскиот курс, поголем дел од посетителките постепено да го напуштаат и така да останат неписмени, а борбата против неписменоста да напредува многу бавно. Впрочем, во патријархалното општество што сè уште владеело во регионот, извесен број жени не сметале дека образованието е клучно за животот. Оние, пак, кои имале желба да се образуваат, честопати биле спречувани од сопрузите и притисоците од околината. Оттаму и потребата кај „Македонка“ и АФЖ за постојана агитација и преку списанието и на терен, за привлекување на колку што е можно повеќе жени во борбата против неписменоста. Важноста на интензивната агитација е особено истакната при реформата на кампањата против неписменоста кон крајот на летото 1946 година, кога се настојувало на премин кон поорганизирано и планско дејствување.[31] На крајот на полугодието, во декември истата година, следувала и сериозна критика дека агитацијата не се врши доследно и дека се потребни поголеми

30 Л. Савељић, „Првиот конгрес на Антифашискиот фронт на жените од Југославија“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 6.

31 Спореди: Рада Галева, „Да се приготвиме за новата кампања против неписменоста“, год. 3, бр. 23 (септември 1946) стр. 7.

напори во таа насока.[32] Притоа, се даваат два конкретни совета до читателките-активистки со цел подобрување на нивната агитација во следната година: а. да зборуваат поединечно со жени и да ги убедуваат да одат на курс (притоа, особено внимание да посветат на нивните блиски роднини и соседи кои се неписмени за тие први да тргнат на курс како пример), и б. да ги најдат оние жени кои сакаат да одат на курс, но немаат можност поради пречки, за да им се помогне.[33] Слично, веќе следниот месец, Вера Ацева го најавува преоѓањето во Петгодишниот план и во контекст на потребата за агитација, ќе нагласи дека „Нашата жена ке го користи секоје слободно време да ја убеди и описмени својата неписмена комшика, роднина и пријателка, зошто без ликвидирањето на тоа зло, неможе да се збори за натамошно културно и друго развивање на нашиот народ".[34] Пораката е повторена и во текстот на Блага Демниева во истиот број,[35] а слични пораки среќаваме и во текстот на Киро Хаџи Василев од септември 1947 година,[36] како и понатаму во 1948 година.[37]

Настрана од овие повици за засилена агитација, во списанието често се среќава апелирање и мотивација на членството и читател(к)ите преку реферати и текстови. На пример, често се апелира заради барање поддршка за кампањите на власта и на масовните организации во „борбата против неписменоста". Зборовите на Киро Хаџи Василев ја одразуваат итноста на апе-

32 Вера Ацева, *Вистинска равноправност – значи преди се премавнување на неписменоста,* год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 1.

33 Исто.

34 Вера Ацева, „Нашата жена ќе стори се да 1947 биди година на уште поголеми постиженија на нашата земја", год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 6.

35 „Затоа не е доволно само да се каже дека има аналфабетски курс и требе да се дојде. Неписмените треба да се убедат дека ке имат корист ако се описменат. Потребно е активиските упорито да ги убедуат и настојават да по секоја цена дојдат на курс". Блага Демниева, „Пред осмомартовското натпреварување", год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 7.

36 Киро Хаџи Василев, „Ликвидација на неписмеността – една од најважните задачи во Петгодишниот план: Во школската 1947/48 год. во Македонија треба да се описменат 80.000 лугје и жени", год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 3-4.

37 Мојсова, Љ. „Досегашните пропусти на организацијата на АФЖ во аналфабетската кампања", год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 2.

лите: „Нема време за губење, мора итна мобилизација за борба против неписменоста, како кај жените така и кај малцинствата“.[38] Нада Ачкоска, пак, во следниот двоброј апелира до читателките да помогнат во формирањето на селски библиотеки и дава четири конкретни мерки како да се стигне до таа цел: а. организирање на собирни акции, б. собирање донации преку организирање приредби, в. земање под покровителство на одделни селски библиотеки, г. барање идни претплатници.[39] Исто во рурален аспект, Вера Николова ги поттикнува читателките да бидат активни во селата и за време на летото и дава насоки како да се организира просветна дејност во време на интензивните летни земјоделски работи (на пример, да ги советуваат селанките да ги користат пладневните паузи за ручек за повторување на наученото или за вежбање читање, а во случај ако некоја селанка е доволно писмена, да седне да поучи некоја друга личност).[40] Во март 1947 година „Македонка“ го пренесува Прогласот на Главниот одбор на АФЖ Македонија и апелира до жените воопшто: „Засилете ја борбата против неписменоста и не дозволете ни една жена и др. опфаната во аналфабетските курсеви да не остане неописменета или полуописменета“.[41] Неколку месеци подоцна пренесен е апелот на Деса Миљовска и АФЖ до младината: „Помогнете уште повеќе на нашите мајки и сестри да се описменат, нека не биде ниту еден писмен младинец или младинка која што не к’е ја изучи својата мајка или сестра да пише и чита!“[42]

За разлика од директните повици за акција, често придружени со насоки за дејствување, многубројни текстови во „Ма-

38 Киро Хаџи Василев, „За организована и планска борба против неписменоста“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 6.

39 Нада Ачкоска, „За помоќ на селските библиотеки“, год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), стр. 8.

40 Вера Николова, „Како да ја спроведеме просветната работа на селото през летото“, год. 3, бр. 21-22 (јуни-јули 1946), стр. 16.

41 *Прогласот на Главниот одбор на АФЖ на Македонија по повод изборите за народни одбори,* год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 1.

42 Деса Миљовска, „III-иот конгрес на Народната младина на Македонија: Работен договор на нашата младина“, год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 9.

кедонка“ имаат индиректно влијание преку емоционалниот и сугестивен карактер на нарациите.[43] Такви се голем дел од репортажите за одредени локации или личности. Јачината на тие текстови тешко се доловува преку резимирање, а сепак ќе посочиме неколку примери. Следниот извадок за напорите на учителката Милица Стојанова од с. Ракотинци (Скопско) за описменување на селанките, со посебен акцент на успешниот обид за описменување на извесна баба Калина во зимата 1947 година, ни доловува извесен впечаток:

> „Еден ден учителката Милица се приближуваше кон кукјата на баба Калина. Оште на врата ја пресретна, педесет годишната Калина, но се уште едра и румена селанка. Со насмешка на лице, ја уведе учителката во кукја и покани да седне. Околу неја се насобраа внуци ѝ. Баба Калина одпочна да зборува за внукот си, како и било мило кога рецитувал на забавата.
>
> ’Многу се радуваме‘ вели таа, ’оти това дете учи и не ке биди како мене... Арно знаеш Мицо, колку пати дојдов кај тебе да ми го прочиташ писмото од син ми, војник. Мачно ми е туку ете... не ме учеле, така и остарев... Да сум писмена и сама ке му напишам, ама кога незнајам...‘
>
> ’Е бабо, и зборуе Мица, па јас затова и дојдов, да те повикам и ти заедно со другите жени да дојдеш да се научиш‘“.[44]


Сличен е и примерот со Борика од Штип (спомената во воведот на овој текст) или со младата Фатиме Маалуди од Тетово, на која ѝ биле доделени признанија за успесите во описменувањето на албанските жени во градот.[45] Особено е интересно писмото на неодамна описменетата Трајанка Васова од с. Драгоево (Штипско), кое е репродуцирано во ракопис, како копија од оригиналот. Во него раскажува како морала да ги остави децата сами за да може таа да се описмени на курс, но нагласува

43 За слични наративни стратегии базирани на сугестивност, во кои се истакнува личниот ангажман на одредени жени во борбата против неписменоста и културното издигнување на жените во Војводина, види кај Гордана Стојаковиќ (Stojaković 2012, 70).

44 *Сакам и јас да знајам да пишуам,* год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 10.

45 Невена Теохарева, „Шиптарките се активизират“, год. 6, бр. 52 (февруари 1949), стр. 11.

дека вредело и дека сега е многу горда што може да пишува на мајчин јазик. Писмото го завршува со благодарност до Тито и до учителката и со поздравот СФ-СН.



Една до вчера неписмена пишуе...

Другарче, 15-2-45

Трајанка Васова, дванаесет години 5 одд. Љуб, Душан Мара, Мада? Јордан пишам го това писмо научи на курсот во село Драгачево. Изкажувам голе-ма радост сега кога можам да пишам на роден јазик. Одх на курсо редовно оставах ги децата сами, сака да можам да научам. Тај можеа се сите деца окако мене и ме дрват. Захвалу-вам на нашиот љубит Водан Маршал Тито и на нашата учителка која не натрави да про гледам.

СФ-СН

Трајанка Васова
Драгачево Штипско

7

Ова се текстови што требало да допрат на лично ниво и да мотивираат или да сугерираат на читателките-активистки – *Биди како Милица! Биди како Фашиме!*, односно на неписмените – *Биди како баба Калина!* За разлика од нив, репортажите од посетите на средните стручни училишта го пренесуваат ентузијазмот за новите можности во образованието и кариерата и воедно ја нагласуваат важната улога што им се доделува на младите девојки и жени кои се одлучиле да учествуваат во иднината и изградбата на земјата. Во јуни 1946 година, опишана е посетата на средното-техничко училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје, каде што ученичките се претставени како модел за преостанатите: храбри, исклучителни, горди, вредни и со визија.[46]

Освен преку репортажи, „Македонка“ дава извесен придонес кон образовните политики на власта преку апелирање до младите да се запишуваат во одредени училишта и факултети. Тоа се вршело на два начина: индиректно (преку споделување информации за конкурси, кои често нудат стипендии и сместу-

46 Славка Цветкова, „Тие се први ученички во средно-техничкото училиште“, год. 3, бр. 20 (јуни 1946), стр. 7.

вање) и директно (преку советување за упис во конкретни училишта и факултети и преку посочување на предностите што тие ги носат во кариерата и животот). Во 1946 и 1947 година во неколку наврати се споделуваат конкурсите за упис во Школата за акушерки и во Школата за медицински сестри во Скопје.[47] Во јули 1950 година, еден долг текст ги убедува младите да се запишат на Филозофскиот факултет, при што идеологијата се користи како еден од главните аргументи:

> „Во нашите гимназии и стручни школи воспитувањето на младото социјалистичко поколење често им е поверено на луѓе што во својата совест уште го носат печатот на старото општество, и кои во својата наставна работа продолжуваат да се служат со старите методи и неточни разбирања. Тоа особено се однесува до хуманистичките – национални предмети: историја, литературата и јазикот. Причина за таа појава е најчесто непознавањето на тој материјал од животот на нашиот народ, затоа што тој материјал во школските системи на капиталистичките режими најслабо се изучувал. Младите луѓе што сега излегуваат од гимназиите и сега треба да го изберат својот животен пат, треба да знаат каде се најнужни нивните сили и каде тие денеска можат најмногу да и' користат на татковината".[48]

На крајот на оваа целина се навраќаме на сеприсутната „борба против неписменоста". Имено, од есента 1946 година власта и АФЖ почнуваат со еден вид мапирање на неписменоста во Македонија, со цел да се добие попрецизна слика за проблемот и да можат да се најдат соодветни и креативни решенија. Станува збор за моментот кога власта решава да воведе нова кампања за описменување, која, за разлика од дотогашните активности, треба да добие плански и организиран карактер. Така, во септември 1946 година по првпат во „Македонка" се споделува информацијата за извршен попис на неписмени лица во Кавадарци.[49]

---

47 *Македонка:* год. 3, бр. 21-22 (јули-август 1946), задна корица; год. 3, бр. 23 (септември 1946); год. 4, бр. 32 (јуни 1947), задна корица; год. 4, бр. 35 (септември 1947), 8.

48 Цвета Органциева, „Матуранти запишувајте се на Филозофскиот факултет", год. 6, бр. 68 (јули 1950), стр. 9, 12.

49 *Предизборната активност на А.Ф.Ж.*, год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 4.

Веднаш потоа, во истиот број, Рада Галева ја претставува новата кампања против неписмеността и ја објаснува потребата од вршење попис на неписменото население во земјата.[50] Имено, било планирано оваа крупна акција да се врши од Министерството за просвета и неговите окружни и околиски канцеларии, во соработка со масовните организации како АФЖ. За успешна работа на терен било предвидено да се праќаат екипи составени од учители и младинци, кои би добиле практична помош од АФЖ. Со помош на мапирањето потоа би се издвоиле посебни и чувствителни случаи, кои бараат посебно внимание и креативни решенија. Такви биле, на пример, средините каде што родителите не сакаат да ги пуштаат децата на училиште, дел од традиционалните муслимански заедници, дел од традиционалните македонски села, работниците во фабриките и сл. Затоа, биле организирани посебни типови на акции за описменување: агитација кај традиционалните родители, организирање поединечно описменување во домовите на муслиманките, агитација и приредби за селаните,[51] настава за време на пладневниот одмор или паузата за ручек меѓу работниците. И покрај напорите, веќе по три-четири месеци следувала критика дека пописот на неписмените не се врши прецизно и доследно, поради што имало негативен одраз врз кампањата.[52]

50 Рада Галева, „Да се приготвиме за новата кампања против неписмеността“, год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 7.

51 За приредбите како ефикасна форма за зближување со руралното население, види и: Л. С. „Првиот конгрес на Антифашискиот фронт на жените од Југославија“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 6.

52 *Вистинска равноправност – значи пред се премавнување на неписмеността,* год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 1.

3. Кампањите за описменување: Културно-просветно издигнување и родова еманципација или партиско-политичка мобилизација?

Како што беше споменато во воведот, поимот *еманципација*, конкретно во неговите културно-просветни, родови и национални значења, е еден од водечките во наративите на „Македонка". Врската меѓу родовата еманципација и просветата е многу јасно изразена низ следниве зборови:

> „Културно-просветната работа на жените се поставува пред одборите на АФЖ како една од најважните задачи. Не може да се замисли вистинска равноправност на жената ако таа равноправно не учествува во сите грани на политичкиот, друштвениот и културниот живот. Во нашиот Устав е загарантирана равноправноста на жената, но нашата жена неможе да ја исползува таја гаранција, бидејќи процентот на неписмените жени е грамаден".[53]

Уште повеќе, Мира Галикович истакнува дека описменувањето на жените и на населението воопшто е само прв чекор кон крајната цел – културно издигнување на народот.[54] Откако посочува дека според Уставот на ФНРЈ жената е рамноправен граѓанин на Републиката и дека сепак постои дискрепанција меѓу ситуацијата на хартија и онаа на теренот, Киро Хаџи Василев пишува за идеалот за женската рамноправност и важноста на образованието за неговото достигнување. Според него, борбата не е завршена:

> „Не може да се зборуе за полна еднакост на жената се дури широките маси на жените не завлезат во индустријата и сите други економски грани, и по тој начин, преко економскиот

53 *Нашите задачи,* год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 1-2.

54 Мира Галикович, „Во борба против неписменоста", год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 16.

живот не пробиат во сите грани на друштвениот, политички и културен живот. Но за да се постигне това, за да жената може да влезе во економскиот живот и особено во повисоките форми на производство нужно е, да владее извесни познаниа, извесни квалификации. Првиот чекор во издигането на просветното ниво на жената е, разбира се, ликвидирането на онаа мрачна дејствителност, наследна од миналите противонародни режими, на оној грамаден процент на неписмени жени што се испречуе како толко сериозна пречка на патот на слободното развитие на жената, на патот на нејното друштвено изједначуење. Без брзото, ефикасно извршуење на таа тешка и основна задача, немилимо е усадуењето на просветата во широките маси наши жени". И, кон тоа додава дека: „Но ние постојано треба да имаме пред вид дека иднината не се состои во тоа жената да е гледаме постојано со вретено во рака или вечно осудена да не го пречекори прагот на својот дом, туку во това да е видиме во фабрика и на трактор, во школо и во болница, во сите научни и уметнички установи каде ке ги развие, своите, досега потапкани сили, за општото добро на својот народ. Таа и таквата иднина ние мораме по секоа цена да си извојуваме, да ја направиме дејствителност час поскоро".[55]

Залагањата за еманципација и културно-просветно издигнување низ страниците на „Македонка" се чести и директни. Меѓутоа, истовремено во списанието среќаваме и текстови што ги доведуваат овие идеи во корелација со партиско-политичкото. Оттаму, се поставува прашањето или дилемата: во која мерка кампањите за описменување и образување, како и нивниот третман во списанието, се во насока на еманципација на населението, а во која мерка се во насока на партиско-политичка мобилизација?

Таа врска е секако видлива во прогласот на Главниот одбор на АФЖ од март 1947 година: „Преку курсеви, предавања, конференции и др., издигајте се културно, политички и стручно, оти само така ке можете да ја исползуете во потполност до-

55 Киро Хаџи Василев, „За организована и планска борба против неписменоста", год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 6.

биената равноправност на жената. Земете најдејно участие во предизборните конференции и митинзи!“[56] Многу поостро, пак, во текст од есента истата година, Давидова нагласува, меѓу другото, дека описменет народ полесно ќе ги открива внатрешните непријатели на државата.[57]

Во дел од наративите што ги среќаваме во „Македонка“, описменувањето и просветата се врзуваат со новата „народна“ власт наспроти старата „ненародна“ власт за која се тврди дека не сакала просветени граѓани. Често се пишува за „новото време“ како резултат на праведната победа во НОВ и во таа насока идејата за просвета игра голема улога. Според Мира Галикович: „Старо и младо, машко и женско осетиа дека партизаните донесоа нов дух, ново време, во кое е срамно да бидеш слеп при очи, неписмен и да ништо не знаеш. И како што желанието за слобода силно ги зафана широките народни маси, исто така и желанието за учење и знање ги овлада со незапомнена сила“.[58] Слично, и Султана Анастасова смета дека тешката и непросветена положба на жената се должела на претходните ненародни режими и на долгата традиција што ја сметала жената за потчинето суштество. Таа истакнува дека НОБ донел промени и дека народната власт се обидувала да ја издигне жената и да ја направи рамноправна.[59]

Чекор понатаму, вреди да се посочи дека според многубројни автор(к)и, описменета и културно-издигната жена не значи само добар работник и граѓанин туку и добар социјалист. Во текстот „Организацијата на АФЖ во просветувањето на жените“ од Вера Николова е јасно дека описменувањето и културно-

56 *Проглас на Главниот одбор на АФЖ на Македонија по повод изборите за народни одбори,* год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 1.

57 Давидова, „Организациите на АФЖ формират бригади, кои што к'е помогнат за сузбивање на неписменоста“, год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947), стр. 6.

58 Мира Галикович, „Во борба против неписменоста“, год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 16. Контраст меѓу „старото“ и „новото“ време, како што видовме погоре (заб. 56), прави и Киро Хаџи Василев.

59 Султана Анастасова, „За поголема просвета на нашата селанка“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 8.

то издигнување имаат голема партиска и политичка димензија. Нејзиниот осврт кон она што е постигнато во последните пет години завршува со констатацијата дека сега жените активно учествуваат во политичките конференции и митинзи и дека тие ја чувствувале важноста на Партијата.[60] Всушност, и други текстови го пренесуваат сфаќањето дека жените (и децата) треба да се описменат за да станат свесни градителки на социјализмот.[61] Репортажата за животот на Васа Георгиева Коцева од февруари 1950 година е мошне илустративна за разбирање на оваа линија.[62] Имено, се пишува за Васа, сиромашна жена со пет деца и болен сопруг, која по војната почнува да се буди (со посредство на партиската пропаганда и идејата за еманципација) и во текот на пет години успеала да се описмени преку аналфабетски курс, да ги школува своите деца, да стане активистка на АФЖ и да биде вредна работничка. За нејзиниот труд сведочи признанието „Ударник", а сугестивна е и паролата „Писмен работник – добар работник", која, според репортажата, виси на ѕидот зад неа. Авторот на текстот ја оценува Васа како „истакнат учесник во изградбата на социјализмот во нашата татковина".[63] Всушност, признанието и оваа оценка, кои имаат политичка димензија, се претставени како врвот во патеката на Васа, која води низ описменување, труд и еманципација.

Настрана од наградите и признанијата, за жените кои активно се вклучувале во кампањите за обнова и изградба на државата, понекогаш се отворале и попрактични можности за напредување во хиерархијата на организацијата, партијата и државните органи. Тоа било особено случај со некои активистки на АФЖ, кои работеле на теренот, како при кампањите

60 Вера Николова, „Организацијата на АФЖ во просветувањето на жените", год. 6, бр. 67 (јуни 1950), стр. 6-7.

61 *Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ на Македонија,* год. 6, бр. 51 (1949), стр. 1-3, со заклучоци од истиот). Слични идеи и во бороевите од: год. 5, бр. 57 (1949), 6; и год. 5, бр. 59 (1949), 7.

62 З. Михаиловиќ, „Писмен работник – добар работник", год. 7, бр. 63 (февруари 1950), стр. 8.

63 Исто.

за описменување на населението, така и при изборните кампањи.[64] Во контекст на претстојните избори за новите раководства на АФЖ, во првиот текст од април 1948 година се вели дека се потребни вредни, активни и докажани жени и дека: „Ние знаеме која жена со сестрано залагање работи било на аналфабетски курс, читачки групи, во производство или во доброволни акции".[65] Пролетта 1949 година се пишува за нови одборнички во власта, меѓу кои е Рухие Вели, која претходно, меѓу другото, се истакнала и со работа за описменување и читачки групи.[66]

Врската со хиерархиите на власта и партијата се огледува и во преносот на пораки, односно насоки за дејствување, „одгоре надолу" – честопати се остава простор на првите страници за говори и реферати од политичкиот врв (Тито, Колишевски и многу други). Ставовите изразени во говорите и рефератите на политичките раководители некогаш се преземаат во текстовите на редакцијата и на автор(к)ите на „Македонка", а понекогаш и се повторуваат по неколкупати, за да се додаде тежина на дадените насоки. Посебно е илустративен примерот со текстот на Вера Ацева од јануари 1947 година („Нашата жена ке стори се да 1947 година биди година, на поголеми постиженија во изградбата на нашата земја"), чиј наслов (а воедно и завршни зборови) се директен одраз на зборовите на Тито од неговото новогодишно обраќање до народот преку белградското радио.[67]

И конечно, особено е важен податокот дека културно-просветната активност на АФЖ е во извесна врска со пропагандната дејност, како во структурната поставеност, така и на теренот.

---

64 За улогата на жените како агитациски апарат за победа на избори, види: Лиљана Чаловска, „За правилна политичка работа: Наша прва задача во изборната борба", год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 9.

65 *Активно да учествуеме во избирањето на новите раководства на АФЖ,* год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 1.

66 *Пред новите избори за месни Народни одбори: Заслужни одборнички во народната власт,* год. 6, бр. 53-54 (1949), стр. 6.

67 Вера, Ацева, „Нашата жена ке стори се да 1947 година биди година, на поголеми постиженија во изградбата на нашата земја", год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 6. За споредба, на стр. 3, Тито вели: „Нека 1947 година биде година на уште поголеми победи во изградбата на нашата земја".

Постоењето на орган наречен Пропагандно-културно-просветна секција при ГО на АФЖ,[68] односно орган кој истовремено се занимава и со партиско-политичка пропаганда и со просветна работа, многу јасно зборува за слеаноста на овие две дејности (Петровиќ Тодосијевиќ 2016, 36-37).[69] Слична била ситуацијата и со државните и партиските органи. Во извесна мера, тоа било и одраз на комбинирањето на просветата и пропагандата во структурата на врвот на југословенското раководство. Имено, непосредно по војната, во рамките на ЦК на КПЈ со училишните прашања се занимавала како Комисијата за училишта, така и Одделението за агитација и пропаганда. За разлика од Комисијата, која почесто се занимавала со решавање на тековни и практични проблеми, Одделението за агитација и пропаганда ја водело образовната политика (како дел од културната политика), со посебен фокус на идеолошкото воспитување.

Иако врската меѓу идеите за еманципација, просветеност и политичка мобилизација е секако сложена и бара повеќеслојни истражувања како на списанието „Македонка“, на АФЖ и КПМ, така и на политиките во социјалистичка Југославија, оваа последна точка упатува на идеолошката подлога на југословенските политики на образование како една од можните насоки за барање одговор. Имено, во повоениот период образовните политики во социјалистичка Југославија биле дел од културните политики. Притоа, важно е да се истакне дека, според некои истражувачи, во тој период и контекст изразот *културна политика* имал две значења: а. државна политика за развој на културата, и б. суштинско менување на општеството во насока на комунизам, преку масовно образование на населението, и тоа особено на селаните (идеја со корени во Лениновиот концепт за „културна револуција“) (Исто, 30-31).

68 *Од семинарот со раководителките на пропагандно-културно-просветните секции,* год. 5, бр. 48 (1948), стр. 10.

69 Ваквата поставеност ќе почне да се менува по 1952 година. Со оглед на тоа што „Македонка“ престанува истата година, немаме можност да следиме евентуални одрази на тие промени низ нејзините страници.

Заклучок

Прегледот на 83 броеви на „Македонка“ покажува дека просветата била една од доминантните теми што ги обработувало списанието. Иако со текот на годините и во зависност од развоите на теренот, фокусот постепено се менувал од една кон друга тема (од *описменување* преку *редовност на училиште* до *грижа за подмладокот*), сепак просветата не била никогаш занемарена. Причините за тоа се наоѓаат како во важноста на описменувањето и образованието во изградбата на новата држава по војната и во потребите на власта за помош од АФЖ при теренската работа, така и во идеите за еманципација/културно-просветно издигнување и за формирање на добри социјалист(к)и. Во темата за просвета, поттемата за описменување на возрасните зазема најголем простор во списанието. Во земја со недоволен број стручен кадар и околу 75% неписмено население на крајот на војната, описменувањето било прв и неопходен чекор, односно база за сите следни развојни процеси. Дискурсот во „Македонка“ што ги следи наративите за овие процеси минува низ фази, од кои некои делумно се поклопуваат – од победничка еуфорија и ентузијазам во периодот од 1944 до 1945 година, преку критика од зимата 1945-1946, до релативна надеж во периодот по есента 1946 година. Во еден момент постои дури и обвинувачки дискурс, поточно префрлање вина кон жените за слабостите во процесот на описменување – меѓутоа, тој е ограничен на само еден текст, т.е. изолиран случај, од есента 1949 година.[70] Од 1950 година станува јасно дека просветата полека ја снемува како доминантна тема од страниците на „Македонка“. Освен тоа, се чини дека истата година генерално означува

70 Во директно обраќање се нагласува: „Неписмени другарки, знајте дека земја во која што има неписмени споро се изградува и е заостаната земја. Немојте да дозволите несознателно, заради вишата неписменост, да бидете кочничар на нејзиниот напредок. Знајте го и тоа дека неписмена мајка не е во состојба правилно да го воспитува и издигнува своето дете“. *Пред отпочнувањето на „Неделата за борба против неписмеността“*, год. 6, бр. 59 (1949), стр. 7.

постепено намалување на интензитетот на активноста на „Македонка“ и на АФЖ Македонија, што најдобро се огледува во големата пауза во излегувањето (од септември 1951 до декември 1952 година), по што следува само еден број, кој воедно е и последен. Оваа ситуација е во врска со постепеното расформирање на АФЖ на ниво на Југославија. Според Гордана Стојаковиќ, во 1950 година е донесена политичката одлука за укинување на АФЖ и во следните две до три години траел процесот на расформирање на оваа широка организација (Stojaković 2019, 152).

За разбирање на соодносот меѓу еманципацијата и политичката мобилизација, како во просветните кампањи на власта и АФЖ, така и во нивниот третман во „Македонка“, од особено значење е идеолошката подлога на образовните политики во повоена социјалистичка Југославија. Во времето кога излегува „Македонка“, тие во голема мера се водат во насока на изградба на комунистичко општество и ги спојуваат просветата и пропагандата.


Malegoula



Мања Величковска

КНИЖЕВНИ АСПЕКТИ

Наративните стратегии за создавање на женските ликови во книжевните прилози на списанието „Македонка“

Вовед

Целта на овој истражувачки труд е да направи анализа на интертекстуалните, субверзивни, но и пропагандни наративни стратегии во книжевните прилози застапени во списанието „Македонка – Орган на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија“ (1944-1952). Текстот го истражува односот меѓу книжевноста и политиката и ги интерпретира книжевните текстови како поливалентни системи што воспоставуваат релации со општествените односи на моќ, одржувани со помош на културата и уметноста. Затоа, во анализата се употребува критичкиот дискурзивен метод, со чијашто помош текстовите можат да се перципираат како дел од идеолошките и општествените практики. Според овој критички метод, јазикот и моќта се целосно врзани, што значи дека книжевните дискурси се толкуваат како составен дел од создавањето и од одржувањето на политичките околности. Тој овозможува истражување на релациите на каузалитет меѓу создавањето на сликата за жената и различните хегемонии, доминации, нееднаквости, традиции, обичаи и суеверија.

Книжевните текстови во „Македонка“ што се предмет на анализа на овој текст имаат ангажиран, субверзивен, информативен/образовен, еманципаторен, но и пропаганден карактер. Профилот на списанието е директна рефлексија на: (1) патриотските вредности што се во поддршка на народниот

отпор за време на Втората светска војна и по неа (1944-1946), (2) идеолошката позиција на потврдување на југословенскиот социјализам (1947-1951), и (3) разводнувањето на женското прашање за време на реорганизацијата и гаснењето на АФЖ на Југославија (1952-1953). Субверзивниот карактер на изданието е во особено конфликтна позиција во периоди блиски до одбележувањето на истакнати датуми (како што се Денот на жената – 8 Март, Денот на народното востание на македонскиот народ – 11 Октомври, роденденот на Тито – 7 мај, Денот на победата над фашизмот – 9 мај итн.) или по донесување на значајни закони и очекувани промени во легислативата од страна на Народната власт (како Законот за брак и Законот за симнување на зарот и ферецето), кога на сила посилно стапува неговата пропагандна улога.

Во процесот на истражувањето предвид се зедоа целокупниот фонд и контекстот на издавање на списанието, а за потребите на овој текст посебно беа анализирани 134 книжевни прилози. Од нив, 76 се прозни, 53 припаѓаат во доменот на поезијата и 5 имаат епистоларен формат, односно се серија писма и дневници. 19,1% од текстовите се напишани од страна на жени, 71,9% од мажи, а 9% се народни творештва и без познато авторство. Дел од автор(к)ите се застапени повеќепати, а одредени прилози претставуваат колажи од избор поезија, поради што бројот на автор(к)и го надминува збирот на книжевни прилози. Голем дел од текстовите се преземени од романи, други списанија што излегувале тековно во Советскиот Сојуз или преводи од други сродни женски „листови“ на Југославија. Неколку од нив што се споменуваат повеќепати се: „Жена Данас“ – Орган на АФЖ на Југославија, „Наша Жена“ – Орган на ГО на АФЖ на Словенија, „Зора“ – Орган на ГО на АФЖ на Србија, „Жена у борби“ – Орган на ГО на АФЖ на Хрватска, „Наша жена“ – Орган на ГО на АФЖ на Црна Гора, „Укус“ – моден лист на ЦК на АФЖ на Југославија, „Наша мода“ – издание на „Вјесник“ на Народен фронт на Хрватска, „Мода“ – издание на ГО на АФЖ на Словенија и сл.

Покрај негувањето на потенцијалите за меѓународно поврзување и геополитичко дејствување преку книжевноста, постоењето на „Македонка“ е од огромно значење за развојот на некогаш младата и скромна македонска книжевна сцена. Голем дел од неговите книжевни прилози по првпат се објавени токму тука, каде што автор(к)ите имале простор да дебитираат. Одредени автор(к)и дури и го менуваат стилот на пишувањето тековно со издавањето на списанието. Невена Теохарова, која редовно објавува прилози, станува сè похрабра во пишувањето и преминува од репортажи и портрети кон објавување раскази.

Овој истражувачки текст понатаму се дели на две главни поглавја, од кои првото е посветено на женските ликови во различните „арени“ на оружената борба, додека второто поглавје ги анализира женските ликови и нивното спротивставување на различните хегемонии.

1. Женските ликови во различните арени на оружената борба

Овој прв дел од трудот се задржува на присутноста на женските ликови на различните фронтови на оружената војна, како што се: (1) претпатешествените терени за дијалошки пресметки, (2) хетеротопичните простори на блокада, окупација, заседа и изолација, (3) фронталните окрузи на воените жаришта, и (4) трезорите на народот и на народното сеќавање. Во книжевните прилози што го проблематизираат заминувањето, текот и последиците од војните, жената најчесто се појавува во улога на мајка, сопруга и теренска борка.

1.1. Претпатешествени терени за дијалошки пресметки

Во преден план на книжевните прилози каде што среќаваме заминување на борците од домот, на женските ликови секогаш им е зададена улогата на мајки кои ги испраќаат своите синови на пат за приклучување кон Народноослободителната борба. Во анализираните текстови релацијата мајка-син е прикажана етапно, опишувајќи го збогувањето, чекањето и пречекувањето на борците по завршувањето на војната, како и помирувањето со нивната смрт. Женските ликови во улога на мајки во овој контекст се карактеризираат како издржливи, бестрашни, пожртвувани и одмаздољубиви.

Голем дел од материјалите содржат посебна сцена на збогување меѓу ликовите на мајката и синот, што се одвива на прагот од домовите и без исклучок содржи дијалог на нивно меѓусебно убедување. Оваа аргументативна пресметка е дел од често употребуван шаблон на развој на приказна за испраќање на борците, од каде што синот секогаш излегува како „посилен“ соговорник. Таквата наративна матрица е карактеристична за текстовите од антиката, каде што на физичката пресметка секогаш ѝ претходи предборбен дијалог. Својствено за пропагандната улога на списанието, дијалогот има цел: да ги убеди читателите дека изборот на заминување во борба е единствено правилно решение што ги надминува сите преостанати лични афекти и емоции и да поттикне чувство на вознес поради донесувањето на таа одлука.

Тоа е највидливо во застапената поезија, и тоа во неколку наврати. Во првата половина на песните, мајката тажи и набројува различни лоши искуства, легенди, суеверија и опасности, постигнувајќи градација во хиперболизацијата на опасноста што треба да го разубеди син ѝ да не замине на пат. Во вториот дел, пак, синот ѝ одговара со негација, негирајќи ги сите нејзини аргументи. Тој ѝ ја објаснува неговата експедиција

како (интер)генерациски долг за народно ослободување, по што таа доживува благо просветлување. Потоа, таа самата го брка синот од дома и го заветува да ги исполни наследените должности и да ги надмине успесите на претходниците во борбата со фашистичките непријатели. На крајот, откако синот конечно го напушта домот, во песните останува сликата на мајката која си дозволува конечно да биде повторно ранлива, чекајќи го недогледното враќање на синот. Овој модел на испраќање на борците од дома добро илустриран во песната „Мајка Угра“ од спевот „Партизани (1 дел)“ на Венко Марковски:

„Стрпна Угра, на врат му се фрли,
срце задржа, го притисна бргу,
грутки тешки ја здавиа в грло,
дигна глава и му рече: – Тргај!
Господ сине да ти е на срекја,
надмини ти татка, чедо в бојот,
главата му ја носиш ти на плекја,
избави ти татковина своа. –
Скрца врата, Угра стисна заби,
сина гледа ко низ темна магла,
тропна врата, жал ја Угра зграби,
в пуста кукја рикна мајка на глас.“

[Марковски, Венко. „Мајка Угра: спев *Партизани (1 дел)*“, год. 1, бр. 1 (декември 1944), стр. 23.]

Во одредени случаи, како во песната „На кинисуење“ од Коле Неделковски, гласот на мајката не се слуша, односно даден е само говорот на синот кој одговара на нејзините претпоставени образложенија и грижи:

„А туку, мајко, погледај,
погледај, леле, послушај,
како ми пилци запреа
песни сред пролет радосна:

(...)
Ја ке го, мајко, дофанам,
над село ке го развеам,
та ке те, мајко, куртулам
од тоа ропство крваво.“

[Неделковски, Коле. „На кинисуење“,
год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 12.]

Има и примери каде што синот сè уште е млад и не знае за тековните воени дејства, поради што ликот на мајката ја спроведува нејзината образовна улога, еманципирајќи ги децата за значењето на војната. Тоа е присутно во песната „Ропство“ од Коле Неделковски и фрагментот „Цинови и снегулка“ од поемата „Егејска барутна бајка“ на Славко Јаневски. Во двата случаи мајката презема заштитничка улога на одгледување на детето да биде борец и да ја продолжи народната и генерациски наследната должност:

„Нити, синко, огин гори,
ни сред огин змии пиштат
нити веди, синко, трештат
ни се пуста земја тресе

туку, синко, по – лошо е
и од огин и од вода,
врие, чедо, тиран гладен
низ нашава црна земња“

[Неделковски, Коле. „Ропство“,
год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 12.]

„На пролет –
слушај ме...
Слушаш?...
Син ти ќе дојде на свет...
Таговни солзи ме душат,
Солзи... Но не плачам, не.

Треба да останам јака,
в гора да издојам син
пушка да издигне в рака –
што му ја оставаш ти.

[Јаневски, Славко. „Цинови и снегулка:
фрагмент од поемата Егејска барутна бајка“,
год. 6, бр. 64 (март 1950), стр. 14.]

Во расказот „Суровото срце“ од Бранко Ќопиќ присутен е предвоен дијалог меѓу мајката и синот Никола, иако тој има поразлична динамика и тон од преостанатите примери. Дијалогот на збогување не ја остварува потребната конфронтација меѓу двата лика, поради што на книжевно рамниште се наметнува потребата за остварување на разговорната пресметка, составена од два елемента: судир и (не)согласување. Ликот на мајката не се осмелува да го гледа синот во очи за да остане смирена, додека синот не дозволува да биде ранлив и разнежнет од мајчинската љубов, одговарајќи ѝ брзо и сувопарно. Ова понатаму во текстот се „решава“ така што мајката одлучува да оди во потрага по партизанската група на синот и да му однесе храна. Таквата книжевна интервенција каде што двата лика повторно се сретнуваат е видливо инсценирана со намера да се оствари нереализираниот конфликт што се очекува. Наративната стратегија што сведочи за женската готовност станува транспарентна во мигот кога мајката вели дека го пронашла синот следејќи го звукот на неговиот митралез, по што средбата продолжува да се одвиткува особено брзо. Мајката ја споделува со синот и другарите соборци храната што им ја носи, додека Никола ја прекорува за ризикот што го презела само за да го види. Веднаш по остварувањето на разговорот, дејството се забрзува и групата се наоѓа под непосредна закана од огинот на распалените рафали на непријателите и мајката си заминува накај дома. Расказот завршува така што ги исполнува сите елементи за спроведување на конфронтацијата, дури и по цена на животот на мајката.

„Над стрмата ивица над патот, кој на тоа место се спушта надолу во завртоците спрема селото, стои Ницината мајка. Сосема незабележано, трепереше, неслушајќи ги зрната кои пееја високо над неа, таја се држеше за влажната лескова ветка, со насолзени очи ги следеше двете црни лики, едната поголема, другата помала, кои бргу одеа низ одалечената заснежена коса и им викаше со слабиот глас, и ако тие таму неможеа да ја чуат: – Бргу, Ниџо, бргу, јаболко мое! Еве ме, јас се довардив! Не плаши се за мене, не плаши се голабе!...“ [Ќопиќ, Бранко. „Суровото срце“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 13.]

Последно, во голем дел од расказите го имаме ликот на мајката којашто го чека синот да се врати од партизани. Овие книжевни текстови се сосредоточени на реинтеграцијата на жената во општеството, односно нејзината повторна адаптација на новата политичка ситуација. На наративен план тоа се постигнува така што автор(к)ите ставаат кочница на враќањето на борците, предизвикувајќи го феноменот на трајното „бекетовско“ исчекување. Мајката во овие примери стратешки се активира поради преплавеноста од чувството на тегобност и јанsа поради неинформираност, што ја принудува одново да се поврзе со заедницата и со институциите. Во расказот „Мајка Дивљана“ од Ги де Мопасан, на пример, присутно е сопоставувањето на стереотипниот лик на мајката која стожерно чека „подобри времиња“ и разбудената „нова“ жена која ги презема работите во свои раце:

„Меѓу другото, жените од селото не се смеат многу. Тие им го оставаат тоа на мажите, тоа не е нивна работа. Ним душата им е жална и ограничена, бидејќи животот им е темен и невесел. Селанецот малу шумно ќе се повесели во крчмата, но домаќинката му останува сериозна со постојано строг израз. Мускулите на нивното лице ненавикнале на движење за смеење.“ [Мопасан, Ги де. „Мајка Дивљана“, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 13.]

Во овој пример се става крај на „вегетативната“ улога на мајката, преку нејзино воведување во светот на информациите, што ѝ дозволува испуштање на собраното чувство гнев и

омраза кон непријателот. Поставен во 1871 година, во периодот на Француско-пруската војна, нараторот ја претставува приказната за Викторија Симон Дивљана, која живее во поголема и изолирана куќа во рурална Франција. На почетокот, нејзе ѝ доделуваат четворица Пруси на згрижување, поради што авторот нè наведува погрешно да мислиме дека жената ја реплицира својата улога на мајка, поведувајќи грижа за другите борци, па дури и оние што се борат од другата страна. Сепак, оваа линија на развој на ликот не се остварува во име на реанимацијата на жената: „...переа алишта, ги вршеа сите домашни работи, како четворица добри синови околу својата мајка. Но таа секогаш мислеше на својот син...“ [Мопасан, Ги де. „Мајка Дивљана“, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 14.] За време на престојот на гостите, мајка Дивљана добива писмо од кое дознава за смртта на нејзиниот син, убиен од страна на Пруси и решава да се одмазди. Собирајќи ги прво нивните имиња и адреси, таа им мести мека постела, а потем ги запалува сосе куќата, гледајќи ги оддалеку како горат. Потоа, Дивљана испукува еден куршум со пушката од синот и на сите им соопштува јавно за стореното. Ликот на мајката во овој пример има улога на конзерваторка на меморијата и спроводничка на одмаздата. Она што таа не успева да го проговори со синот, го соопштува на народот, преку што повторно се поврзува со средината каде што живее.



„Ова е за Викторовата погибија. (...) Ова се нивните имиња, да им пишете по дома. (...) Ќе напишете како се случи тоа, и кажете им на родителите дека јас го направив тоа, јас Викторија Симона Дивљана, не заборавете.“ [Мопасан, Ги де. „Мајка Дивљана“, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 14.]

1.2. Во хетеротопични простори на блокада, окупација, заседа и изолација

Низ анализата на книжевните прилози, како посебна категорија на престој на женските ликови, се издвојуваат просторите на блокада, окупација, заседа и изолација, кои се одликуваат како типични хетеротопии. Според Мишел Фуко, хетеротопиите се дефинираат како „подруготнати“ (*Othered*) културни, институционални и дискурзивни простори што се перципирани како настрани/чудни и трансформативни светови во светови што ја пресликуваат надворешноста и го вознемируваат она надвор од нив (Foucault 1967, 6). Тој наведува шест принципи на создавање на различни хетеротопии на: криза, девијација, јукстапозиција на простори, време, изолација, преку ритуал или прочистување и илузија. Како хетеротопични простори во „Македонка“ се препознаваат домот, концентрационите логори и шумите.

Во примерите каде што среќаваме блокада или окупација на определени населени места, ликовите на жените се ограничени во нивната улога на сопруги и имаат стеснета територија на дејствување. Домот каде што тие главно функционираат во време на блокада се претвора во хетеротопија на време, односно станува подрачје „поврзан[о] со пресеци во времето“ (Исто). Таквиот простор почнува да функционира како хетеротопија кога луѓето во него „расчистуваат“ со традиционалното време и почнуваат да живеат во „квазивечност, чијашто трајна нафака е распаѓањето и исчезнувањето“ (Исто). Тие места имаат способност за безмерно акумулирање на време и меморија, поради

што ги задржуваат, паметат и перпетуираат воените насилства. Така, женските приказни што честопати се развиваат како реакција на постапките на нивните брачни партнери, запаѓаат во кумулативна фаза на тивко трпење на искуствата. По вообичаеното отстранување на машките ликови од домот и нивното преместување во ситуација на опасност далеку од него, фокусот на текстовите се префрла врз прекарната положба на жената чиешто знаење за настаните е ограничено од физичките граници на домот. Таа нема доволно познавање за надворешните околности, што по автоматизам ја исцртува како лик без разбирање на „вистинските проблеми". Отсликувањето на отуѓениот однос меѓу сопружниците во овие хетеротопии е со цел проблематизирање на нужното пресликување и зависност меѓу јавното и приватното.

Така, „Блокада" од Јован Бошковски е еден од ретките текстови каде што среќаваме машки лик во улога на брачен партнер и родител, кој ги пренесува надворешните околности внатре во домот. Дејството во расказот се одвива за време на Втората светска војна, кога градот каде што семејството на Нико и Цана живеат се наоѓа под блокада од страна на Германците. Ликот на Нико е претставен преку неговото присилно преместување на место каде што осведочува насилство, кое се обидува подоцна да го заборави и да го „неутрализира" преку пијанство. Враќајќи се дома во алкохолизирана состојба тој ја малтретира Цана и станува главна артерија за загнездување на воениот терор во семејството. Освен тоа, Нико е прикажан и како системска жртва што доживува „криза на машкоста"[1], бидејќи не може да ја исполни општествено очекуваната улога на главен поддржувач на семејството. Всушност, централен дел на приказната е тешката позиција на Нико со кого се очекува да сочувствуваме, а не жената врз која тој ги нанесува насилството и малтретирањето.

1 Терминот „криза на машкоста" е развиен во доцните шеесетти години на 20 век, кога бил директно поврзан со општествената идеја за тешкиот живот по Американската граѓанска војна (1861-1865). Терминот е скован од страна на: Џорџ М. Фредриксон (1965), Џејмс Р. Мекговерн (1966), Џон Хајам (1970) и Џералд Френклин Робертс (1970).

Во таа смисла, домот во приказната се набљудува како средина што е повознемирувачка и попроблематична од остатокот од светот, а не негов одраз и последица.

> „Во градите му гореше од виното и онаа тегоба што во денот на блокадата се навали на него. (...) Повекје од секогаш го зајаде онаа тешка мака што ништеше како отворена рана, еве цели две години, откако окупацијата како тешка крепа го поклопи животот. Германците му го однесоа автомобилот и тој оттогаш остана без работа. Кај нив не сакаше да служи. Оттогаш Нико се пропи како никој, се одроди од домашните, од децата и Цена, таа мирна и покорна жена, што секоја негова плесница ја трпеше и траеше... (...) Така од ден на ден пропагјаше Нико, се загуби сосем и ништо векје не можеше да го врати на правиот пат, да му го врати оној некогашен мир сред својот дом...“ [Бошковски, Јован. „Блокада“, год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 20.]

Друг пример на отуѓување меѓу сопружниците поради преобразбата на домот во хетеротопичен простор има во расказот „Дебармаалката“ од Иван Точко. Слично како во „Блокада“, неможноста на мажот финансиски да го крепи семејството придонесува ликот на Цветан да се отуѓи од Роса и да стане сè попотиштен и некомуникативен.

> „Окупација... Окупаторот ја собра волната и луѓето немаа што да влачат. Цветан веќе не можеше да ја донесе дома ни онаа мала надница и Роса не можеше да го земе ни она мало парче пченкарен леб, што им се следуваше. Таа гледаше како од дена на ден – животот станува сè потежок и потежок... Цветан не ѝ отпушташе веќе благ збор. Замислен, тој како да не ја забележуваше сега.“ [Точко, Иван. „Дебармаалката“, год. 5, бр. 59 (1949), стр. 14.]

Имено, повлечеността на Цветан расте пропорционално со „однародувањето“ на ликот на Роса во рамките на новото социјалистичко движење, што се толкува како клучен предизвик за успешноста на бракот. Осамостојувањето на Роса претставува главен предуслов за постигнување на доверливи партнерски односи и брачна благосостојба. Среќниот брак е со тоа условен

од дејствувањето на сопружниците на истата страна на идеолошката оска, каде што жената има тешкотија да премине.

> „Цветан си преапа усните. Истата вечер, кога му предложија другарите од Партијата, да прибере дома еден илегалец, тој засрамено ја сведна главата. Одби. Не беше сигурен во Роса... (...) Тој на неколку пати се опита, да ја привлече и жена си и да ја вклучи во општиот врвеж на борбата, но таа секогаш го одбиваше со зборовите: – Подобро да мислите, како ќе внесете нешто дома од колку што се веете со работи, кои што не се за вас... – А за кого се? Кој ќе мисли за нас, ако не, ние самите? Кој ќе ја ослободи оваа земја од поганците, ако не јас, ти, сите ние?... И велеше тој тогаш јадосан од нејзините зборови. Сеќаваше голема тежина, како да и помогни, да стапи на прав пат.“ [Точко, Иван. „Дебармаалката“, год. 5, бр. 59 (1949), стр. 14.]

Во оваа смисла ликот на Роса е клучен во градењето на колективната слика за жената како заостаната, неинформирана и недоверлива. Пропагандниот карактер на расказот е највидлив преку себепрекорот и вината на женскиот лик што не се вклучил навремено во антифашистичкото друштво. Во расказот проблематични се и сцените каде што се опишува внатрешниот конфликт на жената која скептично и со страв ја набљудува војната отстрана и има проблем да се види себеси како дел од колективот. Приклучувањето во антифашистичкото движење низ текстот е опишано како иницијациски процес во кој Роса е чекор по чекор воведувана во „партизанството“, дознавајќи ги тајните една по една и добивајќи предизвици што треба да ги исполни за да ја докаже нејзината верба во социјалистичкото начело. Нејзиното осамостојување против фашизмот се случува бавно, и тоа благодарение на трансферот на знаења од жена – на жена, во рамките на женските окрузи. Во моментот кога таа станува дел од тој процес, хетерохроматскиот дом исчезнува, по што задругарството станува нов вид на хетеротопија на криза, резервирана само за избрани и привилегирани поединци. За да се задоволи оваа логика на развој на ликовите, на наративен план Роса и Цветан повторно се среќаваат дури кога и двајцата

стануваат дел од истата (ексклузивна) хетеротопија, по што се навестува дека ќе можат да живеат спокојно и сложно.

> „Од оној ден, кога ѝ кажа Рада, дека е Цветан со партизаните, Роса уште повеќе се повлече во себе си. Негде длабоко во нејзината свест живееше нејасната мисла, дека е таа виновна пред сите. (...) Ги виде сите... Само себе си, меѓу нив не можеше да се види. (...) – Но времето минуваше... И новите дни почнаа да будат нови чувства кај Роса. Рада сѐ почесто ѝ навратуваше и ѝ ја топеше тешката грутка во градите. (...) Еден ден, кога Рада ѝ поведи да однесе – за другарите – кутија со лекарства во Водно, Роса се просолзи од радост. Ѝ се стори, како да ѝ се откри целиот свет и како да почна одново да живее. Длабоко во душата ѝ пламна силен трепет за Цветана...“ [Точко, Иван. „Дебармаалката“, год. 5, бр. 59 (1949), стр. 14.]



Понатаму, како хетеротопии во предметната содржина се истакнуваат нацистичките концентрациони логори, каде што времето има посебна логика. Овие места со нивната буквална одвоеност од остатокот од светот, во книжевните текстови се одликуваат како хетеротопии на изолација или хетерохронии што не се јавно достапни. Во нив само поединци имаат дозвола за влез и излез, додека за други им се наметнуваат како задолжителни. Тие работат како херметички затворени садови што ги акумулираат доживувањата, каде што сеќавањата одекнува-

ат долго по настаните случени во нив. Вакви хетерохронии има во расказите „Драго“ и „Спомен на Ганимет“. Во нив настанува ефект на забавување на времето до степен на повторување на еден клучен миг на постоењето на ликовите. Во „Драго“ тоа се постигнува кога ликот на мајката Мара доживува недогледен број на бессони ноќи бдеејќи над болниот син, додека во „Спомен на Ганимет“ – историското заглушување на жените симболички се трансферира во бавно умирање на ликот на Ганимет.

> „...Мара влезе во првата од безбројните безсони ноќи, го дочека првиот од неброените денои на глас, мачења и навреди. (...) Во долгите еднолики денои, во ноќта од која како да никогаш не ќе се роди зора и минатото се дави во морето од тугите садбини, и Мара почна да ја раскажува приказната за својот живот.“ [Н. „Драго“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 13.]

> „За да ѝ биде смртта потешка, за да се заплашат другите, пред бесилката џелатот и го наметнал [на Ганимет] црното, од неа толку омразено фереџе. Тешко умрела, оти тоа фереџе, кое со векови ги задушува животот и младоста на Шиптарките и Турчинките, и нејзе ѝ го продолжило умирањето на јажето за цели петнаесет минути.“ [Спомен на Ганимет, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 7.]

Последно, како хетеротопии на криза, но и хетеротопии на изолација се препознаваат буковите шуми за кои народски се верува дека ги впиваат и ги паметат сите случувања. Буковите шуми се опишани и како места што ги чуваат сите тајни, но и кои имаат антропоморфни белези, односно се способни да ги примат емоциите и да ги пресликаат чувствата на соборците и на народот по загубата на нивните другар(к)и.

> „Во пазувите на Буковата шума се кријат едно чудо прикаски за минатите времиња, за изминатите борби. Ама буковите карпи, буковски буки уште долго, секојпат ќе ни прикажуват за првите партизански групи што ги крие во своите пазуви, зад своите буки. Ќе прикажуваат за првите партизани, за првите народни борци...“ [Богданова, Нада. „Буковата шума ни прикажуе...“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 12-13.]

„И пак
како онаа ноќ...
Темница – гроб, пеколен мрак
ко мртвец лежи над Кара-Даг.
Заморена гора сред тајни мрзне,
ни пиле глас да пушти слаб,
ни лист да шумне в есена кал.

(...)

Рикнаа страшно горските бури,
запиште земја со крв зелена,
другари верни
стиснаа пушки,
дадоа клетва над мртва Цена."

[Шопов, Ацо. „На Кара – Даг – На Викторија Поп-Јорданова – Цена", год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 12.]

1.3. На фронталните окрузи од воените жаришта

„И ѓи ќерка роди... камен ѓодобро."

[Прва жртва, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 5.]

Анализираните книжевни прилози содржат исклучителни примери на женско херојство на фронтот и околу фронтот на воените жаришта, што честопати останува засенето кога станува збор за народните борби. Доминантна наративна стратегија во текстовите за паднатите борки е вклучувањето на нивна претсмртната изјава или гест со која му порачуваат на непријателот дека во нив е акумулирана сенародната сила. Во превратничкиот миг кога женските ликови – партизанки ја увидуваат животозагрозувачката закана што им се доближува, тие стануваат похрабри, понапрегнати и исклучително издржливи пред нападот што им се нанесува. Никогаш не пропуштаат да го из-

ненадат непријателот, дури и кога се наоѓаат во незавидна позиција.

> „Нада ја стега пушката и се брани храбро. Ама осети ужасни болки во ногата. Залетна и падна. Коравите непријателски раце ја фаќат грубо. Раната ужасно ја боли. Ама таја гордо ја крева главата. На нејзиното бледо лице се гледа презрив смев. – Нада е ученик на сестра си и знај како да се држи пред непријателот. Беснеј врагот. Се осеќа немоше пред смелоста на това шеснаесетгодишно дете. И едно садистичко животно се приближува со нож в раката, го бара точно местото на раната и врти во неја. (...) – Непријателот е зачуден. Полумртва лежи Нада, а молба за милос не излегува од нејзината уста. Со напреднати сили таја диши. Ги шири очите. (...) Еден истрел и Нада лежи мртва, со полуотворени очи, со растурена коса околу младото и убаво лице.“ [Савелиќ, Љиљана. „За живот светел красен и чис...“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 4.]

Женските ликови лежат полумртви, но успеваат да испратат последен горд и презрив смев што го гневи противникот уште повеќе. Нивната борба се опишува како генерациска наследна, а нивната борбена вештина – како сестринска оставина што се пренесувала од постарите кон помладите во семејството и заедницата. Инспирација за продолжување на народната борба се токму нивните претходнички, поради што тие не им даваат ниту на нивните соборци да се разнежат и да тажат по нивната смрт, која тие ја гледаат како удел кон постигнувањето на колективно ослободување. Така, во расказот „Прва жртва“ партизанката Магдалена Антевска, која била дел од кумановскиот одред и загинала на почетокот на НОБ и била прогласена за прва жртва во име на народот, вели: „Не е тешко да се умре мајко, кога знаеш зошто го даваш својот живот. Магдалена целата беше опфатена со мислата за борба, крв, глад, студ и победа“. [*Прва жр̄тва*, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 5.]

Женските тела се честопати и расположливи тела (*disposable bodies*), односно редовни жртви. Во смртта тие стануваат дел од воениот „пејзаж“, што го отстрануваат/очудуваат со

нивната појава што потсетува на сè она што претходело и следува. Нивните тела претставуваат првиот физички штит што се попречува на патот на заканата. Но, дури и во тие случаи, кога женските ликови не се активно ангажирани во првите редови на НОБ, се дознава дека ги дале своите животи во одбрана на децата, партнерите и народот, не сакајќи докрај да проговорат, за да ги предадат или да ги изложат на опасности другите.

> „Еднаш околу малата станица, каде стоеше напуштена и разбијена железничка композиција и каде преди малку уште беја Германците, на зелената и влажна ливада, наидовме една млада жена како лежи на непокосената трева. Едната рака ја ставила над главата, другата ја притиснала на простреланите гради – изгледаше како да спие, очите затворени, ветерот си играше со нејзината темна коса, само од побледнелата уста течеше тешка струја крв.“ [Николаевич Толстој, Алексеј. „Нина“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 21.]



> „Жените се свиткуваа над децата за да ги заклонат од ударите, паѓаа во матицата, некои од нив сепак се дигаа мокри, со растурени коси, додека други пливаа низ водата онесвестени, некаде некоја сигурно и мртва што беше исто, бидејќи и онаа што не ја смртно погоди некоја тула неа така во несвестица ја давеше водат, тела, марами и детски капи пливаа низ рекичката, на моменти на некои места црвена од многу рани.“ [Анѓа, год. 6, бр. 64 (март 1950), стр. 15.]

„Во лом од предмети, оружје и лешеви, седеше потпрена до ѕид, како замислена. Крвав млаз ѝ извираше од челото, се спушташе меѓу веѓите, минуваше покрај носот и малку отворените усни и навираше во градите. Ја стрелаа во чело.“ [Ќосиќ, Добрица. „Далеку е слонцето“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 16.]



Но, во расказите жените во „камен“ не се претвораат дури ни по смртта. Нивното тело продолжува да оддава застрашувачка енергија што противниците мислат дека ги демне. Тие продолжуваат да ги повредуваат женските ликови повеќепати, за да се осигурат дека нема повторно митско-магиски да оживеат и да им се одмаздат.

„Убијци.. душма... – викаше Магдалена, но не стигна ни да се доискаже. Дум-дум куршум ја погоди во плеќите. Без писок се опираше на земјата како да сакаше на сила да ја запре оваа река од крв младешка, врела. На устата ѝ навре топла крв, се цедеше низ образите, гушата. (...) Каква е таа чудна светлина што ѝ го озари ликот. Магдаленината коса гореше. Падната крај огништето косата ѝ се разбувна, се разгоре. Прва жртва. (...) Магдалена ни мртва не ја оставија на мира. Ја избодеа со ножеви. Како да ги беше страв од нејзината сенка. Да не остане, да не зборува за нивните ѕверства.“ [*Прва жр҃тва*, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 7.]

И со право фашистичките непријатели го имаат овој страв пред партизанките. Од списанието можат да се истакнат неколку значајни примери на жени кои, покрај сите баснословни огледи за победа на противникот, успеваат да преживеат. Такви се ликовите на Нада од расказот „Нада и Загорка“ на Јован Поповиќ и Агрипина од романот „Леб“ на Алексеј Николаевич Толстој. Во еден момент партизанката Нада дури вели: „А јас, овдека сум, ова ми е веќе трет живот“. [Поповиќ, Јован. „Партизанката Нада: Извадок од расказот Нада и Загорка“, год. 5, бр. 49-50 (1948) стр. 19.] На наративен план ним не им е дозволено да се вратат исти како претходно. Обете си доаѓаат назад во друштвото на соборци физички променети и камуфлирани во облеката на ривалите или наметнати со нивното оружје, што го носат како орден.

> „Нада му се доближи на еден ранет другар како би можела на брза рака да го преврзе и поведе. Четниците ги изненадија; отстапувањето не беше можно. (...) Го совладаа нејзиниот огорчен отпор и со одвратни псувки кои заудираа на овчо месо, лук и ракија, ја поведоа со себе. (...) Ама после десетина дена наеднаш искрсна веќе прежалената Нада со пушка и две бомби. Ја гледавме како некое провидение.“ [Поповиќ, Јован. „Партизанката Нада: Извадок од расказот Нада и Загорка“, год. 5, бр. 49-50 (1948) стр. 14.]

Особено Агрипина, која се впушта во физичка пресметка со еден Козак, одбива да биде видена како заднинска борка поради нејзиното присуство на терен без униформа, забрадена на украински начин и во фустан. Таа и нема друг избор освен да ја земе облеката од паднатиот Козак за да не биде предмет на потсмев од нејзините соборци и другари, кои прво го ценат нејзиниот изглед, а потем нејзиното херојство.

> „Устата и беше скината по целото бедро – блузата и висеше на партали, и на слабината и се гледаа крвави отоци од козачките нокти... (...) Агрипина се отпрви кон превртената талига, кај што лежеше ничкум отепаниот козак. – Зар ке земеш од него? – ја праша Иван. – Командирот заповеда да си најдам. Јас еве

сега ке ги исперам на кладенецов.“ [Николаевич Толстој, Алексеј. „Агрипина: Извадок од романот Леб“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 13.]



1.4. Во трезорите на народот и народното сеќавање

Последно, значајно е да се забележи дека кога се затечени од непријателот „на домашен терен“, женските ликови што преживуваат остануваат скриени зад „народот“, додека оние што умираат остануваат запаметени во народното сеќавање. Нивните тела на ниво на наратив се истоветни со народното и се неразделен дел од него. Хероините на колективот се бескомпромисно заштитени од нивните сонародници, преку што низ текстовите се ткае чувство за солидарност, сестринство и единство. Дури и на јазично ниво, тоа е изразено преку употребата на синтагми како: „Здиме крф смела, се смрачи градот / народот нож го прободе“. [Марковски, Венко. „Вера Цириви – Трена“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 10.] Тоа е присутно и во

примерите каде што женските ликови мистично исчезнуваат и се кријат од непријателот. Нивната претстава се слева во доменот на народното, што се опишува како нешто длабоко што има способност да ги задржи и да ги заштити борките во себе:

> „Избеганите девојки беа скриени во длабочината на душата на народот и полицијата воопшто не ги најде.“ [Благоески, Б. „Патот в партизани“, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 6.]

> „Честа на момата беше чест на сите Леричани. И тие решија да ја чуваат. Сребра се криеше по селските куќи како да беше потонала во земја.“ [Абаџиев, Ѓорѓи. „Сребра Комитката“, год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951), стр. 1.]

2. Женските ликови наспроти различните хегемонии

Во овој втор дел од истражувачкиот текст предмет на анализа се женските ликови кои се јавуваат како противнички на различните хегемонии изразени преку: (1) патријархалните концепти за бракот и семејството, (2) религијата и државната власт, и (3) класната нееднаквост. Овде жената се јавува во улога на: мајка, ќерка, сестра, другарка итн.

2.1. Жената и патријархалните концепти за бракот и семејството

Книжевната содржина што се занимава со проблематизирање на брачната заедница, главно раскажува за женски ликови кои бегаат од дома кога стануваат: предмет на пазарење и размена по претходно случена спогодба од страна на нивните родители. На наративен план принудениот брак се употребува за понатаму во дејството да се истакне женската новостек-

ната моќ за давање отпор кон патријархатот, а неможноста за избор како нешто што новата социјалистичка жена веќе го надминува. Во прв план на приказните прикажани се старите обичаи, според кои продажбата на женското тело се гледа како начин на издржување на семејството и стекнување на одреден општествен статус преку договарањето бракови со веќе познати „успешни семејства“. Овие однапред донесени спогодби, во расказите се случуваат кога ќерките сè уште се малолетни и со нив овие знаења не се споделуваат сè до „судниот момент“ кога родителите решаваат дека за нив економски најповолно е да ја направат некогаш ветената размена. Немајќи трет избор, женските ликови во овие ситуации се решаваат на бегство од домот, прекинување на контактите со родителите и долгорочно отуѓување од фамилијата.

Посебната наративна стратегија што се развива на план на овој тип на текстови има цел да ги зајакне чувството на револт и желбата за поголем отпор кон ваквите практики, кои немаат место во социјалистичкиот поредок. Како илустративни примери за женскиот отпор кон застарените концепти на бракот, застапени во „Македонка“, можат да се наведат „Бегалка“ од Суз Цуњ и „Спогодба“ од Невена Теохарова. Двата текста се објавени во рамките на списанието во периодот по донесувањето на основниот Закон за бракот, усвоен 1946 година, по што честопати во прилозите на „Македонка“ се прави паралелата меѓу третманот на жената во Кралството Југославија и Федеративната Народна Република Југославија. Тие имаат и промотивна улога и говорат за новите тенденции што Републиката се обидувала да ги воспостави во насока на постигнување еднаквост меѓу мажите и жените. Сепак, книжевните текстови не говорат за актуелниот однос кон жената во рамките на брачната заедница во моментот на нивното објавување и, иако имаат ангажиран карактер, не морализираат подлабоко во однос на актуелните начини и можности за склучување партнерства.

„Слушај! Кога умираше татко ти, тој те вети тебе во семејството Дин. Од добиениот откуп за тебе ние успеавме да го закопаме татко ти. (...) [Но]...нашиот богаташ Сањ Лао-а те загледал тебе и сака да те направи четврта жена. Тој само што ме извиса и ми саопшти за неговото решење. (...) Ни ветуе 500 долари Дадениот збор на Диновци да го раскинеме. (...) Тогаш јас ке бидам околу тебе и до старите роднини ке бидам осигурена. (...) Ти само помисли: не е ли тоа милост на небото? (...) Да бидеш четврта жена на така голем и угледен човек, да јадеш доста вкусно јадење, убаво да се облекуеш, да живееш во полно задоволство, за ништо да не мислиш...“ [Цуњ, Суз. „Бегалка“, год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 10.]

„Го завршија пазарлакот и сега тихо прикажуваа за сосема безначајни работи. Зумбула влезе и ги послужи со кафе. Се сети дека е привршен некој пазарлк. Умот ѝ отиде на старата, ќорава кобила. Татко ѝ еден ден зборуваше дека ќе ја продаде. Се нажали. Си мислеше колку е татко ѝ бездушен та кајдиса да ја продаде. ’Сирото добиче‘, – си мислеше Зумбула. Пет недели изминаа од пазарлакот. Зумбула и не сонуваше дека не кобилата, туку неа татко ѝ ја продаде.“ [Теохарова, Невена. „Спогодба“, год 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 12.]

Покрај линијата на разгледување на женските искуства врзани за договорениот брак, во книжевните прилози што се предмет на ова истражување постои паралелна линија на испитување на функцијата на женските ликови во рамките на семејството и нивната репродуктивна улога (види повеќе за политиките на грижа во периодот на излегувањето на списанието „Македонка“ кај Коцевска во овој зборник). Во контекст на патријархалниот концепт за семејството, женските ликови во анализираните текстови секогаш ја реализираат нивната улога на мајки, продолжувајќи ја семејната линија линеарно, со создавање на колку што е можно поголем пород. Во повеќето од примерите надминато е создавањето на женски ликови кои се сведени на нивната повоена должност за реобнова на државата, поради која честопати историски се гледаат само како „репродуктивни матки“. Сепак, секогаш кога оваа улога е присут-

на во текстовите, жените се прикажани како главни жртви на суеверијата. Тие книжевни текстови имаат видлива образовна димензија, која се реализира на принципот на заплашување. Неколку од нив раскажуваат за животното искуство на руралната жена, земена како универзален пример за несоодветно мајчинство, поради преголемата повлијаеност од различните верувања во натприродни сили во тогашните отежнати работни услови и самохрано родителство. Списанието се стреми да ги образува потенцијалните читателки преку застрашувачки приказни, што порачуваат дека единствениот начин за одржување на „успехот“ на едно семејство е преку верувањето во науката.

Еден илустративен пример е расказот „Горпина“ од украинската писателка со руско потекло Марија Александровна Вилинска, позната по употребата на нејзиниот псевдоним Марко Вовчек (1834 – 1907), преземена од книгата „Народни приказни“ (1857). Вилинска имала големо влијание врз развојот на украинската кратка проза и збогатувањето на видовите жанрови, особено на општествено ангажираниот расказ. Во книгата „Народни приказни“ таа го прикажува „мачењето на селаните под гнетот на помештиците“ и „произвикуе во читателите чувство на возмутуење и протест против крепосното право“ [Вовчек, Марко. „Горпина“, год. 4, бр. 36-37 (1947), стр. 15.] поради што станува тогашен глас на народот. „Горпина“ е битова приказна што ги опишува животот и предизвиците на руралната жена, која се справува со тешкотиите во грижата на детето за време на „општествени промени, крај на полуфеудалното општество и подемот на капитализмот и буржоазијата“ (Bukia-Peters 2020). Во таа смисла, вклучувањето на расказот во „Македонка“, пак, е и со намера да ја еманципира жената за нејзините работнички права и правото на родителско отсуство.

> „Се сети Горпина, слушала таа некој пат, дека ако детето не спие, тогаш треба шишарки од афион да стојат во млеко, па со тоа да се напои детето. (...) Го напои – детето се смири и почна да заспивуе и така силно заспа, што дури не се помрдна, кога

десетарот со цело грло извика во пенџерето: >На работа!< ја тури Горпина ќерка си во колевка, ја прекрсти, заплака и тргна. (...) Се намачи таа тој ден. (...) Вотрча во куќата. Во неа сè тивко и темно. Право кон колевката, кон детето. Детето лежи ладно, неподвижно, не дише. (...) Стои на среде на собата Горпина, сета дури поцрнета и гледа така страшно, а во нејзините раце детето мртво. (...) Боледуваше таа тешко три недели. Но господ ја помилуа, ѝ го врати здравјето, но умот не се врати.“ [Вовчек, Марко. „Горпина“, год. 4, бр. 36-37 (1947), стр. 15.]

Текстови во списанието „Македонка“ што се осврнуваат на многудетноста во рамките на концептот за традиционалното семејство се продуцирани во време кога родилките се соочувале со повеќекратна загуба на нивните деца, во што удел имала и употребата на непрепорачливи и несанитарни практики на одгледување на децата во нивниот ран развој. Имено, во расказот „Проклетство“ истакната е и општествената стигма врз оние жени кои имале таква несреќа. За нивните куќи се зборува дека се проклети, а за нивните (преживеани) деца како за преносители на стекнатата клетва.

„Над куќата на Спасена како да беше паднало проклетство. Од смртта дете не можеше да откине а раѓаше што вели народот, ’секое летенце – детенце‘. Сите адети им ги сторуваше а тие умираа, па умираа... Одвај од тринаесет едно остана. Го крстија Трајчо – да затрае. (...) Се тешеше туку сè некако тешко ѝ паѓаа зборовите што ѝ ги кажа комшивката Паца: ’Ти се окужи куќата, те стигнаа клетвите на Ристана...‘ (...) Оттогаш Спасена и поп викна да свети вода, и молитви правеше, дури одеше и кај оца клетвата да ја растури. А низ селото кружеа страшни приказни за сенкиштата што и ги издавеле децата на Спасена. (...) Овдека луѓето проаѓаа со страв крстејќи се – врагот да го истераат... Ништо не и помогна објаснувањето дека не само нејзе ѝ умираат децата.“ [Теохарова, Невена. „Проклетство“, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 10.]

Сепак, она што паѓа во очи во овие примери е постојаното фрлање сенка врз мајките кои се опишани како главни неразумни противници на научното знаење и напредокот. Дијалози-

те со нив изгледаат како дијалог на глуви, по што тие инсистираат на примена на одредени ритуали, кои во потесната средина се сметаат за единствен спас. На наративен план женските ликови тврдоглаво се противат на интервенциите што можат да дојдат од трета страна, сè до настанувањето на одредена трагедија врзана со нивните деца, по што – за последен пат, во приказните им се порачува дека згрешиле.

Последно, во „Македонка“ предмет на критика е наследувањето на семејната трговска дејност и богатството по машка линија, нешто што е видливо присутно во големиот процент на (не)имотност меѓу жените и денес. Во текстовите се зборува за историската незадоволителност од раѓањето на женско дете, кое честопати се смета за „просто лажна пара што не [може] да се вложи – стока без вредност – ништо повеќе“ [Дикенс, Чарлс. „Домби и син“, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 17.]. Женските ликови во таа смисла се претставителни за генерации деца за чиешто постоење не се води грижа, како и за нивните мајки. Совршен пример каде што има авторска иронија во описот на машкиот лик е расказот „Домби и син“ од Чарлс Дикенс, каде што умирањето на жената на породилната постела е ставено во заден план на радоста на господинот Домби од раѓањето на неговиот син-наследник.

> „Нашата фирма госпоѓо Домби – рече господин Домби – ќе биде повторно не само по име, туку и всушност Домби и Син. Домби и Син! (...) И пак рече: 'Домби и Син', потполно со ист тон како и порано. Овие три збора ја изразуваа главната животна идеја на господин Домби. Земјата беше создадена за да тргуваат Домби и Син по неа, солнцето и месечината беа создадени ним да им светат.“ [Дикенс, Чарлс. „Домби и син“, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 16.]

2.2. Жената и религијата

Во „Македонка“ силно е застапена релацијата меѓу женските ликови и религијата, особено прашањето меѓу жената со муслиманска вероисповед и (не)носењето на фереџето, контекстуализирано во рамките на културно-политичкиот контекст на СФРЈ. Главно, книжевните текстови што се однесуваат на оваа тема се објавувани од 1948 до 1951 година и имаат ангажиран карактер поврзан со здружената женска акција за донесување на законска промена што ќе овозможи симнување на фереџето. Таква легислативна промена се случува со донесувањето на Законот за забрана на зарот и фереџето, кој стапува на сила во февруари 1951 година, за кој во списанието се вели дека е главно застапуван од самите жени со муслиманска вероисповед.

Актот на задолжително тргање на превезот кај овие жени во тогашните историски околности се толкувал низ социјалистичките политики за братство и единство, како начин на зближување, спријателување и негување на безгранична меѓусебна доверба со целосно откриени лица и коси. Впрочем, во еден наврат се вели дека кај тамошните муслимани постоело „стар обичај да се открива жената пред добар пријател, без оглед на неговата вероисповед“, со што „на пријателот му се укажуе безрезервна доверба“ [Ј. В. „Муслиманската жена се бори за ослободуењето од мракот“, год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 6.] Во таа смисла, донесувањето на законот се толкувало како остварувањето на уште еден чекор нанапред во постигнувањето на поголема рамноправност меѓу различните народи.

Низ примерите каде што фереџето е главен предмет на тематска обработка, тоа претставува црн адет, клетва и духовно ропство. Тоа е главен лајтмотив за дефинирање на концептот на слободата кај жените со различни потекла, возрасти и степени на образование.

„Учите писмо, наука,
влегујте в борба за живот,
борбата против фереџе
борба е против црни мрак,
борба за живот посреќен!

Фереџе, пусто фереџе
зборој за клетва јас немам,
те колнам, љуто проколнам,
клетва од оган посилна,
клетва од камен потешка,
клетва од смртта пострашна!“

[Николески, Ванчо. „Фереџе пусто фереџе“,
год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 9.]

Во анализираните примери, носењето превез од страна на женските деца се поврзува со стихувањето на женската сексуалност. Покривањето на нивните лице и глава во традиционалните муслимански семејства се практикувало како превентивен механизам за одбрана на детската „невиност“, поради што најчесто се случува во периодот на пубертетот, односно „задевојчувањето“. Во неколку од книжевните примери, женската убавина се набљудува како табу атрибут што произведува опасност однатре, поради што се вели дека треба да се направи себеси помалку видлива во јавноста. Оваа насока на размислување е сериозно загрозувачка за концептот на безбедноста кај жените и придонесува кон повнатрешнување на вината и двојна виктимизација кај жените жртви на сексуално насилство и вознемирување.

„ – Ако рекол Алах, на лето, на Коџа-бајрам, и ќе ја забулам. Женско чедо е. Колку побргу ќе му го ставиш чаршавот, толку главата ќе ти биде помирна, – си мислеше стариот, грбав Емин, татко ѝ на Зумбула. Се најдоа чудо стрини, тетки, поблиски и подалечки, кои што го поттеруваа Емин што побргу да го забули детето: ’Што гледаш, Емин, што мислиш? Оно... млада е... туку види како се разубаве...‘ – го убедуваа.“ [Теохарова, Невена. „Спогодба“, год 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 11.]



Носењето на фереџето во различните текстови каде што фиктивното време е далеку од стварното донесување на Законот, практиката се случува под повеќекратен притисок од повеќемина блиски на девојките, од родителите, партнерите и поширокаta фамилија. Одбивањето на овој обичај од страна на жените во семејствата тие го толкуваат како лудост, срам, па дури и резултат на фрлена магија што може да се растури. Другпат, доближувајќи се до периодот на донесување на законското решение, женските ликови од различните генерации се опишани како заедно здружено го напуштаат обичајот на носење на фереџе, и тоа во поддршка на нивните сопрузи.

„– Аирлија нека е безбели.., се приготвувате за некаква свадба? – Мора каква свадба... Ете прекројуваме... од старото правиме ново... А вечерва со мажите за прв пат ќе одиме во биоскоп, вака гологлав, без фереџе.“ [*Преродба*, год. 7, бр. 75 (февруари 1951), стр. 4.]

„Ги гледаш како кројат, прекројуваат, од црните фереџиња се раѓаа убави блузи, цели фустани... Не ли го ставаа крајот на нешто тешко, темно, што им се провлечувало досега во животот. Ги гледаш овие преродени лица што како деца се радуваат што вечерва за прв пат ќе стапнат слободно, без страв од мажот – човекот. За нив денешниов ден навистина е голем, велик ден... Без мера да се радуваш на светлоста, воздухот, животот...“ [*Преродба*, год. 7, бр. 75 (февруари 1951), стр. 4.]

Во „Македонка“ се среќаваат различни женски перспективи во однос на симнувањето на превезот, како што се очекуваните задршка и страв во донесувањето на таквата одлука, на која жените морале да се решат во рок од еден месец по донесувањето на Законот во јануари 1951 година. Но, во списанието не се вклучени претстави на женски ликови кои децидно се противат на оваа промена. Всушност, излегувањето на улица без превез, некои од жените кои навикнале на носењето на фереџе – го доживувале како акт проследен со крајна непријатност. Тие го толкувале Законот и како „посебен облик на напад врз нивната заедница, што предизвикува[ло] продлабочување на јазот меѓу муслиманките и активистите на АФЖ од другите етнички групи“ (Bonfiglioli 2016, 26). Во секој случај, „жената под превез [била] одземена од власта на својот татко, братот, мажот и оџата како симболички претставник на колективот и [била] ставена под власта на државата и на нејзината идеологија, заедно со сите други жени“, а женското тело уште еднаш станало *„екран* на кој се проектира[ле] одредени идеолошки пораки“ (Слапшак 2003).

Иако особено прогресивни, новите реформи и брзата модернизација не ги предвиделе потребите за приспособување на одредени жени на промените, поради што тие станале жртви на самиот закон што не предвидувал исклучоци. Покрај различните државни кампањи и активности за „просветлување“ на жените муслиманки, промените ги затекнала одредени заедници неспремни, за што може и треба да се направи посебно истражување посветено на (успешноста) на законската имплементација. Конечно, за жал, резултат на пропагандната димензија на „Македонка“, која главно била во согласност со политиките на Комунистичка партија на Југославија, е изостанувањето на прикажувањето на женските ликови кои имале тешкотии во процесот на симнување на фереџето, поради што тие станале предмет и на политички и на културолошки заборав.

2.3. Жената и класната нееднаквост

Еден посилен аспект од создавањето на женските ликови, особено истакнат во репортажните објави и преостанатите стории со документарен карактер, е потенцијалот за женско здружување за сеопшто народно надминување на класната нееднаквост. Задругарството, ударништвото и партизанството, во таа смисла, во анализираните прилози се појавуваат како политички вмрежувања со надминување на тешките работнички воени и посвоени услови, кои принудувале преселба на цели семејства или декадно нивно расцепување и отуѓување. Така, на пример, во расказот „Младоста на Фросина“ од Владо Малевски, се зборува за судбината на Јане и Фросина, кои се принудени да се разделат толку долго, за да не можат воопшто да се препознаат на нивната следна средба.

> „Од денот кога ја зеде тој ја виде во сета бездна длабочина јамата што ги држеше подалеку еден од другиот. Петнаесет години стоеа меѓу нив.“ [Малески, Владо. „Младоста на Фросина“, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 10.]

Конечно, во застапените раскази, до особен израз доаѓа и истакнувањето на колективните придобивки од работничкото здружување, стекнувањето на работничките права и ставањето стоп на злоупотребата на децата како работна сила во стара Југославија, особено периодот од дваесеттите до триесеттите години на 20 век. Ова е илустрирано во извадокот од романот „Кајин Пат“ (1934) од Милица Жицина, мошне прославена писателка меѓу работничката класа во 1934 година, која во своите дела се посветува на опишување на животот на слугинките и на децата како работници во богатите семејства во различните европски градови.

> „Навистина, тебе треба човек да те бие! Да се столче злото од малечко! Помина, како покрај куп нечистотија па се врати да го поправи она што го пропуштила: ја удри одзади со врвот на чевелот! (...) А знаеш куца црночка? – Не знаеш – добро! Доде-

ка дојде мојот... ми се чини дека ти уште не знаеш оти тој бие со ремен?“ [Жицина, Милка. „Кајин Пат: извадок од романот Кајин Пат“, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 12.]

Заклучни согледби

Книжевните прилози застапени во списанието „Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ (1944-1952) имаат експлицитно интердискурзивен карактер и воспоставуваат постојан дијалог со стварноста, низ кој се согледува врската меѓу претставата на женските ликови и социолошките феномени. Затекнати пред дилемата – дали се тие предмет на наративните стратегии што програмски ги туркаат во одредена насока – се впуштивме во преглед и анализа на главните пунктови на воен конфликт, но и местата на отпор каде што се среќаваат тие. Целта ни беше да ги откриеме причината и поводот за нивните постапки и да погледнеме каде застанал нивниот развој, а можел да продолжи во попрогресивна насока.

Од погореспоменатите примери видовме дека женските ликови се амбивалентни и комплексни. Но, кога го заземаат своето место во една хегемониска сфера, потфрлаат на друг план, односно не ги задоволуваат преостанатите општествени очекувања. Ним им е дозволено да бидат успешни само во едно поле, што е во интерес на актуелните политички случувања. Нивното дејствување е типологизирано и тие секогаш водат само една борба. Тоа ја засенува интерсекцијата меѓу класните, родовите и етничките нееднаквости и опресии во рамките на самите текстови, на сметка на што и преостанатите нивни амбиции и дејствувања остануваат недораскажани.

Иако женските ликови не се прикажани како апсолутни губитнички кога доживуваат одреден неуспех, некои книжевни текстови запаѓаат во апсолутизирање на нивниот пораз. При-

мерите каде што сретнавме показ за градењето на женските отпор и непослушност, вклучуваат наклон кон друг тип на хегемонии или откажување од проширување на пркосот во преостанатите сфери на човековата егзистенција. Отаде, на ниво на списание, книжевните прилози ги отсликуваат уредничките политики што го следат државното управување, кое во даден миг на остварување на определени права се откажува од идејата за нивно постојано дополнување и унапредување. Покрај огромната прогресивност на списанието „Македонка“ и субверзивноста на книжевните прилози, чиешто значење не смее да биде заборавено и потценето, во читањето на овие текстови секогаш треба да се има предвид пропагандната улога што е неизоставен дел од органот, од почетоците сè до неговото згаснување.

775/5
Периодични
1 Примерок

Македонка



Орган на Антифашистот фронт на жените от Македонија

Број 1 Ноември 1944 Год. 1




Христина Иваноска

УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Документот што недостига: „Македонка“ — еманципација, смисла и копнеж


Македонки





(централно) „Глаголење", 2018, мастило на хартија, 20 x 28,5 см. (лево) Компјутерски доработен студентски отпечаток од линорез што треба да симулира детаљ од топографска карта, 1993, 50 x 35 см. Кон крајот на Втората светска војна печатниците во Македонија ќе се соочуваат со „хроничниот недостаток на печатарска хартија". Според сведоштва, „во една прилика во еден магазин биле најдени италијански топографски карти и бидејќи тие биле погодни за искористување во печатењето, зашто едната страна им била бела и чиста, биле употребени за таа намена многу брзо уште во текот на 1944 год.", ќе забележи Александар Стерјовски во својот текст „Битолската издавачка и публицистичка дејност по ослободувањето (1944–1945 г.)" објавен во „Развиток" (Година XXIV, бр. 1 јануари 1986).

КОРЕНИТЕ НА НАШАТА ЕМАНЦИПАЦИЈА ТРЕБА ДА ГИ БАРАМЕ ВО НАШЕТО МИНАТО, ВО ГЛАСОВИТЕ НА СИТЕ ЗНАЈНИ И НЕЗНАЈНИ ЖЕНИ И МАЖИ КОИ ПРИДОНЕЛЕ ДА ГИ ЖИВЕЕМЕ ДЕНЕС, НО И НИКОГАШ ДА НЕ ПРЕСТАНЕМЕ ДА ГИ БРАНИМЕ СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ, ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРАВОТО НА ЕКОНОМСКА НЕЗАВИСНОСТ, КРЕАТИВНА СЛОБОДА, ПРАВОТО НА ЕМАНЦИПИРАНО МАЈЧИНСТВО И КОНТРОЛА ВРЗ СОПСТВЕНОТО ТЕЛО. ЗА ЖАЛ, НЕ МОЖЕМЕ ДА СЕ ПОФАЛИМЕ СО ИСЦРПНО ПОЗНАВАЊЕ НА СТРАТЕГИИТЕ НА ОТПОР НА ЖЕНИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, НИТУ ИМАМЕ ЦЕЛОСЕН УВИД НА ИМИЊА НА ЖЕНИ КОИ ИСЧЕКОРИЛЕ ВО СВОЈАТА СРЕДИНА ВО МИНАТОТО И ПРИДОНЕЛЕ ЗА ПРОЦЕСИТЕ НА ЕМАНЦИПАЦИЈА. НЕПОБИТЕН Е И ФАКТОТ ДЕКА НАЈЧЕСТО СЕ ТОЛКУВАМЕ СЕБЕСИ КОРИСТЕЈЌИ ТУЃИ РЕФЕРЕНЦИИ. ТОКМУ ЗАТОА АЛАРМИРАМ И АПЕЛИРАМ КОН НАДМИНУВАЊЕ НА ОВАА СОСТОЈБА КОЛКУ ШТО Е МОЖНО ПОСКОРО, ЗАШТО СЕЌАВАЊАТА БЛЕДЕАТ, А ДОКУМЕНТИТЕ ИСЧЕЗНУВААТ. ПРОЦЕСИТЕ НА ЕМАНЦИПАЦИЈА И СТРАТЕГИИТЕ НА ОТПОР НА НАШИТЕ ПРЕДЦИ ЌЕ ЈА ДОДЕФИНИРААТ И ЌЕ ЈА ЗАЈАКНАТ НАШАТА ПОТРЕБА, НО И ПОТРЕБАТА ЗА НЕМИНОВНА И НУЖНА РАМНОПРАВНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА НАШИТЕ ДЕЦА.

Скен од исполатена страница од текстот "Archive Fever: A Freudian Impression" на Жак Дерида со мои забелешки и потцртувања, а преземен од https://www.jstor.org/stable/465144

law, the relations between the secret and the nonsecret, or, and this is not the same thing, between the private and the public, whether they involve property or access rights, publication or reproduction rights, whether they involve classification and putting *into order:* What comes under theory or under private correspondence, for example? What comes under system? under biography or autobiography? under personal or intellectual anamnesis? In works said to be *theoretical,* what is worthy of this name and what is not? Should one rely on what Freud says about this to classify his works? Should one for example take him at his word when he presents his *Moses* as a "historical novel"? In each of these cases, the limits, the borders, and the distinctions have been shaken by an earthquake from which no classificational concept and no implementation of the archive can be sheltered. Order is no longer assured.

I dream now of having the time to submit for your discussion more than one thesis, three at least. This time will never be given to me. Above all, I will never have the right to take your time so as to impose upon you, rapid-fire, these three + *n* essays. Submitted to the test of your discussion, these theses thus remain, for the time being, hypotheses. Incapable of supporting their demonstration, constrained to posit them along the way in a mode which will appear at times dogmatic, I will recall them in a more critical and formal manner in conclusion.

The hypotheses have a common trait. They all concern the *impression* left, in my opinion, by the *Freudian signature* on its own archive, on the concept of the archive and of archivization, that is to say also, inversely and as an indirect consequence, on historiography. Not only on historiography in general, not only on the history of the concept of the archive, but perhaps also on the history of the formation of a *concept in general.* We are saying for the time being *Freudian signature* so as not to have to decide yet between Sigmund Freud, the proper name, on the one hand, and, on the other, the invention of psychoanalysis: project of knowledge, of practice and of institution, community, family, domiciliation, consignation, "house" or "museum," in the present state of its archivization. What is in question is situated precisely *between the two.*

Having thus announced my intentions, and promised to collect them so as to conclude in a more organized fashion, I ask your permission to take the time and the liberty to enter upon several lengthy preliminary excursions.

---

never be determined as one political question among others. It runs through the whole of the field and in truth determines politics from top to bottom as res publica. *There is no political power without control of the archive, if not of memory. Effective democratization can always be measured by this essential criterion: the participation in and the access to the archive, its constitution, and its interpretation.* A contrario, *the breaches of democracy can be measured by what a recent and in so many ways remarkable work entitles* Forbidden Archives (Archives interdites: Les peurs françaises face à l'histoire contemporaine). *Under this title, which we cite as the metonymy of all that is important here, Sonia Combe does not only gather a considerable collection of material, to illuminate and interpret it; she asks numerous essential questions about the writing of history, about the "repression" of the archive [318], about the "'repressed' archive" as "power . . . of the state over the historian" [321]. Among all of these questions, and in referring the reader to this book, let us isolate here the one that is consonant, in a way, with the low tone of our hypothesis, even if this fundamental note, the patriarchive, never covers all the others. As if in passing, Sonia Combe asks in effect: "I hope to be pardoned for granting some credit to the following observation, but it does not seem to me to be due to pure chance that the corporation of well-known historians of contemporary France is essentially, apart from a few exceptions, masculine. . . . But I hope to be understood also . . ." [315].*

- PATRIARCHIVE
- own archive
- concept of the archive
- archivisation
- historiography

(доле) Јане Чаловски и Христина Иваноска, „Форма на одговор", дигитална фотографија, 2017. (десно) Портрет на Роса Плавева од непознат автор, скен од фотографија од архивот на Музејот на град Скопје, кој го направив во 2005 година за истражувањето за проектот „Именување на мостот: Роса Плавева и Накије Бајрам", 2006.







Испитувачот: Извинете другарке Плавева. Морам да нагласам дека ни треба доказ, па бидете попрецизна. На крајот на ова сослушување треба да направиме документ.

Тоа што го кажувате овде и сега, за тогаш и таму, се ефемерни информации.

Р. Плавева: Мојата приказна е основана на моето искуство и она што е кажано од другите. Сведокот е „мојот друг".

ФРАГМЕНТ ОД „ДОКУМЕНТОТ ШТО НЕДОСТИГА: ПЕРФОРМАНС БР. 4 (СОСЛУШУВАЊЕ), 2016/2022

Сведокот: Почитуван испитувачу, јас можам да зборувам само за тоа што го посведочив во Државниот архив во јуни 2016 година за време на моето истражување. Прв пат го посетив Архивот и Институтот за национална историја пред дванаесет години, ~~кога правев слично истражување~~. Тогаш ~~за~~ првпат ги видов картонските класери полни со собрани спомени исчукани на хартија и ископирани во неколку примероци. ~~Рачно пишаните~~ корекции со мастило, директно напишани ~~на~~ документите се уште беа видливи. Од ~~оштетувањата настанати од~~ времето, ~~документите~~ станале потенки, жолтеникави и суви, ~~како листови тутун сушени на сонце што~~ може да се сронат на парчиња. Си мислев ~~колку крливи~~ се тие бесценети извори на информации, ~~колку делуваат незаштитени~~ и ~~се~~ лесно подложни на манипулација. Низ годините нешто ме ~~прогонуваше~~ назад кон зградата. Се плашев дека тоа што го видов тогаш еден ден ќе исчезне засекогаш.

Мојата втора посета се случи годинава во јуни. Но во моментот кога влеговме во двокатната модернистичка зграда ~~изградена во~~ шеесеттите, насетив дека нешто е поинаков. Главниот влез беше отворен, ~~но~~ немаше никој на приемниот пулт. Само пригушен звук од преносен телевизор или радио доаѓаше ~~од зад пултот~~. Можев да го чујам само ~~ехото на~~ мојот глас, кој безуспешно барајќи ~~го~~ чуварот, и ехото од моите чекори додека се качував по скалите. ~~Пристигнувајќи~~ на првиот кат со канцелариите на Архивот, можев да видам празни ходници и бели ѕидови ~~со вертикални и хоризонтални сиви правоаголници~~. Тие ненамерни ~~ѕвезди~~ цртежи на ѕидовите беа направени од ~~слоеви~~ прашина ~~насобрана околу и позади~~ ~~околу рамките на~~ сликите, ~~постерите и шкафовите кои~~ виселе ~~или се потпирале~~ на ѕидовите ~~многу долго време~~. Беше очигледно дека ~~спратот~~ е празен и имаше некое ~~чудно чувство во просторот~~. Како што дознав подоцна од вработен во Институтот на погорниот кат, Архивот неодамна бил ~~дислоциран~~ на ~~последниот~~ кат, ~~од една од новоизградените неокласицистички зади во~~ центарот на градот. Си помислив ~~преселба на~~ архив не е едноставна работа. Ако споредам со мојата логика на селење од еден во друг дом, веројатно би го исчистила просторот од ~~несакани и~~ непотребни ~~нешта~~, би ги реорганизирала тие што ќе ги задржам и би направила место за тие што ќе дојдат потоа, како

Скен од испечатени страници од мојот текст „Документот што недостига: перформанс бр. 4 (Сослушување)" од 2016 г., врз кои директно со мастило ги внесов моите дополнувања, измени и лекторските корекции.

правење нов ред на минатото, сегашноста и иднината. Ако архиварите работеле со слична логика, ~~сигурна сум дека~~ би предизвикале нарушување на претходниот ред и создавање ~~на~~ поинаква интерпретација на минатото.

Тогаш почнав да се прашувам: Дали моето истражување ќе биде засегнато од преселбата на архивот ако пресвртот веќе се случил ~~и не може да се врати назад~~?

Знаев дека единствениот начин да дознаам ~~што се случило е да одам на~~ последниот кат од новата зграда и да влезам во Архивот. На моето барање да го видам предметот на Роса Плавева, како дел од „Илинденското досие", ми дадоа само четири фотокопии од неважна бирократска кореспонденција. Нејзиното сведоштво и изјавите на сведоците не беа таму. Додека стоев во шок, бев исто така известена дека Архивот работи на серија публикации, во кои „Илинденското досие" конечно ќе биде достапно на јавноста. Незнаејќи што да речам, помислив дека можам само да чекам и да видам што ќе биде објавено под името „Плавева Илиева, Роса" кога публикациите конечно ќе се објават.

Испитувачот: Благодарам, сведочењето ќе биде земено предвид за време на постапката.

Р. Плавева: Почитувани другари и членови на Одборот, каде сум сега јас? После оваа изјава изгледа дека интерпретацијата на мојот живот за време на 1903 и потоа, може да оди во било кој правец. Може да биде колаж од сеќавања на други луѓе или целосно измислена приказна. Сите опции се можни.

Испитувачот: Тоа е апсолутно точно и веројатно. Ќе бидете навремено известени за нашата одлукат. Сослушувањето е одложено.

Смрт на фашизмот, слобода на народот!

Крај

ЕПИЛОГ

Во биографското издание со наслов „Илинденски сведоштва" во издание на Државниот архив на РС Македонија името на Роса Плавева го нема, не е никаде наведено. Иако има јасни и непобитни докази дека кореспондентката на илинденска пензија и била одликувана со „Илинденска споменица" што тогаш ја носела до крајот на својот живот, Архивот „ја исклучува" од листата на сведоци и учесници во Илинденското востание во 1903 година, зашто нема увид дали нејзиното оригинално сведоштво е штедено, уништено или некој недобронамерен и несовесен истражувач и го нема вратено назад на институцијата.

Еманципација жена

Ургентни центар



Београд. Фото Д. Стојановић

Опо што на први поглед попезује жене по којима су улице Београда добиле имена јесте историјски период у којем су живеле и стварало



Коста Војновић | Фотографија из ја. „Политике"

ДЕВЕДЕСЕТ ГОДИНА ОД ТОПЛИЧКОГ УСТАНКА

Нови казнени поход

Радомир Константиновић

Може се Србија обновити, може Србија да се после рата и повећа, али у Србији више неће бити Срба – изјавио је председник бугарске владе Радославов

ЛИСТАЈУЋИ ПОЛИТИКУ

17. фебруар

1907.

ТРГОВАЧКИ РЕД. У јучерашњем броју „Либерал" саопштава вам вести да је у житној трговини по Дунаву настао велики пролећни оскок, да му је цена 10 пара. Пробе тога рода који Банаћани шаљу на Дунав, кошта на цена 10 пара и затражи да му дају из њих у житној кући. Извозници су у гвалт и налог упућивали банаћанским трговцима

1932.


СМРТ НАЈСТАРИЈЕ ЖЕНЕ У ЈУГОСЛАВИЈИ. Јуче је у Београду у својој кући у Улици Краља Милана 71 преминула Јелена Шантић, најстарија жена не само у Војводини, већ и у целој Југославији. Јелена Шантић рођена је у Сенти 1822. године. Дакле је умрла у својој сто и девет година. Рођена је 1822, одмах после Наполеонових ратова, и памтила је скоро све велике догађаје и ратове у тим ја-

1957.

ТОПЛОМ АСФАЛТИРАЋЕ АУТОМОБИЛСКЕ ПУТЕВЕ. Да би на сва-



„Без наслов (Роза Луксембург)", ленено платно, конец, текстилна боја и графит, 2013. Платното е работено двострано. На оваа страна се испреплетени две познати изјави на Роза Луксембург: „Јас бев, јас сум, јас ќе бидам" и „Слободата е секогаш слобода за оние кои размислуваат поинаку".



На оваа страна од платното е пренесена реченица од нејзиниот дневник воден за време на една од нејзините издржувања на затворска казна: „Недела, најсмртоносниот од деновите за затворениците и осамениците".

О СЛОБОДИ И УЛИЦАМА БЕОГРАДА

Пловећи против струје

Христијана Ивановска

Долазак Нове 1917. године означио је за Ахматову и Цветајеву почетак великих трагедија, изолације, компромиса, емиграције

ДЕВЕДЕСЕТ ГОДИНА ОД ТОПЛИЧКОГ УСТАНКА

Пуне шуме одметника

Радован Клачанић

Пећинац брзо успоставља везе са људима из околине, затим из даљих крајева. Бира пратиоце, хитро се креће, проналази расуте комитске групе које најчешће делују без плана и самопрегорно

ЛИСТАЈУЋИ ПОЛИТИКУ

21. фебруар

190



ФЕЉТОН
За слободата и улиците на Белград

Реобјавени се два текста од проектот „За слободата и улиците на Белград", кои во форма на фељтон се објавувани во дневниот српски весник „Политики" во периодот февруари-март 2007 година. Проектот што се состои од истражување и изработка на 13 текстови што се фокусираат на 20 улици во Белград именувани со имиња на жени и нивните животни приказни е обид да се направи пресек на периодот од крајот на 19 до крајот на 20 век во кој ќе се случуваат огромни политички, општествени и културни промени во Европа и во кој неминовно ќе се одвиваат и процесите на буденье, емансипација и политичко организирање и дејствување на жените. Проектот е работен на покана на кураторот Горан Петровиќ во соработка со Театарот „Омен" од Белград и претставен во рамките на меѓународниот уметнички проект „Продор во реалноста: Укинување на јавниот простор" во 2007 година.

Зачудувачки се сличностите во биографиите на Ана Ахматова и Марина Цветаева, две од најголемите руски поетеси на 20 век. Победата на социјализмот во Русија ќе им донесе големи животни трагедии, а сепак она што го создавале ќе ги надживее сите општествени и политички промени и лидери. На ѕидовите на Белград нивните имиња ги носат мали улици во предградијата на југот на градот. Улицата „Марина Цветаева" се наоѓа во населбата Борча, а „Ана Ахматова" во населбата Церак.

Зарадиубавината на нејзината поезија, Ана Ахматова е славена со најубави епитети и нарекувана „Сафо на 20 век". Веројатно дека многу малку од ова доживеала во нејзините срќени години од младоста и веројатно сонувала за слава која во 1913 година напишала: „Еднаш веројатно во учебник ќе има / страница за мене напишана", но она што внатрешно го доживува до моментот на слава, не можела ни да го предвиди.

На почетокот на 20 век станува член на акмеистите, поетска група која негува едноставна и компактна форма на пишување. Пишувала за трагичната и фрустрирачка љубов, за Бог, за чувствата. Во 1910 година се мажи за Николај Гумильов, водачот на оваа група, а две години подоцна ја објавува својата прва книга „Вечер".

Секогаш пловејќи низводно, Марина Цветаева живеела според личните убедувања, дури и тогаш кога правилата ги диктирале други. Била слободоумна и отворена. Израснала патувајќи низ Европа под будното око на својот татко, кој бил историчар на уметноста и основач на Музејот на модерната уметност во Москва. Се мажи на дваесет години за Сергеј Ефрон со кого останува до крајот на животот. Имаат три деца. Сепак, нејзината природа постојано барала нови физички и духовни возбуди, поради што водела интензивен возбрачен живот.

Доаѓањето на новата 1917 година, Ахматова и Цветаева ја прославуваат заедно во Санкт Петербург. Тоа е нивната прва средба. Воодушевувањето било заемно зашто за творештвото на онаа другата знаеле уште од претходно. Акмеистите ѝ биле инспирација на Цветаева, а Гумильов позитивно ја оценил нејзината прва објавена книга.

Но, почетокот на новата година значел и почеток на големи промени. За руската земја ова не бил период само на нови општествени промени туку и време на победа на болшевизмот. За Ахматова и Цветаева овој период означувал и почеток на големи трагедии, изолација, компромиси, емиграција и творештво.

Премногу цитимината поезија на Ана Ахматова не зборувала за големите општествени и социјални промени, за револуцијата и болшевизмот. Поради тоа, советската критика ја нарекувала нејзината поезија „буржоаска". Состојбата на Ана Ахматова уште повеќе се влошила кога во 1921 година нејзиниот, сега веќе поранешен, сопруг, Гумильов, е стрелан без судење заради сомневање за конспирација. Живее во потполна творечка изолација сè до 1940 година, кога конечно добива можност слободно да создава, но не за долго. Андреј Жданов, кој

О СЛОБОДИ И УЛИЦАМА БЕОГРАДА

Борба за једнакост

Христијан Ивановић

Уколико је циљ да жена постане слободно људско биће, онда женама не треба одузимати рад, нити скраћивати њихово радно време, ни ограничавати области у којима жене могу радити, осим у неким сасвим ретким случајевима – писала је Клара Цеткин

ДЕВЕДЕСЕТ ГОДИНА ОД ТОПЛИЧКОГ УСТАНКА

Ширење герилског покрета

Радоман Кнежевић

Позивам све вас на општи устанак против вековног и подлог непријатеља, који нас је мучки с леђа напао у најтежим тренуцима по нас – писало је у прогласу о дизању устанка

ЛИСТАЈУЋИ ПОЛИТИКУ

22. фебруар

1907

Супруг Марине Цветајеве боринов на страни Белогардејаца. Због тога после револуције на њих више није било места у Русији. Све им је одузето па су живели у беспомоћној беди, због чега им је умрла беба Ирина. Напустили су Русију и преко Берлина и Прага 1922. године стигли у Париз. Показало се да је и живот у емиграцији био невероватно тежак.

Цветајева је писала: „Из свега у животу ја могу стварно рећи да ми ништа није било потребно као што је потребан један дом, сам у свету у коме ствари немају никакве потребе, ни моје ствари, ни ствари уопште, или су потребне само као десерт – као уопште нека непотребна за десертом".

Цветајева се 1939. коначно враћа кући. Повратак је био врхунац њене трагедије. Њена сестра је већ две године била у затвору, а у августу је под лажном оптужбом ухапшена и њена кћерка Ала која је тада имала 27 година; ослобођена је тек у петој деценији живота. Супруг Марине Цветајеве, након тешког болести, ухапшен је и стрељан 1941. К... тала Совјетска Сав... сви су евакуисани ... вишњски трамвај ... слом њега, после д... шина самоубиство.

После Стаљинов... матова је прва ствар ... пола века изашла ... ва. Путовала је у Ј... би прикупила награ... ипо што је стигла ... годину дана пред ... У истом периоду п... питања Марине Ц... је већ одавно отво...

Ако су Ана Ахм... Цветајева пријатељ... шизма, онда су Ц... за Луксембург сигу... другу страну истор... века Европа се опре... каква класна и дру... То је било време од... и двадесетих потр... ја. Рода Луксембур...


Клара Цеткин је ... ничитеља, најпознат... ри, уз то требало ... ајте одмах шта је ... постао в Димитрије ... ање под Митом Кла... ва био је текст пра... свеснили за неки члан... мишљу је писало: „П... ња против вековни... је ноћи с лобањама ...

Тим летњим треби... вековни, са и без ор... „српским пучанима" ... ма, у Тополници, Кј... сели и Нишком окр... у бугарске окупаци...

Посебна је пажња ... мобилизације је бу... ће спорно оно „ја", ј... зајсдно Певанац и Р... основно условно за ... је треба да прерасте ...

Отпор је био свако... ција и сналажљи... пских властима с... за се у Топлици неш... ничко пружање обе... њишу и његовој ми...

У том контексту у... борба Бугарина, у с... гија Кемофа Харџи... спомоћи Радића Рако... за сброј у општини ... са Владимиром и ... се да је он био иску... повериовао у жељ... гла суђења убице...



Супруг Марине Цветајеве борио се на страни Белогардејаца. Због тога после револуције на њих више није било места у Русији. Све им је одузето па су живели у беспомоћној беди, због чега им је умрла беба Ирина. Напустили су Русију и преко Берлина и Прага 1922. године стигли у Париз. Показало се да је и живот у емиграцији био невероватно тежак.

Цветајева је писала: „Из свега у животу ја могу стварно рећи да ми ништа није било потребно као што је потребан један дом, сам у свету у коме ствари немају никакве потребе, ни моје ствари, ни ствари уопште, или су потребне само као десерт – као уопште нека непотребна за десертом".

Цветајева се 1939. коначно враћа кући. Повратак је био врхунац њене трагедије. Њена сестра је већ две године била у затвору, а у августу је под лажном оптужбом ухапшена и њена кћерка Ала која је тада имала 27 година; ослобођена је тек у петој деценији живота. Супруг Марине Цветајеве, након тешког болести, ухапшен је и стрељан 1941. Кад је Црвена армија ушла у Елабугу, Марина Цветајева већ је била сахрањена. Њен супруг и син евакуисани су у Москву, а затим у Ташкент. Тамо је Сергеј Јаковљевич Ефрон, како је писао у писму пријатељима, „ушао у ред непријатеља народа". Ухапшен је 1941. године и стрељан 1942. Њихова кћерка Ирина, која је рођена 1925. године, вратила се у Москву 1947. године, али је ухапшена 1948. и послата у радни логор, одакле се вратила 1955. године.

Марина Цветајева је била један од најзначајнијих руских песника XX века. Њена поезија је била под утицајем руских симболиста, а касније је развила сопствени стил који се карактерише по ритмичној и мелодичној структури. Њене песме су често биле о љубави, смрти, природи и уметности. Њена поезија је била веома лична и емотивна, а њене песме су често биле испуњене тугом и меланхолијом.

Марина Цветајева је била веома плодна песникиња. Написала је више од 500 песама, као и неколико драма и прозних дела. Њена поезија је била веома цењена у Русији, али је била мало позната у иностранству. Њена поезија је била преведена на многе језике, али је још увек мало позната широј публици.

Марина Цветајева је била једна од најтрагичнијих фигура руске књижевности. Њен живот је био испуњен патњом и губицима. Њена поезија је била одраз њеног унутрашњег света, њених осећања и њених мисли

О СЛОБОДИ И УЛИЦАМА БЕОГРАДА

Српска орхидеја

Хришћанска мисао



Исидора Секулић и Даница Марковић, скоро вршњакиње, рођене крајем седамдесетих година XIX века, стварале су и објављивале у истом периоду али су једна другу познавале само преко својих радова

слушнав за она. [...] Тие сметаат дека најна најголема до ност е просветлување на жената на пролетеријатот токму на овие тема. Верувам дека најчитан памфлет на другарката Венера е оној за сексуалните проблеми. Каква штета!" Сметал дека теоријата за и околу сексот, вклучувајќи ја и онаа на Фројд, се само случајни хипотези „кои произлегле од лични потреби да се оправда својата абнормалност или хипертрофијата на сексуалниот живот пред моралот на буржоазијата".

За Ленин, прашањето на сексуалната слобода е тема на буржоазијата за која не смее да има простор ниту меѓу пролетеријатот, ниту во партијата. Клара Цеткин не се согласувала со тоа. Сметала дека прашањето за состојбата на жените е еднакво важно како и прашањата за власните и општествено-политичките промени. Она била историска можност од инферорно човечко битие да се создаде рамноправен член на општеството и семејството. И сметала Клара Цеткин била пример за игнорирање на лажниот морал во приватниот живот. Живеела во вонбрачна заедница со Осип Цеткин со кого имала две деца, а во неговата смрт се омажила за 18 години помладиот поет и сликар Георг Фридрих Цундел од кого подоцна и се развела.

Роза Луксембург, пријателка и соиздателка на Клара Цеткин, останала по убедувањето марксистички револуционер сè до крајот на својот живот. Многу рано ќе го траснра својот живот, кога на 16 години станува член на Полската работничка партија. Неј ното име е поврзано со основањето на Социјалдемократската партија на Кралска Полска и Социјалдемократската партија на Германија. Верувала дека слободата и секогаш на страната на дисидентите или на оние што мислат поинаку, што го потврдила и во практиката.

Не верувала во јакнење и истакнување на нациите и националната припадност. Знаела дека така се слабее моќта на работничката класа, која само обединета ќе успее во борбата против капитализмот во Европа. Нејзиното одбивање да постои можност за лично национално изјаснување во социјализмот подоцна ќе предизвика тежнја со Ленин.

На почетокот на 20 век отворено пишува за можна војна како резултат на тешката економска ситуација во Германија и јакнење на милитаризмот и империјализмот во земјата. Таа барала од социјалистите кои биле во парламентот да работат на промена на состојбата. Приката сметала е на вратата на Европа. Австро-Унгарија во 1914 година ќе објавува војна на Србија, а германската империја на Русија. Германскиот парламент, вклучувајќи ги и социјалдемократите, ќе изгласаат поддршка на војната. Роза Луксембург оваа одлука ќе ја доживее како лична катастрофа. Заедно со истомисленици, вклучувајќи ја и Клара Цеткин, ќе ја формира револуционерната група „Спартакус". Додека две години лежи во затвор, под псевдонимот Јуниус, пишувала текстови, поточно критики кои болшевистичкиот модел и социјализмот, заради опасноста од „диктатура на пролетеријатот" и текстови за кризата на социјалдемократијата. Подоцна, заедно со Карл Либкнехт, излегува од Социјалдемократската партија заради разликата во ставовите и ја формира Комунистичката партија на Германија.

Историјата се повторува. Правото на поинакво мислење сè уште се плаќа со глава. Неколку месеци подоцна Роза Луксембург е убиена на мистериозен начин откако е уапсена за време на берлинските демонстрации на почетокот на 1919 година. Нејзиното тело е пронајдено во каналот покрај Зоолошката градина. Либкнехт е убиен истиот ден во обид за бегство.

ДЕВЕДЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПОЛИТИЧКИОТ УБАНАК

Енергија гнева

Радомир Константиновић

На југу Србије нико више неће и не сме да се одазове бугарским позивима за регрутацију – тако су наредиле војводе Пећанац и Војиновић

ЛИСТАЈУЋИ ПОЛИТИКУ

23. фебруар

1907,

(доле) „Документот што недостига: перформанс бр. 9 (Атрибути на слободата)“, дигитална фотографија, фото: Јане Чаловски, 2020. (десно) Фотографска референција на која се прикажани италијански партизанки на крајот од Втората светска војна, фото: Valentino Petrelli, јавен домен, Wikimedia Commons.







Јас сум облечена во костим изработен од волнен филц во соработка со Ludus Agender Label за „Документот што недостига: перформанс бр. 12 („Македонка" – еманципација, смисла и копнеж)", фото: Илиана Петрушевска, 2022. Во рацете држам отворени страници од мојата работна тетратка што ја користев во периодот 2020-2022, а кои се однесуваат на женското тело и сексуалноста, еманципаторски форми на здружување и дејствување кај жените, и отворени страници од книгата, која за мене беше вистинско освежување и инспирација токму на оваа тема, на Катрин Малабу – „Izbrisano uživanje: klitoris i mišljenje" [Beograd: Fakultet za medije i komunikacije; Zagreb: Multimedijalni institute, 2021 (Novi Sad, Artprint)].





Klitoris, anarhija i ženskost

[illegible]

[illegible]

[illegible]



Цртеж во работна тетратка од кириличната типографија „Архетип отворена форма", која ја развивав во периодот од 2016 до 2022 г. Инспирација ми беа Јозеф Алберс и неговата типографија денес позната како "Archetype Albers", и теоријата на „Отворена форма" на Оскар и Зофија Хансен. Исчекорувањето што го направив со бришење на вертикалите и хоризонталите во буквите, како доминантни форми на хиерархија, создаваат чувство на ослободен простор за нови интерпретации и толкувања на големите наративи со вклучување гласови на маргинализираните и заборавените.



„Документот што недостига: перформанс бр. 9 (Атрибути на слободата)", дигитална фотографија, фото: Јане Чаловски, 2020.











„Документот што недостига: перформанс бр. 7 (Чистење)", документирање на средбата со една од последните преостанати партизанки во просториите на Сојузот на здружението на борците, Скопје, дигитална фотографија, фото: Ана Лазаревска, 2017.









Страници од мојата работна тетратка што ја користев во периодот на 2022 година, додека работев на подготовките на „Документот што недостига: перформанс бр. 6 (Ќерка)", премиерно изведен на 2 јуни во Музејот на современата уметност во Скопје, во рамките на изложбата „Екстатични тела: Архива на перформативни квир тела во Македонија", курирана од Славчо Димитров и Биљана Тануровска-Ќулавковски, како дел од „Скопје викенд на гордоста 2022". Фото: Соња Ставрева.





Втора изведба на перформансот во Националната библиотека во Приштина во рамките на "Manifesta 14 Prishtina – the European Nomadic Biennial", куриран од Кетрин Николс, креативен модератор на 14. издание на биеналето. Фото: © Manifesta 14 Prishtina / Atdhe Mulla. Јас сум облечена во костим од лен изработен во соработка со Ludus Agender Label врз кој испишав текст со текстилна боја со кириличната типографија.





„Документот што недостига: перформанс бр. 11 (Мурал)", ѕидорез со променливи димензии, дел од мојата инсталација "Broken Document Breaks Out Into Poetry", дел од изложбата "Whiteness as Property. Racism and Ownership", Kunstlerhaus Vienna, куратор Ана Хофнер екс-Првуловиќ*, 2022. Фото: MNagl.



„Документот што недостига: перформанс бр. 12 („Македонка" – емансипација, смисла и копнеж)", благодарност до Лина Костарова Унковска за позајмување на примерок од првиот број од списанието „Македонка", фото: Илиана Петрушевска, 2022. (лево) „Архетип отворена форма", типографија, 2022.

Malegotla



45





Јелена Милинковиќ

ПОГОВОР

„Македонка“
(1944–1952)
и современите
проучувања
на периодиката

Во последните неколку години, па и пред една деценија, се забележува зголемен интерес за истражување и проучување на периодиката на територијата на поранешна Југославија. Овие истражувања, кои првенствено се одвиваат во круговите на книжевните истражувачи, најчесто се мотивирани од потрагата по недоволно познати текстови, автори/ки, феномени и воопшто културни појави. Интересот за периодиката беше поттикнат од свеста за ограничувањата на вообичаените (книжевни) историски синтези и наративи и желбата за нивно проширување. Имено, рестриктивноста на официјалните канонски концепции изгледа особено ограничувачка, а постои верување дека е потребно нивно рекомпонирање, проширување и дополнување или истражување без потпирање на канонските структури и воспоставените конвенции на една култура. За проучувањето на периодиката придонесе и методолошкото поместување кон оние идеолошко/теориски концепти што не се фокусирани исклучиво на херменевтичките толкувања на текстот, туку вклучуваат и еднакво ги почитуваат екстратекстуалните и контекстуалните интерпретации. Благодарение на ваквите тенденции во југословенските хуманистички науки, а пред сè во српската книжевна наука (што е и рамка на моето истражување), дојде до умножување и групирање текстови што се класифицирани како дела од областа на студиите на периодиката. Овие истражувања се во висок процент поврзани со феминистичките истражу-

вања, така што можеме да зборуваме за феминистички студии на периодиката (Green 2009, Коларић 2017), кои во најголем дел ги вршат истражувачките на Филолошкиот факултет и Институтот за литература и уметност во Белград и кои резултираа со многубројни проекти, монографии, антологии и индивидуални студии, како и засилување на регионалните научни врски. Врската помеѓу проучувањето на женската историја и формите на претставување на женските искуства во форма на литературни, уметнички и други културни практики е силно поврзана со проучувањето на периодиката. Низ историјата, списанијата се покажаа како институции на литературата/културата што се тесно поврзани со (секојдневниот) живот на жените (Green 2017). Затоа, исчитувањето (на историјата) на периодиката може да ни понуди значајни сознанија за женската историја. Конкретно, можеме да стекнеме знаење за посакуваните модели на женско однесување, за нејзините општествени улоги и форми на јавно претставување, како и за разновидноста на културните, уметничките, политичките и активистичките практики што ги преземале.

Кога станува збор за фазите и формирањето на женските списанија на поранешна југословенска територија, тие имаат сличен развој во повеќето поранешни републики – сегашните независни држави. Формирањето на женската култура на магазини е директно поврзано со развојот на еманципаторското феминистичко движење на овие простори. Исто така, нивниот „развој“ и умножување се клучно поврзани со проширувањето на женското образование, како и со порастот на општествените стандарди и развојот на средната класа. Првите списанија наменети за жени (на српскиот/југословенскиот културен простор) се појавиле околу средината на 19 век. Поради законските прописи, како уредници во овие списанија најчесто се потпишувале мажи, иако во суштината тие биле обликувани од жени, кои претежно биле и главни соработнички. Станува збор за списанија за жени чиј однос кон феминизмот е дијалектич-

ки, но нивниот еманципаторски потенцијал е несомнен. Затоа зборуваме за периодика што е еманципаторска, односно (прото)феминистичка. Еден вид проширување на оваа периодика се случила на крајот на 19 и почетокот на 20 век. Со крајот на Првата светска војна се променила општата положба на жената во општеството и поради тоа во меѓувоениот период се појавило првото организирано феминистичко движење, кое имало свои различни форми на дејствување, каде што списанијата биле централни институции на оваа новоформирана феминистичка (контра) јавност (Barać 2015). Во тој период на југословенската територија се создале првите списанија што можат да се опишат како феминистички, како првото југословенско и најдолговечното списание „Женски покрет“ (1920-1938)[1]. Дизајнот на списанијата наменети за жени повторно бил под влијание на светската војна, па по Втората светска војна и по револуционерната промена на целокупниот општествен поредок и систем, положбата на жената исто така била поинаку регулирана. Односот што социјалистичка Југославија го имала кон феминизмот бил контроверзен, особено во вкрстувањето на номиналниот став и конкретната акција: номиналниот феминизам бил деклариран како дел од непосакуваното буржоаско минато, додека суштински југословенскиот социјализам, а особено социјалистичкото законодавство, било изразито феминистичко. Најважните закони од областа на женските граѓански и други права се донесени по Втората светска војна, а правните уредувања на поранешните републики се наследени од овие законски прописи.

Начелната поделба на женските списанија (создадени во корпусот до Втората светска војна) опфаќа три групи периодични изданија: 1) списанија наменети за жени, 2) женски списанија, и 3) феминистички списанија (Тодоровић 1987, Пековић 2003, Бараћ 2015). Списанија наменети за жени се оние трудови што подразбираат женска читателска публика и кои по приро-

1 За списанието „Женски покрет“ види на www.zenskipokret.org. Тука е достапен целокупниот фонд на списанието.

да биле од советодавно-илустративен карактер. Овие списанија се и најстарите списанија од овој тип. Женските списанија најчесто ги создавале жени, а нивниот феминистички карактер е присутен во помала или поголема мера. Како што напоменав, овие списанија се карактеристични за крајот на 19 и првата деценија на 20 век. Поради специфичните општествено-политички околности во кои се издавале, овие списанија на југословенскиот простор подразбирале еманципација на жената во рамките на националниот концепт. Меѓутоа, при согледувањето на националистичките тенденции во овие списанија, неопходно е секогаш да се има предвид природата и концепцијата на националните движења во тие децении: национализмот овде е артикулиран како еманципаторски, антиколонијален и антиимперијалистички, авангарден проект, што на крајот ќе доведе до ослободување и формирање на независна (национална) држава по Првата светска војна. Феминистичките списанија, најмладите во овие три групи, претставуваат т.н. борбени гласила каде што се повикувало на промена на патријархалниот концепт и каде што се создавала поинаква фигура на (новата) жена. Без претензии да навлегуваме во деталите на оваа систематизација, важно е да се напомене дека категориите на оваа поделба практично претставуваат чекори во развојот на женската периодика до Втората светска војна, тие ги следат етапите, односно развојот на еманципаторните и (прото)феминистички концептуални концепти. Со зајакнувањето на феминизмот, периодичното списание станува сè поборбено. Женските периодични списанија „го поминале патот“ од советодавни – кои ги поддржувале воспоставените женски улоги во општеството и културата, до еманципаторски – кои ги подразбирале вообичаените женски патријархални улоги (сопруга, мајка, домаќинка, припадничка на нацијата), но ја издигнувале улогата на жената преку обидот да се укаже на важноста на образованието, еманципацијата и (економската) независност, до отворено феминистички, кои недвосмислено ги доведувале во прашање фундаменталните точки на патријархатот и повикувале на негово реформирање,

па дури и укинување. По Втората светска војна, во Југославија имало женски списанија што биле претежно мешавина од сите три вида периодика, но во кои сепак феминистичкиот бунт бил најтивок, со оглед на ставот дека женското прашање е решено, односно дека решавањето на женското прашање е поврзано со решавањето на класното прашање. Женскиот печат по Втората светска војна и особено во доцните четириесетти и педесетти години не бил дел од ниедна (контра)јавност, туку неговото организирање било поддржано и раководено од државата, а женскиот печат бил една од јавните институции на раниот социјализам. Женскиот печат од втората половина на 20 век бил под одлучувачкото влијание на комерцијализацијата, потрошувачкото општество, популарната култура и, подоцна, либералната економија и корпоративното издаваштво. Поради сето ова, во ова списание, но и во општеството во целина, владее тивка репатријархализација.

Зошто е важно да се поврзат истражувањата на феминизмот со истражувањата на периодиката? Од гледна точка на истражувањето на женската култура, проучувањето на периодиката има повеќекратни придобивки за историските појави, процеси, концепти и синтези. Прво, периодичните списанија се неистражена „ризница“, „рудник“ на различни форми на женско претставување, каде што е можно да се најдат голем број автори, текстови и феномени од различни области на животот, културата и уметноста кои не се зачувани на друго место. Второ, во периодиката, принципите на женското дејствување можат да се согледаат во поширок контекст, бидејќи списанијата се полигони каде што се вкрстуваат различни историски, политички, социолошки и други процеси. Трето, затоа што периодиката е носител на уште еден од начините за интерпретирање на светот и претставува „културна институција“, истовремено е и огледало на општеството во кое функционира и средство за креирање на јавното мислење и севкупната општествена атмосфера, а женските периодични списанија ја покажуваат улогата и местото на жената во тој контекст. Затоа, периодика-

та, а особено списанијата со поголем тематски опсег се многу добри показатели за пошироките општествени, идеолошки и политички текови, така што женската култура во нив се гледа во контекст на поширок општествени структури. Поради сето ова, истражувањата на периодиката даваат поинаков поглед на националните концепти и претставуваат нивен коректив (Милинковић 2022).

„Македонка“, списанието на Антифашистичкиот женски фронт во Македонија, ги наследило повеќето карактеристики на своето време. Тоа е воено-повоено списание основано во 1944 година од страна на женска воена и револуционерна организација. Поради женско-револуционерната поврзаност, ова списание претставува хијатична комбинација на женската култура и достигнувањата на револуцијата. Со својата содржина, списанието содржи врски со предвоените феминистички и повоени антифашистички револуционерни списанија. „Македонка“ во еден аспект е многу слична на белградската „Жена данас“ (1936-1941), а од друга страна, тематски и иконографски, во голема мера е поврзана со пионерскиот печат, кој е основан токму на крајот на војната и веднаш потоа.

„Жена данас“[2] било списание на комунистичките жени, скоевки, основано во Кралството Југославија во време кога било забрането да се пласираат комунистички идеи. Поради законската забрана, комунистичките жени преку младинскиот дел на Движењето на жените основале и уредувале списание што користело феминистичка платформа за артикулирање критики на капитализмот, пропагирање идеи за социјална правда и посочување на проблемите на маргинализираните групи: жени, деца, невработени, сиромашни. Во ова списание е постигнато своевидно спојување на социјализмот и феминизмот, што по-

2 Содржината на „Жена данас“ може да се согледа низ библиографијата подготвена од Костиќ и Аќимовиќ (Аћимовић, Костић 2021). Во подготовка е и зборник на текстови посветен на списанието чија уредничка е Станислава Бараќ (Станислава Бараћ) и чие објавување се очекува до крајот на 2022 година, во издание на Институтот за книжевност и уметност во Белград.

кажува до кој степен биле поврзани овие два идеолошки концепта во меѓувоениот период. Дополнителна карактеристика на „Жена данас“, истовремено и уште една директна врска со „Македонка“, е нејзиниот ликовен аспект, советодавната и модната рубрика. Оваа „полесна“ содржина во списанието, освен примарна советодавна функција, имала и комерцијална вредност и може да се претпостави дека благодарение на неа списанијата имале солидна читателска публика и дистрибуција.


Врската меѓу „Македонка“ и пионерскиот печат е уште подиректна и поконкретна. Пионерскиот печат како проект имал свое поаѓалиште директно од НОБ. Станува збор за списанија што се основани по моделот на советскиот печат со цел да се воспостави нова детска/пионерска култура и да се изгради примерна детска фигура, фигура на пионер (Милинковић 2019). „Македонка“ се стреми да ја изгради најпримерната фигура на македонско-југословенската жена на темелите на НОБ и во контекст на новата социјалистичка држава и нејзините прогресивни политики. Поради хронотопот во кој е основана, „Македонка“ припаѓа на агитпропскиот период и во тој контекст претставува уште еден пример на социјалистичко културно обликување, односно остварување на политиката на агитпроп, која се засновала на верувањето дека без култура нема економски напредок на земјата. Затоа што списанието е основано пред да заврши војната, една од неговите први цели била втемелување и зачувување на наследството на НОБ, а бидејќи е списание наменето за жени, во него особено биле истакнати женските заслуги. Затоа, покрај зачувувањето на наследството на револуцијата и градењето на култот на личноста на социјалистичките и комунистичките водачи, особено на култот на Јосип Броз Тито, списанието ги тематизирало и клучните точки на оваа политика, како што бил Петгодишниот план за изградбата на земјата (1947-1952), технолошкиот напредок, изградбата на железницата итн. Исто така, јасно се видливи и најважните политички настани од тоа време, како што е Резолуцијата на Информбирото и расколот меѓу

Тито и Сталин, што директно се рефлектира во променетиот фокус на уредувачката политика. Врската помеѓу пионерскиот печат, кој го наследува истото тело на теми и идеи, и женската култура е повеќеслојна. Без разлика што пионерските списанија биле првенствено наменети за деца/пионери, тие претставувале своевидно продолжение на женскиот/феминистичкиот активизам од предвоените години поради фактот што некои од нив ги уредувале жени, но и поради тоа што жените се јавуваат како најчести соработнички во нив. Во однос на „Македонка“, имајќи го предвид политичкиот контекст и хронотоп, како и некои примери на пионерски печат („Полетарац“), можат да се постават различни прашања за карактеристиките и степенот на слобода на жените уреднички во раниот социјализам. Поради блиското искуство од војната, како и агитациско-пропагандниот културен модел и влијанието на Комунистичката партија врз овој сегмент од културата и издаваштвото, не било од пресудно значење кој формално ја извршувал уредничката функција. И тоа е еден од ограничувачките елементи во однос на особеноста на уредувачката политика. Уредувачкиот концепт што не можел во голема мера да отстапи од официјалната државна политика, но кога ќе се погледне објавената содржина што се заснова на антифашистички идеи и се обидува да даде одбрана на образованието, социјалната правда и еднаквоста, тогаш оваа фаза на женско уредништво не може и не смее да се занемари, како ни женскиот активизам во целина. Феноменолошки, политиките на уредување на женски списанија се важна точка од перспектива на историјата на периодиката. Тие е првенствено поврзани со општиот општествен напредок, со забрзаната индустријализација и изградбата на земјата, што со себе донеле промени во образованието и културата. Проектот за изградба на нова држава значел и сериозни инвестиции во образованието и културата. Поради оваа причина, за „Македонка“, како и за пионерскиот печат и другите весници и списанија од тоа време, може да се каже дека учествувале во севкупната општествена модернизација. Особено во тој аспект е значаен еманципатор-

скиот сегмент на списанието, што во основата се одразува во оние делови од списанието каде што се посочуваат неписменоста и непросветленоста на македонската жена. Оваа уредувачка политика била во согласност со идеите на Комунистичката партија на Југославија, која сметала дека економскиот напредок не е можен без напредок во областа на образованието и елементарната писменост и дека жените, како работниците и пионерите, мораат да бидат политички и образовно-културно просветлени. Затоа што во Македонија состојбата во однос на писменоста (на жените) била меѓу најлошите во споредба со другите југословенски републики, ова е еден од клучните сегменти на списанието. Во тој контекст, треба да се запази и пласирањето на книжевните прилози, каде што се печатени делата на некои од најзначајните југословенски писатели (како Бранко Ќопиќ). Овој концепт открива верба во моќта на списанијата. Со оглед на тоа што списанијата биле главниот медиумски простор на крајот на четириесеттите и во текот на педесеттите, многу е значајно што Македонките имале публикација со која можеле да се идентификуваат по насловот и каде што наоѓале содржина што ги засегала и имала еманципаторско влијание. Поради тоа што се работи за колаж списание од илустриран тип, можеме да претпоставиме дека неговата приемчивост била значителна и дека жените лесно и брзо можеле да ја усвојат понудената содржина.

Проектот „Архиви на невидливите“ посветен на „Македонка“ е од вонредна важност. Активностите на овој проект се вклучени во најновите научни истражувања на периодиката на југословенскиот простор и затоа е од клучно значење не „само“ да се реализира неговата актуелна фаза туку и да се продолжи проектот, пред сè во процесот на дигитализација на изворите. Така, покрај првичното интердисциплинарно толкување на списанието што го нуди оваа збирка, би се понудила и претстава на самото списание. Особено е важно да се укаже не само на предноста туку и на неопходноста од дигитализирање

на „Македонка“, имајќи ја предвид состојбата на фондот на ова списание, фактот што ова списание е жртва на социоекономски трансформации и дека ниту една македонска културна институција не го поседува својот фонд во целина. Фактот што сите броеви на „Македонка“ се наоѓаат во Белград, во Националната библиотека на Србија, е крајно ограничувачки фактор за неговото проучување. „Македонка“ е споменик на НОБ, антифашизмот, феминизмот, женската култура и раниот социјализам. Затоа, неговото читање и неговата достапност го надминува локалниот, македонскиот, контекст и го засега целиот југословенски простор. Нејзината дигитализација би овозможила понатамошни компаративни интердисциплинарни и трансдисциплинарни истражувања и би ги збогатила југословенските студии, како и студиите на периодиката.


Македонка





ПРИЛОЗИ

1. Периодичност

2. Биографии
на уредничките
на списанието
„Македонка“

Прилог 1.

Македонка – Орган на АФЖ

Периодичност (1944-1952)

Година 1:

Уредник Веселинка Малинска

1. Год. 1, бр. 1 (ноември 1944)
2. Год. 1, бр. 2 (декември 1944)

Година 2:

Уредник Веселинка Малинска

3. Год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945)
4. Год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945)
5. Год. 2, бр. 7 (мај 1945)
6. Год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945)
7. Год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945)
8. Год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945)
9. Год. 2, бр. 14 (декември 1945)

Година 3:

Уредник Веселинка Малинска

10. Год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946)
11. Год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946)
12. Год. 3, бр. 19 (мај 1946)
13. Год. 3, бр. 20 (јуни 1946)
14. Год. 3, бр. 21-22 (јули-август 1946)
15. Год. 3, бр. 23 (септември 1946)
16. Год. 3, бр. 24 (октомври 1946)
17. Год. 3, бр. 25 (ноември 1946)
18. Год. 3, бр. 26 (декември 1946)

Година 4:

Уреднички Веселинка Малинска (до бр. 35);
Вера Николова (од бр. 36-37)

19. Год. 4, бр. 27 (јануари 1947)
20. Год. 4, бр. 28 (февруари 1947)
21. Год. 4, бр. 29 (март 1947)
22. Год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947)
23. Год. 4, бр. 32 (јуни 1947)
24. Год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947)
25. Год. 4, бр. 35 (септември 1947)
26. Год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947)
27. Год. 4, бр. 38 (декември 1947)

Година 5:

Главен уредник Вера Николова

28. Год. 5, бр. 39 (јануари 1948)
29. Год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948)
30. Год. 5, бр. 42 (април 1948)

31. Год. 5, бр. 43 (мај 1948)
32. Год. 5, бр. 44 (јуни 1948)
33. Год. 5, бр. 45 (јули 1948)
34. Год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948)
35. Год. 5, бр. 48 (октомври 1948)
36. Год. 5, бр. 49-50 (ноември-декември 1948)
37. Год. 5, бр. 51 (1949)
38. Год. 5, бр. 52 (1949)
39. Год. 5, бр. 53-54 (1949)
40. Год. 5, бр. 55 (1949)
41. Год. 5, бр. 56 (1949)
42. Год. 5, бр. 57 (1949)
43. Год. 5, бр. 58 (1949)
44. Год. 5, бр. 59 (1949)
45. Год. 5, бр. 60 (1949)
46. Год. 5, бр. 61 (1949)

Година 6:

Главен уредник Вера Николова, Благојка Демниева

47. Год. 6, бр. 62 (1950)
48. Год. 6, бр. 63 (февруари 1950)
49. Год. 6, бр. 64 (март 1950)
50. Год. 6, бр. 65 (април 1950)
51. Год. 6, бр. 66 (мај 1951)
52. Год. 6, бр. 67 (јуни 1950)
53. Год. 6, бр. 68 (јули 1950)
54. Год. 6, бр. 69 (август 1950)
55. Год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950) – главен уредник Благојка Демниева
56. Год. 6, бр. 72 (ноември 1950)
57. Год. 6, бр. 73 (декември 1950)

Година 7:

Уредник Благојка Демниева

58. Год. 7, бр. 74 (јануари 1951)
59. Год. 7, бр. 75 (февруари 1951)
60. Год. 7, бр. 76 (март 1951)
61. Год. 7, бр. 77 (април 1951)
62. Год. 7, бр. 78 (мај 1951)
63. Год. 7, бр. 79 (јуни 1951)
64. Год. 7, бр. 80 (јули 1951)
65. Год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951)

Година 8:

Уредник Лилјана Манева

66. Год. 8, бр. 83 (декември 1952)

Прилог 2

Биографии на уредничките на списанието „Македонка"

Во овој прилог ги издвојуваме биографиите на главните уреднички на списанието „Македонка", придружени со библиографски белешки, за нив како авторки на содржини на списанието, во периодот на вршење на функцијата „главна уредничка" и надвор од него, т.е. библиографски избор од нивното авторство од целокупниот фонд на списанието „Македонка". Во текот на истражувањето, забележавме потреба од вклучување на уште еден истражувачки (помошен) процес, кој методолошки го нарековме „преиспитување на биографиите низ библиографиите" или наоѓање и споредување на различни извори и документи што откриваат нови податоци за ставовите на жените како учеснички во политички и историски процеси, низ анализа на нивното авторство на различни содржини. Секако, во овој зборник би сакале првенствено да ја претставиме таа истражувачка насока, за чие целосно развивање би биле потребни нови, пообемни истражувања. Еден предизвик во оваа насока е токму заборавот кон авторите и авторките од социјалистичкиот период воопшто и заборавот кон жените од македонската модерна историја конкретно, токму заради предзнакот на социјализмот и главно табуизираните или методолошки неоформени наративи за овој дел од историјата од националното мина-

то. Така, за некои од овие профилични авторки не бевме во можност да најдеме целосни биографски податоци ниту фотографии, иако иронично – поголем дел од професионалниот живот тие биле дел од медиумите, политичката, културната сцена, т.е. дел од јавноста. Сметаме дека био-библиографиите на уредничките на „Македонка“ би послужиле како образец, кој не само што ја исполнува својата првенствена цел – да информира за главните и извршни лица зад „Македонка“ туку и да посочи кон местата и изворите за понатамошна анализа. Овие истражувања можат да разјаснат повеќе околу факторите што спречувале, односно поттикнувале факторизација на жените или нивното политичко учество во периодот во кој живееле.

1. ВЕСЕЛИНКА МАЛИНСКА



Веселинка Малинска

Веселинка Малинска (Куманово, 1917 – Скопје, 1987) комунистка, партизанка и политичарка, како и една од најистакнатите учеснички во НОБ и АСНОМ, а потоа и во АФЖ. Носителка е на Партизанска споменица 1941 и други југословенски одликувања – Орден на заслуги за народот со златна ѕвезда и Орден на братството и единството со сребрена ѕвезда. Нејзиниот политички ангажман почнува низ активизмот во СКОЈ и низ различни партиски функции во рамките на КПЈ, на територијата на Куманово и Скопје, во триесеттите години. Во Втората светска војна, како дел од партизанското движење, била задолжена за главните курирски функции помеѓу покраинските комитети на српските партизански одреди. До 1945 г. таа станува секретарка на Месниот комитет на КПЈ во Скопје, борка во Вториот скопски партизански одред, задолжена за агитпроп при Главниот штаб на НОВ и ПОМ. До крајот на војната таа била кандидатка за член на ЦК на КПМ, избрана делегатка на АВНОЈ, членка на Главниот одбор на Народноослободителниот фронт, делегатка и втора секретарка на работното Претседателство на Првото заседание на АСНОМ, како и референтка на Поверенството за информации. По ослободувањето станала секретарка на Главниот од-

бор на АФЖ за Македонија. Во социјалистичка Македонија, по војната, Малинска изградила профилична политичка кариера и имала раководни функции во институции од сферата на културата и медиумите. Била уредничка на неколку важни медиуми за новата држава: партиските воено-повоени весници „Весник“ и „Илинденски пат“; и на неколку броја од весникот „Нова Македонија“; директорка на Радио Скопје (од 1 април 1952 до 25 ноември 1961), претседател на Здружението на новинарите на Македонија, член на Универзитетскиот совет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Како политичарка, учествувала во значајни историски настани на локално и регионално ниво. За време на војната била блиска соработничка на Тито за време на партизанските диверзии во Ужице (1941); била делегат на АСНОМ; предводничка на АФЖ и членка во советите на високите државни органи.

Малинска била првата главна уредничка на списанието и воедно имала „најдолг стаж“ на таа позиција [год. 1, бр. 1 (ноември 1944) до год. 4, бр. 35 (септември 1947)]. Во овој период, списанието „Македонка“ постепено преминало од повоен орган на жените приклучени во антифашистичката борба, до политичко гласило што агитирало за вклучување на жените во сите сфери на општествениот живот, со диверзитет на текстуални и илустрирани содржини. По завршувањето на нејзината функција како уредничка, Малинска останала редовна авторка и соработничка на списанието, особено како авторка на текстови со политичка анализа на политиките за семејството и политичкото учество на жените.

7 Ноември / Веселинка Малинска. // год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 3 .

Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија / Веселинка Малинска. // год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 9-10.

Пазањето на братството и единството на нашите народи, тражи од нас поголемо политичко просветување / Веселинка Малинска. // год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 1-2.

8 март 1945 година во Македонија / Веселинка Малинска. // год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 8-10.

Избори за народна скупштина – важен настан за животот на нашите народи / Веселинка Малинска. // год. 6, бр. 64 (март 1950), стр. 1-2.

За новиот лик на семејството кај нас / Веселинка Малинска. // год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 8.

2. ВЕРА НИКОЛОВА



Вера Николова била комунистичка активистка, дел од партизанското движење и активна членка на АФЖ. Во повоениот период, кариерно се остварила во областа на медиумите, културата и образованието. Била редовна соработничка и авторка во списанието „Македонка“ од неговиот почеток, а подоцна соработувала и со редакцијата на „Просветена жена“. Нејзиниот животен и професионален пат по војната е синоним за поимот „општествен работник“, кој се користел во социјализмот за културни и образовни работници кои активно се вклучувале во повеќе области, како новинарство, публицистика, литература и локален активизам во рамките на социјалистичките организации. Како активистка на АФЖ била редовна колумнистка и новинарка во женските списанија, особено на теми поврзани со просветата; Николова била главна уредничка на списанието „Македонка“ во периодот од 1947 до 1950 [год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947) до год. 6, бр. 69 (август 1950)]. Во овој период, пораките на списанието биле главно фокусирани на важноста на вклучувањето на жените во планската економија (Петгодишниот план) и активирањето на жената во економијата.

Во Брвеничката трудова кооперација / Вера Николова. // год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 8.

Како да ја спроведеме просветната работа на селото през летото / Вера Николова. // год. 3, бр. 21-22 (јули-август 1946), стр. 16.

Да им овозможиме на сите деца редовно да одат во школо / Вера Николова. // год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 5.

Организацијата на АФЖ во просветувањето на жените / Вера Николова // год. 6, бр. 67 (јуни 1950), стр. 6-7.

На далечен пат / Вера Николова. // год. 7, бр. 77 (април 1951), стр. 1-4.

3. БЛАГОЈКА ДЕМИНИЕВА-КУЗМАНОВСКА

Благојка Демниева-Кузмановска (Велес, 1920 – Скопје, 1999) била учесничка во НОБ и просветна работничка. Во 1940 година, за време на нејзините студии во Белград, станала активистка на КПЈ. Во 1941 година, се активирала во СКОЈ, во нејзиниот роден град Велес. За време на Втората светска војна, заради нејзината вклученост во комунистичката партија била политичка затвореничка во Бугарија. Во 1944 година, по ослободувањето од интернација во женски логор, се вклучила на велешките партизански единици, била член Првиот областен комитет на КПМ. Нејзини сеќавања од военото искуство се објавени во 1981 година, во книгата *Оковани во прангѝ: сеќавање на политички затвореници, интернирци и депортирци – припадници на НОВ и револуцијата на Македонија, кои во Втората светска војна беа во затворите и логорите под бугарска фашистичка окупација зборник*. По војната била активна во општествениот и политичкиот живот. Во 1964 година имала раководна функција во Педагошката академија во Скопје, а исто така била директорка на Вишата школа за социјални работници во Скопје. Во однос на активизмот за еманципација на жените, била меѓу првите членки на Главниот одбор на АФЖ на Македонија и редовна соработничка на списанието „Македонка“ и „Просветена жена“. Била главна уредничка во периодот 1950-1951 година [год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950) до год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951)]. Овој период бил пресвртен за списанието, со оглед на тенденциите на преклопување на активностите на АФЖ со другите организации на НФ и, на крајот, самото паузирање на издавањето на списанието во 1951 година.

> Младината на Македонија ја прослави светската недела на младите / Благојка Демниева. // год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 25.
>
> Пред осмомартовското натпреварување / Блага Демниева. // год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 7.

4. ЛИЛЈАНА МАНЕВА САВЕЛИЌ



Лилјана Манева Савелиќ (Скопје, 1917 – Скопје, 2012) била комунистичка активистка, учесничка во НОБ и социјалистичка политичарка. Се стекнала со гимназиско образование во Скопје, а високото образование го стекнала во Белград и на Филозофскиот факултет во Скопје. Во четириесеттите години се вклучила во редовите на СКОЈ и КПЈ. За време на Втората светска војна, како комунистичка активистка била интернирана во Бугарија. По враќањето на македонска територија, кон крајот на 1943 година, почнала нејзината политичка кариера, најпрвин како политички комесар на партизанскиот баталјон „Јордан Николов“ и во Третата македонска народноослободителна ударна бригада. Понатаму вршела други политички функции во партизанските органи. По ослободувањето била секретар на Околискиот и на Окружниот комитет на КПМ во Скопје, помошник во амбасадата на ФНРЈ во Софија, заменик-министер за земјоделство, републички и сојузен пратеник, секретар на Советот за народно здравје на НРМ, член на ЦК и на Организационо-политичкиот секретаријат на ЦК на СКМ. Таа била значајна политичка фигура во АФЖ. Била претседател на Главниот одбор на АФЖ за Македонија, уреднич-

ка на последниот број на списанието „Македонка“ [год. 8, бр. 83 (декември 1952)], а потоа уредничка и на списанието-наследник „Просветена жена“. Со реформирањето на АФЖ во СЖД, била член на Главниот одбор на СЖД на Југославија. Заради нејзината позиција во високата политика, била раководителка и на поголемите институции во социјалистичкиот период: претседател на Одборот за внатрешна политика на Општествено-политичкиот совет на Сојузното собрание, главен уредник на Радио Скопје и прв директор на Македонската телевизија (назначена на 1 јуни 1962). Носителка е на Партизанска споменица 1941.

За живот светел красен и чис... / Љиљана Савељић. // год. 1, бр. 1, стр. 4.

13 и 15 јуни 1944 – два паметни дена на Третата бригада / Лилјана Савелич. // год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 10-11.

Земјата на тије који ја обработујат / Л. Савелић. // год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 7.

На свеченоста на првите описменети курсистки на Првиот реон на Скопје: повеќе од 55 курсистки добија сведителства за успешно описменување / Л. М. // год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 10.

Чекориме смело (АФЖ од Егејска Македонија) / Љ. Манева. // год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 7.

Борба на Црноок – Фрагмент од Мајската офанзива 1944 / Л. Манева. // год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 2-3.

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АВНОЈ – Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија

АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија

АФЖ – Антифашистички фронт на жените

АФЖЈ – Антифашистички фронт на жените на Југославија

ГО – Главен одбор

ДФМ – Демократска Федеративна Македонија

КП – Комунистичка партија

КП-МК; КПМ – Комунистичка партија на Македонија

КПЈ – Комунистичка партија на Југославија

НОБ – Народноослободителна борба

НОВ – Народноослободителна војска

НОВМ – Народноослободителна војска на Македонија

НОМС – Народноослободителен младински сојуз

НФ – Народен фронт

НРМ – Народна Република Македонија

СЖД – Сојуз на женските друштва

СКМ – Сојуз на комунистите на Македонија

СКОЈ – Сојуз на комунистичката (о)младина на Југославија

СССР – Сојуз на Советските Социјалистички Републики


СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СФ-СН – Смрт на фашизмот - слобода на народот

ФНРЈ – Федеративна Народна Република Југославија

ЦК – Централен комитет

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


Malegonka

ПРЕДГОВОР (ИВАНА ПАНТЕЛИЌ)

Извори:

Archives of Yugoslavia, Fond: Antifašistički front žena Jugoslavije

Периодика:

Žena danas

Zora

Partijska izgradnja

Литература:

Barać, Stanislava. 2020. Feminističko oplemenjivanje socijalne literature (od 30-ih godina do 50-ih godina 20. veka), *Antroplogija* 20, 1: 189-211.

Batinić, Jelena. 2015. *Women and Yugoslav Partisans, A History of World War II Resistance.* Cambridge: Cambridge University Press.

Božinović, Neda. 1996. *Žensko pitanje u Srbiji u 19. i 20. veku*. Beograd: Feministička 94.

Broz, Josip, Tito. 1978. Iz govora na Trećem kongresu AFŽJ-a, *Žena u revoluciji*, Sarajevo: Svjetlost.

Jancar-Webster, Barbara. 1990. *Women and Revolution in Yugoslavia 1941-1945*. Denver, Colorado: Arden Press.

Majstorović, Danijela. 2018. "The creation of new Yugoslav women – emancipatory elements of media discourse from the end of World War II". In *The Lost Revolution, Women's Antifascist Front Between Myth and Forgeting,* edited by Andrea Dugandžić and Tijana Okić, 88-120. Sarajevo: Crvena.

Pantelić, Ivana. 2011. *Partizanke kao građanke*, *Društvena emancipacija partizanki 1945-1953*. Beograd: Institut za savremenu istoriju, Evoluta.

Simić, Ivan. 2016." Soviet Influences on Yugoslav Gender Policies 1945-1955", PhD Thesis. University College London.

Sklevicky, Lydia. 1996. *Konji, žene, ratovi*. Zagreb: Duga.

Stanišić, Mirjana. 2003. "Društveni položaj žene u Srbiji (1944-1955)". Unpublished MA Thesis, defended at the Faculty of Philosophy, University of Belgrade.

ВОВЕД
(ИВАНА ХАЏИЕВСКА И ЈАНА КОЦЕВСКА)

Извори:

Ивановски, Васил. „Првиот наш слободен лист“, *Нова Македонија*, год. 1, бр. 1 (29 октомври 1944), стр. 1.

Малинска, Веселинка. „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија“, *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 9-10.

Николова, Вера. „Улогата и проблемите на списанието Македонка од 1946 – 1951 година“, *Просветена жена*, год. 20, бр. 11, 1964, стр. 3.

„Првиот број“, *Просветена жена*, год. 9, бр. 1-2 (1955), стр. 1-2.

Т. П., „Како е отпечатен првиот број на ’Македонка‘ пред Петнаесет години“, *Просветена жена*, бр. 12 (1959), стр. 12-13.

„Четиринаесет години од излегувањето на списанието „Македонка“ – „Просветена жена“, *Просветена жена*, год. 13, бр. 11-12 (1958), стр. 3.

Литература:

Burcar, Lilijana. 2020. *Restauracija kapitalizma: repatrijarhalizacija društva*, Zagreb: Institut za etnologiju i folkloristiku i Centar za ženske studije.

Dugandžić, Andreja and Tijana Okić (ed). 2018. *The lost revolution – Women's Antifascist Front between myth and forgetting*. Sarajevo: Crvena.

Jambrešić Kirin, Renata. 2009. “Rodni aspekti socijalističke politike pamćenja Drugoga svjetskog rata”. In: *Kultura sjećanja: 1945*, edited by Sulejman Bosto and Tihomir Cipek, 59-82. Zagreb Disput.

Kolaric, Ana. 2021. *Periodika u feministickoj ucionici. Casopis Zenski pokret (1920-1938) i studije knizevnosti*, Beograd: Fabrika knjiga.

Petrović, Tanja. 2021. “When Che Guevara Visited Yugoslavia: On Possibilities of Remembering in the Aftermath of the Yugoslav Socialist Project”. In *Cultures and Politics of Remembrance: Southeast European and Balkan Perspectives*, edited by Naum Trajanovski, Petar Todorov, Biljana Volchevska and Ljupcho S. Risteski, 41-52. Skopje: forumZFD.

Slapšak, Svetlana. 2007. “Strategije zaborava i rod”. Danas, 21.02.2007: https://www.danas.rs/kultura/strategije-zaborava-i-rod/.

Stojaković, Gordana. 2013. *Rodna perspektiva u novinama Antifašističkog fronta žena: 1945 – 1953*. Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova.

Весковиќ-Вангели, Вера. 1982. *Жената во револуцијата на Македонија, Жената во револуцијата на Македонија: 1941-1945*, Скопје: Институт за национална историја.

Весковиќ-Вангели, Вера и Мане Маневски. 1985. *Осми март и најредното движење на жените во Македонија (1939-1945)*. Скопје: Архив на Македонија.

Весковиќ-Вангели, Вера и Марија Јовановиќ. 1976. *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во народноослободителната војна и револуцијата: 1941-1945*. Скопје: Институт за национална историја.

Весковиќ-Вангели, Вера. 1982. *Жената во револуцијата на Македонија: 1941-1945*. Скопје: Институт за национална историја.

Весковиќ-Вангели, Вера. 1994. *Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија: (1943-1945). Зборник на документи*, ур. Вера Весковиќ-Вангели. Скопје: Организација на жените на Македонија, Одбор за одбележување 50 години на АФЖ; Глобус.

Видоески, Божо. 1950. „Јазикот во локалниот печат". Во: *Билтен на Катедрата за јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет во Скопје* 1, 2 (февруари): 25-32.

Диби, Жорж и Мишел Перо. 2018. „Пишувањето историја на жените". Во: *Историјата на жените на Западот т. 5: Кон културниот идентитет на дваесеттиот век*, ур. Франсоаз Тебо, VII-VIII. Скопје: Филозофски факултет.

Инадески, Митре. 1961. *Илегалните техники во Македонија во Народноослободителната војна*. Скопје: Култура.

Кироков, Никола. 1981. *Илегалниот печат во Велес (1941-1942 година)*. Тетово: Центар за информирање и издавачка дејност – „Полог".

Мијаковска, Марина. 2020. „Одгласот на македонската жена во ретката периодика". Во *Библиотекарство*, вол. 36, бр. 1-2: 90-95.

Младеновска, Ирена и Валентина Стаменковиќ. 2020. *Од домаќинка до државник. Родови перспективи во новата македонска историја*. Скопје: ФорумЗФД; Асоцијација на историчарите на Македонија.

Мокров, Боро. 1980. *Развојот на македонскиот печат и новинарство: (од првите почетоци до 1945 година)*. Скопје: Здружение на новинарите на Македонија; Комунист.

Стерјовски, Александар. 1986. „Битолската издавачка и публицистичка дејност по ослободувањето (1944-1954 г.)". Во: *Развиток* 24, 1 (јануари): 80-94.

ФЕМоар: страв од феминизам? Едукација и акција за промоција на женските права. 2016. Скопје: Здружение на граѓани за промоција на женската активност Тиииит!Инк.

Хаџиевска, Ивана и Јана Коцевска. 2021. „Вовед“. Во: *Архиви на невидливите: Жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, 19-32. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата.

Хаџиевска, Ивана, Ивана Драгшиќ и Јана Коцевска. 2021. *Нашиот пат: 25 женски приказни од историјата.* Скопје: Тиииит!Инк.

Хаџиевска, Ивана. 2019. *Македонка меѓу мит и рудиментација, оглед кон „Македонка – Орган на АФЖ“*. [Достапно онлајн: https://independent.academia.edu/IvanaHadjievska, последно пристапено на 3 август 2022].

Хаџиевска, Ивана. 2021. „Жените во историографијата на проф. д-р Вера Весковиќ-Вангели: тематска библиографија“. Во: *Револуција: списание за теорија и историја на марксизмот*, бр. 4: 24-27.

ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА (ИВАНА ХАЏИЕВСКА)

Извори од списанието „Македонка“:

Абаџиев, Георги. „Сребра Комитката“, год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951), стр. 1-2.

Апостолова, Султана. „За поголема просвета на нашата селанка“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 8.

Ацева, Вера. „Да вклучиме што повеќе жени во производството“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 1-2.

Ацева, Вера. „Нашата жена ќе стори се да 1947 биди година на уште поголеми постиженија на нашата земја“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 6.

Б. Б., „Ангелина Михаилова – претседател на работничкиот совет на фабриката за производство на цигари во Скопје“, год. 6, бр. 69 (август 1950), стр. 8-9.

Б. Б., „Богданка Георгиевска – од обична работничка прерасна во добар раководител на ферментационите заводи во Скопје“, год. 6, бр. 68 (јули 1950), стр. 10.

Битољану, Кочо. „Борбата против шпекулата“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 10.

Богданова-Икономова, Нада. „Жените во Скопска Црна Гора“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 11-12.

Богданова, Нада. „Буковската шума ни прикажуе“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 12-13.

Богданова, Нада. „Донесен е Уставот на НР Македонија“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 4.

Гјорговска, Р. „Женски работнилници за домашна изработка“, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 6.

Да ги вложиме сите напори за да ги издигнеме нашите деца во духот на светлите принципи за кои се борат нашите народи, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 15-17.

Да ги предадеме сите одвишоци жито на државата – така ќе ги спречеме шпекулантите да го ограбуваат селото!, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 4.

Да живее 8 март – борбениот празник на сите жени, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 24.

Демниева, Благојка. „Некои резултати од првомајското натпреварување“, год. 3, бр. 19 (мај 1946), стр. 4-5.

Денешните задачи на АФЖ во Македонија – Од рефератот на другарката Веселинка Малинска, год. 1, бр. 2 (декември 1944), стр. 16-19.

Дивна. „Селанките од Умово дадоа 70 рала чорапи“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 13.

Динев, Ангел. „Жените во Илинденската епопеја“, год. 6, бр. 69 (август 1950), стр. 1-2.

До читателките на Македонка, год. 8, бр. 83 (декември 1952), *sp.*

Драгутиновиќ, Ангелина. „Трактористка Милица Христова“, бр. 18 (мај 1946), стр. 6.

Заклучоци од Седмиот пленум на Главниот одбор на АФЖ од Македонија, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 5, 19.

Извадок од членакот на Митра Митровиќ: Што дава петгодишниот план на жените и што тражи од нив, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 8.

Јованова, Ленче. „Првите слободни избори во Македонија“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 1-2.

К. Н., „Ленче“, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 11-12.

Левкова, Љ. „Жените во македонското национално-ослободително движење пред и во Илинденското востание“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 3.

Малинска, Веселинка. „8 март 1945 година во Македонија“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 8-10.

Малинска, Веселинка. „За новиот лик на семејството кај нас“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 8.

Малинска, Веселинка. „Пазањето на братството и единството на нашите народи, тражи од нас поголемо политичко просветување“, год. 2, бр. 3-4 (1945), стр. 1-2.

Мајки, жени и сестри од Македонија: работнички, селанки, домаќинки и чиновнички, и жени од малцинствата (Турчинки, Албанки, Влаинки, Циганки), год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 1-2.

Михајловиќ, Злата. „2.000 кебиња за градежните работници“, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 14-15.

Миљовска, Деса. „Пред првиот Конгрес на АФЖ Македонија“, год. 3, бр. 19 (мај 1946), стр. 7.

Народен херој – Радојка Лакиќ, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 3-4.

Нашиот пат, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 1-3.

Нашите задачи, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 1-2.

Нивната крв е нашата клетва!, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 13.

Ние ја градиме нашата татковина, год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 22-24.

Ние ја зацврстуваме нашата рамноправност низ обновата и изградбата на нашата држава, год. 3, бр. 18 (мај 1946), стр. 14-15.

Низ нашата земја: проблеми на аналфабетските курсеви во Прилеп. Извештај од конференција на АФЖ Прилеп – за успесите и неуспесите од 1945 година, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 5.

Николова, Вера. Пред Вториот конгрес на АФЖ Југославија, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 1.

Оровчанец, Т. „Жени Македонки и Илинден 1903“, год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951), стр. 4-5.

Панева, Антигона. „За политичкото издигнување на жената“, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 17.

Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ Македонија, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 2.

Положајот и улогата на жената во нова Југославија (Дел од рефератот на другарот Тито) – Од Шестиот конгрес на СКЈ, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 1-2.

Положбата на жената во бракот во минатото и сега, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 5-6.

Правно советувалиште: Ние прашуваме за нашите права, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 5, 11.

Прашања и одговори: од тешкотиите на жените на АФЖ на терен, год. 5, бр. 59 (1949), стр. 7.

Пред осмомартовското натпреварување, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 7.

Проглас на Главниот одбор на АФЖ по повод изборите за народни одбори од 24.03.1947, год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 1.

Резолуција на основните наредни задачи на КП на Македонија за АФЖ, год. 5, бр. 49-50 (ноември-декември 1948), стр. 2.

Савељић, Љиљана. „За живот светел красен и чис...“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 4.

Седми пленум на Главниот одбор на АФЖ на Македонија. Нашата работа и нашите задачи, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 3-4.

Со новата уредба на сојузната влада им се дозволува на вработените жени правилно одгледување на децата, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 3.

Теохарева, Невена. „Виденка“, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 14-15.

Теохарева, Невена. „Голема желба имав да работам во фабрика – зборуе Перса Стојановска“, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 16.

Теохарева, Невена. „Од овчарка – електричен варилец“, год. 6, бр. 53-54 (1949), стр. 10-11.

Теохарева, Невена. „Шефка стана механичар“, год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 5-6.

Топаловски, Илија М. „Мајка Ружа од Маврово“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 14-15.

Топаловски, Илија. „Баба Мара зборуе“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 19.

Трактористката Олга Христовска стана бригадир, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 11.

Учеството на нашите жени во изградбата на земјата, год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), стр. 1-2.

Хаџи Василев, Киро. „За организована и планска борба против неписменоста“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 6.

Час за жената – Нова форма на работа во организацијата на АФЖ, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 12-13.

Извори:

Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија од 2 август 1944 година.

Службен лист на Демократска Федеративна Југославија, 11 август 1945.

Литература:

Boškovska, Nada. 2017. *Yugoslavia and Macedonia before Tito. Between repression and integration.* London; New York: I. B. Tauris.

Despot, Blaženka. 1987. *Žensko pitanje i socijalističko samoupravljanje*. Zagreb: Centar za kulturnu djelatnost.

Jambrešić Kirin, Renata. 2009. „Rodni aspekti socijalističke politike pamćenja Drugoga svjetskog rata". U *Kultura sjećanja: 1945*, ur. Sulejman Bosto i Tihomir Cipek, 59-82. Zagreb: Disput.

Jovanović, Vladan. 2002. *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*. Beograd: Institut za noviju istoriju Srbije.

Ler-Sofronić, Nada. 1986. *Neofeminizam i socijalistička alternativa*, Beograd: Radnička štampa.

Okić, Tijana. 2016. "Od revolucionarnog do proizvodnog subjekta: alternativna historija AFŽ-a". U *Izgubljena revolucija: AFŽ između mita i zaborava*, ur. Andreja Dugandžić i Tijana Okić, 147-187. Sarajevo: Udruženje za kulturu i umjetnost Crvena.

Sokolov, Lazar. 1962. *Promene u strukturi i stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kao odraz ekonomskog razvoja*. Skopje: Ekonomski institut na Narodna Republika Makedonija.

Stojaković, Gordana. 2012. *Rodna perspektiva u novinama Antifašističkog fronta žena: 1945 – 1953*. Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova.

Весковиќ-Вангели Вера и Марија Јовановиќ. 1976. *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во народноослободителната војна и револуцијата: 1941-1945*. Скопје: Институт за национална историја.

Гошева, Вера. 2008. „Први статистички податоци за бројот на вработените жени во Вардарскиот дел на Македонија". Во *Транзициите во историјата и културата*, 167-170. Скопје: Институт за национална историографија.

Илиевски, Борче. 2017. *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)*. Скопје: Филозофски факултет.

Навај, Франциска. 2018. „Советскиот модел". Во *Историјата на жените на западот: кон културниот идентитет на дваесеттиот век*, ур. Франсоаз Тебо, 240-270. Скопје: Филозофски факултет, Институт за родови студии.

Хаџиевска, Ивана. 2021. „Човечката состојба на индустриските работници во Вардарска Македонија“. Магистерска теза. Филозофски факултет во Скопје.

Хаџиевска, Ивана. 2021а. „Печатот и политичката дејственост на жените во македонското минато: теми и примери од учеството на жените во сферата на јавното и политичкото во 20 век“. Во: *Архиви на невидливите: Жените во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, 57-85. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата.

Хаџиевска, Ивана. 2021б. „Жените во историографијата на проф. д-р Вера Весковиќ-Вангели: тематска библиографија“. Во *Револуција* 4: 24-27.

СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ (ЈАНА КОЦЕВСКА)

Извори од списанието „Македонка“:

Аџи Митрова, Нада. „Народното здравје во Петгодишниот план“, год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 7-8.

Б.Д. „Во дневниот детски дом на првиот реон во Скопје“, год. 3, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 6.

Богданова, Нада. „Донесен е Уставот на Народна Република Македонија“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 4.

Богданова, Нада. „Положбата на жените во стара Југославија“, год. 5, бр. 51 (1949), стр. 6.

Важноста на хигиенските нужници за намалување на заразните болести, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 16.

Вакцината Бе-Се-Же е заштитно средство против туберкулозата, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр 22.

Волчева, Д-р. „Од медицината: Од што се појавуваат жлезди на вратот кај децата (одговор на прашањето на една нашата читателка)“, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 21-22.

Галева, Р .„Фискултурата и нашата жена“. год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 5.

Говорот на Маршал Тито на Третиот Конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр 9.

Д-р Волчева. „Од медицината: Од што се појавуваат жлезди на вратот кај децата (одговор на прашањето на една нашата читателка)“, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 21-22.

Д-р Грозда Симитчиева. „За здравјето на родилките и новородените“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 26.

Д-р Мандиловиќ. „Популарна медицина: Пегав тифус – Пегавец“, год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 13.

Д-р Марјановиќ-Убавиќ, „Значение и цел на родилниот дом и советувалиштето за жени“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 19.

Д-р Мирјам Попадиќ. „Зошто умираат нашите деца?“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 21-22.

Д-р Попадиќ. „Зашто се појавуваат летните детски проливи?“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 15-16.

Д-р Т. Христов. „Популарна медицина: Пегавиот тифус/Шарлах и дифтерија“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 14.

Д-р Кисличенко. „Медицина: Кожата – заштитник на нашиот организам“, год. 5, бр. 43 (мај 1948), стр. 14.

Да ги знаеме своите права - УРЕДБА - За изменувањата и дополнувањата на уредбата за заштита на трудните жени и мајките-доилки во работен (службенички) однос, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 15.

Драгутинова, А. „Неделата на мајките и децата“, год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 7.

Ѓорѓовски, Р. „Донесена е уредба за основање на детски јасли и детски градини“, год. 5, бр. 48 (октомври 1948), стр. 10.

Железнова, М. „Судбината на семејството Булатови“, год. 5, бр. 43 (мај 1948), стр. 13.

За нашите домакинки – Како да си ја приготвиме зимницата, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 18.

Зиска во инспекција за одржување на хигиената, год. бр. 78 (мај 1951), стр. 11.

Иванова, Ленче. „Нашите ранети и болни војници“, год 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 18.

Карабеговиќ’-Осмиќ’. „Од медицината: Труењето на крвта може да се отстрани“, год. 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 15.

Кацаволу, Н. „Тие се радостни, среќни...“, год. 6, бр. 67 (јуни 1950), стр. 5-7.

Мајки! Обезбедете му поарна иднина на вашето дете!, год. 5, бр. 59 (октомври 1949), s. p.

Македонка, год. 5, бр. 59 (октомври 1949), *s. p.*

Македонка, год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 9.

Македонка, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 6.

Медицински совети: Природно хранење на цицалчињата, год. 2, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 15.

Н. З. „Дали го држиме во чистоќа нашето дете“, год 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 14.

Нашата организација после третиор конгрес на АФЖ на Југославија, год. 7, бр. 74 (јануари 1951), стр. 4-5.

Нашите емисии преку Радио Скопје, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 8.

Нека им е срекјна на сите наши народи 1947 година! Говор на маршал Тито преку белградското радио спроти Нова година, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 1-3.

Од редакцијата, „До читателките на ‘Македонка’“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), *s.p.*

Попадиќ, Мирјам. „Како да ги запазиме малите деца од болести“, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 14.

Попадич, Мирјам. „Две нови установи за заштита на децата во Скопје“, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 16.

Прашања и одговори, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 15.

Првиот конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените од Југославија - „Работата и задачите на жените на социјалната изградња“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 5.

Резултати од неделата на чистотата, год. 5, бр. 46-47, (август-септември 1948), стр. 14.

Со новата уредба на сојузната влада им се овозможува на вработените жени правилно одгледување на децата, год. 5, бр. 55 (1949), стр. 3.

Со новиот Закон за социјално осигурување работничката класа во Југославија има поголеми права отколку работниците во коминформбировските земји, год. 4, бр. 64 (март 1950), стр. 10.

Совети за готвење и зимница, год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 20.

Христов, Александар. „Заштита на мајката и детето во нашето социјалистичко законодавство“. Македонка, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 8-9.

Хроника, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 24.

Црвен крс на Федеративна Југославија, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 22.

Чаловска, Лилјана. „Планското стопанство и нашите задачи“, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 2.

Час за жената – Нова форма на работа во организацијата на АФЖ, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 12-13.

Извори:

Службен весник на ФНРЈ, год. 4, бр. 81 (22 септември 1948)

Устав на Народна Република Македонија. 1946.

Литература:

Bonfiglioli, Chiara. 2012. *Becoming citizens: the politics of women's emancipation in socialist Yugoslavia*. [Достапно онлајн: http://www.citsee.eu, последно пристапено на 28.09.2022]

Veskovic Vangeli, Vera. 2006. „Kostadina Bojadjieva Nastevska-Rusinska"; „Veselinka Malinska"; „Haim Esteya Ovadya"; „Rosa Plaveva", „Koco Racin". In *A Biographical Dictonary of Women's Movements and Feminisms in Central, Eastern, and South Eastern Europe, 19th and 20th centuries*, edited by Francisca de Haan, Krassimira Daskalova and Anna Loutfi (stranicite) Budapest, New York: Central European University Press.

Ghodsee, Kristen R. 2018. *Why Women Have Better Sex Under Socialism – And Other Arguments for Economic Independence*. London: Vintage.

Hays, Sharon. 1996. *The Cultural Contradictions of Motherhood*. New Haven and London: Yale University Press.

Hvala, Tea (ed.). 2021. *A Path of Their Own: 25 Excursions into Women's History*. Ljubljana: Association for the Promotion of Women in Culture – City of Women.

Lee, Ellie. November 2014. Presentation for "Kick Off" 'Parental Cultures and risk management in plural Norway', Bergen: Uni Research Rokkansenteret.

Kar, Snehendu B. 2018. *Empowerment of Women for Promoting Global Health and Quality of Life*. New York: Oxford University Press.

Okić, Tijana. 2016. "Od revolucionarnog do proizvodnog subjekta: alternativna historija AFŽ-a". U *Izgubljena revolucija: AFŽ između mita i zaborava*, ur. Andreja Dugandžić i Tijana Okić, 147-187. Sarajevo: Udruženje za kulturu i umjetnost Crvena.

Rich, Adrienne. 1986. *Of Woman Born: Motherhood as Experience and Institution*. New York: Norton&Company.

Stojanović, Gordana. 2013. *Rodna perspektiva u novinama antifašističkog fronta žena (1945-1953)*. Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova.

Tomšić, Vida. 1981. *Žena u razvoju socijalističkesamoupravne Jugoslavije. Novinsko-izdavačka radna organizacija Jugoslovenska stvarnost*. Beograd: OOUR Jugoslovenski pregled.

Бошковска, Нада. 2019. *Вардарска Македонија 1918-1941*. Скопје: Арс студио.

Мијатов, Никола. 2019. *Спорт у служби социјализма: југословенско искуство 1945– 1953*. Докторска дисертација. Универзитет у Београд - Филозофски факултет.

Мишковска Кајевска, Ана. 2020. „Како се делевме во време на КОВИД-19?“. Во: *Ние насироти другиите: симболички иоделби во Северна Македонија*, ур. Јован Близнаковски и Петар Тодоров, 165-190. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата.

Стерјовски. Александар. 2016. *Јавното здравство и иревентивната здравствена заштита во Битола*. Битола: Хераклиномерц.

Хаџиевска, Ивана. 2021. „Печатот и политичката дејственост на жените во македонското минато: теми и примери од учеството на жените во сферата на јавното и политичкото во 20 век“. Во: *Архиви на невидливите: Жените во Вардарска Македонија иомеѓу двете светски војни*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, 57-85. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата.

ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ (ДАРКО ЛЕИТНЕР-СТОЈАНОВ)

Извори од списанието „Македонка“:

Активно да учествуеме во избирањето на новите раководства на АФЖ, год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 1.

Анастасова, Султана. „За поголема просвета на нашата селанка“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 8.

Анчева, М. „Во борба против создавање на нови неписмени!“, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 5.

Ацева, Вера. „Нашата жена ке стори се да 1947 година биди година, на поголеми постижениа во изградбата на нашата земја“, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 6.

Ачкоска, Нада. „За помокј на селските библиотеки“, год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), стр. 8.

Ачкоска, Нада. „Новата училишна година во слободна Македонија“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 21.

Ачкоска, Нада. „Првата училишна година во слободна Македонија сврши“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 17-18.

Ачкоска, Нада. „За премахнуење на неписменоста кај жените“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 14.

Вељковиќ, Д. „Улогата на АФЖ во воспитувањето на подмладокот“, год. 6, бр. 65 (април 1950), стр. 1-2.

Вистинска равноправност – значи иреди се иремавнуење на неиисмеността, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 1.

Гавриш, Ксенија. „'Бев неука жена, но се трудев и сега сум писмена. Ке учам и понатаму, а и на другите ке им помогнам', вели Борика Манаскова од Штип", год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 5-6.

Галева, Рада. „Да се приготвиме за новата кампања против неписменоста", год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 7.

Галикович, Мира. „Во борба против неписменоста", год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 16.

Главна Конференција на Антифашискиот Фронт на Жените од Македонија, год. 2, бр. 2 (декември 1944), стр. 9-13.

Говорот на маршал Тито за петогодишниот план, год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 1-5.

Давидова. „Организациите на АФЖ формират бригади, кои што к'е помогнат за сузбивање на неписменоста", год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947), стр. 6.

Демниева, Блага. „Пред осмомартовското натпреварување", год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 7.

Дуганова, Васка. „Се ближи II-от Конгрес на Антифашиската младина на Македонија", год. 1, бр. 1 (октомври 1944), стр. 22.

Изгласан е законот за петгодишниот план за развиток на Н. Р. Македонија: Говорот на другарот Лазо Колишевски, год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 1-3.

Илиева, М. „Од еден родителски состанок", год. 5, бр. 44 (јуни 1948), стр. 13-14.

Кондарко, Благој. „Досегашните седмолетки ги заменија осмолетките", год. 6, бр. 73 (декември 1950), стр. 6-7.

Конески, Блажо. „Првите славјански просветители", год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 4.

Лахтова, Ката. „Пред изборите за народното собрание и на Народна република Македонија", год. 6, бр. 72 (ноември 1950), стр. 18-19.

Малинска, Веселинка. „Нашиот пат", год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 1-3.

Миљовска, Деса. „III-иот конгрес на Народната младина на Македонија: Работен договор на нашата младина", год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 9.

Михаиловиќ, З. „Писмен работник – добар работник", год. 7, бр. 63 (февруари 1950), стр. 8.

Мојсова, Љ. „Досегашните пропусти на организацијата на АФЖ во аналфабетската кампања", год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 2.

Нашите задачи, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 1-2.

Неделата на борба против неписменоста, год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 4.

Неколку слики од активноста на нашите жени, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), 16-17.

Николова, Вера. „Да им овозможиме на сите деца редовно да одат во школо“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 5.

Николова, Вера. „Како да ја спроведеме просветната работа на селото през летото“, год. 3, бр. 21-22 (1946), стр. 16.

Николова, Вера. „Организацијата на АФЖ во просветувањето на жените“, год. 6, бр. 67 (јуни 1950), стр. 6-7.

Од семинарот со раководителките на пропагандно-културно-просветните секции, год. 5, бр. 48 (1948), стр. 10.

Органциева, Цвета. „Матуранти запишувајте се на Филозофскиот факултет“, год. 6, бр. 68 (јули 1950), стр. 9, 12.

Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ на Македонија, год. 6, бр. 51 (1949), стр. 1-3.

Подготвување на децата во семејството за стапување во училиште, год. 6, бр. 59 (1949), стр. 15-16.

Предизборната активност на А.Ф.Ж., год. 3, бр. 23 (септември 1946), стр. 4.

Пред новите избори за месни Народни одбори: Заслужни одборнички во народната власт, год. 6, бр. 53-54 (1949), стр. 6.

Пред отпочнувањето на „Неделата за борба против неписменоста“, год. 6, бр. 59 (1949), стр. 7.

Прогласна Главниот одбор на АФЖ на Македонија по повод изборите за народни одбори, год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 1.

Рајич, Борка. „Средни стручни училишта и курсеви и участието на жените во нив“, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 7.

Раководителка на курсот за жените Муслиманки, год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 16.

Савељић, Л. „Првиот конгрес на Антифашискиот фронт на жените од Југославија“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 1-6.

Сакам и јас да знајам да пишуам, год. 4, бр. 27 (јануари 1947), стр. 10.

Теохарева, Невена. „Шиптарките се активизират“, год. 6, бр. 52 (1949), стр. 11.

Хаџи Василев, Киро. „Ликвидација на неписменоста – една од најважните задачи во Петгодишниот план: Во школската 1947/48 год. во Македонија треба да се описменат 80.000 лугје и жени“, год. 4, бр. 35 (септември 1947), стр. 3-4.

Хаџи Василев, Киро, „За организована и планска борба против неписменоста“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1946), стр. 6.

Цветкова, Славка. „Поголемата изградба која не чека нас во 1948 година, бара се нови и нови кадрови“, год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 8.

Цветкова, Славка. „Тие се први ученички во средно-техничкото училиште“, год. 3, бр. 20 (јуни 1946), стр. 7.

Чаловска, Лиљана. „Планското стопанство и нашите задачи“, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 1-2.

Чаловска, Лиљана. „За правилна политичка работа: Наша прва задача во изборната борба“, год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 8-9.

Шукри, Кефсер. „Македонската муслиманка се разбудуе“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 20.

8 март 1945 година во Македонија, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 8-10.*, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 7.

Литература:

Вера Весковиќ-Вангели и Марија Јовановиќ. 1976. *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во народноослободителната војна и револуцијата 1941-1945*. Скопје: ИНИ-КОАЖ.

Kovačević, Dušanka. 1963. *Žena – proizvođač i upravljač*. Sarajevo: NIP Zadrugar.

Петровић Тодосијевић, Сања З. 2016. *Социјализам у школској клупи. Реформа основношколског система у Србији 1944-1959* (докторска дисертација). Београд: Факултет за медије и комуникације/Универзитет Сингидунум.

Stojaković, Gordana. 2012. *Rodna perspektiva u novinama Antifašističkog Fronta Žena (1945-1953)*, Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova.

Stojaković, Gordana. 2019. „Vida Tomšič – Zašto je ukinut Antifašistički front žena Jugoslavije“. U *Jugoslavija: Zašto i kako?*, ur. I. Erdei, B. Dimitrijević i T. Toroman, 149-174. Beograd: Muzej Jugoslavije.

КНИЖЕВНИ АСПЕКТИ (МАЊА ВЕЛИЧКОВСКА)

Извори од списанието „Македонка“:

Абациев, Ѓорѓи. „Сребра Комитката“, год. 7, бр. 81-83 (август-септември 1951), стр. 1.

Анѓа, год. 6, бр. 64 (март 1950), стр. 15.

Благоески, Б. „Патот в партизани“, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 6.

Бошковски, Јован. „Блокада“, год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), стр. 20.

Богданова, Нада. „Буковата шума ни прикажуе...“, год. 2, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 12-13.

Вовчек, Марко. „Горпина“, год. 4, бр. 36-37 (1947), стр. 15.

Дикенс, Чарлс. „Домби и син“, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 16.

Жицина, Милка. „Кајин Пат: извадок од романот *Кајин Пат*“, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 12.

Јаневски, Славко. „Цинови и снегулка: фрагмент од поемата *Егејска барутна бајка*“, год. 6, бр. 64 (март 1950), стр. 14.

Ј. В. „Муслиманската жена се бори за ослободуењето од мракот“, год. 4, бр. 33-34 (јули-август 1947), стр. 6.

Марковски, Венко. „Вера Циривири – Трена“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 10.

Марковски, Венко. „Мајка Угра: спев *Партизани (1 дел)*“, год. 1, бр. 1 (декември 1944), стр. 23.

Малески, Владо. „Младоста на Фросина“, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 10.

Мопасан, Ги де. „Мајка Дивљана“, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 13.

Н. „Драго“, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 13.

Неделковски, Коле. „Ропство“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 12.

Неделковски, Коле. „На кинисуење“, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 12.

Николаевич Толстој, Алексеј. „Агрипина: Извадок од романот *Леб*“, год. 3, бр. 25 (ноември 1946), стр. 13.

Николаевич Толстој, Алексеј. „Нина“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 21.

Николески, Ванчо. „Фереџе пусто фереџе“, год. 5, бр. 39 (јануари 1948), стр. 9.

Поповиќ, Јован. „Партизанката Нада: Извадок од расказот *Нада и Загорка*“, год. 5, бр. 49-50 (1948) стр. 14.

Прва жртва, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 5.

Преродба, год. 7, бр. 75 (февруари 1951), стр. 4.

Савелиќ, Љиљана. „За живот светел красен и чис...“, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 4.

Спомен на Ганимет, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 7.

Теохарова, Невена. „Спогодба“, год 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 12.

Теохарова, Невена. „Проклетство“, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 10.

Точко, Иван. „Дебармаалката“, год. 5, бр. 59, 1949, стр. 14.

Ќопиќ, Бранко. „Суровото срце“, год. 4, бр. 32 (јуни 1947), стр. 13.

Ќосиќ, Добрица. „Далеку е слонцето“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 16.

Цуњ, Суз. „Бегалка“, год. 5, бр. 42 (април 1948), стр. 10.

Шопов, Ацо. „На Кара – Даг – На Викторија Поп-Јорданова – Цена“, год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 12.

Литература:

Bonfiglioli, Chiara. 2016. *Biografije aktivistkinja AFŽ-a: Intersekcionalna analiza ženskog djelovanja: Izgubljena revolucija: AFŽ između mita i zaborava.* Sarajevo: Dobra knjiga.

Faucault, Michel, 1984. *Of Other Spaces: Utopias and Heterotopias (1967)*. Architecture/Mouvement/Continuité.

Bukia-Peters, Natalia. 2020. *Marko Vovchok: The Voice of the Ukrainian Peasant Woman* [MA Thesis]. Leiden: Leiden University.

Слапшак, Светлана. 2003. *Жена зад превез: Женски икони на XX век* (прев. Искра Гешоска). Скопје: Темплум, 2003.

ПОГОВОР (ЈЕЛЕНА МИЛИНКОВИЌ)

Литература:

Бараћ, Станислава. 2015. *Феминистичка (контра)јавност: жанр женског портрета у српској периодици (1920-1941)*. Београд: Институт за књижевност и уметност.

Green, Barbara. 2009. „The Feminist Periodical Press: Women, Periodical Studies and Modernity“. *Literary Compass.* 6, 1: 191-205.

Green, Barbara. 2017. *Feminist Periodical and Daily Life. Women and Modernity in British Culture.* Palgrave Macmillan.

Коларић, Ана. 2017. *Род, модерност и еманципација. Уредничке политике у часописима Жена (1911-1914) и The Freewoman (1911-1912)*. Београд: Фабрика књига.

Костић, Лариса и Емилија Малић. 2021. *Жена данас (1936-1940): библиографија.* Београд: Институт за књижевност и уметност.

Милинковић, Јелена. 2019. „Полетарац у контексту феминистичке штампе“. У: *Часописи за децу: југословенско наслеђе (1918-1991)*, ур. Станислава Бараћ и Тијана Тропин, 323-346. Београд: Институт за књижевност и уметност.

Милинковић, Јелена. 2022. *Женска књижевност и периодика. Мисао (1919-1937) у контексту феминофилних часописа.* Београд: Институт за књижевност и уметност (во печат).

Користени визуелни материјали[1]

стр. 1 Насловна страница на *Македонка* год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946)

стр. 7 ПРЕДГОВОР, насловна страница на *Македонка* год. 2, бр. 10-11 (август-септември 1945) - фотографски колаж од акции на АФЖ

стр. 23 ВОВЕД, насловна страница на *Македонка* год. 1, бр. 2 (декември 1944) - илустрација на Јаневски

стр. 59 ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА, насловна страница *Македонка* год. 3, бр. 21-22 (јули-август 1946) - фотографија од Првиот конгрес на АФЖ Македонија

стр: 83 „Мајка партизанка се враќа во град“, *Македонка*, год. 2, бр. 3-4 (1945), стр. 6.

стр. 88 „Трактористка Милица Христова“, *Македонка*, год. 3, бр. 18 (мај 1946), стр. 6.

стр. 105 СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ, насловна страница на *Македонка,* год. 7, бр. 79 (јуни 1951)

стр. 119 „Ние ја зацврснуеме нашата равноправност во обновата и изградбата на нашата татковина“, год. 3, бр. 17-18 (март-април 1946), стр. 15

стр. 123 „Фискултурата и нашата жена“, год. 3, бр. 26 (декември 1946), стр. 5

стр. 128 „Во дневниот детски дом на првиот реон во Скопје“, год. 3, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945), стр. 6;

стр. 132 „Вакцинирајте ги децата против туберкулоза со Б.С.Ж вакцина“, год. 5, бр. 52 (февруари 1949), задна корица;

стр. 145 „Тие се радостни, срек'ни“, год 6, бр, 67 (јуни 1950), стр. 5

стр. 149 ОБРАЗОВНИ ПРОЦЕСИ, насловна страница на *Македонка* год. 6, бр. 69 (август 1950)

стр. 156 „Почнува новата школска година“, год. 8, бр. 81-82 (август-септември 1951), стр. 14.

---

1 Сите визуелни материјали што се користени во овој зборник, а се преземени од списанието „Македонка“, се користени со Одобрение за умножување на граѓа од општиот фонд при потреба од јавно прикажување и објавување на Народната библиотека на Република Србија во Белград: „Македонка - Орган на АФЖ Македонија“ (сигнатура: НБС п 775).

стр. 162 „Милка Гаџоска, курсистка на аналфабетскиот курс во Дебар мало – Скопје“, год. 4, бр. 38 (декември 1947), насловна страница.

стр. 166 „Раководам со учењето на децата“, год. 7, бр. 63 (февруари 1950), стр. 16.

стр. 173 „Една до вчера неписмена пишуе...“, год. 3, бр. 15-16 (јануари-февруари 1945), стр. 7.

стр. 185 КНИЖЕВНИ АСПЕКТИ, насловна страница на *Македонка* год. 7, бр. 77 (април 1951)

стр. 197 „Мајка Дивљана“, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 13.

стр. 202 „Дебармаалката“, год. 5, бр. 59, 1949, стр. 14-15.

стр. 206 „Нина“, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1954), стр. 21.

стр. 207 „Далеку е слонцето“, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 17.

стр. 209 „Агрипина“, год. 5, бр. 25 (ноември 1946), стр. 13.

стр. 218 „Спогодба“, год. 6, бр. 63 (февруари 1950), стр. 12.

стр. 223 УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ, насловна страница на Македонка год. 1, бр. 1 (ноември 1944) - илустрација на Василие Поповиќ - Цицо

стр. 259 ПОГОВОР, насловна страница на *Македонка* год. 5, бр. 45 (јули 1948)

стр. 273 ПРИЛОЗИ, насловна страница на *Македонка* год. 5, бр. 42 (април 1948)

стр: 283 „Нашите одликовани другарки“, бр. 10-11 (август-септември 1945), стр. 15. (Портрет фотографија, Веселинка Малинска.)

стр. 286 Портрет фотографија од Вера Николова. Преземена од: Николова, Вера. „Улогата и проблемите на списанието ’Македонка‘ 1946-1951“, *Просвет̄ена жена*, год. 20, бр. 11 (1964), стр. 3.

стр. 289 Портрет фотографија на Лилјана Манева Савелиќ, од семејната архива на Борко Зафировски.

стр. 295 КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА, насловна страница на *Македонка* год. 6, бр. 73 (декември 1950)

стр. 317 БИОГРАФИИ НА АВТОР(К)ИТЕ, насловна страница на *Македонка* год. 4, бр. 36-37 (октомври-ноември 1947) - на фотографијата се „група колхознички - депутатки от Туркменската С.С.Р.“

БИОГРАФИИ НА АВТОР(К)ИТЕ

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

36-37
ОКТОВРИ
НОЕМВРИ



Македонка

Ивана Пантелиќ е научна соработничка во Институтот за современа историја во Белград. Дипломирала историја, магистрирала од областа на социјалната антропологија, а докторската титула ја стекнала во областа на историјата, на Филозофскиот факултет во Белград. Нејзино истражувачко поле е социјалната историја, со посебен фокус на социјалната еманципација на жените учеснички во партизанскиот отпор во Југославија по Втората светска војна. Авторка е на истражување за јавната репрезентација на Јованка Броз. Коавторка е на книга за дневничките записи на учеснички во Втората светска војна, како и книга посветена на дваесет жени значајни во историјата на Србија во 20 век.

Ивана Хаџиевска е историчарка и независна истражувачка. Се стекнала со научна титула магистер на историски науки на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ). Добитничка е на наградата „26 јули“ од Фондацијата „Франк Харкорт Манинг“ од Велика Британија, која се доделува за студент на генерацијата (2018) и на Признанието за високи достигнувања во образованието (2019), кое го доделува Ректоратот на УКИМ. Нејзиниот истражувачки интерес е специјализиран во полињата социјална историја, историја на жените и политики на меморијата.

Јана Коцевска дипломирала на Институтот за етнологија и антропологија во Скопје. Работи во Здружението за промоција на женската активност „Тиииит! Инк“ и е една од основачките на феминистичкиот фестивал „Прво па женско“. Исто така, таа е една од основачите на ЦИНИК – Центарот за истражување на национализмот и културата. Соработничка е на скопскиот Викенд на гордоста и на КРИК – Фестивалот за критичка култура во Скопје, во организација на „Контрапункт“. Теми од интерес во нејзината работа се родовата еднаквост, културните политики и човековите права.

Дарко Леитнер-Стојанов е историчар во Институтот за национална историја во Скопје и проектен соработник на Австриската академија на науките во Виена. Со магистерска (2006) и докторска (2013) диплома се стекнал на Практичната школа на високото образование во Париз. Се занимава со проучување на доцноантичката историја и големите миграции, од една страна, и со анализа на учебниците по историја и на историските политички митови, од друга страна.

Мања Величковска (1995) е компаратистка и независна истражувачка. Дипломирана е на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, а магистрира во областа на естетиката на Институтот за филозофија при УКИМ. Работи во Коалиција МАРГИНИ како програмска асистентка и истражувачка. Волонтирала во издавачката дејност и соработувала во реализацијата на неколку домашни културни фестивали. Од 2018 година е членка на регионалната група на критичарки „Pobunjene čitateljke“ и е активна членка на ЈАДРО – Асоцијацијата на независната културна сцена.

Христина Иваноска (1974), преку својата уметничко-истражувачка практика, се фокусира на прашањата за потиснување, контрола и конструирање на колективната меморија во однос на стратегиите и политиката на отпор на жените. Таа создава објекти, текстови, цртежи, видеа, перформанси и инсталации, честопати работејќи интердисциплинарно, и критички го истражува искуството на денешните социјални и политички системи и нивната врска со теоријата и историјата. Таа им дава важност на рачната работа, како што се везот, ткаењето, грнчарството и пачворк-техниката или мозаик од парчиња платно, како медиуми на политичка и социјална вредност преку кои е изразена индивидуална борба и ограничувањата. Нејзините дела биле изложени во многубројни значајни институции и независни простори во земјава и во странство. Во моментов, Иваноска е докторски кандидат на Програмата за истражување во уметничката практика при Академијата за ликовна уметност во Виена.

Јелена Милинковиќ е научен соработник во Институтот за литература и уметност, Белград (Одделение за периодични списанија во историјата на српската литература и култура). Таа го води проектот „Женско движење 2020“ (www.zenskipokret.org). Авторка е на книгата *Женска литература и периодика*: Мисао (Мисла) (1919-1937) во контекст на феминофилните списанија (2022) и коавторка е на книгата (на српски) *Дваесет жени што го одбележаа 20 век во Србија* (2013) и коуредница на следните збирки (на српски): *Нова реалност од нејзината соба: литературното дело на Милица Јанковиќ* (2015), *Дали ја читате Јелена Димитријевиќ?*“ (2018) и *Женско движење (1920-1938)*: зборник на трудови“ (2021).

Изданието е финансиски поддржано од Фондацијата „Хајнрих Бел“ – Босна и Херцеговина, Албанија, Северна Македонија и Министерството за култура на Република Северна Македонија.

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania | North Macedonia

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

050:94-055.2(497.7)”1944/1952”(082)
050:930.85-055.2(497.7)”1944/1952”(082)
305-055.2(497.7)”1944/1952”(082)

АРХИВИ на невидливите : Македонка : Орган на АФЖ (1944-1952), историски искуства и културна меморија / [автор(к)и Ивана Пантелиќ ... и др.]. - Скопје : Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК, 2022. - 319 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Биографии на автор(к)ите: стр. [316]-319. - Други автори: Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, Дарко Леитнер-Стојанов, Мања Величковска, Христина Иваноска, Јелена Милинковиќ. - Библиографија: стр. [294]-315

ISBN 978-608-66464-6-2

1. Пантелиќ, Ивана [автор] 2. Хаџиевска, Ивана [автор] 3. Коцевска, Јана [автор] 4. Леитнер-Стојанов, Дарко [автор] 5. Величковска, Мања [автор] 6. Иваноска, Христина [автор] 7. Милинковиќ, Јелена [автор] а) Списание “Македонка” -- Историја -- Жени -- Македонија -- 1944-1952 -- Зборници б) Родови студии -- Жени -- Македонија -- 1944-1952 -- Зборници

COBISS.MK-ID 58394629

Проектот „Архиви на невидливите“ посветен на „Македонка“ е од вонредна важност. Активностите на овој проект се вклучени во најновите научни истражувања на периодиката на југословенскиот простор и затоа е од клучно значење не „само“ да се реализира неговата актуелна фаза туку и да се продолжи проектот, пред сè во процесот на дигитализација на изворите. Така, покрај првичното интердисциплинарно толкување на списанието што го нуди оваа збирка, би се понудила и претстава на самото списание. Особено е важно да се укаже не само на предноста туку и на неопходноста од дигитализирање на „Македонка“, имајќи ја предвид состојбата на фондот на ова списание, фактот што ова списание е жртва на социоекономски трансформации и дека ниту една македонска културна институција не го поседува својот фонд во целина. Фактот што сите броеви на „Македонка“ се наоѓаат во Белград, во Националната библиотека на Србија, е крајно ограничувачки фактор за неговото проучување. „Македонка“ е споменик на НОБ, антифашизмот, феминизмот, женската култура и раниот социјализам. Затоа, неговото читање и неговата достапност го надминува локалниот, македонскиот, контекст и го засега целиот југословенски простор. Нејзината дигитализација би овозможила понатамошни компаративни интердисциплинарни и трансдисциплинарни истражувања и би ги збогатила југословенските студии, како и студиите на периодиката.

Јелена Милинковиќ

nevidliviarhivi.mk